ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



# СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ - СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-

Штип, 2017

**ОПШТИНА ШТИП**

**КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

# СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

## *-состојби, предизвици и перспективи-*

**2017, Штип**

**MUNICIPALITY OF STIP**

**COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP**

**FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES**

# CONTEMPORARY EDUCATION - CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES -

**2017, STIP**

**Издава**
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**За издавачот**
Блажо Боев

**Организационен одбор**
Снежана Мирасчиева–**претседател**
**Членови**
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николовска, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Јордан Митков, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

**главен и одговорен уредник**
Снежана Мирасчиева

**уредник**
Соња Петровска

**уредувачки одбор**
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Бијелиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

**лектура на македонски јазик**
Весна Ристова

**лектура на англиски јазик**
Снежана Кирова

**дизајн на корица**
Никола Смилков

**техничка поддршка**
Даниела Коцева, Верица Јосимовска

Тираж 100
Печати
Фотомакпринт, Штип

**ISBN: 978-608-244-472-7**




**СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ШТИП,  ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**ПЕТТА НАУЧНО - СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА СО МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР НА ТЕМА:**
**СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**
**- СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-**

**17 мај Голема сала Собрание на Општина Штип**



## СОДРЖИНА

Предговор..........................................................................................................................10

Марина Гацова, Вишна Гацова Тимовска, Габриела Димова
ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ................11

Снежана Мирасчиева, Татјана Хосл
ЗА НЕКОИ ЕЛЕМЕНТИ ВО КОНЦЕПТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ВАЛДОРФ ГРАДИНКИТЕ ВО ГЕРМАНИЈА ..........................................................................................................16.

Елизабета Симоновска
МЕСТОТО НА ВОСПИТУВАЧОТ ДЕНЕС ........................................................22

Маја Белташева
ЕДНО СОНЦЕ ЗА СИТЕ ..............................................................................   24

Ксенија Маказлиева Трајчева
ПЕЧАТОТ ЗА ДЕЦА ВО СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ...29

Деспина Сивевска
ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА ......38

Снежана Јованова-Митковска
ИГРАТА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ПОЧЕТНИ МАТЕМАТИЧКИ ПОИМИ 46

Емилија Бошковска, Даниела Тасевска, Снежана Мирасчиева
МОТИВИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ (ПЕДАГОШКИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ)........55

Славица Танева Анева
КАКО ДА СЕ БИДЕ НАСТАВНИК ПО „МЕРКА“ НА УЧЕНИЦИТЕ? .............60

Нада Арсова, Весна Ничева
ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИКОТ- КЛУЧ ЗА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА .......................................................................................................................68

Наталија Панова
ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА КАКО ДЕЛ ОД СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА.77

Жаклина Ѓорѓиоска, Лилјана Макаријоска
МЕТОДИ ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ НА РЕЧНИКОТ И ЈАЗИЧНИОТ ИЗРАЗ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ....................................................................................83

Јованка Денкова
ХУМОРОТ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПРЕКУ СЛИКА НА ЕДНО ДЕТСТВО 91

Биљана Иванова, Снежана Кирова, Драгана Кузмановска
МУЛТИМЕДИУМИ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ.....................96

Маријана Димитрова
АСПЕКТ НА ПИШУВАЊЕТО КАКО ЈАЗИЧНА ПРОДУКТИВНА ВЕШТИНА НА ЧАСОВИТЕ ПО АНГЛИСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК................................100

Marijana Dimitrova, Kristine Whitnable
AN APPROACH IN TEACHING A FOREIGN LANGUAGE THROUGH FAIRYTALES 104

Ленче Насев
ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ..................................108

Светлана Божиновска
ИНОВАТИВНОСТ ВО УЧЕЊЕТО ПО ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ..........................................................................................112

Валентина Петрушева
КОЛКУ ОЦЕНУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ Е ПОТРЕБНО И КАКО ТОА ВЛИЈАЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА НИВНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ И КРЕАТИВНИ ИНТЕРЕСИ И ПОТРЕБИ 121

Веска Влахова
МОТИВАЦИЈАТА И УЧЕЊЕТО.........................................................................125

Данче Николовска Вратеовска
(НЕ)НАУЧЕНОТО ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ФИНАСИСКАТА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА И (МИКРО И МАКРО) ЕКОНОМСКИТЕ ДИСКРЕПАНЦИ................................130

Јадранка Јовева
АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО ВИДОТ..134

Киро Јорданов
УЧЕНИЦИ СО ЕПИЛЕПСИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ.......................140

Данче Николовска Вратеовска
ИНВЕСТИРАЊЕТО И МЕРЕЊЕТО НА ЕКОНОМИИТЕ БАЗИРАНИ НА ЗНАЕЊЕ150

Снежана Јованова-Митковска
АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ-ПОТРЕБА И ПРЕДИЗВИК ................................157

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ И НЕГОВИТЕ СЛАБОСТИ........................164

Оливер Цацков
ПОЗИТИВНАТА ПЕДАГОШКА КОМУНИКАЦИЈА НА НАСТАВНИКОТ ПО ИСТОРИЈА - ЗНАЕЊАТА СЕ КОРИСНИ И ТРАЈНИ............................................................170

Верица Јосимовска
СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИКОТ ПО ИСТОРИЈА.........176

Киро Јорданов
НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ .............................180

Марина Стојанова
НАСТАВНИ СРЕДСТВА ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА................ 190

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ФАКТОРИ НА УСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА НА МЕНАЏЕРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО 197

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ПРИОРИТЕТИ НА СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ВОСПИТЕН АСПЕКТ........... 205

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
АКТИВНО СЛУШАЊЕ ВО НАСТАВАТА И ПОУЧУВАЊЕТО .....................208

Емилија Попова, Данче.Николовска.Вратеовска, Слаѓана Костадиновска ЕВРОПСКИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ КАКО ИНСТРУМЕНТ ЗА ХАРМОНИЗИРАН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ЕВРОПА: ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТКИ СО ИПА.. 212

Данче Николовска Вратеовска
НАУЧНОТО СПОЗНАНИЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА РАЗВИЕНОСТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ............................................................................................................ 216

**Предговор**

*Пред нас е петтата публикација во издание на Факултет за образовни науки под наслов „Современото воспитание и образование –состојби, предизвици и перспективи“. Станува збор за колекција на трудови кои беа презентирани на истоимената конференција која се одржа на 17 мај 2017 година во организација на Општина Штип, а во соработка со Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип по повод 24 Мај - Св. Кирил и Методиј - денот на сесловенските просветители кој го чествуваат просветните работници. Научно-стручниот карактер на конференцијата овозможи не само размена на искуства и анализа на состојбата во воспитанието и образованието на сите нивоа, туку и трасирање на патот кон иднината на воспитно-образовниот систем во целост како еден од основните темели на развојот на заедницата.*

*Публикацијата под наслов „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“ е продукт на размислувањата, искуствата, инцијативите и предлозите, теориски и емпириски сознанија кои беа презентирани на самата конференција.*

*Содржински текстовите во публикацијата третираат прашања од различни аспекти на воспитанието и образованието, во сферата на наставата, наставникот, ученикот, наставните средства, целите и содржините во воспитно-образовниот процес, прашања кои се актуелни и значајни, предизвици и потреби, идеи и искуства, на сите образовни нивоа, од предучилишно, преку основно и средно до високообразовните институции.*

*Оваа публикација не ја исцрпува целата проблематика која е предмет на интерес на конференцијата, со оглед на сложеноста на феноменот воспитание и образование како и комплексноста на воспитно-образовниот систем. Сложената природа на проблемот како и неговата условеност од општественото опкружување, науката, техничко-технолошкиот развој, индивидуата отвора нови полиња за дискусија, идеи за развивање, нови практики со една единствена цел, унапредување на воспитно-образовниот процес, заради зголемување на квалитетот на самиот процес и на знаењето како негов продукт.*

*Ова останува да сведочи за еден настан, една состојба, во одредено време како четиво за генерациите што идат.*

*Штип, декември, 2017* *Од уредниците*

УДК 37.015:614
прегледен труд

# ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Марина Гацова[1], Вишна Гацова Тимовска[2], Габриела Димова[3]**
[1,2,3] Клиничка болница Штип

**Апстракт:**
Трудот го третира прашањето за здравственото воспитание и здравствено образование на родителите. Резултатите од истражувањето покажаа дека денес родителите имаат поголемо здравствено образование за сметка на здравственото воспитание.
**Клучни зборови**: здравје, здравствена култура, родители, деца, ученици.

# HEALTH EDUCATION AND HEALTH TRAINING

**Marina Gacova[1], Visna Gacova Timovska[2], Gabriela Dimova[3]**
**[1,2,3]** Clinical Hospital Stip

**Abstract:**
The paper addresses the issue of health education and health education for parents. The results of the research showed that today parents have a higher level of health education at the expense of health upbringing.
**Key words**: helath, health culture, parents, children, students.

**Краток вовед: определување на основните поими**
Здравственото образование и воспитание се елементите на здравствената култура. Во таа смисла придавката во сложенките се однесува на поимот здравје. Според здравствените работници под поимот здравје се подразбира состојба на отсуство на медицински дефинирана болест или неспособност. Според Светската здравствена организација, здравјето подразбира состојба на потполна ментална, физичка и социоекономска благосостојба. Двете определби се блиски една до друга, така што состојбата на отсуство на медицински дефинирана болест или неспособност во суштина се однесува на потполна ментална, физичка и социоекономска благосостојба на организмот. Поаѓајќи од основната определба на поимот здравје, под поимот здравствено образование се подразбира знаења, односно сознанија, способности, вештини и навики на индивидуата за причините и симптомите за една болест како и начини на превенирање од истата. Со други зборови, здравственото образование може да се определи и како збир од активности кои се реализираат заради запознавање со болестите, причината, начин на ширење, симптоми и прогноза на болеста, односно знаење за болестите. Од друга страна, пак здравственото воспитание е поширок поим и се однесува на функционалност на знаењата, односно ставови и однос кон причините и симптомите за една болест како и начини на превенирање од истата. Во таа смисла здравственото воспитување претставува збир од активности и учења насочени кон поединецот, семејството и заедницата, со кои ќе се стекнат знаења, вештини и ќе се изгради однос за зачувување на сопственото и туѓо здравје**.** Како илустрација ќе го наведеме примерот за тоа колку е значајно знаењето и практикување на чинот - миење на раце. Миењето на рацете како постапка со цел да премине во навика е

основен услов за зачувување на сопственото здравје и оневозможување на ширење на инфекција на болеста на блиските во непосредната околина. Програмата за значењето на миењето на рацете, ќе се реализира потполно и целосно доколку се имплементира во семејството како прва заедница во која детето учи, од најрана возраст, продолжува во детската градинка со децата од предучилишна возраст и понатаму кај децата од првиот развоен период во училиштата. (Сл. 1, Сл. 2 и Сл. 3)



*Слика 1. Учиме како се мијат рацете*





*Слика 2. „Сама ги мијам рацете"*

*Слика.3 Редовно ги миеме рацете*

**Здравственото воспитание и образование од различна перспектива**

За значењето на здравственото воспитание и образование можеме да говориме од различна перспектива. Од перспектива на заедницата, здравственото воспитание и образование има неколку цели како:

- Зачувување на човековото здравје. За постигнување на целта се реализираат низа активности кои се спроведуваат заради подигање на нивото на здравственото воспитување и здравственото образовоние на населението.
- СЗО и медицинските здруженија своите активности ги реализираат со програми со кои е опфатено целото население, како и целни групи особено малите деца во предучилишните установи и децата во училиштата.
- Активностите кои се во контекст на здравствено воспитување, се реализираат напоредно со активности од областа на здравственото образование. Само на тој начин реализирањето на програмата ќе биде во функција на зачувување на здравјето.

За здравственото воспитание и образование од перспектива на семејството покрај целите наведени погоре, овде ќе истакнеме дека реализирањето на здравственото воспитување денес се одвива на неколку начини и тоа:

- со пренесување на искуства од различни генерации;
- традиционални постапки кои зависат од националната, верската, етничката припадност, социоекономската средина, образованието;
- достапност на информации преку информатичките технологии.

За здравственото воспитание и образование можеме да говориме и од перспектива на минатото и сегашноста. Во таа смисла, компаративниот контекст упатува на следниве сознанија и факти:

- Прво, денес, младите родители имаат повисоко здравствено образование, споредено со она од пред дваесетина години. Достапноста на информациите им овозможува да се запознаат со болестите и навремено да консултираат лекар. Благодарение на тоа сè поретко се среќаваат деца со тешка клиничка слика или несакани последици.
- Второ, здравственото воспитување е област на која треба да се посвети поголемо внимание. Основните постапки кои се однесуваат на зачувување на здравјето, или подобрување на здравствената состојба на болното дете, а се темелат на искуства, сè помалку се применуваат.
- Со други зборови, некогаш здравственото образование било помало во контекст на здравственото воспитување, а денес сликата е спротивна. Образованието е над воспитувањето. И покрај достапноста на информациите, здравственото воспитување затајува, па во таа смисла не можеме да говориме за развиена здравствена култура, туку за непотполна здравствена култура.

**Што покажа истражувањето**

Поаѓајќи од горенаведената состојба, реализиравме истражување за тоа кои се ставовите на мајките за состојбата на покачена температура на детето од 18 до 32 месеци при што ги анализиравме и податоците во одделенскиот дневник за работа на детското одделение. Во нашето истражување целни групи беа мајките на деца на возраст од 18 до 32 месеци, затоа што сме на мислење дека оваа возраст е најпогодна за развивање на хигиенски навики кај децата почнувајќи од чинот на миење раце. Беа анкетирани 24 мајки. На прашањето за тоа *дали температурата е сериозна состојба која веднаш треба да се лекува*, за најголем процент од анкетираните опфатени во истражувањето (87,5%), температурата на дететео е сериозна состојба која веднаш треба да се лекува, а за 12,5% од анкетираните температурата е состојба за која треба да се чека 24 часа и да се преземат одредени активности. (Табела 1.)

| | Сериозна состојба веднаш треба да се лекува f % | Да се чека 24 часа и да се преземат одредени активности f % | Вкупно деца на возраст од 18-32 месеци f % |
|---|---|---|---|
| Дали температурата е сериозна состојба која веднаш треба да се лекува? | 21 мајка 87,5% | 3 мајки 12,5% | 25 100% |

*Табела 1. Мислење на мајките за состојба на зголемена температура на детето*

Од увидот во Одделенскиот дневник за работа на детското одделение при Клиничка болница Штип и анализата на податоците, најголем процент од децата (52%) се донесени веднаш во амбуланта, 20 % после 6 часа, а 16 % после 12 часа. Или вкупно 88 % од децата се донесени во амбуланта првите 24 часа, што се совпаѓа со мислењето на мајките дека температурата е сериозна состојба која треба веднаш да се лекува. (Табела 2.)

| | Донесени во амбуланта веднаш f % | Донесени во амбуланта по 6 часа f % | Донесени во амбуланта по 12 часа f % | Донесени во амбуланта по 24 часа f % |
|---|---|---|---|---|
| Деца со покачена темпераура до 38,5С | 13 52% | 5 20% | 4 16% | 3 12% |

*Табела 2. Преземена активност од мајките при состојба на зголемена температура на детето*

Исто така од мајките побаравме информација за тоа колку и дали се применети било какви традиционални постапки за ладење како капење, масажа со млака вода или алкохолен раствор, покривање со мокра пелена, поење со течности. Добиените информации се поместени во Табела 3.

| Број на мајки f % | Не преземале никаква активност f % | Поење со течности f % | Даден антипиретик f % | Не се преземени мерки за ладење ниту антипиретик f % |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | 100% | 14 | 56% | 9 | 36% | 16 | 64% | 9 | 36% |

*Табела 3. Најчесто применети традиционални постапки за ладење при состојба на покачена температура*

Од податоците во Табела 3., може да се заклучи дека најголем процент од мајките (56%) не користат традиционални постапки за ладење, ниту преземаат некаква активност, а 36% не презеле ниту некакви мерки за ладење, ниту антипиретик. Најголем процент (64%) на детето му дале антипиретик, а најмал број од мајките на детето му давале течности.

**Заклучок**

Анализата на податоците од истражувањето наведува на следниве сознанија:

- Мајките имаат сознание за здравствената состојба на детето, но сѐ уште немаат доволно здравствено воспитување за примена на стекнатото знаење, и вештини за спроведување на активности за подобрување на здравствената состојба на болното дете;
- Здравственото воспитување и здравственото образование сѐ уште се области во кои треба макотрпно да се работи;
- Неопходно е спроведување на програми преку информативни гласила - списанија, плакати, тв програмски содржини целноориентирани и фокусирани на теми за здравјето, пропаганден материјал, летоци, брошури, трибини за целни групи или за целото население, проверени податоци по социјалните мрежи;

Сето ова е во функција на здравјето. Здравјето е најголемото човечко богатсво и треба одговорно да се однесуваме кон него, како поединецот така и општеството.

**Литература**

1. Архивиран материјал на Детското одделение при Клиничка болница Штип: Штип, 2017.
2.Одделенски дневник за работа на детско одделение, Клиничка болница Штип: Штип, 2017.

УДК 373.21(497.7):373.24(430)
прегледен труд

# ЗА НЕКОИ ЕЛЕМЕНТИ ВО КОНЦЕПТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ВАЛДОРФ ГРАДИНКИТЕ ВО ГЕРМАНИЈА

**Снежана Мирасчиева[1], Татјана Хосл[2]**
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, [2] студент на втор циклус на студии, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**
Во трудот се третира прашањето за две концепции на предучилишното воспитание и образование и тоа Валдорфски градинки во Германија, и програмите за работа во детските градинки - јавни установи во Република Македонија. Компаративната анализа покажа дека станува збор за различни модели на предучилишни установи во содржинска и организациска смисла, различни и во однос на формите, методите и средствата за работа.
**Клучни зборови:** содржини, дете, предучилишно воспитание.

# ABOUT SOME ELEMENTS IN THE CONCEPTS OF THE MACEDONIAN SYSTEM OF PRE-SCHOOL UPBRINGING AND EDUCATION AND WALDORF KINDERGARTENS IN GERMANY

**Snezana Mirascieva[1], Tatyana Hosl[2]**
[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip, Macedonia,
[2] student of the second cycle of master studies, Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**
The paper deals with the issue of two concepts of pre-school education and education, such as Waldorf kindergartens in Germany, and programs for working in kindergartens - public institutions in the Republic of Macedonia. Comparative analysis has shown that it is a matter of different models of preschool institutions in terms of content and organization, different in relation to forms, methods and means of work. But even in the basic postulates of the two concepts, but with the same goal - the development of the child's personality.
**Key words:** content, child, pre-school education.

## Вовед

Во Република Македонија предучилишните установи во моментот работат по Програмата за рано учење и развој. Во Република Германија предучилишните установи работат по различни програми. Една од програмите којашто се применува е Валдорф програмата. Станува збор за програми концепциски различни, а се разликуваат и по содржина и во делот на дидактичко-методичкиот пристап.

## Основни постулати во концепциите за предучилишно воспитание и образование

### Од македонска перспектива

Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија се темели на научни достигнувања емпириски потврдени и е функционално поврзано во целокупниот воспитно-

образовен систем, но е дел од системот за социјална заштита на децата во Република Македонија. Со системот за предучилишно воспитание и образование се обезбедуваат услови за остварување на правата на децата и задоволување на нивните потреби, унапредување на нивното физичко и ментално здравје, со активно учество на децата во заедница со другите, во услови прилагодени на децата, нивните можности, интереси и потреби. Концепциски и содржински го негува холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето, односно процесот на промени. При тоа воспитувачите преземаат активности со цел да креираат услови за сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации. Заради тоа градинката како прва организирана воспитно-образовна институција има пресудна улога во формирањето и развојот на способностите за учење, задоволување на сознајните потреби и поттикнување на сознајните интереси на децата. Во детската градинка во текот на денот, се одвиваат најразлични воспитно-образовни активности, слободни активности и игра, реализација на дневните планирања, пасивен и активен одмор, релизација на факултативни програми (доколку ги има согласно интересот на родителите), моторички активности, прошетки, набљудувања, учество во различни манифестации, индивидуална работа со деца и родители. Работата е поделена по центри (литературен, истражувачки, драмски, математички) со доминантен метод на игра. Содржините се поделени по домени (физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учењето, развој на јазикот, описменување и комуникација, когнитивен развој и стекнување на општи знаења), а во рамките на секој домен се определни и субдомените. Очекувањата за она што децата треба да го знаат и можат да го направат на одредена возраст се стандардите поделени по возрасни групи (0-2 години, 2-3 години, 3-4 години и 4-5 години) согласно законската регулатива врз основа на која се организира работата  на детските градинки и поделбата на децата во групи.

**Од германска перспектива**

Предучилишните установи во Германија работат по различни програми. Една од нив е валдорфскиот концепт кој се темели на основите на Валдорф педагогијата. Една од суштинските карактеристики на овој концепт е категоризацијата на детскиот развој кој разликува три седумгодишни периоди, всушност станува збор за три „раѓања“: физичко раѓање (првите седум години од раѓање - волшебната формула е пример и однесување). Со физичкото раѓање човекот ја напушта мајчината утроба и доаѓа во директен допир со физичкиот свет кој почнува да влијае на него како што претходно делува во мајчиното тело што значи дека силите и елементите на надворешниот свет ја преземаат функцијата која дотогаш ја вршеше силата и телото на мајката. Сето ова трае до времето на промена на забите кај детето. Вториот период е раѓање на животна сила (период на менување на забите - детето учи од авторитет на личност). Во овој период човечкиот организам мора да изврши повеќе промени во смисла на тоа што доаѓа до физички промени на некои органи, измена на обликот и измена на структурните односи. Во овој период не можат повеќе да се исправат некои пропусти во развојот што се направени пред седмата година. Со еден збор сите овие физички услови на органите делуваат во смисла на нивно обликување. Третиот период е период на астрално раѓање (почетокот на пубертетот - сето она што детето го научило од својот пример треба да го докаже преку свесно делување и пресудување). Како главна специфичност на Валдорф педагогијата по која се разликува од класичното образование е всушност што таа не е педагошки систем, туку уметност за поттикнување на она што всушност постои во човекот. Штајнер согласно со својата филозофија составил курикулум кој е соодветен на детскиот развој и развивањето на детската творечка фантазија, кој и денес се користи во Валдорф градинките и училишта. Овој курикулум содржи дидактичко-методичка организација почнувајќи од предучилишниот период, па до средно образование, и првенствено се темели на

ритамот, а вниманието е фокусирано на развојот на фантазија и имагинација особено во предучилишниот период. Во валдорфските градинки едно од основните начела е почитување на годишниот, неделниот и дневниот ритам. Така на годишно ниво, структурата на основниот план на годината е сведен на годишните времиња, неделниот ритам подразбира поделба на активностите и начинот на реализација на содржините за секоја недела, а дневниот ритам ја претставува дидактичко-методичката структура на севкупните активности во текот на еден ден. Друго основно начело е дека во сржта на воспитувањето е соочување со самиот себе, а воспитувањето на децата е самовоспитување на воспитувачот. Овде воспитувањето и истражувањето не се одвоени процеси: истражувачот самиот е вклучен во она што практично се случува. Основна форма на изразување на детето е слободната игра, а воспитувањето во градинката значи пред сè негување на слободната игра. Така индивидуалитетот и личноста на детето најјасно се гледа во играта. Имено, фактот дека е особено важно детето да си игра слободно и без грижа, ја покажува важноста за добар образовен концепт на средината на детето зашто детето бара средена материјална средина во која тоа ќе се чувствува сигурно, материјално опкружување ослободено од функционална зависност што како услов го исполнува природата која е ослободена од било какви функции. Исто така детето бара еден едноставен ритам во неговиот живот, кој му нуди сигурност и спонтаност, така што детето има блиска врска со возрасниот на кој што детето му е наклонето и е зависно од внатрешниот дизајн на просторијата бидејќи пример и имитирање се волшебните зборови кои го карактеризираат овој однос. Што се однесува до целите, примарната цел во овој концепт е да се пронајде потенцијал во секоја индивидуа. Улогата на воспитувачот е да го извлече потенцијалот од секое дете и на тој начин да му помогне да стане целосна личност при што детето има слободен избор и своите можности и способности може да ги спознае, користи и развива. Во однос на содржините, програмите коишто се базираат на Валдорф педагогијата може да се разликуваат меѓу различни држави, култури, големина на групи и индивидуален стил на воспитувачот. Сепак и покрај овие разлики, Валдорф програмите делат одредени фундаментални карактеристики како:

- Поттикнување на интерес и прифаќање на секое дете;
- Можности за самоиницијативно играње со едноставни материјали за игра како основна активност за децата. Ова е активност на децата им овозможува да ги преживеат и разберат нивните искуства;
- Свесност дека децата учат преку имитирање, преку искусување на различни сензорни импресии и преку движење. Нивна природна наклонетост е активно истражување на нивното физичко и социјално опкружување. Окружувањето нуди граници, структурираност и заштита, исто така и можност да се преземаат ризици и да се доаѓа до нови предизвици;
- Фокус на реални искуства, отколку на виртуелни искуства за да се поддржи детето во формирањето на здрава врска со светот;
- Артистички активности како што се раскажување на приказни, музика, цртање и боење, ритмички игри и моделирање коишто го засилуваат здравиот развој на имагинацијата и креативноста;
- Значајна практична работа како што е готвење, печење, градинарство, работа со раце и домашни активности коишто овозможуваат развивање на затскриените човечки капацитети. Акцентот се става на процесот на животот, а не на резултатите од учењето;
- Предвидлив ритам преку денот, неделата и годината коишто обезбедуваат сигурност и чувство на поврзаност и целосност на животот. Сезонските и другите фестивали се слават соодветно на културното и географско опкружување.

**Принципите и целите во двата концепта – компаративен пристап**

Концептот на детска градинка која работи според Програмата за рано учење и развој и концептот на валдорфска градинка се разликуваат меѓу себе. Овде ќе се задржиме на две компоненти, принципите и целите.

Во однос на појдовните принципи коишто се користени при подготовките на програмите за предучилишно воспитување, компаративната анализа покажува дека и двете програми во себе вклучуваат одредени правила и вредности по коишто се раководат и се обидуваат да ги преточат во пракса. Така за реализација на Програмата за рано учење и развој (2014, 1-3), процесот на развојот и учењето кај децата од 0 до 6 години е воден од следните принципи:

1. Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам. На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем;
2. Принцип на демократичност. Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учењето, а се во согласност со нивната возраст и социокултуролошките карактеристики;
3. Принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност. Децата најдобро учат преку играта. Во процесот на учењето, играта се прифаќа како метод на учење, преку кој децата стекнуваат елементарни знаења и практични вештини неопходни за квалитетен живот;
4. Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување. Средината во којашто децата учат ја поттикнува љубопитноста и е во согласност со нивните физички и емотивни потреби, со цел да се чувствуваат безбедно и да користат различни стратегии при барање решенија и одговори;
5. Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација. Почитување на персоналитетот и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби.
6. Содржините на стандардите ги опфаќаат сите аспекти од развојот на детската личност, без фаворизирање на одделни аспекти. Холистичкиот пристап во развојот на стандардите е основа за нивно подготвување, со оглед на тоа дека детето го осознава светот како целина;
7. Принцип на отвореност на воспитно-образовнио систем. Заедничкото делување на градинката/центарот за ран детски развој со семејството и заедницата, во поттикнување на развој на рано учење кај децата. Интегративниот пристап е од посебно значење за развојот и раното учење кај децата;
8. Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој. Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење.
9. Принцип на развојно-процесен пристап. Цел на учењето е самиот процес на учење каде целите не се правилни и неправилни одговори, туку поттикнување на детскиот симболички, фантазиски и мисловни стратегии на размислување, изразување и др., значајни во конкретната развојна возраст.
10. Принцип на критичко вреднување. Потребна е постојана евалвација на воспитно-образовната работа на ниво на: меѓусебни интеракции во групата, на планирање на одделните подрачја, методи на работа, правата и одговорностите на родителите, во детската градинка и локалната самоуправа;

11. Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот. Развојот на учењето кај децата е целосно условен од квалитетни воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со нивните родители.

Стандардите на коишто се основа Валдорф програмата се поделени на четири категории, коишто во себе инкорпорираат четири обврски:

1. Уникатно дете: Детски развој; Практика на вклучување; Одржување безбедност и Здравје и благосостојба.
2. Позитивна врска: Почит едни кон други; Родителите како партнери; Учење со поддршка и Клучна личност.
3. Опкружување коешто овозможува: Набљудување; Процена и планирање; Поддршка за секое дете и Поширок контекст.
4. Учење и развој: Игра и истражување; Активно учење; Креативност и критичко мислење и Области на учење и развој.[7]

Што се однесува до целите, Општи цели за развојниот период до 6 години според Програмата за рано учење и развој (2014, 5):

- Да се развива сопствен пристап и стил кон учењето.
- Да се поттикнува интересот за користење на различни форми и извори на информации.
- Да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешната мотивација за изведување на посложени задачи.
- Да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето коишто му се нудат, согласно со личните интереси и начините на разбирање и прифаќање.
- Да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата до нејзиното завршување.
- Да се охрабрува за изразување на креативноста низ процесот на учење и развој.
- Да се развива способност за користење на искуствата базирани на претходните знаења, во градењето на личен пристап кон учењето.

Крајна цел на Програмите за рано учење во валдорфската градинка е да им се помогне на децата да ги достигнат петте резултати од „Секое дете е важно“: да е безбедно, да биде здраво, ужива и постигнува, позитивно придонесува и достигнување на економска благосостојба преку:

- поставување на стандарди за учење, развој и грижа за децата коишто треба да ги искусат кога ќе бидат во услови надвор од дома, обезбедувајќи услови во кои секое дете се развива и ниедно дете не е изоставено;
- обезбедување на еднаква можност и антидискриминативна пракса и осигурување дека секое дете е вклучено и не е оневозможено поради припадност на етничка заедница, култура, религија, домашен јазик, историја на семејството, проблеми при учење или во развојот, полот или способноста;
- креирање на рамка за работно партнерство меѓу родителите и професионалци и меѓу секоја околина којашто детето ја посетува;

подобрување на квалитетот и конзистентност во раните години преку универзален сет на стандарди коишто се применливи во секое опкружување, завршувајќи ја дистинкцијата меѓу грижа и учење во веќе постоечката рамка, обезбедување на основа за преглед и режим на регулирање; - поставување на сигурна основа за идно учење преку учење и развој коешто е планирано за индивидуалните потреби и интереси на детето и информација преку употреба на тековна набљудувачка проценка.

Компаративната анализа покажува дека и двата концепта се доближуваат во однос на принципите и целите и во суштина се сведуваат на почитување на детската личност,

неговата индивидуалност како и поттикнување на развојот на секое дете согласно неговите можности и способности.

**Заклучок**

Компаративната анализа на двата концепта на предучилишно воспитување говори за блиски ~~цели и принци~~пи на кои се темелат. Особено треба да се истакне дека целта во валдорфската градинка е подготовка за сознание дека единствено доживотното учење е смислата на постоењето на човекот. Ова ја прави Валдорф педагогијата една од најраспространетите алтернативни образовни методи коишто се употребуваат во работата со децата. Тоа е така поради хуманиот пристап кон децата заснован на развојот на нивните потреби и почитување на физичкиот, менталниот, емотивниот и духовниот развој на човековото битие. И уште еден момент е вреден да се истакне, а тоа е дека овде на играта се гледа како на работа на детето и магија на фантазијата, па воспитувачот внесува приказни со фантастична содржина за да ја поттикне имагинацијата кај детето. Разликите во концептот можеби се во „нијансите" во пристапот и работата на воспитувачот.

**Литература**


- Carigren, F. (1990*). Odgoj ka slobodi*. Zagreb: Drustvo za Waldorfsku pedagogiju,
- Ed. *Essential characteristics of Steiner/Waldorf early childhood education.* посетено на 14.10.2015, http://www.iaswece.org/Files/Articles/Essential_Characteristics_EN.pdf
- МТСП(2009). *Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години*. Скопје: МТСП.
- МТСП (2014). *Програма за рано учење и развој*. Скопје.
- Steiner Waldorf Education. (2009). *Guide to the Early Years Foundation Stage in Steiner Waldorf Early. Childhood Settings.* White house Press.

УДК 37.011.3-051-027.12
прегледен труд

# МЕСТОТО НА ВОСПИТУВАЧОТ ДЕНЕС

**Елизабета Симоновска**[1]
[1]ОЈУДГ „Астибо“ Штип

*„Воспитувањето ги развива вештините, но не ги создава“*
*Волтер*

**Апстракт**
Трудот го третира прашањето за местото на воспитувачот денес. Значењето и улогата на воспитувачот во предучилишниот период на детето е прашање кое заслужува внимание, особено денес во услови на „отсуство“ на функционалноста на семејството.
**Клучни зборови:** детска градинка, предучилишно дете, родители, воспитувачи.

# THE PLACE OF PRESCHOOL TEACHERS TODAY

**Elizabeta Simonovska**[1]
[1] Kindergarden“Astibo” – Stip

**Abstract:**
The paper addresses the question of the place of preschool teachers today. The significance and role of educators in the pre-school period of children is an issue that deserves attention, especially today in conditions of the "absence" of the family’s functionality.
**Key words:** kindergarten, preschool child, parents, preschool teachers.

Што значи тоа да се биде воспитувач, како сте се определиле да се посветите на оваа професија и уште многу слични прашања секојдневно ни се вртат низ главата по завршувањето на работниот ден. А причината е секогаш иста - љубовта кон децата, желбата да се воспитуваат генерации и генерации на деца кои секој ден внесуваат ведрина во нашиот живот.

После долгогодишно работно искуство можам да кажам, но и да потврдам дека воспитувачите во предучилишните установи имаат најблагородна професија, но во исто време и најодговорна. Желбата за работа со деца од две до шестгодишна возраст, мотивацијата, ентузијазмот, креативноста, се само дел од особините кои ги поседуваат овие личности кои секојдневно се среќаваат со предизвиците на новиот ден, на новото време исполнето со нови техники, технологии кои треба да се совладаат, но и да се применат во секојдневното работење.

Воспитувањето и образованието на децата започнува во домот, семејството како основна клетка на општеството, а дури потоа продолжува во воспитно - образовни установи како градинка, училиште итн. Ова го напоменувам затоа што голем дел од децата за жал немаат можност да бидат опфатени во системот за предучилишно воспитание и образование, па затоа семејството е првиот и единствен воспитувач. Многу често родителите и повозрасните ќе речат денешните деца не се како децата од поранешните генерации, што секако дека не е точно затоа што во еволутивниот развој на децата ништо не е променето. Сѐ уште детето ги минува истите развојни фази, на иста возраст излегуваат првите заби, лазе, проодува и да не

набројувам понатаму, различно е само достапноста до информации, користењето на современи уреди и напредни технологии, кои пак имаат спротивно дејство на правилниот раст и развој. Затоа децата кои посетуваат предучилишна установа благодарение на воспитувачите кои се грижат за нив, имаат максимално организиран ден исполнет со слободни и насочени активности во кои преку игра го откриваат светот околу нив, светот кој ги опкружува.

Воспитувачите во своите групи имаат голем број на деца, од кои секое дете засебно е со своја индивидуалност и карактеристика, со свои навики, потреби итн., а воспитувачи по двајца, и замислете, тие се стопроцентно посветени за да можат да ги препознаат сите реакции кај нив, промени во однесувањето, промени во расположението и други моменти, да ги информираат родителите за сите тие промени и потреби. Тие заедно со децата се радуваат на успешно остварени и реализирани активности и проекти, постигнувања и напредувања на секое дете засебно и затоа не е чудно што многу често децата ги викаат мамо, имаат доверба да им кажат шти ги мачи. Неретко се случува воспитувачите подобро да ги познаваат навиките, однесувањето и потребите на децата, што секако не е лошо затоа што така можат и да им помогнат и на родителите во надминување на истите. Но кога после толку многу вложен труд, љубов и посветеност дојде некој родител и има забелешки за банални работи со што всушност го руши угледот и авторитетот на воспитувачот, многу често се прашуваме каде згрешивме, зошто родителите не се интересираат за напредувањето и постигнувањата на детето, туку дали јадело или спиело, а не дај боже некој од другарчињата да го удри.

Воспитувачите се тие кои први им посочуваат на родителите за потешкотиите со кои се соочува нивното дете, најчесто за недоволно развиен говор согласно возраста, а родителите одговараат дека има време, рано е ќе научи, детето не сака да бои или да пишува - одговорот е има време, кога ќе тргне на училиште цел живот ќе учи итн. Воспитувачите се тие кои се трудат да го поттикнат и овозможат правилниот развој додека престојуваат во градинка со сите планирани и правилно насочени воспитно - образовни активности, но релативизирањето на состојбите од страна на родителите е алармантно затоа што подоцна тие деца навистина имаат проблем да ги постигнат потребните вештини.

Кога ќе се стават на вага потешкотиите, проблемите од секојдневната работа од една страна и среќата и задоволната детска насмевка или прегратка, секогаш преовладува чувството на самодоверба дека нешто добро сме направиле за децата од групата во која работиме. Кога ќе излезете на улица и детето ви приоѓа со радост и насмевка, знаете дека сте направиле добро дело, тогаш се ставаат настрана сите незадоволства кои ги носиме во себе од преоптовареност со административни оврски и мали плати. Сѐ почесто вреднувањето на воспитувачот е како некој кој МОРА да го чува детето, затоа што родителот ПЛАЌА за тоа.

Воспитувачот бил и секогаш ќе биде првата - почетна станица на патувањето- наречено живот кај секој поединец без разлика дали тоа ќе биде со поаѓање во градинка или во основно училиште.

**Литература**


- Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“ Штип 2015/2016
- Програма за работа на ОЈУДГ „Астибо“ Штип 2016/2017

УДК 376.043.1-054(=214.58)
стручен труд

# ЕДНО СОНЦЕ ЗА СИТЕ

**Маја Белташева[1]**
[1]ОЈУДГ „Астибо“ Штип

**Апстракт**
Покрај семејството, прва и најзначајна установа во која се воспитуваат и образуваат децата е предучилишната установа, која по својот карактер е од големо значење за развојот на општеството воопшто. Уште во најрана возраст кај децата овие установи преку планска и организирана воспитно-образовна работа овозможуваат правилен раст и развој, како воспитен и образовен, така и емоционално социјален развој. Предучилишните установи со својот широк спектар на делување во сите домени на развој кај децата ги опфаќаат исто и маргинализираните деца во општеството. Ромските деца иако се маргинализирани и припадници на малцинска етничка група, треба подеднакво да бидат опфатени и прифатени во предучилишните уставови. Тимската работа во предучилишните установи со локалната заедница, а во поддршка од ромските здруженија и Министерството за труд и социјална политика им овозможуваат на овие деца поголема достапност за вклучување во овие установи, кои претставуваат прво скалило во системот на воспитание и образование на децата и се смета за најважната припрема на децата, кои би се оспособиле за самостоен живок во општеството. Покрај тоа, вклучувањето на децата Роми во предучилишните установи им го овозможува остварувањето на едно од основните детски права – право на образование.
**Клучни зборови**: инклузија, ромски деца, толеранција, интеркултурност, поддршка, социјална прифатеност.

# ONE SUNSHINE FOR ALL

**Maja Beltaseva[1]**
[1] Kindergarden“Astibo” – Stip

**Abstract**
Besides the family, the first and most important institution in which children are educated is the pre-school institution, which in its character is of great importance for the development of society in general. At the children’s earliest age, through planned and organized educational work, these institutions enable proper growth and development, both educational and emotional-social.
With their wide range of activities in all domains of child development preschool institutions also include marginalized children in society. Roma children, although marginalized and members of a minority ethnic group, should be equally included and accepted in preschool settings. Teamwork in preschools with the local community, and the support of Roma associations and the Ministry of Labor and Social Policy, enable greater accessibility of these children for inclusion in these institutions, which represent the first step in the system of education of children and are the most important preparation of children fir being able to work independently in society.
In addition, the inclusion of Roma children in preschool institutions enables them to achieve one of the basic children's rights - the right to education.
**Key words:** inclusion, Roma children, tolerance, interculturalism, support, social acceptance.

**Вовед**

Детските предучилишни установи како прво скалило преку кои децата се воведуваат во образовниот систем, каде преку планско и организирано образование и воспитание, се поттикнува целокупниот детски развој за формирање на здрава, самостојна и работноспособна личност, оформена со сите свој позитивни особини како креативност, способности, интереси, самостојност и самоиницијативност. Преку правилен раст и развој на особините кај децата овозможуваме формирање на позитивни слики за себе преку кои се поставуваат основите за понатамошниот развој на личноста.

Докажано е дека децата кои биле опфатени во предучилишните установи полесно и поуспешно се прилагодуваат во училиштето, имаат побогато социјално искуство, развиени знења, умеења и работни навики. Земајќи ги во предвид сите бенифити кои децата ги добиваат од предуцилишната установа треба да се работи на тоа да бидат вклучени сите деца во овие установи како и ромските деца.

Преку проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи (детски градинки)“ кои го реализира Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд од Будимпешта, 18 единици на локалната самоуправа, како и 17 Ромски НВО партнери со цел исполнување на дел од мерките и активностите кои произлегуваат од Декадата и Стратегијата за Роми во Република Македонија. Проектот се спроведува во повеќе општини, како и во општина Штип во ОЈУДГ „Астибо“.

Главна цел на овој проект е подобрување и поддршка на интеграцијата на деца Роми во предучилишните установи, една година пред поаѓање во основно образование, а во последните три години зголемување на бројот на деца Роми во предучилишните установи.

Исто така, се настојува да се подобри пристапот, ставот на родителите на опфатените ромски деца преку јакнење и поддршка на развојот и образованието на ромските деца на возраст од 4 години и 5 месеци до 6 години, да се подобрат социјалните вештини, подобрување на владеењето на македонскиот јазик, како и да се зголемат компетенциите на воспитувачите и негователите за работа и надминување на предрасудите и стереотипите за Ромите во јавните детски градинки. Земајќи ги во предвид сите овие аспекти за децата од предучилишната возраст, предучилишните установи треба секогаш да работат на планирање за вклучување на сите деца, па и ромските, во предучилишните установи. Според статистички податоци можеме да утврдиме дека мал број на ромски деца се вклучуваат во формалното образование, односно предучилишни установи. Овие деца исто така не добиваат соодветно, квалитетно семејно воспитување. Не им се овозможени соодветни услови за развој, односно најчесто немаат играчки, дидактичики материјали и сл. Земајќи во предвид дека семејствата се многудетни, родителите се невработени и најчесто без образование, тие живеат во тешки услови, без вода, храна, струја и основни услови за живот. Па така овие услови ги поставуваат ромските деца на најнискиот сталеж во општеството, затоа поголемиот број од тие деца најчесто не го започнуваат образовниот систем или ако го започнат многу бргу излегуваат од системот на образование бидејќи се во нерамноправен однос со другите деца. Од друга страна пак и од страна на самите родители не добиваат соодветна поддршка и поттик за образование. Тие не можат да им обезбедат на своите деца соодветна облека, обувки, прибор за училиште, храна... под вакви услови тие не гледаат смисол во образованието на нивните деца и покрај тоа што образованието во Република Македонија е задолжително за сите деца вклучувајќи ги и нив.

Само со тимска работа, каде треба да се вложиме сите, можеме да им овозможиме на овие деца да го остварат своето право на образование и воспитание. Преку пружање на поддршка и прифаќање, пред сè во предучилишните установи, ќе им овозможиме на децата Роми квалитетно и успешно воспитание и образование, со што ќе се испрати порака за прифаќање на овие деца, како и подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот систем

во државата, односно ќе оствариме општо добро како за самите деца, така и за општеството во целина. Сите заедно одиме во пресрет на нивните потреби и проблеми да им помогнеме да излезат од кругот на сиромаштија во кој со векови живеат, а сè со цел оттргнување на препреките од средината која ги загрозува да бидат успешни како останатите деца и да се оспособат за самостоен живот во заедницата.

**Резиме на активностите за инклузија на ромските деца во предучилишните установи**
Проблемот со социјалната исклученост одамна е познат на стручната и пошироката јавност како еден од водечките социјални проблеми во современиот свет. Иако социјалната исклученост во почетокот во главно се врзувала за сиромаштвото, денес е јасно дека наоѓаме причини не само во сиромаштвото, туку и во цела низа меѓусебно поврзани фактори. Факт е, исто така, дека различни културни, наследни и етички фактори влијаат на исклученоста на ромските деца од образовниот систем.

Концептите за инклузивно образование имаат повеќе заеднички работи со концептите кои лежат во основата на „Образование за сите“ и подобрување на состојбите во училиштата. Инклузивно образование претставува поместување од преокупираноста за одредена група кон фокусирање за надминување на препреките во учењето и учествувањето. Дефиниција за инклузија поставена од УНЕСКО на конференцијата во Саламанки, вели: „Инклузија е процес за решавање  и реагирање на различните потреби на сите ученици сè со цел за поголема вклученост во рамката на образовниот систем“. Тој опфаќа промени и измени на содржините, пристапите, структурата и стратегијата, со заедничка визија која ги опфаќа сите деца прилагодувајќи ја старосната граница и со убедување дека редовниот образовен систем е одговорен за образование за сите деца. Основните принципи на инклузијата е дека сите деца заедно се воспитуваат и образуваат, секогаш кога тоа е можно не земајќи ги во предвид различностите помеѓу нив.

Верувањето дека сите деца се различни, подразбира дека сме спремни кон различностите да се однесуваме со уважување и прилагодување. Праксата покажала дека индивидуалните разлики помеѓу децата се извор на богатство и разновидност, а не проблем. Дека на различните потреби и индивидуалното темпо на развој кај децата може успешно да се одговори со флексибилен пристап на воспитувачот.

Во јавната општинска установа - детска градинка „Астибо“ во Штип проектот „Инклузија на децата Роми во јавните установи“  се спроведува од 2007 год. каде биле вклучени 14 деца од кои сите 14 редовно ја посетувале предучилишната установа. Овој број на вклучени деца Роми, за кои е овозможено  бесплатно посетување на оваа установа, секоја година постепено се зголемува, па така во учебната 2016/2017 година овој број е зголемен на 30 деца, од кои 27 редовно се вклучени во овој образовен систем. Резултат од тимската работа во градинката и успешно спроведување на проектот. Меѓутоа од овие податоци можеме да констатираме дека сè уште недоволно е подигната свеста кај Ромите за вклучување на нивните деца во образовниот систем, што го покажува малиот процент на вклученост на овие деца во предучилишните установи. Причините за таквата состојба се материјалната состојба на овие семејства, незаинтересираноста на родителите за образование на нивните деца како и недоверба кон воспитувачите и негувателите заснована на поранешните негативни искуства (страв, понижување, неприфаќање на нивното дете од страна на другите деца...).

Преку планирана и тимски организирана работа во соработка со Министерството за труд и социјална политика во Детската градинка „Астибо“ се спроведуваат активности за надминување на сите овие проблеми и вклучување на овие деца во установата со цел да се подобри квалитетот на нивното образование, нивниот живот. Во проектот се опфатени и родителите на децата со цел да се подигне и нивната свест за потребата од образование на нивните деца.

Проектот се реализира во неколку активности, и тоа:

1. Ваша приказна

Оваа активност има за цел да ги подобри вештините на читање и да го зголеми нивото на писменост кај мајките Ромки. Активностите се спроведуваат во 6 сесии, а се опфатени 10 мајки, со нив работи фасцилатор кој им помага во читањето, односно ги поттикнуваат да им читаат приказни на нивните деца.

2. Мотивациони работилници со заедницата

Фокус на овие активности е зајакнување на ромските семејства, односно преку предавања од стручни лица како педагози, психолози, педијатри, воспитувачи, нутриционисти и др., да се запознаат со важноста на предучилишните установи, да го подобрат квалитетот на превентивна нега, потребата од имунизација, да изградат доверба во заедницата, детските градинки.

Во рамките на проектот се реализирани 6 работилници и се опфатени на секоја работилница по 25 родители.

3. Home Pre-school Community Liaison Program (HSCL)

Во рамките на оваа активност, родителите од ромска националност ќе учествуваат во HSCL и ќе бидат тренирани да преземат активна улога во рамките на главните активности на установите за предучилишно образование. Оваа активност ќе има за цел да ја зајакне соработката помеѓу градинките и родителите на децата Роми, исто така ќе ги зајакнат вештините на родителите се со цел тие да се стекнат со поголема самодоверба и почит од страна на останатите членови во предучилишните установи. Во рамките на активноста HSCL, родителите од ромска националност добија обука, односно тренинг да преземат активна улога во рамките на главните активности на предучилишната установа. Обуката беше изведена од страна на воспитувачи кои имаа за цел да ги научат мајките како тие да бидат воспитувачи. Најнапред, според планот и програмата за ран детски развој беше определена дневната тема која тие требаше да ја реализираат со децата. Темата која избравме да ја подготвиме и реализираме беше Ѓурѓовден, како тема во која се опфатени македонските и ромските обичаи и традиција на празник кој го прославуваме заеднички, со цел децата да развијат свест за себе и надминување на различностите помеѓу нив. Сите активности кои требаше да ги реализира мајката во дневната тема беа внимателно одбрани, а мајката подготвена како да ги реализира со децата. По извршениот тренинг од страна на воспитувачите, мајките присуствуваа во градинката во улога на „заменски“ воспитувачи, каде ги реализираа овие активности со децата, при што со оваа активност тие имаа можност одблиску да се запознаат со воспитно – образовната работа во установата. Овие активности се реализираа на следниов начин:

Воспитна група 4-5 год. (средна група):

- Воведен дел и запознавање со заменскиот воспитувач;
- Читање и обработка на сликовница „Ѓурѓовден“ - едукативни сликовници „Дружината Нела“;
- Ликовна активност - боење на ромско знаме;
- Музичка активност - слушање на ромска химна, слушање и играње традиционални игри и ора на ромска и македонска музика.

Воспитна група 5-6 год. (голема група):

- Воведен дел и запознавање со заменскиот воспитувач;
- Читање и обработка на сликовница „Ѓурѓовден“ - едукативни сликовници „Дружината Нела“;
- Собирање на гранчиња и цвеќиња од блиската околина, плетење на ѓурѓевденски венчиња.
- Ликовна активност – боење на македонско знаме;

- Музичка активност- пеење и играње на песна „Едерлези“.

По завршувањето на активноста на пано беа изложени македонските и ромските знамиња кој децата ги изработија, децата од големата група им подарија венчиња на децата од средната група.

**Заклучок**

Со напорна работа водејќи се во правец кон успешна двонасочна комуникација и соработка помеѓу воспитувачите и родителите на ромските деца, едукација на родителите за важноста и вредноста на предучилишните установи за животот на детето и запознавање на воспитувачите со условите за живот и проблемите кои ги имаат родителите на ромските деца придонесовме за повисок степен на соработка и комуникација помеѓу македонските и ромските деца, дружење со врсниците и партнерски односи меѓу воспитувачите, ромските деца и нивните родители како и отфрлање на предрасудите на воспитувачите за ромските деца, што можеме да го докажеме и со фактот на сè поголема вклученост на овие деца во предучилишните установи. Слабост која е воочена е недоволна обученост на воспитувачите за работа со овие деца и недоволниот капацитет на установите за прием на повеќе деца од оваа категорија, потребата од поголема вклученост на локалната заедница во решавањето на капацитетните проблеми на градинките и обезбедувањето на услови како би можеле овие деца да бидат рамноправни членови на општеството. Ги почитуваме правата на децата бидејќи тие се наше богатство и наша иднина, без разлика на бојата на кожата, на јазикот на кој зборуваат и верата која ја почитуваат. Да ги надминеме предрасудите и отфрлиме стереотипите за ромските деца учејќи ги децата да се грижат едно за друго, да соработуваат и да ги почитуваат различностите.

**Литература:**


- Fond za otvoreno društvo.(2007). Jednaka dostupnost kvalitetnog obrazovanja za Rome u Srbiji. Beograd: FOD.
- DDT. Save the Children UK (2002): School for all: Inkluding Disabled Children in Education, (Annual Report: 2016Why children need us more than ever). London: Development Dialogue Team.
- МТСП - Инклузија на деца Роми во јавни предучилишни установи (детски градинки) посетено на 22.4.2017 http://www.mtsp.gov.mk/inkluzija-na-deca-romi-vo-detski-gradinki.nspx
- МТСП(2009). *Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години*. Скопје: МТСП
- МТСП (2014). *Програма за рано учење и развој*. Скопје: МТСП

УДК 37.091.64-055.2
прегледен труд

# ПЕЧАТОТ ЗА ДЕЦА ВО СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

**Ксенија Макалиева Трајчева**[1]
[1]Просветно дело АД, Скопје, Република Македонија

**Апстракт**
Печатот за деца во облик на литературно – едукатвини, интерактивни и забавни списанија за деца е повеќе од потребен и неопходен во современото воспитание и образование. Литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики зацртани во концепциската поставеност на списанијата, овозможуваат непосредно негувањето на мајчиниот јазик, градење на високи уметничко-естетски критериуми и осовременувањето на педагошките аспекти, применувајќи го интерактивниот и интегриран пристап, користејќи ги најсовремените дидактичко-методолошки принципи на усвојување на знаења и вештини, согласно целите и барањата на актуелната наставна програма во основното образование и воспитание. Илустрациите во списанијата, нивната богата колоритност и современото ликовно-графичко обликување се приспособени на возраста на читателот и овозможуваат непосредна визуелизација и перцепција во процесот на читање и усвојување на нови знаења.
**Клучни зборови**: детски списанија, литература, едукација, уметност, традиција.

# PRESS FOR CHILDREN IN CONTEMPORARY EDUCATION

**Ksenija Makazlieva Trajcheva**[1]
[1] Prosvetno Delo AD, Skopje, Republic of Macedonia

**Abstract**
Press for children in the form of a literary - educational, interactive and entertaining magazines for children is more than necessary and indispensable in modern upbringing and education. The literary-artistic and educational specifics set forth in the conceptual arrangement of magazines enable immediate nurturing of the mother tongue, building high artistic-aesthetic criteria and modernizing pedagogical aspects, applying interactive and integrated approach, using the most modern didactic-methodological principles of acquiring knowledge and skills in accordance with the objectives and requirements of the current curriculum in primary education and upbringing. Illustrations in magazines, their rich colorfulness and contemporary art-graphic design are adapted to the age of the reader and allow for immediate visualization and perception in the process of reading and acquiring new knowledge.
**Key words**: children's magazines, literature, education, art, tradition.

## Вовед

Печатот за деца во Република Македонија има долга традиција. Повеќе од седум децении, почнувајќи од далечната 1945 година, во Република Македонија излегуваат од печат списанијата за деца кои го носат предзнакот литературни списанија за деца како што се: РОСИЦА, ДРУГАРЧЕ и РАЗВИГОР и забавникот за млади НАШ СВЕТ. Со овие списанија, почнувајќи од предучилишните установи, па до завршувањето на основното образование, порасна бројни генерации деца. Од објавувањето на првото списание за деца на македонски јазик на 3.1.1945 година, создадено под уредувачката палка на академик Славко Јаневски, па до ден денес, списанијата за деца имаат за цел:

- да го негуваат мајчиниот јазик,
- да ја развиваат љубовта кон убаво напишаниот збор,
- да ги едуцираат и воспитуваат своите читатели,
- да ја разгоруваат нивната љубопитност и да им всадат желба за откривање и усвојување на нови знаења и вештини,
- да го мотивираат детското творештво.

Сето тоа се прави на забавен начин што се приспособува на возраста, во корелација со интересите и воспитно-образовните потреби на современето дете.

**Списанијата за деца низ годините**

Литературните списанијата за деца РОСИЦА, ДРУГАРЧЕ и РАЗВИГОР и забавникот за млади НАШ СВЕТ во воспитно-образовниот процес во Република Македонија се присутни повеќе од седумдесет години, градејќи долга и богата традиција на печат за деца, создавајќи автори и писатели за деца, притоа поттикнувајќи ја љубовта кон чиатањето, но и творењето на своите читатели. Со текот на годините, концепциската поставеност се менувала и се приспособувала на современето дете, но фокусот секогаш бил и останува врз децата и детето како индивидуа, секогаш имајќи ги предвид нивните интереси и можности, нивните посебни биолошки и психолошки процеси и потреби. Континуираното содејство со современите потреби и интереси на децата има за цел да ја гради нивната самодоверба, да ги охрабри нивните иницијативи, да ги поттикне на творештво, да им даде целосна поддршка и да им биде патоказ кон светот на возрасните. Во изминативе седумдесет години на кормилото на редакциските тимови на списанијата, строго внимавајќи на *литературно-јазичките аспекти* при изборот и објавувањето на поезија и проза за деца, како одговорни уредници биле: Славко Јаневски, Јонче Јосифовски, Борис Бојаџиски, Ванчо Николески, Симон Дракул, Миле Марковски, Цане Андреевски, Славчо Темков, Васил Куноски, Симон Дракул, Видое Подгорец, Глигор Поповски, Киро Донев, Александар Поповски, Рајко Јовчевски, Горјан Петревски, Ванчо Полазаровски. Сите тие низ годините на своето работење поставувале високи критериуми на *уметничко-естетските аспекти* на литературата за деца со творби застапена во списанијата.

Како треба да се уреди едно списание за деца, кои параметри мора да бидат испочитувани, кои педагошки и дидактичко-методски аспекти треба да бидат задоволени и какви стандарди треба да се постават во ликовно-графичкото обликување, можело да се научи единствено во таканаречената „Школа на ДЕТСКА РАДОСТ“, според името на редакцијата во која се подготовувале и се подготвуваат и издаваат списанијата за деца - Редакцијата ДЕТСКА РАДОСТ. Низ таа школа поминале и се обучувале и новите генерации на уредувачките тимови, кои денес работат на создавањето и издавањето на списанијата. По повод десетгодишнината од излегувањето на првото списание за деца на македонски јазик, во јануарскиот број од 1955 година, тогашниот уредник Васил Куноски вели: „На 3.1.1945, токму пред десет години за прв пат прозвуче и се пренесе македонскиот збор, за прв пат екна слободната наша песна. Колку љубоморно го стискаа првиот број децата, зошто тоа беше единствениот лист од каде тие ги читаа и прераскажуваа стихотворбите и расказите. И чудно ли е што за една година тиражот се качи на повеќе од 75.000 примероци месечно?”

Првото списание за деца излегло од печат пред да биде отпечатен првиот *БУКВАР,* токму поради тоа значењето и улогата на списанијата за деца од Редакцијата ДЕТСКА РАДОСТ имаат непроценливо национално, историско и културолошко значење. Традиција на печатот за деца, која се градела и негувала со секој нов отпечатен број, се негува до ден-денес како завет за генарациите кои доаѓаат да го чуваат и негуваат својот јазик, својата писменост, традицијата и културата. Првите броеви биле отпечатени во црно-бела техника или во неколку бои според тогашните печатарски можности, но биле богато илустрирани и

приспособени на возраста на детето. Низ годините, списанијата ја менувале својата форма и физиономија, но концепциската поставност во основа останувала иста и отворена кон нови авторски имиња и од областа на литературата за деца и за мајсторите на илустрацијата за деца. За сите изминати години, списанијата за деца биле и останале нераскинлив дел од воспитно-образовниот процес, секогаш следејќи ја во чекор актуелната наставна програма, како во предучилишните установи така и во основните училишта, обидувајќи се преку стих или расказ, басна или гатанка да ги доближат наставните содржини, а во исто време да му помогнат на наставникот да ги реализира воспитно-образовните цели поставени во програмските барања на актуелната наставна програма.

**Улогата на списанијата за деца во воспитно-образовниот процес**

Во едно од своите излагања, писателот за деца и долгогодишен уредник на списанијата НАШ СВЕТ и РАЗВИГОР, Киро Донев, вели: „Детскиот печат, во кој литературата за деца го има главниот збор, има многуслојна цел - да ја надополнува и освежува наставата, да го осовременува наставниот процес, помагајќи во примањето и утврдувањето, проширувањето и надградувањето на знаењата, да одговори на мноштвото љубопитства на младиот човек - читател. Сознанијата од досегашното искуство ни покажуваат дека печатот за деца има многу важна улога во формирањето на личноста на детето, кое треба да израсне во човек. Всушност, воспитувачите, наставниците и педагозите тоа најдобро го знаат и мислам дека тие се најмеродавни пред надлежните институции кои одлучуваат дали и какви списанија им се потребни на нивните ученици, да им укажат на нивната задолжителна примена како четива кои ќе го надополнуваат тоа што им е потребно на децата, а го нема во учебниците наменети за нив. Значи, без сомнение, списанијата за деца, како најзначајна алка во процесот на развивање на љубов кон книгата, никако не смее да биде прекината”.

Во новинарски запис на новинарот и писател за деца, Наум Попески, објавен по повод тематската расправа на тема „Литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики на списанијата за деца“, одржана во април 2016 година, во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски”, при УКИМ, Скопје и „Клубот на писатели за деца и младинци” при ДПМ, се вели: „Списанијата за деца на *Детска радост* веќе се навлезени во осмата деценија од своето постоење. Тие извршија голема и благородна, речиси историска мисија во афирмацијата на децата, младите литературни творци, но и таленти во многу други области од науката. На најдиректен начин другаруваат со македонските писатели за деца, а преку препевите и преводите другаруваат и со писателите за деца од другите јазични подрачја. Голем број текстови, раскази и песни, учениците ги учат и ги анализираат на часовите по македонски јазик. Исто така, овие списанија се „расадник“ на таленти и на нивните страници своите први литературни творби ги имаат објавено и денес објавуваат повеќемина афирмирани писатели за деца и возрасни. Во ерата на електрониката, интернетот, мобилните телефони и слично, не треба да се потценува убавиот пишан збор во печатените медиуми, како што се списанијата за деца. Напротив, овие списанија се незаменливи пријатели на најмладите читатели бидејќи никаде на друго место тие не можат да си ги објават своите лични творби и да се забележат нивните успеси во учењето и во воннаставните активности. Тие своите списанија ги чуваат за кога ќе пораснат да се потсетуваат на своето детство, на своите почетоци и успесите во учењето. Тематската расправа ја водеше писателот и професор по литература за деца на Педагошкиот факултет, проф. д-р Мито Спасовски, кој го истакна големото значење на списанијата за деца како додатни четива на генерациите деца кои другарувале и другаруваат со своите омилени списанија, при што рече: „Ако во детството не создадеме навика за читање книги, тогаш што можеме да очекуваме кога ќе станат возрасни?“

Анета Велкоска, одделенски наставник во ООУ „Браќа Миладиновци“, општина Аеродром, Скопје, во своето обараќање на тематската расправа на тема „Литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики на списанијата за деца“, одржана во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ и „Клубот на писатели за деца и младинци“ истакнува: „Списанијата за деца се од големо значење за нас наставниците-практичари, како и за учениците и родителите. Тие ја олеснуваат, надополнуваат нашата работа и ни помагат поуспешно да ја реализираме наставната програма која е во корелација со содржините од овие списанија. Во воспитно-образовната работа со деца, со примената на современите стратегии на учење, концептот на списанијата го промовира холистичкиот пристап во поттикнување на учењето и развојот кај учениците. Тие се патоказ од кој треба да се раководат наставниците и родителите кога работат со своите деца. Овие списанија ги надминуваат традиционалните облици и форми на учење и ни нудат широк спектар на содржини и илустрации, кои им се интересни на децата, кои со нетрпение го чекаат секој нов број. Нивните трудови, изработки се објавуваат во списанијата, со што кај учениците се создава натпреварувачки дух и се стимулираат за читање, творење и креативно изразување. Во списанијата се забележува креативен пристап во интегрирање на содржините од различни предметни области. Особено е важна поврзаноста на теоретските сознанија со практичните искуства во интерес на детскиот развој. Тие создаваат директен начин на комуникација на учениците, го поттикнуваат мисловниот процес и ја развиваат имагинацијата. Побудуваат интерес кај учениците, создаваат позитивни чувства, весело и ведро расположение. Илустрациите и содржината се креирани според возраста на учениците и овозможуваат поинаква интеракција меѓу родителите, наставниците и учениците. Голем број на текстови и стихотворби ми помагаат полесно да ги реализирам часовите по македонски јазик. Со тоа учениците ја развиваат меморијата, го стимулираат говорот, го збогатуваат речникот со нови зборови, го негуваат јазикот и развиваат вештони за учење. Списанијата ја поттикнуваат детската љубопитност и негуваат позитивен однос кон книгата.

Светлана Јосифоска, одделенски наставник во ОУ „Лазо Ангеловски“ од Скопје, прогласена за најдобар наставник и апликант за најдобар наставник во светот, добитник на бројни награди и признанија во својата професија, на истата трибина, во своето обраќање, потенцира: „Веќе 25 години сум во воспитно-образовниот процес и би сакала да го споделам своето искуство за значењето на списанија за деца на возраст од 6 до 11 години. Списанијата: *Росица, Другарче* и *Развигор* се од големо значење, особено за учениците со продолжен престој, кои се на училиште од 7 часот и 30 минути до 17 часот. За тој временски перод редовно ги користиме списанијата во наставата, при реализација на самостојната работа и исполнување на слободното време. Печатот за деца е дел од подрачјето Медиумска култура по предметот македонски јазик и учениците од одделенска настава се обврзани да се запознаат со нив. Како наставник, секојдневно ги користам списанијата во наставата. Многу често им задавам и домашна задача од списанието (да прераскажат текст, да на учат песна наизуст) ги драматизираме драмските текстови и тие ни се веќе подготвени точки за училишните приредби или пак за гостување во ТВ-емисии. Со години сум сведок на огромната радост во детските очи кога ќе им пристигне секое ново издание. Веднаш го прелистуваат, го разгледуваат и со задоволство го читаат. Списанијата ни се потребни за успешна реализација на наставната програма, затоа сакам да упатам порака дека ние наставниците и учениците не можеме без нив. Списанијата за деца се од големо значење затоа што имаат за цел, со поддршка на наставниците и родителите, да ја развијат љубовта кон читањето кај децата и да помогнат во нивното професионалното ориентирање и реализирање на личноста.“

Писателот за деца Васил Мукаетов, соработник во списанијата за деца, во писмото до МОН, потпишано од деветнаесет потписници меѓу кои универзитетски професори, писатели

за деца и публицисти, во правец на поддршка за употреба на списанијата во основните училишта нагласува: „Во Република Македонија повеќе од 70 години непрекинато излегуваат од печат литературно-едукативните списанија за деца РОСИЦА, ДРУГАРЧЕ, РАЗВИГОР И НАШ СВЕТ, чија содржина покрај културната мисија е и составен дел од образовната пограма. Така и се уредуваат. Учениците добиваат знаења што не се наоѓаат во учебниците, се формираат како идни читатели и остваруваат активен и творечки однос со свои литературни и ликовни творби печатени во списанијата.“

Писателот за деца Ванчо Полазаревски и долгогодишен уредник на списанијата НАШ СВЕТ и ДРУГАРЧЕ, во едно од своите многубројни искажувања по повод бројните јубилеи на списанијата, посочува: „Читачот што го создаваат квалитетните списанија за деца е на вистински пат да стане зрела личност, личност со интегритет, на којшто не ќе може туку така да му се подметне четиво без вредности. Оттаму, фактот што списанијата на „Детска радост“ се со долгогодишна традиција, со „голем“ стаж и со ангжман на речиси до последниот автор кој е од значење во сферата на пишувањето за помладата публика, ми дава за право да истакнам дека тоа постигнато рамниште е наш заеднички капитал, наша препознатлива вредност. Авторите за деца единствено преку списанијата имаат (и имале) можност да ги прават првите чекори во сопственото творечко преиспитување и зреење. Да влезат во творечки занес за сето тоа еден ден да го втиснат во книга. Читателската публика, децата од нашите училишта, се желни за добри списанија. Тоа можам да го тврдам затоа што активно сум учествувал на многу работилници за пишување на творби за деца, низ целата република и во странство. Списанијата, се еден вид логистичка поддршка, проширување на разните теми со помош на повеќе фантазија и хумор, со интерактивност што е особено битно за младиот читател. Јас како автор за деца, секојдневно го острам перото за предизвиците на новото време, за *борба* со мобилните и интернетот. Со стихови и проза, преку литературни експерименти се обидувам да допрам до светот на младиот читател кој е зафатен со интензивното *читање* на денешната напредна технологија. А, тоа може да се постигне единствено преку списанијата кои треба секојдневно да бидат присутни на училишните клупи.“

Во трудот „Списанијата за деца и млади во Р. Македонија, нивната интермедијалност со книжевноста за деца, нивната сознајна, естетска и социјално воспитна функција, Јованка Д. од Филолошкиот факултет при УГД во Штип, констатира: „Независно кога се појавиле Денкова, колку се стари, на каков начин се отпечатени, списанијата за деца имаат функција да ги забавуваат децата, да ги поттикнуваат на одредени нешта, и, што е најважно, да ги подучуваат. Со самиот развој и промените во секојдневието се менувале и списанијата за деца. Но нивната намена и поставеност исклучиво за децата не се променила. Се читаат и ден-денес, а секое едно дете се радува на секој нов број. Вклучуваат во себе различни области, актуелни теми примамливи за сечиј детски вкус и ги поттикнуваат децата со нетрпение да го очекуваат следното издание. Во себе кријат различни содржини кои носат некаква порака за децата. Нивната поврзаност со книжевноста е повеќе од очигледна. Обработуваат делови од познати дела на познати автори. Во нив е сместена поезија на врвни поети. На интересен начин, достапен за децата, ја доловуваат главната порака која еден книжевник, автор, поет сака да ја пренесе во своето дело.“

Најчитаниот писател за деца и млади и долгогодишен соработник и уредник во Редакција ДЕТСКА РАДОСТ, познат по својата децениска рубрика „Вљубена страница“ во списанието „Наш свет“ - Горјан Петревски, вели: „Зошто авторството за деца е е поврзано со списанијата за деца? Затоа што, како раскажувачи или поети, посветени на литературата за деца и млади, и оние што не се меѓу нас, а и сегашнививе кои опстојуваме во ова време, безусловно, поминувале и поминуваме преку содржините на списанијата. Тие биле и останале на свој начин како школа, а и како репер дали те бидува или не да се занимаваш со

најодговорната литература - онаа посветена на најмладите и младите. Без исключок. Зашто, секој автор кај нас поминувал низ нив за да се потврди, за да се искаже, а дури потоа да се појави и со прва книга. Ако ја поминал нивната проверка. Така беше некогаш. Така е и денес. Зошто да не? Релација, списание - писател. Во овие години кога литературата за деца и млади, долг период е во загрижувачки ќорсокак и во недостиг од нови автори, списанијата се тие што ги одржуваат барем постоечките, а со надеж да делигираат и нови имиња".

**Списанијата за деца денес**

Последните изданија на литературните списанија за деца: РОСИЦА - списание наменето за децата во предучилишните установи, РОСИЦА за учениците од прво одделение, ДРУГАРЧЕ наменето за учениците од второ и трето одделение и РАЗВИГОР наменето за учениците од четврто и петто одделение, се подготвуваат согласно програмските барања и цели на наставната програма. Концепцијата на овие три списанија, се базира на неколку проверени принципи и критериуми и тоа:

1. Детално проучување на наставната програма. Литературните текстовите што се застапени во списанието ја следат програмата, а содржината на списанието одговара на сите актуелности што ги предвидува самата наставна програма.
2. Стил на јазикот и користењето на стандардниот македонски јазик. Стилот и јазикот на кој се напишани текстовите целосно одговараат на психо-физичката способност на учениците и на нивната возраст. Стилот е јасен, лесно разбирлив и со фонд на зборови што се соодветни на возраста и се темелат на стандарниот македонски јазик. При подготовката на текстовите, писателите за деца и авторите-соработници строго ја почитуваат возраста за која се наменети. Се обрнува посебно внимание при изборот на проза и поезија од еминентни македонски автори за деца, но и од најпознатите автори за деца во светот. Сето тоа овозможува учениците да ја надополнуваат наставната програма по македонски јазик.
3. Воспитно-образовна и едукативна функција. Списанијата се конципирани и врз принципот на образование и воспитание на учениците. Односно, задолжително се присутни текстови во кои целосно се застапени овие два елемента. Тука треба да се напоменат и едукативните теми кои се одбрани според наставната програма, а се обработени на интересен и несекојдневен начин. Овој спој на ненаметливо одбрана едукативна содржина и визуелниот момент на илустративниот дел им овозможува на учениците да ги надополнуваат своите знаења и да се здобијат со нови корисни информации.
4. Актуелни теми. Застапени се и содржини од областа на спортот, музиката и филмот. Тие се внимателно избрани и строго ја следат возраста на децата. Во списанијата се објавуваат и интересни содржини и теми што произлегуваат од секојдневниот интерес на децата на оваа возраст. Дел од концепцијата се и страниците што се наменети за соработка, каде учениците ги објавуваат своите ликовни и литературни творби, а наставниците своите проекти, активности и постигнати успеси.
5. Ликовно-графичко обликување и илустрации. При ликовно-графичкото обликување се внимава илустративниот дел да одговара за соодветната возраст. Самите илустрации носат воспитно-образовна порака и секогаш се естетски добри и ја прикажуваат содржината на самиот текст.
6. Графичка опременост. Списанијата се печатат на квалитетна хартија, што овозможува висококвалитетен печат.
7. Освен стручниот тим од Редакцијата, во списанијата соработуваат педагози, психолози и наставници.

Концепцијата на списанието НАШ СВЕТ, за учениците од шесто до деветто одделение се разликува од концепциската поставеност на литературните списанија за деца РОСИЦА, ДРУГАРЧЕ и РАЗВИГОР. Таа се базира на барањата на наставната програма во основното

образование со акцент на научно-популарни текстови кои на учениците ќе им овозможат да ги надополнат своите знаења од различни области (литература, природни науки, историја, претприемништво, традиција, култура...). Во тој контекст, се користат малку познати факти, најнови истражувања и актуелни текови и достигнувања во сферата на комуникацијата и технологијата. Концепциската поставеност ги следи долу наведените принципи:

1. Содржината на списанието ги следи и ги инкорпорира сите актуелности предвидени со наставната програма. Освен тоа, тимот кој го создава особено внимание посветува на употребата на стандардниот македонски јазик. Целта, меѓу другото, е текстовите стилски да се адекватни на возраста и психо-физичките способности на децата.
2. *Наш свет* има за цел да информира, да едуцира и да забавува, да предизвика интерес, амбиција, да претстави позитивни модели на однесување, да поттикне на истражување и креација. Се настојува содржините да бидат актуелни, иновативни и во чекор со новите генерации читатели, при што главниот фокус е воспитно-образовната функција на списанието.
3. Редовно се претставуваат најталентираните ученици, нивните успеси и во текот на годината се спроведуваат литературни и ликовни конкурси и избор за најталент. Во списанието се застапени творби, писма и дописи на ученици за она што е актуелно во нивните училишта
4. Особено внимание се посветува на ликовно-графичкото обликување на списанието. Визуелните прилози се со највисок квалитет и се соодветна илустративна поддршка на текстуалните содржини. Се следат најновите трендови кога станува збор за дизајнот и визуелното обликување при што појдовна точка е минималистичкиот пристап со цел на читателите да им се овозможи полесно фокусирање на суштината на секоја рубрика.
5. При поставувањето на овие принципи е користена соодветна литература за создавање списанија за училишна возраст, но и нашето долгогодишно искуство, стручното мислење на психолози, педагози и наставници, а сето тоа е според желбите на читателите.

**Списанијата за деца во рамките на Законот за основно образование**

Следејќи ја долгогодишната традиција на списанијата за деца и нивното непрекинато излегување од седум децении, во нивните компендиуми може да се забележи дека сите овие години биле одобрувани за употреба по препорака од своевремениот Педагошки совет, денешното Биро за развој и унапредување на образованието при МОН на Р. Македонија, односно од Министерството за труд и Социјална политика на Р. Македонија, кога станува збор за списанијата за предучилишна возраст. Тоа укажува на фактот дека овие списанија секогаш биле под мониторинг на стручните служби во МОН и континуирано во текот на изминативе седум децении биле високо оценувани, одобрувани и препорачувани за употреба во воспитно-образовниот процес како во предучилишните установи, така и во основите училишта.

За прв пат во историјата на печатот за деца, во учебната 2016/2017 година процедурата за одобрување за употреба на списанијата за деца во основните училишта траела невообичаено долго, при што учебната 2016/ 2017 година поминува без печатот за деца во училишните клупи. Ваквата состојба предизвикува бројни реакции во јавноста, во медиумите, особено кај писателите за деца, наставниците, учениците и родителите кои секојдневно барале одговор на прашањето зошто списанијата за деца не се присутни во основните училиштата.

Според актуелните законски прописи, списанијата за деца се одобруваат за употреба во основните училишта со Решение од министерот за образование и наука на Р. Македонија, односно со Решение на министерот за труд и социјална политика. Според последните изјави за медиумите дадени од страна на МОН за учебната 2016/2017, односно од Бирото за развој и

унапредување на образованието, процедурата на одобрување на списанијата за деца во основното образование не завршила заклучно со месец мај 2017, поради што за прв пат од 1945 година па наваму, воспитно-образовниот процес во основните училишта се одвива без печатот за деца.

Согласно горенаведените искажувања за неопходноста и потребата на печатот за деца во современото образование и воспитание, а на задоволство на учениците и нините родители и наставници, прецедурата за одобрување на списанијата за деца за учебната 2017/2018 година, резултираше со Решение за употреба на списанијата за деца во основните училишта од министерот за Образование и наука на Р. Македонија, донесено во септември 2017 година, со што се продолжи долгогодишната традиција на печатење на списанија за деца наменети за учениците од прво до деветто одоление.

**Заклучок**

Од изложеното, може да се заклучи следното:

- списанијата за деца во современото образование и воспитание, особено литературните списанија за деца се повеќе од потребни и непоходни. Нивната улога е незаменлива и е од непроценливо значење во процесот реализирањето на целокупната наставна дјност;
- литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики зацртани во концепциската поставеност на списанијата помагаат во негувањето на мајчиниот јазик, овозможуваат градење на уметничко-естетски критериуми, почитувајќи ги педагошките аспекти преку примената на најсовремените дидактичко-методолошки принципи на усвојување на знаења и вештини согласно целите и барањата на актуелната наставна програма;
- илустрациите во списанијата и современото ликовно-графичко обликување, проследени со богата колоритност, се приспособени на возраста на детето и овозможуваат непосредна визуелизација и перцепција во процесот на читање и усвојувањето на нови знаења;
- списанијата за деца единствен печатен детски медиум каде што децата и училиштата имаат можност да ги промовираат своите лични и заеднички успеси и проекти и да објавуваат свои литературни и ликовни творби;
- со помош на печатот за деца се поттикнува љубовта кон читањето и пишувањето, се создаваат позитивни морални навики и вредности и се регрутира нова читателска публика.
- списанијата за деца претставуваат нераскинлив дел од современото вопситание и образование кое има за цел да изгради личности со високи морални вредности, едуцирани и подготвени да одговорат на предизвиците на новото време. А најголемиот предизвик за сите нас кои сме се дел од воспитно - образовниот процес е да создадеме иднина, да создадеме генерации на кои ќе бидеме горди, кои ќе умеат да го пронајдат своето место во општеството и ќе се реализираат како успешни и почитувани граѓани.

**Литература**


- Велкоска, А. (2016). Литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики на списанијата за деца. Тематска расправа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, април 2016.
- Денкова, Д. Ј. Списанијата за деца и млади во Р. Македонија, нивната интермедијалност со книжевноста за деца, нивната сознајна, естетска и социјално воспитна функција. https://www.academia.edu/29429011/Spisanija_za_deca_i_mladi_vo_R._Makedonija_nivnata_intermedijalnost_so_knizevnosta_za_deca....pdf.

- Интервјуа со одговорните уредници на списанијата за деца Росица, Другарче, Развигор и Наш Свет при редакцијата Детска радост, Просветно дело АД, Скопје.
- Интервју со Киро Донев, писател за деца и млади, реализирано за потребите на трудот, март 2017.
- Интервју со Горјан Петревски, писател за деца и млади, реализирано за потребите на трудот, април 2017.
- Интервју со Васил Мукаетов, писател за деца и млади, реализирано за потребите на трудот, март 2017.
- Интервју со Наум Попески, писател за деца и млади, реализирано за потребите на трудот, март 2017.
- Интервју со Ванчо Полазаревски, писател за деца и млади, реализирано за потребите на трудот, март 2017.
- Информации од списанија за деца од архивата на Просветно дело АД, Скопје.
- Јосифовска, С. (2016). Литературно-уметничките и воспитно-образовните специфики на списанијата за деца. Тематска расправа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, април 2016.

УДК 373.21.015:614
прегледен труд

# ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА

**Деспина Сивевска[1]**
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**

Системот на предучилишно воспитание и образование е ниво на образование со кое децата прво се среќаваат, а кое е од пресудно значење за севкупниот раст, развој и формирање на нивната личност. Тој ги поставува условите за интегративен пристап во развојот на децата преку нега и заштита, поттикнување и насочување на сознајни активности, воспоставување на вредности преку рано учење.

Покрај ова, предучилишната установа остварува и превентивна здравствена заштита, со цел зачувување и унапредување на здравјето на децата и средината во која престојуваат децата. Тоа се постигнува преку здравственото воспитание со кое од мали нозе кај децата треба да се развиваат културно-хигиенски навики, навики за негување на физичкото и менталното здравје, како и одговорност да се грижат за сопственото здравје и здравјето на најблиската околина.
**Клучни зборови***:* здравје, превентивна заштита, здравствено воспитание, предучилишна установа.

# HEALTH EDUCATION IN A PRESCHOOL INSTITUTION

**Despina Sivevska[1]**
[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**

The system of preschool education is the level of education with which the children first meet, and which is of crucial importance for their overall growth, development and formation of their personalities. It sets the conditions for an integrative approach in the development of children through care and protection, encouraging and directing knowledge activities, and establishing values through early learning.

In addition, preschool institutios also provide preventive health care in order to preserve and promote children’s health and the environment in which the children stay. This is achieved through health education with which even very young children should develop cultural-hygienic habits, habits for nourishing physical and mental health, as well as the responsibility for taking care of their own health and the health of their nearest environment.
**Key words***:* health, preventive care, health education, preschool institution.

## Поим и дефиниција за здравјето

Здравјето и здравиот начин на живот претставуваат визија на секој човек кој посакува да биде физички и психички здрав, како и да нема проблеми со здравјето. Да се биде здрав има различно значење за различни луѓе. За лаиците тоа најчесто значи да не се биде болен, додека здравствените работници под здравје подразбираат отсуство на медицински дефинирани болести и неспособности. Стандардите за тоа што може да се смета за здраво варираат и се

менуваат, а луѓето здравјето најчесто го проценуваат субјективно, што го отежнува и неговото мерење.

Според Светската здравствена организација (СЗО) здравјето е дефинирано како „состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и изнемоштениост“.

Со своето однесување, начинот на живот и односот кон здравјето не влијаеме само на сопственото здравје, туку и на другите околу нас, на нашите деца, нашите внуци, потомци. Должината на живот и резервите на здравје не се одредени само од наследството, туку на нив влијаат бројни фактори: социо-економските (образование, материјални ресурси, приоритети на здравствена политика), социокултурни (семејство, училиште, работно место, рекреација, средства за масовна комуникација, маркетинг, културни фактори, обичаи и сл.), стил на живот (начин на исхрана, спортска/физичка активност, стрес, заедништво/осаменост и сл.), физичко-биолошката средина (квалитет на вода, воздух, земјиште, храна, отпадни материи, услови на живеење и сл.).

Оттука современото здравствено воспитание претствува сложена мултидисциплинарна наука која ги интегрира сознанијата од повеќе научни области, како што се медицински, социјални, наука за однесувањето и наука за комуникацијата.

**Здравствено воспитување**

Здравственото воспитание е една од основните компоненти во системот на воспитание. Здравственото воспитание и развивањето на здравствени навики почнува со раѓањето и продолжува во текот на целиот живот. Ова воспитание е всушност доживотно учење. Имајќи го во вид сознанието дека здравиот начин на живот претставува збир од спознаени активности на поединецот, насочени кон чување на сопственото здравје и здравјето на луѓето во околината што го опкружува, целта на здравственото воспитание е јасно определена, а формираните здравствени навики се потврда за формирање на здравствена култура со што пак целта на здравственото воспитание е постигната.

Здравственото воспитание е комбинација на активности и учење засновано на искуство кое им овозможува на луѓето да стекнат контрола над факторите кои влијаат на нивното здравје и здравјето на другите луѓе (International Union for Health Education, WHO Division for health, 1992).

Тоа претставува медицинско-педагошка дисциплина која има задача да го унапредува општото ниво на хигиенска и здравствената култура на населението и мотивирање на поединецот и општеството да се грижат за сопственото здравје и здравјето на другите. Со здравственото воспитание би требало кај секој поединец да се развие одговорност за сопственото здравје, здравјето на најблиската околина и средината во која живееме и работиме. Всушност, здравственото воспитување претставува еден од основните фактори во зачувувањето и унапредувањето на здравјето кај луѓето, особено кај децата во предучилишната возраст.

Познато е дека многу болести, како што се заразните, а и незаразните, можат да се спречат ако луѓето ги избегнуваат условите кои се важни за нивниот развој, односно околностите што го погодуваат нивниот развој.

Науката открива дека многу болести од денешната цивилизација се последица од начинот на живот како што се: неадекватна исхрана, мала физичка активност, преголема телесна тежина, постојана психичка напнатост, алкохолизам, пушење и др. Поради тоа се јавува потреба човекот својот начин на живот да го организира така што секојдневните навики да не го загрозуваат здравјето, туку да се насочени во најголема мера во чување и унапредување на здравјето. Тоа може да се постигне единствено преку висок степен на здравствена култура.

Досегашните искуства покажуваат дека образованието има голема можност за здравствено воспитување на луѓето, затоа што низ него поминуваат сите деца и тоа на возраст кога се најподложни да апсорбираат знаења од сите области, па и од здравственото воспитување. Всушност, здравственото воспитување се вклопува во основната задача, со што на одреден начин влијае на подигањето на здравствената култура на луѓето.

Во текот на образованието и воспитанието на децата главни задачи на здравственото воспитување се:

- децата да стекнат и да развијат некои од хигиенските навики во однос на сопственото здравје, како и кон животната и работната средина, затоа што на тој начин ќе се заштитат од голем број на заразни болести и ќе го зачуваат и унапредат сопственото здравје;
- да стекнат основни знаења за физичкото и психичкото здравје, за разните штетни фактори и опасности кои му се закануваат, како и за заштита од нив;
- да ги усвојат позитивните ставови спрема сопственото здравје и здравјето на луѓето со кои живеат во пошироката заедница;
- да го прифатат објаснувањето за значењето на редовната здравствена контрола со цел благовремено откривање и лечење на болеста;
- да опфатат правилен став спрема медицинската струка како предрасудите не би биле кочница за раното откривање и лечење на болестите;
- да ги запознаат основните здравствени проблеми на нашата земја и должностите и правата што ги имаат спрема неа;
- развој на навики кај децата за зачувување и негување на нивната животна средина;
- развој на вештини за истражување, критичко размислување и креативност;
- формирање на одговорен однос кон себе и другите;
- развој на меѓусебна почит, довреба, искреност, почит кон личноста, еднаквост и отворена комуникација;
- усвојување на најосновните елементи на здравиот начин на живот;
- постојана физичка активност и престој на чист и свеж воздух.

**Здравствена активност во детската градинка**

Освен во кругот на семејството и во домот, како примарни социјални средини во кои детето расте, се развива и ги стекнува првите навики и знаења за светот кој го опкружува, децата треба да стекнуваат и знаење за грижа на сопственото здравје и во детската градинка. Детската градинка е специфично место за раст и развој на детето и истата има задача да му обезбеди на детето поволна општествена и материјална средина со сите потреби, услови и поттици за развој на богати разновидни и смислени активности за развој на детските способности. Градинката треба да биде средина во која секое дете ќе се чувствува безбедно, сигурно и прифатено, средина во која ќе се богати детската природна и социјална интеракција. Детската градинка е фактор за воспитување на детето и дополнување на семејното воспитание и образование.

Токму затоа еден од приоритетите на работењето на секоја предучилишна установа треба да биде здравствената заштита на децата, негувањето на физичкото и менталното здравје на секое дете.

Вклучувањето на децата во колективен живот, надвор од нивната семејна средина, во најосетливиот период од нивниот живот, подразбира и адекватна здравствена заштита, на оваа возраст децата се особено осетливи, па нивниот развиток во голема мера зависи од нивната правилна заштита, од влијанието на надворешната средина, правилна исхрана и здрава социјална и емотивна средина. Имајќи го сето ова предвид во организацијата за работа во

секоја предучилишна установа мора посебно внимание да се посвети на здравствената заштита на децата.

Здравствената заштита ја сочинуваат мерките, активностите и постапките за зачувување и унапредување на здравјето на детето и работната, односно средината во која престојуваат децата. За таа цел секоја предучилишна установа би требало да обезбедува:

- удобни легла и чиста постелнина;
- поволни микроклиматски услови (климатизирани простории, чист и проветрен простор);
- квалитетни оброци и внес на течности (според упатствата од Државниот завод за домаќинство);
- санитарно-хигиенски надзор на објектите и просториите во кои престојуваат децата;
- хигиена на санитарни простории (користејќи високо квалитетни еколошки производи);
- здрав и организиран дневен распоред на игрите, активностите и одморот на децата;
- често и правилно користење на природните фактори;
- формирање на хигиенски и здравствени навики кај децата;
- стручни и едукативни предавања, посета на семинари и работилници за вработените и родителите, со цел спречување и превенција од заразни заболувања, повреди и несреќни случаи;
- Навремено добивање на информативно-едукативни флаери од Центарот за јавно здравство, заради успешно спроведување и превенција од појава и ширење на заразните заболувања, кои се карактеристични за децата од предучилишна возраст, сместени во колективни, односно јавни детски установи.

Особено значајни мерки кои треба да се преземат се мерките за дезинфекција, дезинсекција и дератизација со цел уништување на бактерии и вируси. Во тој контекст е потребно редовно проветрување, адекватно и навремено затоплување на просториите.

Истакнувајќи го значењето на здравствената состојба на вработените, неопходно е да се организираат и редовни систематски прегледи. Особено, да се обрнува внимание на правилниот начин на чување и дистрибуирање на прехранбените производи, овошјето и зеленчукот по објектите. Најважен критериум за продуктите е нивниот висок квалитет како и предвидување на потребни количини со што би се спречило нивно евентуално расипување.

Во градинките континуирано треба се вршат месечни антропометриски мерења на децата, со што ќе се следи растот и развојот. Добиените резултати од мерењата се внесуваат во табели со цел поголем преглед на физичкиот раст и развој во висина и тежина на децата додека престојувале во градинка. Истите резултати се истакнуваат на огласните табли со цел да бидат информирани и родителите за физичкото напредување на децата.

Исто така примарна компонента во делот на здравствената заштита е и *физичкото воспитание*, кое треба да биде прилагодено кон возраста и физичките способности на децата и позитивно да влијае врз правилниот раст и развој на организмот.

Часовите по физичко воспитание имаат за цел да ја промовираат физичката активност и потребно е да ги посетуваат сите деца без оглед на нивните способности. Преку овие часови кај децата треба да се разиваат и навики за редовно користење на физичката активност во секојдневниот живот.

Особено значаен фактор при заштита на здравјето на децата е квалитетната храна. Правилната исхрана е темел за развој на секој поединец, како и за општеството. Квалитетот на нутритивен внес влијае на растот и развојот на организмот и на неговиот нутритивен здравствен статус.

За храната особено е значаен начинот на нејзиното подготвувањето. Листата на јадења кои се приготвуваат и служат во градинката треба да коренсподира со критериумите и насоките од стана на МТСП. Истата потребно е да се изготвува еднаш месечно, при што може да претрпува промени со цел да се искористат сезонските продукти за готвење или

продуктите кои се конзумираат свежи. Во текот на денот децата треба да добиваат: појадок, претпладневна ужина (ладен или топол напиток), ручек и попладневна ужина.

Влијанието на правилната исхрана во текот на детството и адолсценцијата е значајно за здравствената состојба во подоцнежните фази од животот. Со развојот на прехрамбената индустрија, како и современиот начин на живот, се менуваат и навиките во исхраната на поединецот, поедини општествени групи, како и на општеството во целина. Овошните ужини, како и млечните порции сè почесто се заменуваат со кондиторски и пекарски производи, кои содржат големи количини на масти, брзо ресорбирачки шеќери, кои водат до зголемување на дебелината, кардиоваскуларни заболувања, забен кариес, дијабет. Покрај зголемувањето на енергетката густина на оброкот сè повеќе е присутна и намалената физичка активност на децата, која е исто така важен фактор за зачувување и унапредување на психофизичкото здравје на организмот.

Потребно е постојано да се следи психофизичкиот развој на децата и во таа насока да се води уредна документација во форма на досие за секое дете.

Во делот на навремено откривање на извесни симптоми на одредени болести кај децата додека престојуваат во градинка, се предвидуваат навремената имунизација, секојдневна тријажа при доаѓање на детето во групата и негова брза изолација до доаѓањето на родителот.

Следењето на здравствената состојба на забите на децата во градинката потребно е да биде проследено од детските стоматолози кои навремено би ги упатиле родителите, доколку има потреба од натамошно лекување на запчињата.

Значајно е да се забележи фактот што во предучилишните установи престојуваат и деца кои имаат одредени потешкотии во својот психофизички развој, деца со посебни потреби. Искуствата од работата со деца кои имаат посебни потреби, говорат дека градинката е вистинско место и можност за поттикнување и стимулирање на детскиот развој, особено психомоторен, социо-емоционален, сознаен, говорен, за што говорат и постигнатите резултати кај поголемиот дел од децата вклучени во воспитно-образовната работа во рамки на редовните градински групи. Најчесто со овие деца се користи индивидуализиран пристап на работа од страна на дефектологот во установата, со прилагодени активности и содржини, соодветни за нивните можности, способности, потреби и интереси.

**Соработка со здравствените установи**

Предучилишната установа, со цел да го промовира здравјето и здравиот начин на живеење на децата и нивните родители, мора да соработува и со здравствените служби. Таа соработка опфаќа примарна здравствена заштита во оснос на: превенција, контрола на полесни форми на заразни и незаразни болести, прва помош при повреди или ургентни состојби, промоција на здравје, советувања во однос на здравјето; стоматолошка здравствена заштита и сл. Оваа здравствена заштита ја спроведуваат лекари-педијатри, медицинска сестра, стоматолог во соработка со воспитувачите и останатите служби во предучилишната установа.

За успешно спроведување на здравствената заштита е неопходна соработка на релација родител-воспитувачка-негувателка во однос на здравствената состојба на детето и разменување на информации за истата. Почитувањето на препораките за негување на децата дома кога се болни е најдобар начин за спречување и ширење на зарзните заболувања. Освен превентивна заштита за децата, во предучилишните установи е потребно да се вршат и редовни санитарни прегледи на вработените кои се во непосреден контакт со децата и храната, како и да се организираат едукативни средби за безбедност при работата на вработените, како превентивна, така и редовна заштита.

Добро едуциран кадар од сите области е клуч за успешно справување со сите можни појави и проблеми кои може да се случат во текот на престојот на децата во предучилишната установа. За таа цел треба да се организираат разновидни обуки за вработените и родителите

како би можеле навремено успешно да реагираат со една единствена цел: зачувување на здравјето на децата за време на престојот во градинката.

**Здравственото воспитание во активности од воспитно-образовното подрачје по природа и општество**

Здравственото воспитание и образование треба да почне кај најмалите ученици, уште во предучилишните установи. Воспитувачите уште од најмала возраст кај децата преку секојдневните активности ги разработуваат животот и навиките на учениците во градинката и во нивните домови. Преку активностите од воспитно-образовното подрачје по природа и општество воспитувачите треба да даваат подобри објаснувања за хигиенските навики и правила бидејќи тие најуспешно се стекнуваат во раното детство, и со тоа децата да научат зошто одделни навики се потребни. На таа возраст воспитно-образовните активности главно се сведува на личната хигиена на децата, правилната исхрана и заштита во сообраќајот. Во работата со децата се користат соодветни форми и методи на работа (демонстрација, раскажување приказни, играње игри, цртање, работа во мали групи, разговор, физичка активност...).

Децата преку активностите од воспитно-образовното подрачје по природа и општество треба да стекнат сознанија за значењето на здравјето, односно да конзумираат правилна исхрана, слободното време активно да го искористат во природа на свеж и чист воздух и да биде тоа така организирано што подобро ќе се искористи за нивното општо образование**,** нивниот телесен развој и јакнење, развивање на хигиенските навики и вклучување на општествениот живот, какви болести можат да добијат во текот на престојот во природа, односно ескурзиите, независно дали е летување, зимување, како делува летниот одмор на децата, каква облека треба да носат соодветно на тоа кое годишно време сме и сл.

Децата преку содржините на здравственото воспитание покрај хигиенските правила, развиваат и љубов кон природата, развиваат и негуваат другарство, му помагаат на другарчето доколку има потреба.

Пример на активности и содржини во кои се опфатени содржини од здравствено воспитување:

- Подготвуваме зимница за зима;
- Здрава храна и витамини: патот до здравјето;
- Одбележување на национален ден на здрава храна;
- Воспитувачите заедно со децата подготвуваат овошна и зеленчукова салата;
- Проектна активност: Градина во мојата градинка - *Садење спанаќ од семе*;
- Се игра дидактичка игра: Како се подготвува чај?
- Воспитувачот заедно со децата води разговори на тема: Изготвуваме листа за совети за здравјето;
- Водење на разговори и примена на активности насочени кон одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот.

  Активности и методи преку кои учениците ќе стекнат знаења, пр.: разговор на тема: Како ја одржувам личната хигиена и хигиената во домот, прибор за лична хигиена;
- Разговор и разменување на искуства за тоа како да се заштитуваат од повреди и болести, нивното пренесување и заштита од нив, пр: Разговори на тема: Што правиме за да сме здрави? Кој ги предизвикува болестите? Како да се заштитеме од повреди? Како да се заштитеме од заразни болести – разговор за опасноста од самостојно земање на лекарства; Моите посети во амбуланта;
- Разговор за значењето на здравјето: што е здравје? што е здрава исхрана? што се витамини, каде и во што ги има? потребата од спортување; корист и придобивките од чист воздух, вода, игра, смеа;

- Дискусии и работилници во кои децата се запознаваат и ги применуваат правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- Разговори и активности преку кои децата би го сфатиле значењето на лекарските прегледи и вакцинацијата;
- Во градинката може да се организираат предавања, работилници на кои ќе се разговара, ќе се презентираат ликовни дела на тема: „Болести од валкани раце“ со цел да се истакне важноста на миењето на рацете по играта, пред и по оброците и ужинката во детската градинка, по употребата на тоалетот; за потребата од зачестеност на нивната употреба; значењето на топлата вода; користење на позитивни и негативни примери од непосредната околина за штетноста од валканите раце.



Слика 1. Работилница и приредба на тема: Здрава храна



Слика 2. Посета на децата од предучилишната установа на стоматолошка ординација

**Заклучок**

Здравствената едукација во предучилишната установа е процес во кој секое дете треба активно да учествува. Обврска на секој воспитувач е да им помогне на децата да постигнат повисок степен на ментален и физички развој и да усвојат знаења и основни вештини потребни за живот во нивната животна средина, усогласувајќи ги внатрешните аспирации со конкретните општествени барања. Денешните деца физички порано созреваат во однос на претходните генерации, границата на психичкиот развој постојано се поместува по нагорна линија и затоа доколку сакаме да имаме општество на емоционално свесни и физички здрави индивидуи мора уште од предучилишна возраст да вложуваме во нивниот психофизички развој. Уште во предучилишното воспитание и образование мора внимание да се посветува на здравственото воспитание преку секојдневно воспитување и развивање на навики и умеења кај децата за грижа и одржување на својата лична хигиена и хигиена на околината, подигање на свеста да се занимаваат со физичка активност  и стекнување вештини и навики за здрав начин на живот-исхрана, движење, спорт, со цел да се развијат во поединци кои ќе бидат едуцирани и подготвени за живот во едно современо општество.

**Литература**


- Годишна програма за работата на општинската јавна установа за деца -детска градинка „Димче Мирчев” Велес за 2015/2016 година.

- Дамовска, Л., Барбареев, К., Шеху, Ф., Тасевска, А. (2012). *Нови практики во детските градинки.* Скопје: Темпора Веритас.
- Колонџовски, Б. (2010). *Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество*, Битола: Педагошки факултет.
- МОН(2005).Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015.Скопје: МОН.
- МТСП.(2014). Програмата за рано учење и развој. Скопје: МТСП.
- Петров, Н. (1978) *Детето во природата и околината*, Скопје: Детска радост.
- Програма за работа на детската градинка „АСТИБО" Штип за 2015/2016.
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, Службен весник на РМ, бр. 28 од 6.2.2014 година.
- International union for health promotion and education-IUHPE, Retrieved from: http://www.iuhpe.org/index.php/en/

УДК 37.015.3:511-028.31
прегледен труд

# ИГРАТА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ПОЧЕТНИ МАТЕМАТИЧКИ ПОИМИ

**Снежана Јованова-Митковска[1]**
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Краток извадок**

Развојот и учењето на децата од предучилишна возраст се одвива низ неколку развојни домени и тоа: здравје и моторички развој; социоемоционален развој; развој на јазикот и рано описменување; когнитивен развој и развој на пристап кон учењето. Сите домени се одвиваат паралелно, некои во одреден период помалку, некои поинтензивно, низ кои се остварува холистичкиот развој на детската личност. Во рамки на когнитивнот домен спаѓа и субдоменот Математика. Процесот на развој и формирање на математички поими, развој на мисловните способности, рационален пристап кон решавање на проблеми, имплементацијата на различни начини за решавање на проблеми е развоен процес, процес кој подразбира востановување на активно заемно дејство помеѓу детето и предметите и појавите од непосредната околина. Тој процес на взаемно дејство најлесно, наједностано се одвива преку играта. Како основна, примарна активност на која децата слободно и се препуштаат и во која изведуваат најразлични активности, преку која имитираат, драматизираат, стекнуваат сознанија.., учат, води кон холистички развој на единката. Преку неа се одвива и процесот на развој и формирање на почетните математички поми. Во трудот се говори за играта, нејзината улога и значење, посебно улогата и значењето на дидактичко - математичките игри. Посочени се и примери на логичко-математички игри кои можат да се практикуваат со децата од предучилишна возраст.

**Клучни зборови:** почетни математички поими, логичко-математички игри, дете, воспитувач.

# GAME IN THE FUNCTION OF DEVELOPING INITIAL MATEMATHICAL CONCEPTS

**Snezana Jovanova-Mitkovska[1]**
[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**

The development and learning of preschool children takes place through several developmental domains including: health and motor development; socio-emotional development; language development ad early literacy; cognitive development and the development of a learning approach. All domains take place in parallel, some in a certain period less, some more intensively, through which the holistic development of the child’s personality is being accomplished. The cognitive domain includes the subdomain Mathematics. The process of development and formation of mathematical concepts, the development of thinking skills, a rational approach to problem solving, all these are developmental processes that imply the establishment of an active interaction between the child and the objects and the phenomena from the immediate environment. This process of interaction is most commonly the easiest through game. As a basic, primary activity in which children freely indulge, and in which they perform various activities, through which they imitate, dramatize, acquire knowledge and learn, it leads to a holistic development of an individual. The process of development and formation of the initial mathematical concepts takes place through this. This paper deals with games, with their role and importance, especially with the role and importance

of the didactic-mathematical games. Examples of logical-mathematical games that can be practiced with children of preschool age are also presented.
**Key words**: initial mathematical concepts, logical-mathematical games, child, preschool teacher.

**Вовед**

Иднината, благосостојбата на нашето општество, зависи од инвестициите во човечкиот потенцијал. Оваа инвестиција почнува од најмалата детска возраст и трае сè до крајот на човековиот живот. Она што ќе биде изградено како интуитивно знаење на почетокот на предучилишна возраст, претставува база која постојано се надградува, се проширува. Затоа, неопходно е на секое дете да му се овозможи најдобар можен почеток. Тој се обезбедува во семејството, во предучилишната установа, училиштето...

Раниот пристап во предучилишното воспитание и образование остава свој белег на целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа, на нејзиното изградување во позитивна, креативна и активна личност која ќе поседува верба во себе, почит кон себе и другите околу неа, затоа што токму во тој период детето има можности за максимално развивање на интелектуалните способности, доаѓање во контакт со појавите и настаните во непосредната околина, што влијае врз развитокот на љубопитноста, интересите за здобивање на елементарни претстави и поими, збогатување на искуствата и знаењата, формирање на основните културно-хигиенски навики, како и поставување на основите за социјализацијата на детето. Во таа насока предучилишното воспитание и образование има големо значење и улога во формирањето на основите и темелите на кои се надоградуваат претставите, поимите, знаењата, умеењата и навиките, и развитокот на творечките способности на децата. Програмите во градинката треба да бидат така дизајнирани за да им се помогне на децата, врз основа на нивните претходни знаења и искуства, да формираат концепти, да стекнат основни вештини, позитивни ставови кон учењето, да се оспособат за доживотно учење. Базата ги вклучува знаењето, вештините од математика, наука, јазик, познавање на ИКТ.

Познато е дека децата од предучилишна возраст се премногу нетрпеливи, љубопитни, бучни, сакаат да прашуваат, истражуваат, неуморни се, покажуваат интерес за сè и сешто, сакаат да играат, другаруваат. Децата од мала возраст сметаат дека учењето е пријатно искуство „јас учам, сакам да учам“ на кое слободно без страв, нелагодност му се препуштаат. Секогаш треба да се има во предвид дека секое дете во градинката доаѓа со различен капацитет на искуства, знаења, развиени способности, вештини.

Оттаму, играта на која децата слободно и се препуштаат и во која изведуваат најразлични активности, преку која имитираат, драматизираат, стекнуваат сознанија, учат, го надоградуваат претходното нивно интуитивно искуство, претставува една од формите на учење на предучилишното дете. Во градинката, а со интенција да се одговори на развојните потреби на секое дете, треба да се создадат услови за учење, самоизразување, развој во најразлични области.

Поаѓајќи од сознанијата за, и потребата од холистички развој на детската личност, воспитувачот бара, интегрира, корелира содржини од различни воспитно-образовни подрачја, насочени кон развој на сите аспекти на детската личност.

Развојот и учењето на децата од предучилишна возраст се одвива низ неколку развојни домени и тоа: Здравје и моторички развој; Социоемоционален развој; Развој на јазикот и рано описменување; Когнитивен развој и Развој на пристап кон учењето. Сите домени се одвиваат паралелно, некои во одреден период помалку, некои поинтензивно, низ кои се остварува холистичкиот развој на детската личност.

Во рамки на когнитивнот домен спаѓа и субдоменот Математика. Како аспект на когнитивиот развој во субдоменот Математиката се поставени цели кои се однесуваат на формирање на математички претстави, формирање и развој на математички поими, развој на

мислењето, сфаќање на врски и односи кои постојат помеѓу предметите и објектите во непосредната околина, просторот и времето, откривање на причинско последичната поврзаност. Процесот на развој и формирање на математички поими, развој на мисловните способности, рационален пристап кон решавање на проблеми, имплементацијата на различни начини за решавање на проблеми е развоен процес, процес кој подразбира востановување на активно заемно дејство помеѓу детето и предметите и појавите од непосредната околина. Примарна улога во процесот на развој на почетните математички поими има практичната, вербалната и мисловна активност на самото дете. Посочените активности на детето најцелосно се изразуваат, се одвиваат преку, низ играта, како основна дејност на детето од предучилипна возраст.

**Што е тоа игра?**

Што е тоа игра? Какво е нејзиното потекло? Какви видови на игри постојат? По што се разликуваат? Зошто, кога, како, каде, во функција на што да се применува?... Овие и многу други прашања поврзани со игрите биле предмет на проучување на голем број педагози, психолози, социолози, чии проучувања дале резултати вградени во научната теорија и имплементирани во воспитната пракса.

Во апсолвираната литература (методичка, дидактичка) во која се елаборира проблемот на детската игра, не постои една и единствена дефиниција за истата. Бројни автори (Копас-Вукашиновиќ, 2006:174-189; Слуњски и Љубетиќ, 2014:127-141; Јурчевиќ-Лозанчиќ, 2014:81-*93, Попеска, Митевска, 2007) истакнуваат најразлични определби на детската игра. Кај повеќето автори доминира перцепцијата на играта како слободна, самостојна активност* на детето од предучилишна возраст, активност низ која детето учи, учејќи игра, со која расте и се развива во активно и креативно суштество.

Ја истакнуваме определбата според која „играта е доброволна активност без материјална корист, која се одвива по утврден редослед, во утврдени просторни и временски граници, со доброволно прифатени, но обврзувачки правила. Играта е доминантна активност во детството. Таа е цел самата за себе. Има големо значење за детскиот развој. Играта индиректно придонесува кон детскиот социјален, емоционален и интелектуален развој“ (наведуваат Попеска, Б. и Митевска, К. 2007).

Интересот на детето за играта е присутен од раѓањето и трае низ сите периоди на неговиот живот (од раѓање до крајот на животот).

Како основна спонтана, креативна, самостојно избрана активност, активност во која доминира чувството на задоволство води кон сеопфатен, холистички развој на детето. Развојот, учењето на говорот, социоемоционалните врски, „големите откритија“, социјализацијата (надминување на егоизмот, трпеливост, упорност, толеранција, почит кон другите), чувството за хумор, развојот на креативноста; развојот на интелектуалните способности, самодоверба, се развиваат, јакнат низ играта.

Играта е незаобиколувачки дел од развојот на секое дете. Развојот на психичките и физички карактеристики, менталните и креативни способности, прилагодувањето на правилата на животот во општеството, се реализираат преку играта.

Секоја игра подразбира одреден физички, психички и ментален напор, но радоста која таа му ја пружа на детето ја прави привлечна. Од една страна овозможува ослободување на детето од зависноста од возрасните, а од друга страна преку играта се овозможува секое дете да го оствари својот идентитет, го одреди својот социјален статус меѓу врсниците. Чувството на пријатност, природната средина и можноста на креирање, за совладување на основните поими и активности, доведува до тоа играта во предучилишната возраст да претставува и основен метод на учење.

Во детската игра можеме да ги забележиме следниве карактеристики:

- играта е слободна и спонтана активност на детето, најприродна активност која може да се искористи за остварување на поставените цели;
- играта нема одредена цел, туку самиот процес на играње е поважен од резултатите;
- процесот на сознание и учење низ играта е мотивиран со самата игра;
- го поттикнува детето за негова максимална ангажиранист, експериментирање во најразлични ситуации, со различни предмети;
- постои неизвесност на текот и исходот на играта;
- постои интензивна интеракција помежу децата, детето активно соработува со децата и возрасните од средината;
- има одредени правила кои се прифаќаат со самото влегување во игра;
- различна е во смисол дека секогаш немаат ист резултат.

**Поделба на игрите**

Постојат повеќе видови на детски игри кои се поделуваат врз основа на повеќе критериуми Петех (Peteh, 2008: 29 - 30), ги истакнува следните видови на игри, според критериумот начин на усвојување:

- игри со дидактички средства;
- игри со движење, музика и пеење;
- друштвени игри;
- игри на улоги;
- игри на меморија;
- останати игри.

Од педагошка гледна точка најважна е поделбата на детските игри на творечки и игри со правила. Од аспект на математиката особено голема улога и значење имаат игрите со правила.

Карактеристично за творечките игри е тоа што децата нив сами ги измислуваат, децата сами поставуваат цел, ја одредуваат содржината и начинот на остварување на своите замисли. Во рамките на овие игри спаѓаат: играњето на улоги, игрите на драматизација и конструктивните игри со предмети. Посебно интересни од аспект на математиката се конструктивните игри во рамки на кои спаѓаат: моделирањето, градењето, сложувањето. Децата работат со разновиден материјал кој им овозможува воочување на особеностите и карактеристиките на материјалот, но и воочување на особеностите на разновидните облици пред сè геометриски. Карактеристични се за средната и постарата возраст на предучилишните деца и имаат истражувачки карактер.

Во рамки на игрите со правила карактеристично е тоа што пред децата се поставува задача која тие треба да ја решат со помош на одредени правила, од кои не може да се отстапува. Во рамки на оваа група спаѓаат народните игри, подвижните игри и дидактичките игри.

Особено значајни за математичкото образование на децата од предучилишна возраст се дидактичките игри. Истите покренуваат на активност и насочени се кон оставрување на конкретни цеи и задачи. Секоја дидактичка игра содржи неколку структурни компоненти:

- содржина или задачи – кои можат да бидат најразлични, наменети за вежбање на внимание и помнење, одредување на предмети според нивните ознаки, задачи за ориентација во простор;
- дидактичка цел - која се јавува во облик на некој проблем, т.е. дали се работи за стекнување на нови знаења, проширување на стекнатите, нивно продлабочување и сл. Се бира активност која ќе биде интересна за детето и истата ќе дејствува мотивирачки;
- правила – со нив се одредуваат почетокот, текот на играта, улогите и сл. Правилата мораат да бидат кратки, јасни и точни;

- четвртата компонента е организација на активноста на играта. Оваа компонента овозможува да се оствари поставената цел и играта за децата да биде забавна и привлечна.

Во дидактичките игри им се овозможува на децата да се најдат во ситуации на истражување, творење, анализа, споредување, им се овозможува запознавање со просторот и просторните односи, се активираат интелектуалните процеси: анализа, синтеза, споредување, генерализација, придонесуваат за формирање на перцепцијата (боја, облик, величина), развивање на способностите за посматрање, творечката фантазија и други интелектуални способности; придонесуваат за точност во говорното изразување и богатење на речникот, придонесуваат за развој на самоконтролата, дисциплината, друштвеноста, позитивните особини на карактерот, самостојноста.

Неопходен услов за успешна примена на игрите во работата е и креативниот однос кон играта, изразен преку изборот на играта и подготвеноста за воведување на нови варијанти на играта, прилагодување на играта кон индивидуалните способности на децата, чувство на мерка во примена на конкретни игри врз основа на реакцијата на децата.

Постојат различни видови на дидактички игри. Посебно значајни за нас се дидактичко-математичките игри. Одредени се како игри кои се осмислени за усвојување и развивање на математичките поими, релации и операциии. Дидактичко математичките игри можат да се поделат според различни критериуми. Поаѓајќи од тоа кои се содржините кои ја сочинуваат базата во почетното математичко образование т.е.:

- Мисловни и логички операции со конкретни предмети,
- Сфаќање и разбирање на просторни релации и релација на величини,
- Броеви,
- Геометриски поими,
- Временска ориентација,
- Мерки и мерење.

Се разликуваат и различните видови на дидактичко математички игри, т.е. игри насочени кон развој и формирање на поими за: мерки за маса, поими за просторна ориентација, поими за временски релации и сл.

Улогата на воспитувачот е избор и организирање на игри, различни и усогласени со детската возраст, повремено учество во нив во улога на коректор, соиграч.

Наведените видови на игри, покрај тоа што се насочени кон развој, формирање на математички поими, остваруваат свое влијание и на развојот на другите аспекти од личноста на детето-моторен, физикки развој, социоемоционален развој, развој на јазикот, комуникацијата. Тоа значи истите можат да се искористат за остварување на меѓусодржинската корелација, корелацијата и интеграцијата на различните домени, субдомени во детскиот развој.

Основни методолошки прашања кои ги поставува воспитувачот при избор, организација на дидактичко-математичките игри, наведени од група автори се:

1. Цел на играта. Кои математички поими треба да се воведат и развијат преку играта?
2. Број на играчи. Секоја игра вклучува минимален и максимален број на играчи кои треба да бидат земени во предвид при нејзината организација.
3. Кои материјали и средства се потребни за играта?
4. Како со најмала загуба на време децата да се запознаат со играта.
5. Времетраење на играта.
6. Како да обезбедите потполно учество на децата во играта?
7. Како да се обезбеди контролата при играњето?
8. Кои измени да се воведат во играта за повеќе да се мотивираат децата?.
9. Дали основата на играта може да се искористи за едуцирање со друга цел?

10. Какви заклучоци да им се кажат на децата по завршувањето на играта?

Огромна е улогата на воспитувачот во организацијата и имплементацијата на дидактичко-математичките игри. Од неговите сознанија за содржините на математиката, сознанијата за методичките постапки за развој и формирање на математички поими, придржувањето на конкретните дидактички принципи: принцип на нагледност, принцип на научна заснованост, принцип на активност, самостојност и индивидуалност, принцип на систематичност и постапност, принципот на одмереност на содржините со оглед на возраста ќе зависи успешната имплементација на дидактичко математичките игри. Не помало значење има и неговата креативност која се однесува не само на организацијата и структуирањето на просторот, опремата, изборот на средства, дидактички материјал, како и усогласување на условите и барањата во играта со можностите, психофизичките карактеристики на децата, но и креирањето на нови игри. Во играта воспитувачот може да има најразлични улоги: улога на насочувач, водач на играта, соиграч, мотиватор, стимулатор, другар.

Бројни се игрите кои можат да се применуваат за развој на почетни математички поими. Ги презентираме:

**Каде е лево, каде е десно**?[1]

Цел на играта: Развивање на способност за правилна ориентација во просторот-лево и десно.

Средства: Две кутии од амбалажа, од кои едната е обоена во црвено, друга сина и пластични нараквици кои треба да ги има онолку колку што има деца во групата.

Тек на играта: Пред децата се поставуваат кутии, така што црвената кутија се наоѓа на десната страна на масата, а сината кутија на левата страна. Воспитувачот бара од децата по одреден редослед предметите кои ги имаат во просторијата да ги стават од десната во левата кутија. За секое правилно решение играчот добива пластична нараквица на десната рака. Победува она дете кое има најмногу пластични нараквици.

**Големо и мало мече[1]**

Воспитувачот зема големо и мало мече и разговара со нив пред децата. Каде мечиња сте ги купиле овие чевли: Во продавница велат мечињата: Колку убаво ви стојат! - продолжува со разговорот воспитувачот. Таков разговор ќе ги привлече децата и тие ќе се вклучат со својот воспитувач во играта.

Средства: За оваа игра воспитувачот подготвува две мечиња, голема и мала лажица, голема и мала чаша, голема и мала чинија, големи и мали патики, голема и мала капа и сл.

Тек на играта: Сите средства кои се подготвени за игра, воспитувачот ги става на маса пред децата, а потоа бара од децата да ги издвојат сите предмети за големото мече и сите предмети за малото мече. Предметите треба да се поставени така за децата да ја увидат разликата која постои во величината и да знаат зошто некому му е доделено големо, зошто некому му е доделено мало. Воспитувачот повторно ги меша предметите и бара на големиот Медо да му донесат големи предмети, на малиот Медо, мали. Истовремено воспитувачот бара од децата да ги именуваат предметите, да кажат дали се големи или мали. Може да се побара од децата да побараат мали или големи предмети во просторијата-паровите играчки-големи и мали, воспитувачот претходно ги има поставено низ истата. Побарајте голема или мала топка, Тие се скриени заедно. Кога ќе ги пронајдете поставете ја големата топка кај големот Медо, а малата топка кај малиот Медо. Во нашата соба се наоѓа во гаража големо и мало автомобилче. Најдете ги и донесете им ги на малиот и големиот Медо. Децата ги пронаоѓаат и се вежбаат да ги одредат разликите во величината меѓу предметите, односно нивните играчки, и тоа правилно се учат да го именуваат она што е големо и она што е мало.

---

[1] Игрите се преземени од Roler, Halacev, M., Vegar, Z. (1985), Igre predskolske djece, I, II, Zagreb: Skolska knjiga.

**Бараме ист облик**[1]

Средства: Ѕидни слики на кои е нацртан круг, квадрат и триаголник со големина 50x50 (сите форми на на сликите мора да бидат во иста боја), картони на кои се нацртани исти форми (за секој играч се предвидува една карта) и тоа 10 картончиња со формата триаголник, 10 со форма на квадрат и 10 со форма на круг. Формите прикажани на картончињаа можат да бидат разнобојни и со разни големини).

Тек на играта: Воспитувачот ги поставува на разни места во просторијата големите слики, а на децата им ги дели картончињата,кои ги поставуваат на врвца околу вратот. Секој играч мора добро да погледне каква е формата на неговото картонче и мора да застане под онаа слика каде ја забележува формата на која е нацртана истата. Кога сите играчи застануваат под своите големи слики, воспитувачот утврдува дали децата го разбрале правилото, т.е. дали застанеле под сликата на која припаѓа картончето, Потоа бара од нив да замижат. За тоа време го променува местото на ѕидните слики. На даден знак децата повторно поминуваат кон сликата на која приаѓаат. Во тој момент редовно се збунуваат и трчаат кон местото кое претходно го имале. Воспитувачот затоа ги насочува добро да го погледнат својот знак и да го бараат низ просторијата. Дури кога децата откриваат изменетите слики продолжуваат да го барат својот значи на големата слика.

Ако се игра оваа игра со децата од постара возраст, воспитувачот може да каже „Онаа група на деца кои имаат исти знаци и кои први и правилно ќе се постават пред својот знак во собата ќе бидат победници".

Име на играта: **Трка на броевите**[2]

Математички поими: Броеви

Средства за играње на играта: Жетони

Место на реализација: Паркот на градинката

Број на учесници: 25

Опис на играта: Децата се поделени во колона по 5 деца. На изговорениот број децата се пребројуваат и детето со тој реден број трча околу својата колона надесно и застанува на своето место. Колоната чиј натпреварувач прв ќе пристигне добива два жетона (поени), а колоната чиј натпреварувач ќе пристига втор добива еден жетон.

На крајот се бројат жетоните, а победник е онаа колона која има најмногу жетони

Име на играта: **Погоди со што се мери**[2]

Математички поими: Проценување и мерење

Средства за играње на играта: Апликации со мерни единици, материјал што ќе се мери

Место на реализација: Занимална

Број на учесници: 28

Опис на играта: Децата добиваат апликации (сликички) со мерни апарати (мерни единици), а на масата пред нив се поставени материјали кои можат да се мерат, пр. главица кромид,. На прашањето со што се мери? Оние деца кои имаат слика со вага ја покажуваат и објаснуваат дека се мери со килограми. Играта продолжува со други материјали-платно, лента за мерење со педа, стапалка, метар.

Име на играта: **Разиграни форми**[3]

Математички поими: Препознавање на круг, квадрат, правоаголник, триаголник

Средства за играње на играта: Геометриски форми од хамер, ЦД, ЦД плеер

[2] Игрите се посочени од воспитувач Јасминка Кукушева, воспитувач во ЈОУГД Астибо, Штип

[3] Игрите се посочени од воспитувач Гордана Санисавовска, воспитувач во ЈОУГД Вера Цири Вири -Трена, Штип

Место на реализација: Занимална
Број на учесници: 29
Опис на играта: Исечените геометриски форми-круг, квадрат, правоаголник, триаголник, воспитувачот ги реди во круг на подот од занималната. Децата се наоѓаат внатре во кругот. Слушајќи го звукот на омилеата песничка од ЦД плеерот, децата стануваат играат, кружат околу наредените форми. Со запирање на музиката, секое дете со нога допира најблиска геометриска форма и истата ја опишува.

Име на играта: **Поблизу до целта**[3]
Математички поими: Користење на нестандардни мерки за должина
Средства за играње на играта: дрвена плочка
Место на реализација: Занимална
Број на учесници: 26
Опис на играта: Децата се делат на две групи: момчиња и девојчиња. Воспитувачот црта две линии на растојание од 3 метра. На едната линија се момчињата на другата девојчињата, Наизменично фрлаат дрвена плочка, кој ќе фрли поблизу до линијата отспротива тој е победник. Девојињата треба да ја фрлат плочката поблизу до линијата на момчињата и обратно. Растојанието се мери во стапала, а притоа сите заедно броиме. На лист се запишуваат резултатите.

## Заклучок

Процесот на развој на почетни математички поими е сознаен процес во и низ кој децата се запознаваат со поими, факти и генерализации, целокупниот процес поминува од активности со конкретен и дидактички материјал до апстрактни математички поими, а главната цел е развивање на мислењето на децата и изградба на правилни математички поими. Современиот пристап во развојот на математичките поими подразбира дека е нужно создавање на поттикнувачка, стимулирачка средина, креирање на мотивирачки контекст на учење и обезбедување на голем број на разновидни ресурси на учење кои ќе му помогнат на детето, да со помош на бројни практично-манипулативни и други игри и активности ја открива математиката.

Играта на која децата слободно, по своја сопствена волја се препуштаат, неспорно игра клучна улога во развојот на почетните математички поими. Богатата лепеза на логичко-математички игри, умешноста, мајсторството на воспитувачот во нивната имлементација, креирањето на нови игри не само од воспитувачот, децата, но и од секој оној кој е засегнат за иднината на сегашните и идни генерации, води кон унапредување на процесот на развој на почетни математички поими кај децата од предучилипна возраст.

## Литература


- Bratanić, M. (1993): *Mikropedagogija. Interakcijsko-komunikacijski aspekt odgoja*, Zagreb: Školska knjiga.
- Likierman H., Valerie M. (2007). *Pripremite dijete za školu*, Buševac: Ostvarenje d.o.o.
- Marendić Z. (2009). Razvoj matematičkih pojmova. *Dijete i vrtić, 16 (60/2009),* 3-5.
- Marendić Z. (2009). Teorijski okvir razvoja matematičkih pojmova u dječjem vrtiću, *Metodika matematike, 10 (1/2009),* 129-141.
- Roler, Halacev, M., Vegar, Z. (1985), Igre predskolske djece, I, II, Zagreb: Skolska knjiga.
- Suzić, N. (2003). Osobine nastavnika i odnos učenika prema nastavi, Banja Luka: Teacher Training Centre.
- Suzić , N. (2005). *Pedagogija za XXI vijek*, Banja Luka: Teacher Training Centre.
- Čudina-Obradović, M. (2002). *Matematika prije škole*, Zagreb: Školska knjiga.

- Vlahović-Štetić, V. (2009). Kako djeca usvajaju matematičke pojmove, *Dijete i vrtić, (24/2009),* 6-7.
- Đorđević, J. (2004): Nastava kao proces poučavanja, učenja i komunikacije. U: *Komunikacija i mediji,* Beograd: Učiteljski fakultet u Jagodini, Institut za pedagoška istraživanja u Beogradu.

УДК 37.011.3-051:005.32
прегледен труд

## МОТИВИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ (ПЕДАГОШКИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ)

**Емилија Бошковска[1], Даниела Тасевска[2], Снежана Мирасчиева[3]**
[1] ДИЦ, Скопје [2] Универзитет Велико Трново, Бугарија [3] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**
Во трудот се третира прашањето за теориско-емпириските искуства по прашањето за мотивирање на наставниците и другите педагошки специјалисти. Исто така презентирани се емпириски сознанија од повеќе истражувања, а се анализирани и одредени реформски зафати во македонскиот образовен систем.
**Клучни зборови:** поттикнување, воспитно-образовен кадар, училиште, унапредување, наставна работа.

## MOTIVATING TEACHERS (PEDAGOGICAL SPECIALISTS)

**Emilija Boskovska[1], Daniela Tasevska[2], Snezana Mirascieva[3]**
[1]SEC, Skopje, [2]University Veliko Trnovo, Bulgaria, [3]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**
The paper deals with the issue of theoretical-empirical experiences on the issue of motivating teachers and other pedagogical specialists. Empirical findings from several surveys are also presented, and some reform activities in the Macedonian educational system are analyzed.
**Key words:** encouraging, educational staff, school, promotion, teaching.

### Теоретски основи

Во последните две декади исполнети со образовните реформи, наставниците се гледаат како централна точка и на проблемите во образованието и како решение на тие проблеми. Најголемиот дел од работата на наставниците се одвива во затворени училници кои ги изолираат наставниците од можна поддршка од колегите, а поради оваа организациска структура наставниците е тешко да бидат супервизирани, не добиваат фидбек од другите и немаат можност да соработуваат меѓу себе. Веројатно и како резултат на овие услови во многу истражувања се покажува дека многу добри наставници ја напуштаат наставничката професија во првите три години.

Мотивиран наставник е оној кој е задоволен од својата работа, но во исто време се стреми и кон подобрување, раст и развој во праксата.

Следниве дефиниции на мотивација се извлечени од различни учебници по психологија и го одразуваат општиот консензус дека мотивацијата е внатрешна состојба (понекогаш се опишува како потреба, желба) кој служи да се активира или енергизира однесувањето и да му даде насока ( Kleinginna и Kleinginna, 1981). Се опишува како: внатрешната состојба која го активира однесувањето и му дава насока; желба која енергизира и го насочува ориентираното

кон цел однесување; влијание на потребите и желбите врз интензитетот и насоката на однесувањето.

Franken (2006) внесува дополнителна компонента во својата дефиниција, а тоа е возбуда, насоченост и истрајност на однесувањето.

Секој од главните теоретски пристапи во бихејвиоралните теории на учење претпоставуваат постоење на примарен фактор во мотивација. Класичното условување наведува дека биолошките реакции на поврзаните дразби енергизираат и го насочуваат однесувањето (Huitt, 1997). Инструменталното учење наведува дека примарниот фактор се последиците, внесување (примена) на зајакнувачи обезбедува стимулација за зголемување на однесувањето, а примена на казна обезбедува дестимулативни мерки кои резултираат со намалување на однесувањето (Huitt, 1997).

Неколку мотивациони теории го бараат коренот во процесирање на информациите како пристап во учењето (Huitt, 2003b). Овие пристапи се фокусираат на категории и етикети кои луѓето ги користат за да ги идентификуваат мислите, емоциите и однесувањата.

Според Џонсон во 1986, биле развиени мерки за зголемување на мотивацијата на наставниците, а кои се базирани на три теории на мотивација и продуктивност:

- *Теоријата на очекување*

  Според оваа теорија наставниците повеќе ќе се залагаат за работата, доколку постои очекувана награда која тие ја ценат, како на пр. бонус или унапредување, отколку ако нема награда.
- *Теорија на еднаквост*

  Според теоријата на еднаквост односно фер распределба, наставниците ќе бидат незадоволни, доколку не добијат праведна надокнада за нивниот труд и постигање.
- *Теорија на богатење на работата*

  Оваа теорија вели дека наставниците ќе бидат попродуктивни кога нивната работа е разновидна и предизвикувачка.

Првите две теории се фокусираат на награда за сработеното како што е заслужената плата и кариерен развој, а третата се фокусира повеќе на личната сатисфакција, користење на организациони стимули и потенцијалниот кариерен напредок.

**За некои идеи за мотивирање на наставниците и другите педагошки специјалисти**

Идејата за плата по заслуга има јасна цел, а тоа е да обезбеди финансиска награда за постигнатите цели и стандарди. Сепак, постои опасност дека платата по заслуга може да ги промени односите меѓу наставниците и учениците: слабите студенти може да претставува закана за рејтингот и наградите (Johnson 1986) на наставникот. Друга грижа е дека плановите за плати по заслуга може да ги поттикне наставниците да ја адаптираат наставата на целите на програмата, поставувајќи ги под стандардите (Coltham 1972). Odden and Kelley ги ревидирале најновите истражувања и искуства и заклучиле дека индивидуалните заслуги и стимулации не функционираат, па дури се и штетни.

Додека планот за плата по заслуга се обидуваат да ги наградат добрите наставници со зголемена финансиска компензација, кариерното напредување како што е ментор-наставник и реформите во диференцирано кадровско екипирање се осмислени за да ја збогатат работата и да ги зголемат одговорностите на наставниците.

Платите по заслуга и другите политики за поттикнување, лесно стекнуваат законска популарност во голема мера поради својата привидна едноставност. Тие би требало да обезбедат надворешна мотивација - финансиска награда, можности за напредување, различност на работното место, но не успеваат адекватно да го решат проблемот на задоволството на наставниците.

Frase (1992) нуди еден одговор како причина зошто мерките кои се потпираат на надворешниот награди се недоволни. Тој вели дека наставниците влегуваат во наставата за да им помогнат на младите луѓе да научат, дека нивна најголема награда е остварувањето на оваа цел и дека факторите поврзани со работата кои се најважни за наставниците се оние кои им дозволуваат да ја спроведуваат наставата успешно. Frase идентификува две групи на фактори кои влијаат на способноста на наставниците за ефективна изведба: контекстуални фактори на работата (околината во која се изведува наставата) и содржински фактори (предавањето). Контекстуалните фактори се оние кои ги задоволуваат основните потреби. Тие вклучуваат работни услови како што се големината на класот, условите за дисциплина, достапноста на материјали за настава, квалитетот на супервизијата на директорот и основните психолошки потреби како што се пари, статус и безбедност. Овие фактори се превенција за незадоволството. Дури и најинтринзички мотивираниот наставник ќе биде обесхрабрен доколку со неговата плата не може да плаќа кредит. Но, овие фактори може да не доведат до продолжена мотивација или да водат кон подобрување на наставата. Така на пр. истражувањето спроведено од Националниот центар за образовни статистики евидентирало дека компензацијата на наставниците вклучувајќи ја платата, бенефитите и додатоците покажуваат мала релација со долгорочното задоволство со подучувањето како професија. Според Frase (1992), содржинските варијабли се круцијални во мотивирање на наставниците за повисоки нивоа на изведба.

Содржинските работни фактори се иницирачки за самата работа. Тие вклучуваат можности за професионален развој, признанија, предизвикувачка и разновидна работа, зголемена одговорност, постигнувања и авторитет.

Податоците од Националниот центар за образовни статистики на Америка (1997) потврдуваат дека признанијата, поддршката од родителите, учеството на наставниците во донесување одлуки во училиштето, влијанието во училишните политики и контролата во училницата се фактори кои високо корелираат со задоволството од работа на наставниците.

Frase and Sorenson (1992) ги проучувале содржинските работни фактори во Сан Диего и идентификувале три главни области кои се поврзани со задоволство од работа кај наставниците: фидбекот како фактор кој е најсилно поврзан со задоволство од работата, но наставниците типично многу малку добиваат конкретен и корисен фидбек во врска со предавањето, автономноста е исто така фактор силно поврзан со задоволството од работа за многу, но не за сите наставници. Автономноста не е задолжително дефинирана како слобода од влијание во училницата, туку повеќе од аспект на слобода да развиваат колегијални врски за да ги завршат задачите. И третата област е колегијалноста која може да биде изразена преку искуство со предизвикувачка и стимулирачка работа, креирање на планови за подобрување во училиштето и водење на групи за развој на наставни програми.

**Училишни реформи**

Со оглед на тоа што целта на повеќето реформи во образованието се насочени кон подобрување на постигањата на учениците, овие напори се во иста линија со основниот мотиватор на наставниците, а тоа е моќта да им се помогне на учениците да учат. Добро имплементирани реформи во училиштето може да ја зголемат колегијалноста и да им пружат на наставниците сатисфакција од сопственото вложување во целите за подобрување. Но не секој наставник одговара позитивно на реформите. Автономноста за еден наставник може да претставува изолација за друг, некој наставник може да се израдува на фидбекот, а друг може да го доживее како напад на неговата професионалност. Додека некој може да сака соработка, за друг тоа може да биде стресна ситуација. Всушност можностите за партиципативен менаџмент мора да се разликуваат за секој наставник.

**Професионален развој**

Традиционално и генерално земено, развој на кадарот значи поттикнување на наставниците да ги подобрат педагошките вештини и знаења.

Но, многу водечки реформатори на образованието повикуваат за нови форми на професионален развој. Така, Lieberman (1995) верува дека наставниците мора да имаат можност да пробаат нови пракси преку преземање на нови улоги и креирање на култура на истражување. Формирање на независни тимови на наставници кои учат самите од себе преку заедничко работење е исто така една од можностите за развој. Па дури и треадиционалните модели за развој како што се работилниците можат да бидат мотивирачки доколку им даваат контрола на наставниците самите да ја креираат агендата или доколку се прашани за нивна анализа на проблемот и доколку се почитуваат нивните одговори. Многу наставници одговараат со голема енергија кога се ангажирани во нови перспективи на нивното подучување и кога им се дава можност искрено да се изразат себеси.

**Евалуација на наставниците**

Признанијата и фидбекот се идентификувани како важни мотиватори на наставниците, па со самото тоа евалуацијата се препознава како очигледен начин за користење на овие стимули да ги насочат наставниците на пат кон професионален развој и подобрување.

Но, најчеста пракса со евалуацијата е ограниченоста во можноста да го подобри поучувањето (предавањето) и главно служи како монитор на минималната компетенција за ретенција. Peterson (1995) повикува на нови насоки во евалуација на наставниците кои ќе доведат до подобри резултати и тоа резултати поврзани со професионалниот развој на наставниците и целите на образовните реформи. Тој смета дека треба да се потенцира функцијата на наставникот да бара и истражува документи и добри пракси на настава кои веќе постојат. Наставникот да се постави во центарот на евалуацијата, да се користат различни и повеќе извори, како што се прашалници од ученици и родители, ревидирање на материјалите од страна на колегите, записи од професионални активности и оценките на учениците. Резултатите од евалуацијата да се искористат за пополнување на личните професионални досиеја, да се публикуваат собраните резултати и да се поддржи системот на напредување на наставниците.

**Заклучок**

Откривање на она што им е важно на наставниците и како најдобро да ги мотивираме за одржливи и подобрени перформанси е сложен предизвик. Екстринзичките (надворешни) награди кои се користеле во минатото, генерално не ги дале посакуваните резултати. Истражувањата и искуствата покажуваат дека е поголема веројатноста наставниците повеќе да ги вреднуваат интринзичките награди како што се самопочитта, одговорноста и чувството на остварување.

Еден јасен заклучок од истражувањето покажува во надежна насока - помагање на младите луѓе да учат е главна цел и за оние кои ќе влезат во професијата наставник и за оние кои работат за реформа на јавното образование. Затоа, новите насоки во партиципативниот развој на училиштата, сеопфатен и значаен развој на персоналот и поддржано оценување на наставниот кадар се голема надеж за подобрување на професионалната мотивација на наставниците.

**Литература**


- Frase, E. L. & Sorenson, L. Teacher Motivation and Satisfaction: Impact on Participatory Management. http://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/019263659207654007 прочитано на 15.4.2017.

- Frase, L.E. (1989). The Effects of Teacher Rewards on Recognition and Opportunities for Job Enrichment. *Journal of Educational Research 1(1989): 51-57.*
- Han, J. & Yin, H. . & Boylan, M. (2016). Teacher motivation: Definition, research development and implications for teachers. *Journal Cogent Education*, *Volume 3, Issue 1*http://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/2331186X.2016.1217819 прочитано на 15.4.2017.
- Johnson, S. (1986). Incentives for Teachers: What Motivates, What Matters. *Educational Administration Quarterly 3 (1986): 54-79.*

УДК 37.011.3-051-027.18
прегледен труд

# КАКО ДА СЕ БИДЕ НАСТАВНИК ПО „МЕРКА“ НА УЧЕНИЦИТЕ?

**Славица Танева Анева**[1]
[1] СОУ„Јане Сандански“ Штип

**Апстракт**
Проблем или нешто друго. Зборот транзиција беше секогаш употребен кога новосоздадените земји од Балканот, како и Македонија беа соочени со еден куп проблеми. Таквите земји се зафатени со „реконструкција на работната етика“ врз основа на приватната сопственост и индивидуалните интереси. Живееме во време на промени и престројување, како и во време на филозофија која е нова и многу важна за нашето секојдневие, посебно во воспитно-образовниот процес чиј главен печат е квалитетното образование.
Ученикот во текот на школувањето е запознат со релациите на луѓето и општеството. Не е многу лесно да се формира идентитетот, моралниот развој и прифаќањето на општествените наоди. Неговата личност треба да се насочи правилно, да биде присутно нормалното созревање и така ќе биде успешно.
**Клучни зборови:** наставник, ученик, развој, успех.

# HOW TO BE A TEACHER ‘TAILORED’ TO STUDENTS?

**Slavica Taneva Aneva**[1]
[1] SPS”Jane Sandanski” Stip

**Abstract**
Problem or something else. The word transition was always used when the newly formed Balkan countries were confronted with a bunch of problems. Such countries like Macedonia are busy "reconstructing work ethics" based on private property and individual interests. We live in times of change and realignment, and in times of a philosophy that is new and very important for our everyday lives, especially in the educational process the main hallmark of which is quality education. During schooling a student gets familiar with the relationship of people and society. It is not very easy to form identity, moral development and acceptance of social findings. The student’s personality should be directed appropriately, normal maturation should be present and so it will be successful.
**Key words:** teacher, student, development, success

Социјален фактор претставува училиштето како и семејството, кои најмногу влијаат во развојот на личноста на учениците и тогаш се дава не само воспитание, туку и образование. Има голема промена во односите со семејството од оние што биле во минатото. Некои од родителите сакаат да профитираат, други се на работ на економското опстојување, а многу од нив работат на работни места со прекувремено работно време и едноставно немаат време за нивните деца и кон нив се однесуваат збунето и рамнодушно, така што може да се каже дека немаат доволно време за нив.

Како пример ми помогна да размислам разговорот со една мајка, која има син, односно ученик во домот. Самата таа кажа дека родителот е должен уште на почетокот да му помогне на детето да создаде работни навики во врска со училиштето, а не да биде препуштено само

на себе. Во таков случај е многу ретко кај учениците да се создадат работни навики, ако немаат никаква помош од родителите. Таа помош не треба да се состои од тоа да им ги пишуваат домашните задачи или да им ги читаат лектирите, па да им ги прераскажуваат, туку да ги поттикнат сами да доаѓаат до одговорите и да им се создадат работни навики.

Се поставува прашањето: Какво воспитно-образовно дејствување е потребно во училиштето кое позитивно ќе резултира во чекор со времето, потребите и прогресот.

Прашањето е комплексно кога станува збор за проблемот кој е актуелен поради сложениот воспитно-образовен процес. Неговото општествено значење, како што се научните сознанија, односно нивниот брз развиток бараат ефикасно насочување на развојот на учениците, како индивидуалци кои имаат интереси, мотиви, ставови, желби и слично. Кога проблемот е актуелен, тогаш добива во тежина и тогаш наставниците треба да се откажат од старите правила кои не се толку ефикасни, а да применат нови правила и норми за однесување, како што е и развитокот на креативно воспитно-образовно дејствување кое го прифаќаат учениците и родителите. Наставникот треба да биде добар познавач на реакциите на учениците кои се резултат на воспитно-образовните методи. Во секој случај треба добро да се препознае и прифати ставот на ученикот кон својата личност и кон своите постапки.

Се поставува прашањето: „Дали се раѓа добриот наставник"? Одговорот е дека постои одреден напор за секој што може да ги развива кај себе добрите особини, постапки, активности и само тогаш наставникот создава љубов кај учениците кон учењето и кон училиштето.

**Кој е предметот на истражување?**

Веднаш следува одговорот, а тој е дека станува збор за наставникот, односно основниот лик гледан од аспект на учениците во воспитно-образовниот процес е ликот на наставникот. Тогаш се се менуваат потребите на учениците во зависност од промената на нивната возраст. Набљудувањето кое е поврзано со содржините, обемот и важноста на основниот предмет на истражување ги има од два аспекта: методско-дидактичкиот поглед на наставата и задачите.

Сите позитивни, индивидуални особини треба да бидат развиени од самата настава, треба да бидат отстранети лошите навики, да се создаде развој на односот кој е правилен кај учениците во училиштата и во пошироката заедница.

Наставникот не може да го предава она што не го знае. Не треба да биде експерт, но многу е важно да се пренесе процесираното знаење како што треба. Наставникот е должен да продолжи да ги гради сфаќањата за предметот и низ неговата кариера.

Во методско-дидактички поглед наставата на современото училиште се стреми кон сознавачко, како и активно учење, така што подразбира забележување на врските кое е мисловно, како што е сфаќањето на односите. Здобиените знаења и умеења треба да најдат функционална примена.

За да биде ликот на наставникот прифатлив кој е од голема важност, од аспект на учениците е потребно успешно реализирање на материјалите како и функционалните и воспитни задачи.

**Има ли оправданост на истражувањето?**

Ако наставникот го насочи развојот за да ја стекне довербата кај учениците, тогаш истиот тој развој на способностите и знаењата кај учениците одат по нагорна линија, односно тоа го покажуваат научните сознанија и училишната практика.

Од голема важност се карактеристиките, активностите, како и постапките на наставникот, секако, кога се во функција на учениците. Многупати учениците сакаат да се идентификуваат со наставниците кои во секој случај имаат големо влијание врз личноста на

децата. Секако, во тој случај наставникот треба да биде авторитетен пред учениците. Успехот во неговата работа нема да изостане.

**Методологија на работа**

**Цел на истражувањево**

Општата цел е да се согледа мислењето на учениците од различна возраст во основното училиште за личноста на наставникот како насочувач на развојот на воспитно-образовната функција. Специфична цел е да се добијат одговори за особините, постапките и активностите што ги ценат учениците кај добриот наставник.

**Задачи на истражувањето**

Основна задача на истражувањево е забележување на развојните тенденции во еволуцијата на наставникот од страна на учениците.

Самата задача треба да укаже како со возраста се менуваат потребите на учениците кон наставникот, карактеристики ценети од помладите и постарите ученици, што очекуваат учениците од наставникот во одделни етапи од својот развој и да се надополни нашето познавање за односот на ученикот спрема наставникот.

**Хипотези**

Претпоставуваме дека учениците од помладата возраст се почувствителни и во ликот на наставникот ќе бараат ведрина, повеќе љубов и помош.

Претпоставуваме дека учениците од постарата возраст во ликот на наставникот ќе бараат, пред сѐ, почитување на нивната личност, праведност и давање оперативно и креативно знаење.

**Методи, техники и инструменти**

Основна метода на истражувањето е дескриптивната со која е опфатено собирање податоци во вид на одговори, обработка на одговорите и презентирање на добиените резултати.

Основна техника е добивање повеќе информации во вид на тенденции што ги манифестираат учениците по сопствено убедување низ есејот како инструмент и извор на податоци.

**Личноста на наставникот**

Наставникот како личност ги има овие карактеристики:

1. Особини на личноста;
2. Постапки на наставникот;
3. Однос (наставник-ученик);
4. Наставни активности;
5. Надворешен изглед;
6. Знаења;
7. Квалификации.

Овие карактеристики се преземени од едно истражување од училиште од Гевгелија, но за овој случај не е направено класично истражување, туку по пат на разговор со учениците од две централни училишта од Штип се споредени одговорите кои горе-долу се многу слични.

Особини на личноста се: ведар, праведен, смирен, стрплив, строг, попустлив, не строг, но не претерано попустлив.

Најмногу одговори за особини на личноста имаше за ведар, праведен, смирен, стрплив и не строг, но не претерано попустлив наставник.

Постапки на наставникот се: давање помош, создавање пријатна атмосфера, заеднички дружења, соработка со родителите, посветен на работата, примерно однесување, да поседува сопствен стил на природно и примерно однесување, да е активен носител на културата.

Најмногу одговори за постапки на наставникот имаше за давање помош и создавање пријатна атмосфера.

Елементи на однос (наставник-ученик) се: љубов кон учениците; разбирање на учениците и соработка; пријателски однос кон учениците; познавање на ставовите на учениците, разбирање и соработка; почитување на личноста на ученикот; контакти со учениците; стекнување доверба кај учениците.

Најмногу одговори за однос (наставник-ученик) се: љубов кон учениците; разбирање на учениците и соработка, познавање на ставовите на учениците; разбирање и соработка и почитување на личноста на ученикот.

Елементи на наставни активности се: достапно, сигурно и разбирливо да ги доставува информациите; да предава битно и да применува нагледни средства; додатни објаснувања, да води грижа за обемот на домашната задача, да обезбедува еднакви услови и мерила во врска со наставата и учењето; да дава, кратки, јасни и применливи знаења; да ги развива способностите и знаењата; да ги мотивира учениците за предметот; навремено обезбедување на сите услови за час и еднакви мерила за сите ученици во врска со наставата и учењето и да го задржува креативниот дух во паралелката.

Најмногу одговори за наставни активности се: достапно, сигурно и разбирливо да ги доставува информациите; да дава, кратки, јасни и применливи знаења; да ги мотивира учениците за предметот и навремено обезбедување на сите услови за час и еднакви мерила за сите ученици во врска со наставата и учењето и да го задржува креативниот дух во паралелката.

Следува каков треба да биде наставникот и што да направи за да биде наставата поефикасна и подобра.

**Каков треба да биде наставникот?**

Сите добри наставници се интелектуално љубопитни и природно се водени од нивните интереси, одржувајќи го чекорот со промените во нивното поле.

Добрите наставници имаат голема самодоверба во врска со нивните способности. Доколку тие имаат самодоверба, тогаш лесно ќе ја препознаат вештината на нивниот ученик да го научат материјалот.

Талентираните наставници се способни да работат со ученици кои поседуваат различно ниво на зрелост и знаење. Еднаш еден професор на факултет даде интересна изјава за неговото искуство како наставник: „Секоја година за мене е сè поголем предизвик како наставник бидејќи сум една година постар, а моите студенти остануваат на иста возраст. Токму оваа голема разлика во годините ме тера сè посилно да допрам и да стигнам до нив".

Искусните наставници точно знаат за тоа што нивните ученици треба да имаат научено на крајот на полугодието и тие знаат што треба да направат за да ги постигнат овие цели.

Наставниците мораат да имаат планови и да се држат до нив. Ефективните наставници знаат кога на нивните ученици им е потребно повеќе време да го апсорбираат материјалот и се спремни да им го дадат тоа време.

Наставниците во основните и средните училишта мораат да имаат очи и на нивниот тил. Тие мораат да знаат за сè што се случува во нивната училница и во соседните ходници. Наставниците кои се постојано „будни", можат да ги запрат глупостите уште пред да започнат.

Наставниците често пати се еден вид на ментор за нивните ученици. Желбата позитивно да влијаат врз учениците е клучна за мотивацијата на самите наставници кога започнуваат со нивната професија.

Во оваа професија зрелоста е многу поважна од самото предавање. Учениците искусуваат емоционални падови и подеми; само зрелите наставници може да ги почувствуваат промените и да одговорат соодветно.

Одржувањето на добрите општествени врски е дел од самата професија на наставникот, а нивниот контакт со родителите, администраторите и лидерите на општеството е клучно за ефективноста во училницата.

Менторството еден-на-еден може да се спореди со водење на училница со студенти во една насока. Наставниците мораат да знаат како да управуваат со личностите на учениците и да го организираат нивниот предмет, за максимум број на ученици да придобијат од неговата презентација.

Наставата опфаќа многу повеќе од само пренесување на информации од наставниците до учениците. Наставниците треба да можат да го предизвикаат интересот на учениците не само за материјалот, туку и за многу други работи надвор од наставата.

Секој предмет си има свој контекст, а наставниците се одговорни да им го обезбедат на секој свој ученик. Тие мораат да им покажат како информацијата која ја научиле може да се примени во праксата и може да доведе до развој на некои други корисни вештини.

Веројатно најважното нешто на наставниците е чувството на задоволство со нивниот избор на професија како нивна животна мисија. Учеењето на највисокото ниво е повик, а добрите наставници го чувствуваат тоа во нивното битие.

Одличните наставници никогаш не го губат ентузијазмот во нивната професија. Тие може да станат повремено оптоварени со административните работи и проблемите, но никогаш не смеат да ја заборават нивната работа. Учениците ја чувствуваат оваа енергија, а наставниците кои ја проектираат, се многу поуспешни од оние кои ја немаат оваа енергија.

**Неколку начини за да се биде одличен наставник**



Да се биде наставник е едно од најубавите, но е една од најодговорните професии. Навистина да се образуваат и воспитуваат младите генерации не е едноставна работа. За тоа не постои одредена рамка или калап. Секако, од самиот наставник зависи дали ќе биде и во која мера може да биде добар наставник. Наставникот за да биде добар, треба да излезе од таа рамка.

За да се постигне ова не е доволно да се познаваат беспрекорни техники во предавање, треба да се постигне почит и восхит од страна на ученикот и тоа не се учи ниту на факултет, ниту на пракса.

Кога ќе се постигне почитта од страна на ученикот поради сопствените способности во предавањето за организирање на наставата на наставникот ќе му биде вистинско уживање и предизвик, но и олеснување во организацијата на наставата и во водењето на часот.

Да се воспостави добар и близок однос со учениците е многу важно за нивото на функционирање на часовите на наставникот. Ако наставникот не знае да се поврзе со учениците, тие нема ни да слушаат за што зборува, колку и да им биде интересно.
Од друга страна, ако наставникот оствари добар однос, ако знае како да им се приближи на учениците, тогаш ќе знае како да им се приближи, ќе му верува, а атмосферата на часовите, според тоа нивната продуктивност ќе биде подобра, а наставникот ќе биде поуспешен.

Има многу стратегии како да се одржи успешна настава и сите оние се однесуваат на сè поквалитетно пренесување на знаењето. Меѓутоа, вистинската стратегија треба да даде совети за постигнување на почит и восхит од страна на ученикот, но тоа нема да се случи на најпаметниот наставник кој ги учи за сè и сешто (затоа што има многу такви), така што наставникот ќе го привлече нивното внимание и ќе успее да ги научи на нешто ново, а тоа да не му биде тешкотија и обврска.

Ова не е толку едноставно. Меѓутоа, не е ниту нешто што не може да биде неостварливо. Потребно е многу љубов кон сопствената работа, трпение, креативност и фантазија.
Во продолжение има неколку корисни совети кои ќе помогнат наставникот да стане успешен.
1. **Предавањата нека бидат поинакви.** Треба да се почитуваат методичките правила, но не треба човек да се држи слепо до нив. Ако во погледите на учениците се забележи здодевност и прашањето: „Уште колку ќе ѕвони?“, тогаш е јасно дека се прави нешто погрешно. Сепак, треба нешто да се смени. Треба да се излезе од правилата понекогаш. Треба да се наредат поимите кои можат да се објаснат со предмети кои се поврзани со секојдневниот живот, со нешто што им е блиску и интересно. За да може тоа да се изведе треба да се биде во тек со актуелните настани во нивниот свет. За нив треба да се користат карактеристични термини (без претерување), треба наставникот да покаже дека ги разбира учениците. Значи ова може да биде доследно за внимание.
2. **Треба да им се помогне на учениците сами да направат трикови за полесно и брзо помнење.** За да измислат нови и подобри начини за учење не е лошо да бидат мотивирани. На тој начин ќе бидат ослободени, ќе биде поттикната нивната фантазија, да бидат заинтересирани да се научат како полесно и поинтересно ќе биде усвојувањето на наставната содржина.
3. **Ако наставникот направи грешка, треба да го подели тоа со учениците.** Човечки е да се греши. Искреноста на наставникот ќе делува позитивно на неговите ученици, а тоа може да биде позитивен впечаток и за да се воспостави поблизок однос со нив. Наставникот треба да биде искрен. Доколку наставникот не го знае одговорот или не е сигурен, треба да им каже. Секако, подобро е да им се понуди некаква награда во вид на оцена или дупли поени ако направат добро истражување на зададената тема и да се дознае одговорот.
**4. Замена на местата.** Наставникот може да им покаже на учениците дека и тие можат нешто него да го научат. Поради тоа ќе се почувствуваат убаво и вредно. Наставникот треба да инсистира да ги заменат улогите-не е лошо кога тие нешто ново ќе го научат. Оваа метода е проверена и секогаш дава одлични резултати. Наставникот, барем еднаш месечно треба да биде ученик.
**5. Наставникот да го следи нивниот начин на размислување.** Кога наставникот поставува прашање, не треба веднаш да очекува точен одговор. Можеби, подобро е да не се добие веднаш, туку заедно со нив да се дојде до некаков заклучок. Наставникот да го разбере начинот на кој учениците размислуваат во врска со проблемот. Треба да најде интересен, нов начин за решавање на проблемот, да се укаже на истиот. Истото треба и од нив да се бара.
**6. Добро е да се користат примери од нивниот живот за објаснување на наставните содржини.** Убаво е да се искористат информациите за учениците во примерите, но со мерка. Ова не треба да се подразбира дека треба да се навлегува во нивната приватност. Во ред е

наставникот да ги праша дали им одговара тоа што е даден пример од нивниот живот. На тој начин ќе им даде до знаење дека му е важно нивното мислење.

**7. Ако веќе се користат примери од нивниот живот, треба наставникот да користи примери и од својот живот.** На учениците ќе им биде поинтересно да слушнат нешто во врска со животот на наставникот, а и подобро ќе ги запомнат таквите примери. Исто така ако знаат каква и да е, ситница од животот на наставникот, макар и нешто измислено, нема да го доживуваат како некој строг авторитет кој предизвикува непријатна атмосфера, туку како некој кој е близок со нив.

**8. Наставникот треба да ги учи учениците за животот, а не само за наставните содржини.** Наставникот треба да им покаже и докаже како не треба да учат само работи кои практично ќе ги применат во животот, но и оние работи од кои ќе бидат збогатени со знаење, за општа култура и информираноста што сѐ заедно ќе им значи во животот. Еден вид животно искуство.

**9. Треба наставникот да ги праша учениците што би промениле во животот.** Така наставникот дознава што им се допаѓа, а што не, што им е тешко и неинтересно. Тие ќе ги дадат одговорите кој е најлесниот и најинспиративниот начин за да се совлада наставната содржина.

**10. Предавањата треба да се започнат со мотивирачки приказни.** Тие навидум, немаат врска со лекцијата. Траба да се постави приказната на тој начин, така што нема да биде очигледна дека се зборува за некој конкретен проблем. По некое време, учениците ќе пробаат од приказните да ја откријат врската со лекцијата, дури и ако навистина не е таму.

**11. Учениците нека пронаоѓаат грешки во предавањата на наставникот.** Не смее суетата на наставникот да го спречи во ова. Доколку ученикот на наставникот му пронајде грешка, треба тоа да го прифати и да го пофали. Дури треба да им зададе задача за да може на крајот од часот да кажат кои грешки ги направил наставникот. Тоа ќе им биде интересно и учениците поактивно ќе го следат наставникот.

**12. Наставникот треба да измисли интересни начини за доделување додатни поени на учениците.** Секое прашање кое ученикот ќе ви го постави или секое размислување за наставната содржина, секој одговор, може да се создаде добра можност за додатно наградување. Ова на нив ќе делува стимулативно.

**13. Во ред е да им се дозволи на учениците сами да состават тест.** Секој ученик нека напише едно прашање, а потоа сите да се спојат во еден тест кој сите заедно ќе го решат и на крајот да се прегледа. Додека се подготвува тестот, треба да им се допушти на учениците да се договорат околу бројот на прашањата и нивната тежина. Така сите активно ќе учествуваат, а наставникот ќе стекне потполна слика за тоа што и во колкава мерка на секој ученикик посебно не му е доволно јасно.

**14. Кога некој ученик ќе каже нешто смешно, треба да му се укаже дека е тоа навистина така.** Треба да се почитува нивниот труд да бидат интересни, дури и ако не се. Секоја сака да ги засмејува другите. Треба да се поттикне формирањето на нивната смисла за хумор.

**15. Треба да се организира натпревар.** Треба да се бодрат и да се зајакнува нивниот натпреварувачки дух, но не смее да се дозволи да се внесе раздор меѓу нив.

**16. Треба на учениците да им се дозволи сами себеси да се оценуваат.** Во ред е да се организира еден час каде ќе им биде дадена можност секој од нив, спрема сопственото мислење, да се оценат себеси и своите другари, исто така и да дадат објаснување зошто мислат така. Секако, овие оценки нема да бидат запишани во дневникот. Меѓутоа, ќе се стекне вистинска слика во врска со тоа каков став имаат учениците во врска со начинот на оценувањето на наставниците. Овие часови за учениците се интересни и тоа е причина плус за да се воведат од страна на наставникот.

**17. Наставникот треба максимално да се труди да биде наставник, методичар, педагог, психолог.** Доколку се испушти нешто, ефектот нема да биде ист.

**18. Наставникот треба да ја сака својата работа.** Кога наставникот ќе се презасити од работата, тогаш треба да си дозволи себеси една кратка пауза, да се преиспита зошто е така, а тогаш полн со елан, повторно треба да продолжи со работата. За да биде одличен наставник, неопходно е да ужива во својата работа.

**Заклучок**

Анализата на одговорите ја потврдува досегашната воспитно-образовна задача во наставата, не се наметнува прашањето за нејзино ефикасно реализирање во новонастанатите услови на општествената заедница.

Секако, наставникот треба да се здобие со довербата кај учениците во прв ред како човек со позитивен став во животот, со примарно однесување, природност и оформеност и треба да влева доверба со знаење, со сигурноста на своите расудувања. Се наметнува потребата од напуштање на воспитното-образовно дејствување кое доминира и неговото приспособување спрема интересите и потребите на учениците во различни етапи од нивниот развој.

Истражувањево е со цел да се утврдат тенденциите што ги манифестираат учениците за добриот наставник. Можноста за слободни одговори по лично убедување на учениците ги потврдува поставените хипотези.

Квантитативната анализа покажа дека учениците од шесто одделение даваат помал број одговори со помала содржина и обем од учениците од деветто одделение.

Квалитативната анализа покажа дека учениците од шесто одделение располагаат со коперативни знаења за особините, постапките и наставните активности за добриот наставник што ги манифестираат како личен интерес, а учениците од деветто одделение имаат креативни знаења дадени како одговори.

Со ова е потврдена воспитно-образовната задача на наставникот која треба да резултира со интересите, ставовите и потребите на учениците, а во функција на нивниот индивидуален развој.

Секако има тенденции што ги манифестираат учениците кои имаат потреба од менување на стереотипниот модел на воспитно-образовното дејствување и градење на нов модел, во кој основната тежишна задача ќе поаѓа од интересите на поединецот, талентот и можностите.

Овие истражувања се совпаѓаат и со многу други, поранешни истражувања, но има разлика во процентуалната застапеност на одделни одговори меѓу одделни испитувања.

Ова истражување, кое всушност не е класично и официјално дава повеќе употребливи податоци за наставникот кој врз основа на овие податоци, од практиката и некои други информации од науката и научните сознанија може да се гради сопствен модел на воспитно-образовно дејствување прифатливо од учениците, а во функција на воспитно-образовната задача на наставата.

Со ова се надополнуваат нашите сознанија за односот на ученикот спрема наставникот и за тоа кој ги вреднува активностите на наставникот во зависност од својата возраст.

УДК 37.091.12:005.963.131
прегледен труд

# ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИКОТ- КЛУЧ ЗА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА

**Нада Арсова[1], Весна Ничева[2]**
[1]ООУ„Страшо Пинџур“- Карбинци,, [2]ООУ „Ванчо Прке“- Штип

**Апстракт:** Потребата за подобрување на образованието се рефлектира во фактот дека во последниве години образовните реформи во светот се спроведуваат со цел соодветно да се подготват младите за условите на современиот живот и работа. Успехот на образовните реформи и подобрувањето на квалитетот на образованието зависат од различни фактори, како најважен елемент се издвојува наставникот и неговиот континуиран професионален развој. Меѓутоа, промените нема да заживеат и да станат дел од секојдневната работа на наставникот без заедничко делување на сите фактори вклучени во процесот на професионален развој.
Проблематиката - континуиран професионален развој е клучен фактор во реализацијата на квалитетно образование и воведување промени во воспитно-образовниот процес. Професионалниот развој е предуслов за промена и подигање на квалитетот на училиштето. На овој начин наставничката професија, како и потребата за иновација на улогите на наставникот во правец на развивање на клучните компетенции добиваат сè поважно место и се во центарот на научните размислувања.
**Клучни зборови:** професионален развој, квалитетна настава, компетенции, улоги на наставникот, континуиран развој.

## PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF THE TEACHER – KEY TO QUALITY TEACHING

**Nada Arsova[1], Vesna Nicheva[2]**
[1]OOU "Straso Pindzur" - Karbinci, [2]Primary School "Vanco Prke" - Stip

**Abstract**: The necessity for improvement of education is reflected in the fact that during the last several years the educational reforms in the world have been conducted with the goal to prepare the youngsters for the conditions of modern life and work. The success of educational reforms and the improvement of the quality of education depend on different factors of which the teacher and his/her professional development are the most important element. However, the changes will not come to life and become part of teachers’ everyday work without joint action of all the factors included in the process of professional development.
The matter of continuous professional development is the key factor in the process of quality education and introduction of changes in the educational process. The professional development is a precondition for change and further development of the quality of education. In this way the teaching profession as well as the necessity for innovation of teachers’ roles in the direction of developing key competences gain a more important place and are in the center of scientific considerations.
**Key words:** professional development, quality teaching, competences, teachers’ roles, continuous development.

## Вовед

Креирање и имплементација на стратегии кои би придонеле за квалитетен, континуиран професионален развој и усовршување на наставниот кадар, спремен да одговори на воспитно-

образовните предизвици и барањата на општеството, е едно од водечките дискутирани прашања во образовните кругови .

Целта на професионалниот развој е да се одржи и развие професијата на просветните работници од кои се очекува да се високообразувани и компетентни, специјализирани, посветени на работата, ефикасни и врз основа на тоа да уживаат доверба. Неопходно е вработените во образованието да поседуваат како теоретски, така и практични знаења и умеења во одредени области, да се професионално независни, да имаат можност да донесуваат одлуки, кои се засноваат на доброто познавање на феноменот учење и дизајнирање на процесот во кој учењето најквалитетно и најефикасно се остварува, да можат да ги предвидат последиците од своите одлуки, да можат критички да ги проценуваат и вреднуваат сопствените активности и слично (Oljača, 2006.).

За да одговорат на поставените барања неопходно е наставниците да се мотивираат и охрабрат за процесот на континуирано лично и професионално усовршување, како и вредностите на концептот за доживотно образование ги интегрираат во сопствениот систем на вредности и тоа да го прифатат како животен стил.

Критериум за стекнување знаење кај возрасните е нивниот „свет на акција“, возрасниот човек учи заради сегашноста, учи заради потребите кои се евидентни (Mušanović, 1988). Повеќето возрасни за учењето преку проекти се мотивирани од непосредните актуелни проблеми кои бараат одредени знаења или вештини. Многу од тие проблеми всушност се однесуваат на потребата за сигурност, како на пример усовршување на вештините со кои би го задржале работното место. Кога потребите за сигурност се едни од клучните причини за вклучување во процесот на учење, личноста може јасно визуелно да претстави проблем или задача во која наученото може да се примени, а тоа ќе допринесе за зголемување на мотивацијата за учење. На тој начин возрасните можат да го доживеат, искусат и согледаат конкретниот проблем и задача и поверодостојно да ги антиципираат предностите на учењето на далеку понепосреден и реалистичен начин (Torres, 2000, според: Oljača, 1996).

**Што опфаќа професионалниот развој на наставникот?**

Професионалниот развој е сложен процес кој подразбира континуиран развој на компетенциите на наставниците, воспитувачите и стручните соработници со цел поквалитетна работа и подобрување на развојот на учениците, односно нивото на нивните достигнувања.

Задолжителен и составен дел од професионалниот развој е стручното усовршување кое подразбира стекнување на нови и подобрување на постојните компетенции кои се важни за унапредување на воспитно-образовната работа. Составен дел на професионалниот развој е унапредување во одредено звање.

Професионалниот развој на вработените во образованието подразбира постојана изградба на квалитетен однос кон себе и кон околината и не е ограничен на одредена ситуација или само дел од практиката. На овој начин наставниците се упатуваат на постојано преиспитување на наученото и реализираното, односно на континуирано самовреднување на сопствената работа (според Pešikan, 2010).

Малку потесна дефиниција за професионален развој, која дава увид во конкретни професионални развојни активности, среќаваме кај Алибабиќ (Alibabić, 2005 според Pešikan et al. 2010), која под професионален развој подразбира усовршување на професионалните компетенции по влегувањето во работниот процес. Во таа смисла, професионалниот развој на наставниците вклучува професионален развој преку неформални форми - стручно образование, формални форми - магистерски студии, специјалистички и докторски студии, како и преку наставничкото искуство.

Слично на дефиницијата дадена од Алибабиќева, кај авторите Pešikan, Antić, Marinković (2010) можеме да се сретнеме со поимот - современ концепт на континуиран професионален

развој на наставникот (ПРН), кој се однесува на развојот на лице во нејзината професионална улога и вклучува формално и неформално искуство. Според Ана Пешикан, ова е поширок поим од поимот развој на кариерата или усовршување на наставникот и се однесува на долгорочен процес кој вклучува разни можности и искуства кои се систематски планирани да го поттикнат професионалниот раст и развојот на наставниците. Клучните карактеристики на овој поим се: континуиран, систематски планиран и доживотен процес, вграден во самото училиште и преку соработка со останатите партнери, со цел подобрување на квалитетот на работата во училиштето (особено на постигнувањата на учениците) и позицијата на наставничката професија во општеството.

**Наставникот - креатор на процесот на професионален развој**

Променетите идеи за човекот и различни пристапи кон развојот и воспитувањето на човековите потенцијали, силно влијаат на целокупниот воспитно-образовен систем.

На темелите на настанатите промени се откриваат нови перспективи во разгледување на опсегот доживотно учење и професионалниот развој.

Концептот на развој и воспитување на човековите потенцијали зафаќа сѐ поширок простор и сѐ поголемо внимание се посветува на стилот на излагање, потенцијалите и промените (Knežević-Florić, 2005).

Во согласност со тоа, процесот на професионален развој се сфаќа како модел заснован на активната конструкција на знаењето. Се гледа како на модел врз основа на активна изградба на знаење. Во согласност со тоа, процесот на професионален развој се сфаќа како модел заснован врз основа на активна конструкција на знаењето.

Наставникот е „партнер во процесот на изградба на знаења, во педагошката комуникација, но и практичар кој размислува за сопствената работа, за праксата, некој кој врз основа на претходните знаења и искуства гради нови знаења и искуства и истите ги излага пред своите ученици и соработници" (Kamenarac, 2009a: 11).

Свеста за активна партиципација на наставниците во процесот на учење е важен фактор за професионален развој. Односот на наставникот кон професионалниот развој е негов личен конструкт поттикнат од лични потреби и желба за понатамошно усовршување.

Важна улога во овој процес има опкружувањето во кое наставникот работи, условите во кои се одвива воспитно-образовниот процес, специфичностите на средината во која се наоѓа институцијата, карактеристиките на работниот колектив, потребите на наставникот, на ученикот, родителите итн.

Имајќи предвид дека споменатите фактори од институција до институција значително се разликуваат, доведува до барање за различни ангажмани во педагошката работа, односно има потреба од поавтентични, индивидуални пристапи кон професионалниот развој. (Kamenarac, 2009b).

Меѓу новите улоги на наставниците, меѓу другото, се истакнува подготвеноста и отвореноста кон промени. Иновациите во процесот на професионален развој бараат промена на некои од претходните улоги и прифаќање на нови. (Hirvi, 1996).

Од наставникот се очекува да биде, пред сѐ, иницијатор на промени во своето опружување, да поттикнува на учење, се грижи за својот личен и професионален развој, да биде дел од организацијата кој се развива и учи. (Niinisto, 1996).

Имено, од наставниците се очекува преку континуиран професионален развој и одговорно учество во сите сегменти на воспитно-образовната реалност да придонесат, како на квалитетот на работата на институцијата така и на сопствениот развој, којшто не треба да се насочи исклучиво кон развојот на наставникот како експерт од повеќе области, туку како педагог. Квалитетната работа на наставникот, а и квалитетната работа на училиштето на овој начин се доведува во директна врска со усовршувањето и професионалниот развој.

Имено, се поставува аксиома според која без континуиран професионален развој нема квалитетна работа на наставникот, а со самото тоа нема ниту висококвалитетна работа на институцијата во која работи.

**Концептот на професионално усовршување на наставникот - можност за унапредување**

Професионалниот развој на наставниците е долгорочен, континуиран процес кој најдобро се остварува во училиштето и е тесно поврзан со секојдневните активности кои се реализираат во него.

Со цел овие чекори да бидат реализирани, од страна на раководниот орган на образовната институција како лидер, има скоро клучна улога. Од него се очекува наставниците и другите соработници да бидат вклучени во целото функционирање на училиштето како заедница во која сите поединци треба да ја прифатат филозофијата за доживотно учење и да учествуваат во креирањето на образовната политика на сите нивоа. Во тој поглед, поддршката за развој на вработените станува неопходна од кога и да било досега и се рефлектира во фактите:

• да им покаже на наставниците и другите соработници дека се одлучувачки фактори за квалитетна работа во воспитно-образовната институција преку пофалби и давање повратни информации за ефектите, постигнатите резултати, различни начини на посета на работното место и во наставата; преку индивидуални и групни разговори; да покаже интерес и подготвеност да ги слуша, разбира, поддржува и охрабрува квалитетно да работат и да се усовршуваат;

• да создаде простор за поддршка и соработка преку различни начини на помош, кои ќе бидат лесно достапни за секој вработен: советодавни разговори, колегијално советување; надворешно професионално советување или обуки; поттикнување на работата на редовните работни тимови (класен тим, стручни активи група, проектниот тимови и сл.) како место за вреднување на комуникацијата и стручните компетенции;

• да стимулира индивидуална усовршување и усовршување во групи преку индивидуални разговори со вработените, создавајќи позитивна атмосфера за размена на искуства за усовршување, изработка на планови и аранжмани за понатамошна обука според потребите на вработените, како и потребите на учениците и родителите;

• да поттикнува интервенции во критични ситуации, што подразбира адекватно реагирање на проблемите и можните конфликти во колективот, при што е многу важно сите учесници да знаат по кои правила (чекори) се разрешуваат конфликтите, како и вештините за медијација;

• поттикнување на сите вработени во критичните работни периоди (приправници, преквалификација, пензии и сл.);

• работи на креирање мапа на персоналот, развој на тимот создавајќи простор за препознавање на слабостите, потенцијалите, колективните опасности и разгледување на перспективите за иден развој на вработените и на училиштето воопшто.

Врз основа на овие активности можно е да се утврди кои компетенции треба да се развијат и зајакнат во колективот, кои потенцијали не се искористени, кои се слабостите во работата на наставниците и како да се надминат и кои се можните потешкотии (Ender, Strittmatter, 2001).

Понатаму, со цел да се развие автономија на наставниците и да се зголеми самодовербата во процесот на професионален развој во училиштето, неопходно е да се развие процесот на професионален развој во фази за да можат наставниците да бидат охрабрени и да се поттикнат на активно учество.

***Табела 1:*** *Прикажување на фазите во процесот на активно вклучување на наставниците во процесот на професионално усовршување (Knowles и соработници, 1998, според: Каtenarac, 2009a)*

| Процес на професионално усовршување на наставникот | Учесници во професионално усовршување | Лидери на програми за професионално усовршување | Преземени активности со цел автономија на учесниците во програмата |
|---|---|---|---|
| Фаза I | Недоволно охрабрен учесник (зависен од упатствата на тренерот и ставовите на групата) | Тренер/ инструктор | • Следење на развојот на вештини преку обезбедување повратни информации;<br>• Вежбање; информативни предавања;<br>• Работа за надминување на недостатоците и отпорот; Да се биде позитивен модел на однесување за учесниците во програмата итн. |
| Фаза II | Заинтересиран | Мотиватор, водител | • Инспиративни предавања, водење дискусии;<br>• Поттикнување слободно изнесување на идеи; предлози, поставување цели итн. |
| Фаза III | Вклучен | Фацилитатор | • Олеснување на групна дискусија;<br>• Поттикнување на презентирање на сопственото искуство;<br>• Да се постигне еднаквост на сите учесници во процесот на учење;<br>• Поттикнување на критичко размислување итн. |
| Фаза IV | Саморегулиран | Ментор, супервизор | • Да се обезбеди поддршка научената содржина да биде поврзана со практично решавање на проблеми;<br>• Да се охрабри дизајнот на групни проекти кои ќе придонесат за развој на соработка и решавање на практични проблеми, |

Преминувајќи преку наведените фази учесниците постепено се зајакнуваат да водат, насочуваат, креираат и го следат процесот на личниот професионален развој, споделуваат искуства и знаења во колективот, го применуваат наученото во пракса, придонесувајќи за групен развој и подобра квалитетна работа на институцијата во целина.

На овој начин, од позиција на недоволно охрабрен и на некој начин пасивен учесник во професионалниот развој, односно позициите во кои моментално се наоѓа преку континуирана поддршка, охрабрување, да биде активен учесник кој ќе ги воведува другите помлади колеги во работата, да биде ментор и супервизор во одредени области и фази на професионалниот развој. Освен наведеното, посебно внимание треба да се обрне на изборот на методи и форми на работа кои ќе се користат во вака осмислен концепт за професионално усовршување.

Во Табела 2 се дава краток преглед на методите и техниките на искуствено учење кои допринесуваат за поефикасен развој на знаења, вештини, компетенции и следење на ефектите од нивната примена во педагошката работа (повеќе во: Kamenarac, 2009b).

***Табела 2:*** *Методи и техники кои допринесуваат за унапредување на процесот на професионален развој на наставникот (Moon, 2005, според: Kamenarac, 2009a).*

| **Методи и техники кои го промовираат рефлексивното и искуственото учење** | **Краток опис на методите / техниките и нивната примена во професионалниот развој на наставникот** |
|---|---|
| 1. Систематско бележење и вреднување на искуството | Дневници, белешки, коментари за сопственото учење; Прашалници и скали за самопроценка на различните аспекти на работа со учениците, родителите и слично. |
| 2. Мапа (портфолио) | Збирки на работни материјали со кои секој учесник може да го документира своето присуство на усовршување и да се присети на искуството што го стекнал за да може да го примени во сопствената работа. |
| 3. Акциско истражување | Процес со кој се поттикнува некоја промена, а се состои во поврзување на искуства (на пр., идентификување на потребите) со анализа на можни правци на развој или промени. |
| 4. Проблемско учење | Личното искуство се заменува со опис на конкретни проблеми (или приказ на случај) кој треба да биде поврзан со професионален контекст, а од учесниците во усовршувањето се очекува да ги искористат сопствените искуства, знаења, но и некои нови извори за да понудат можни решенија и сл. |
| 5. Групи за поддршка во учење и развој | Во рамките на училиштето треба да се формира стручен тим со кој треба да координира педагог, а неговата улога би била да дава поддршка на сите наставници во спроведувањето на индивидуалните и групните работни задачи (супервизија/надзор). |
| 6. Меѓусебно вреднување и самовреднување | Процес со кој во образовното и работното опкружување се бара периодична систематска анализа на личните достигнувања на наставниците и на групните достигнувања на ниво на училиште. |
| 7. Планови за личен развој | Тие најчесто се применуваат по извршено вреднување и самовреднување, врз основа на тоа се прави оперативен план со конкретни активности кои треба да се преземат како би се развиле компетенциите и да се унапреди стручноста во областите на работа за кои тоа е потребно. |
| 8. Супервизија/Надзор | Поддршка во професионалниот развој на поединец или група обезбедува стручна личност надвор од таа средина со цел да се развијат професионалните компетенции преку поттикнување на личен увид и критичко размислување за професионално искуство. |

Разновидноста на моделот на професионално усовршување се рефлектира во примена на широк спектар на различни методи и форми на учење. Кој модел ќе биде ефикасен зависи пред сè од социо-културното опкружување во кое ќе се применува, поточно од потребите на самата образовна средина, наставниците, учениците, родителите, локалната заедница итн. Имено, ниеден модел за професионален развој не е подеднакво добар, апсолутно применлив во сите образовни контексти (повеќе во: Kamenarac, 2009a). Во таа смисла, задачата на наставниците, стручните соработници, лидерите на образовната институција е да се воведат, креираат, адаптираат и имплементираат програми за професионален развој преку примена на

современи алтернативни парадигми во проучувањето на образовната реалност кои целосно ќе одговараат на потребите на нивниот колектив во автентичниот училишен дискурс.
Во согласност со горенаведеното, се поставува прашањето за обезбедување на квалитетот на програмата во широко дефиниран концепт на професионален развој. Еден од можните начини за постигнување на оваа цел е усогласување на програмите за усовршување со стратегиите за професионален развој на просветните работници во Европа, со нагласување на следниве принципи:
• Смислено интелектуално, социјално и емоционално учество во размена на идеите меѓу колегите, како внатрешно, така и надвор од наставата.
• Професионалниот развој експлицитно го зема контекстот во кој работат просветните работници и нивното искуство.
Овој принцип во голема мера ги доведува во прашање сите модели кои се залагаат за професионално усовршување кое е „еднакво за сите“, по однапред дефинирани стандарди кои имплицираат и бараат униформност како во содржината, така и во методите за усовршување кои ги нагласуваат когнитивните аспекти (содржина ), а ги запоставуваат на афективните аспекти (на пр. социјални и емоционални) во развојот на просветните работници. Во согласност со контекстот во кој едукаторите работат, постои посилна врска помеѓу постојните начини на работа и иновациите што доаѓаат.
• Професионалниот развој ги поддржува напредните практичари бидејќи го афирмира учењето и кое усогласувањето на возрасните е од суштинско значење за квалитетна работа. Партнерството, кое се реализира на сите нивоа, е поефикасно и подолготрајно од било која друга форма на учење во текот на професионалниот развој.
• Професионалниот развој на просветните работници промовира истражувачки пристап, како средство за работа на наставниците, учениците и родителите. На овој начин се остваруваат сите услови кои се потребни организацијата и квалитетот на работата во училиштето да се засноваат на реални можности, а не на нереални очекувања.
• Спроведувањето на програмата за професионален развој обезбедува рамнотежа помеѓу интересите на поединците и интересот на заедницата.
Овој принцип овозможува одржување на социјалната и емоционалната клима во образовната заедница и работниот колектив која е неопходна за постигнување на високо-образовни цели на училиштето: успех и постигнување, како на учениците така и на наставниците, постигнувањето на индивидуални професионални и лични цели, како оние кои работат во училиште и сите кои учат во него. (Oljača, 2006, според: Warren, 2002).
Поаѓајќи од наведените принципи на кои треба да се заснова концептот на професионално усовршување на наставниците и важноста на соработката и взаемната интеракција на субјектите во процесот на сознание, претпоставуваме дека ефеикасното усовршување (усовршување кое допридонесува за личен и професионален развој и развој на вработените, така и на квалитетната работа воопшто) може да се постигне само преку еднакво учество и вклучување на наставниците како носители на промени во процесот на професионално усовршување, посветување на развојот на компетенции за комуникација, соработка и тимска работа на сите нивоа и негување на поволна социо-емоционална клима.
Комуникациските компетенции кои придонесуваат за развој на соработнички, партнерски, рамноправни односи кои се клучен инструмент за оптимално тимското функционирање, пренесување на релевантни пораки и размена на мислења, искуства, идеи и предлози. Во таа смисла, процесот на професионален развој базиран на промоција и квалитет на комуникација е предуслов за квалитетна работа, стекнување на трајно и применливо знаење, самостојна и истражувачка работа на учениците, наставниците, постигнување на корелација и интеграција меѓу предметите и создавање на ефикасен концепт за професионален развој и унапредување на работата на наставниот колектив во автентичен воспитно-образовен контекст.

**Заклучок**

Образовните потреби на наставниците во автентичен контекст во работата на училиштето се сметаат како проблем за континуиран професионален развој како клучен фактор во реализацијата на квалитетот на образованието и воведување на промени во системот на образование. На овој начин наставничката професија, како и потребата за иновации, улогата на наставниците кон развојот на сите клучни надлежности, вклучувајќи комуникација и комуникативни компетенции, добиваат сè поважно место, кое се наоѓа во центарот на научната размислување. Врз овие основи се разгледува можноста за прилагодување на потребите на образовниот контекст, наставниците, заедницата, со содржината на програмата за професионален развој. Се бара концепт на професионален развој кој ги става наставниците во улога на активни учесници во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на програмите за личен и професионален развој.

Исто така се нагласува важноста за утврдување на критериумите за евалуација и мерење на резултатите од програмата за професионален развој, што овозможува објективна надворешна и интерна евалуација на резултатите од професионалниот развој, реализирани преку договор на сите вработени.

**Литература**


- Vega, V. (2013): Teacher Development Research Review: Annotated Bibliography, Edutopia.org http://www.edutopia.org/teacher-development-research-annotated-bibliography#darling1
- Vega, V. (2013): Teacher Development and Leadership Research Review, Edutopia.org http://www.edutopia.org/teacher-development-research
- Villegas-Reimers, E. (2003): Teacher professional development: an international review of literature, UNESCO: International Institute for Educational Planning, http://unesdoc.unesco.org/images/0013/001330/133010e.pdf
- Ender, B. & Strittmatter, A. (2001). *Staff development as a school task*. Innsbruck. Wien: Studienverlag.
- Hirvi, V. (1996). Change-Education-Teacher Training. In Tella. S. (eds.) *Teacher education in Finland* (11-19). Helsinki: University of Helsinki.
- Kamenarac Olivera D., Profesionalni razvoj - lični kostrukt nastavnika, Univerzitet u Novom Sadu, Filozofski fakultet, http://scindeks.ceon.rs/article.aspx?query=ISSID%26and%269756&page=5&sort=8&stype=0&backurl=%2Fissue.aspx%3Fissue%3D9756
- Kamenarac, O. (2009a). *Master rad: Komunikacijske kompetencije i profesionalni razvoj nastavnika.* Novi Sad: Filozofski fakulktet. Odsek za pedagogiju.
- Kamenarac, O. (2009b). *Komunikacijske kompetencije – potreba i nužnost*. Beograd: Zadužbina Andrejević.
- Knežević-Florić, O. (2005). *Pedagogija razvoja ili refleksija pedagoške tradicije*. Novi Sad: Filozofski fakultet. Odsek za pedagogiju.
- Knowels, M. (1990). *The Adult Learner: A Neglected Species Gulf*. Huston: Publishing Company.
- Knowles, M. S., Holton III, E. F. & Swanson, R. A. (1998). *Adult Learner*. Houston: The Gulf Publishing co.
- Kostović, S. (2006). Kompetencije nastavnika kao dimenzija profesionalnog razvoja nastavnika – pretpostavka pedagoškog menadžmenta. U: *Evropske dimenzije promena obrazovnog sistema u Srbiji, Knjiga 2* (str. 33–41). Novi Sad: Filozofski fakultet, Odsek za pedagogiju i Univerza v Ljubljani, Pedagoška fakulteta.

- Moon, J. (2005). *A Handbook of Reflective and Experiential Learning: Theory and Practice*. London: RoutledgeFalmer.
- Mušanović, M. (1988). *Permanentno obrazovanje nastavnika*. Rijeka: Izdavački centar Rijeka.
- Niinisto, K. (1996). Change Agent Teacher – Becoming a Teacher in Developoing Organisation. In Tella, S. (ed.) *Teacher education in Finland (pp. 145 – 150).* Helsinki: University of Helsinki.
- Oljača, M. (1996). *Self-koncept i razvoj*. Novi Sad: Filozofski fakultet. Odsek za pedagogiju.
- Oljača, M. (2006). Savremeni evropski pristupi kontinuiranom profesionalnom razvoju nastavnog kadra. U *Evropske dimenzije promena obrazovnog sistema u Srbiji*, *Knjiga 2* (103–114). Novi Sad: Filozofski fakultet. Odsek za pedagogiju i Univerza v Ljubljani. Pedagoška fakulteta.
- Pešikan, A., Antić, S., Marinković S. (2010): Analiza koncepcije stručnog usavršavanja nastavnika u Srbiji: proklamovani i skriveni nivo (I deo) http://www.sanu.ac.rs/odbor-obrazovanje/Prilozi/PesikanEtAl.pdf
- Savićević, D. (1997). *Put ka društvu znanja*. Beograd: Prosvetni pregled.
- Vizek-Vidović, V., Vlahović-Štetić V., i dr. (2005). *Cjeloživotno obrazovanje učitelja i nastavnika: višestruke perspektive*. Zagreb: Institut za društvena istraživanja u Zagrebu.

УДК 37.014.5
прегледен труд

# ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА КАКО ДЕЛ ОД СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

**Наталија Панова**[1]
[1] Центар за социјална работа, Штип

**Апстракт**
Правото на дете на образование е регулирано со закон во Република Македонија. Голем број на деца воопшто не се вклучени во образовниот систем на Република Македонија, или многу од децата кои започнуваат формално образование не го завршуваат, иако, според законодавството, задолжителното основно и средно образование е задолжително. Сето ова иницира потреба да ги проучи причините што довеле до оваа ситуација и да ги утврдат мерките за негово надминување. Со овој труд сакав да го надминам проблемот со децата кои го напуштаат редовното образование, како и да развијат мерки и активности за подобрување на запишувањето на децата во системот на образование, посетување и престој во образовниот систем. Интересот се фокусира на сите аспекти на образовната политика кои се карактеризираат со одредени општествени димензии.
**Клучни зборови**: основно училиште, образование, социјална политика, деца со ризик.

# EDUCATIONAL POLICY AS PART OF SOCIAL POLICY

**Natalija Panova**[1]
[1] Center for social work, Stip

**Abstract**
The child's right to education is regulated by law in the Republic of Macedonia. A large number of children are not at all included in the education system of the Republic of Macedonia, or many of the children who start formal education do not complete it, although, in accordance with legislation, primary and secondary education is compulsory. All this initiates a need to study the reasons that have led to this situation and determine the measures for its overcoming. With this paper, I aimed at overcoming the problem of children leaving regular education, as well as at developing measures and activities for improving the enrollment of children in the system of education, attending and staying in the educational system. The interest focuses on all the aspects of the educational policy that are characterized by certain social dimensions.
**Key words:** primary school, education, social policy, children at risk.

## Вовед

Во услови на современо живеење, образованието претставува фундаментално човеково право. Образованието е тема која се наоѓа во центар на интересот на јавноста и е резултат на транзициските процес низ кој минува нашето општество. Периодот на трансформација на социо-политичкиот и економскиот систем наметна потреба за промени во областа на образованието, како резултат на што беа преземени низа реформски активности.

Денес, по дваесет години транзициски процеси во сите сфери на човековото живеење, проследени со промени во системот на вредности, образованието останува клучна област која се соочува со низа проблеми.

Голем број деца воопшто не се вклучени во образовниот систем на Република Македонија, или пак голем дел од децата кои го започнуваат формалното образование не го довршуваат, а тоа иницира потреба за проучување на причините кои довеле до оваа ситуација и утврдување на мерки за нејзино надминување. Бидејќи социјалната политика е усмерена кон промена, одржување или создавање на услови на живот со кои би се подобрила добросостојбата на граѓаните таа е насочена кон унапредување и задоволување на потребите на граѓаните во повеќе области како што се: образованието, здравството, домувањето, социјалното осигурување и социјалните услуги.

Образованието во Р. Македонија е регулирано со Закон за основно образование, („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016), Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 35/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016) и Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 15/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 ).

**Корелацијата помеѓу социјалната политика и образовната политика**

Терминот Sozialpolitik „социјална политика" во научната литература го воведува минхенскиот професор Вилхеим Хејнрих Рил, според кого задачата на социјалната политика е обид за запирање на дезинтеграцијата на општеството и програма за негова реконструкција.

Социјалната политика подразбира мерки на една држава со цел да се подобрат или променат условите на материјалното и културното живеење согласно прогресивниот развој на социјалното право и економските и политичките можности на односната држава во дадениот момент (Ружин, Н.,1994). Социјалната политика е насочена за унапредување на човековата добросостојба и задоволување на потребите на граѓаните во доменот на образованието, здравството, домувањето, социјалното осигурување и социјалните услуги.

Образовната политика како дел од социјалната политика е збир на закони и прописи со кои се уредува функционирањето на образовните системи. Образовната политика се дели на политика на предучилишно образование, основно и средно образование, високо образование, како и континуирано образование и обука (Борнарова С.,2004). Дел од образовната политика е насочен и кон аспекти за кои се карактеристични и социјални димензии како што се прашањата поврзани со пристапот, успехот и ефектите од образовниот процес на одредени маргинализирани, социјално исклучени и ранливи групи на население: деца кои живеат во ризични услови, лицата со посебни потреби, припадници на малцинските групи.

Поврзаноста помеѓу социјалната политика и образовната политика се изразува низ следните аспекти:

- Политика на вработување, (преквалификација, доквалификација, перманентна едукација, школи за возрасни);
- Еднаквост на шанси (образование на лица со посебни потреби, помош на загрозени семејства);
- Социјална сигурност (преку стекнувањето со образовен степен поединецот се здобива со можност за учество на пазарот на тудот);

- Социјален статус образовното ниво го одбележува и социјалниот статус на поединецот);
- Општествена заштита на децата (организирање одмор, организирање институции преку кои се остварува социјалната заштита);
- Превенција на социо-патолошки појави (отсутноста на воспитната политика во образовниот процес доведува до појава на социо-патолошки појави).(Борнарова С.,2004:5).

**Поимот образование и обука и нивните функции**

Образованието претставува процес на пренесување и усвојување на знаења за развивање на способноста на резонирање, просудување и стекнување на вештини кои му се потребни на човекот. Според Емил Диркем (1922) образованието е акција што се врши од страна на возрасните генерации врз оние кои сè уште не се зрели за социјален живот, со цел да се иницира определени физички, интелектуални и морални состојби кај детето кои од него ги бара и политичкото општество и социјалната средина (Ружин Н.,1994: 235).

Образованието во зависност од средината во која се одвива може да биде формално и неформално.

Образование во однос на степенот може да биде примарно, секундарно и терцијарно.

Примарното образование уште се нарекува и основно или елементарно образование и во најголем број на земји е задолжително и започнува од 4 до 7 годишна возраст, а завршува со 14 години.

Секундарното (средно) образование настапува со завршувањето на основното образование кон изборно средно образование. Во некои земји меѓу кои и Р. Македонија и ова образование е задолжително.

Терцијарното образование е високото образование кое е незадолжително ниво на образование и следи по завршувањето на средното училиште.

Обуката е процес на стекнување и одржување на стручни и практични знаења, вештини и компетенции. Во основа обуката најчесто се врши на самото работно место при што вработениот се оспособува за работа на тоа работно место. Денес многу често обуката се поистоветува и со професионален развој кое пак подразбира учење заради подобрување на квалитетот на работа.

Образованието отсекогаш било важен домен на социјалната политика. Во пракса секогаш е тешко да се раздвојат социјалните функции на образованието, од потенцијалните економски функции. Функциите на образованието се индивидуална, социјална, културна, економска, политичка (Vickerstaff S.,1999).

**Образованието и социјалната исклученост**

Под социјална исклученост се подразбира маргинализација на луѓе, групи на луѓе или региони и присуство на пречки кои го ограничуваат пристапот до можностите за целосна интеграција во поширокото општество. Најподложни на социјална исклученост се сиромашните, луѓето со ниско образование, лицата со посебни потреби, жените, старите лица, некогашните сторители на кривични дела, припадниците на различни расни и етички групи и други. (Barker L.R.,2003).

Секоја индивидуа за која е карактеристична одредена девијација од постојните нормативи во рамките на одредена популациона група може да биде подложена на социјална исклученост. Според некои социјалната исклученост се поврзува со неспособноста на општеството да им овозможи на сите групи или индивидуи пристап до сите свои ресурси како и реализација на нивниот целосен потенцијал.

Спротивно на социјалната исклученост е социјалната инклузија која подразбира промена на околностите и практиките кои довеле до социјална исклученост, односно стратегија за борба против социјалната исклученост.

Социјалната исклученост се поврзува и со проблемот на еднаквост на шансите.

Еднаквоста на шансите е пристап чија цел е создавање на социјална средина во која луѓето не се исклучени од домените на општествениот живот, односно од образованието, домувањето, вработувањето, здравствената заштита итн.

Во образовната политика моделот на еднаквост на шанси подразбра еднаков пристап и можности во доменот на образованието. Факторите коишто влијаат на еднаквоста на шанси можат да се поделат на:

- субјективни (мрзеливост, неспособност, карактерни особини - иако симптомите за овие субјективни фактори се често последица од сложени семејни односи или услови, или грешки на воспитната и дидактичката работа во системот на образование);

- објективни каде спаѓаат (ниска материјална основа, ограничени инвестиции, зголемена невработеност во пасивните краишта која ја намалува мотивираноста на младите за вклучување во средно образование, педагошките иновации бавно се пробиваат во образовниот процес, постои отежнат пристап до современата странска литература).

Одовде произлегува дека голем број на образовни системи се насочени кон воведување на одредени селекции: привилегии за етничките групи, привилегии за жени, жители на села и сл.

**Каква е ситуацијата во Р. Македонија со вклученост, невклученост на децата во основното образование?**

*Табела 1.: Редовни основни училишта (Државен завод за статистика, 2016)*

| | Бр. на училишта | Бр. на паралелки | Бр. на ученици |
|---|---|---|---|
| 2012/2013 | 991 | 10684 | 195311 |
| 2013/2014 | 988 | 10877 | 191051 |
| 2014/2015 | 986 | 10887 | 192165 |

*Табела 2. Состојба во основните училишта во Р. Македонија на крајот на учебната година*

| | Бр. на училишта | Бр. на паралелки | Бр. на ученици |
|---|---|---|---|
| 2012/2013 | 990 | 10657 | 194055 |
| 2013/2014 | 990 | 10664 | 190541 |
| 2014/2015 | 989 | 10689 | 188361 |

*(Државен завод за статистика, 2016)*

*Табела 3. Ученици кои во текот на учебната 2013/2014 и 2014/2015 година се отпишале од училиштето (редовни основни училишта) (Државен завод за статистика, 2016)*

| Ученици кои се отпишале 2013/14 и 2014/15 | Ученици кои заминале | | | | | Ученици кои го прекинале образованието | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | Др. училиште во исто место | Др. училиште во РМ | Др. држави | непознато | Вкупно | 1-4 одд. | 5 одд | 6 одд | 7 одд | 8 одд | непознато |
| 2405 | 1807 | 709 | 283 | 670 | 145 | 598 | 351 | 62 | 56 | 79 | / | 50 |
| 2795 | 2334 | 611 | 334 | 1146 | 243 | 461 | 271 | 69 | 41 | 44 | 33 | 3 |

Од овие податоци добиени од Државниот завод за статистика може да заклучиме дека бројот на ученици кои во текот на учебната година се отпишале од основното училиште постојано се зголемува. Ако во учебната 2013/2014 година од основните училишта во Р. Македонија заминале 1807 ученици во учебната 2014/2015 година оваа бројка е поголема и изнесува 2334 ученици. Најмногу ученици, односно 1146 ученици се испишани од училиштата и се заминати заедно со семејствата во други држави.

Најголемо опсипување на децата. односно прекинување на образованието се јавува во периодот од 1 до 4 одделение.

**Заклучоци и препораки**

Во Р. Македонија како и во голем дел од поранешните југословенски земји се доцнеше со процесот на модернизација, а со тоа доцнеше и социјалната политика како организирана општествена дејност во решавање на социјалните проблеми. Потребно е вклучување на корисниците во креирањето на социјалните програми, подобрување на пристапот до социјални услуги кои би се базирале на потребите на корисниците, систематско креирање на мерки на социјална заштита. Реформите во социјалната политика треба да послужат како скала за искачување кон поголеми можности.

Социјализацијата е сегмент кој треба да биде дел од стратегијата за образование. Образованието има одговорност да ги опреми младите и возрасните со знаења и способности за управување и структурирање на нивните животи. Образовниот систем треба да ги почитува принципите на флексибилност, функционалност и отвореност. Динамиката на промените во образовниот систем треба да ја следи динамиката на промените во потребните компетенции кои ги диктира пазарот на трудот. Функционирањето на образовниот систем мора да биде следено со редизејнирање на наставните планови и програми.

**Литература**


- Barker, L., R. (2003). The Social Work Dictionary.Washington DC:NASW Press.
- Доневска, М., Богоевска, Н., Трбојевиќ, С. (2010) Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата-Роми, Скопје: Фондација Институт отворено општество – Македонија.

- Извештај за детската сиромаштија, објавен од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје.
- Канцеларија на УНИЦЕФ Скопје (2008), Децата во ПЈР Македонија: Анализа на состојбата, Скопје.
- Митровиќ А., Феноменот на сиромаштија во социолошките теории, Социјалната политика во периодот на транзицијата-Зборник на трудови.
- Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005-2015, Министерство за образование и наука на Р. Македонија.
- http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/CRC_macedonian_language_version(2).pdf
- http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/12191_19042.html
- http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=626

УДК 373.3.016:81-028.31
прегледен труд

# МЕТОДИ ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ НА РЕЧНИКОТ И ЈАЗИЧНИОТ ИЗРАЗ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Жаклина Ѓорѓиоска[1], Лилјана Макаријоска[2]**
[1]СОУ „ Гостивар“ – Гостивар, [2]Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

**Апстракт:**
Современата настава по предметот Македонски јазик и литература подразбира оспособување на средношколците да го употребуваат македонскиот стандарден јазик (усно и писмено), а основната задача при примената на македонскиот јазик во воспитно-образовниот процес е да се поттикнуваат учениците да го надградуваат литературнојазичното изразување.

Предмет на нашиот интерес се методите кои би овоможиле литературните дела, опфатени со наставните програми, да придонесат во збогатувањето на речникот и јазичниот израз на учениците. За потребите на овој труд беше спроведена анкета на репрезентативен број ученици од неколку средни училишта со цел да се види колку учениците ја владеат лексиката на македонскиот јазик застапена во обработуваните дела, на пр. дали ги препознаваат основните типови лексички значења; дали умеат самостојно да создаваат синоними, антоними, пароними и хомоними, да ја препознаваат лексиката според процесот на обновување, според потеклото, според формата и сферата на употреба и степенот на употреба. Истовремено резултатите ги споредуваме со одговорите на тестовите, вежбите на часот и сл. Се потврди дека е неопходно да се вложат дополнителни напори за ученикот да научи правилно да ги избира/употребува зборовите при своето јазично изразување, за што несомнено може да придонесе проследувањето на изборот на употребената лексика во литературните прозни и поетски дела со што се открива креативноста на писателите и индивидуалноста на нивниот стил, како и големите изразни можности на македонскиот јазик. Воспоставувањето на функционалните врски помеѓу јазикот, литературата, говорната култура е неминовно за училишната практика. Потребни се повеќе лексички вежби кои ќе придонесат за збогатувањето на индивидуалниот израз на ученикот, за запознавање со специфичната лексика што авторите ја користат во своите дела на пр.: дијалектизми, временски и контекстуално мотивирани архаизми итн.
**Клучни зборови**: јазик и литература, лексика, јазично изразување, индивидуален стил.

# METHODS FOR ENRICHING THE VOCABULARY AND THE LINGUISTIC EXPRESSIONS OF STUDENTS IN SECONDARY EDUCATION

**Zhaklina Gjorgjioska[1], Liljana Makarijovska[2]**
[1]SOU “Gostivar“, Gostivar, R. Macedonia, [2]Institute of Macedonian Language, Skopje

**Abstract**: The contemporary teaching of the subject Macedonian language and literature is in fact teaching secondary school students about the proper use of the Macedonian standard language (written and oral), and the basic task when using the language is motivating students to upgrade their literary and linguistic expression.

The subject matter of this research are the methods of approaching literary works covered in the teaching curriculum, which would contribute to enriching the vocabulary and the linguistic expression of students. A survey was carried out amongst a representative number of students from several secondary schools, in order to examine the level of vocabulary richness of the Macedonian language that is represented in literary works. The purpose was to see if they recognize the basic types of lexical meaning; whether they are able to individually create synonyms, antonyms and homonyms, to recognize the lexis according to the process of revision according to origin, form, area of use, and level of use. At the same time these results are being compared with the answers on tests, exercises during classes, and similar. The results confirm that it is necessary to invest additional effort so that students can learn how to express themselves in a proper way. Undoubtedly, the correct choice of literary works can help enrich the students' vocabulary and literary expression, while at the same time revealing the creativity and the individuality of the authors' style, and finally it can reveal the linguistic richness of the Macedonian language. Establishing functional relations among language, literature and literary culture is a necessity in teaching practice. There is a growing need for more lexical exercises that will help improve individual student's expression, familiarize them with the specific lexis authors use in their literary works, such as: dialect expressions, temporally and contextually motivated archaisms, and the like.
**Key words**: language and literature, linguistic expression, individual style.

Современата настава по предметот Македонски јазик и литература во средното образование подразбира оспособување на средношколците да го употребуваат македонскиот стандарден јазик и во усното и во писмено изразување, а основната задача при примената на македонскиот јазик во воспитно-образовниот процес е да се поттикнуваат учениците да го надградуваат литературнојазичното изразување.

Според наставната програма по предметот Македонски јазик и литература предвидена за гимназиското и стручното образование, рамноправно учествуваат подрачјата Јазик и Литература. Општа цел на наставниот предмет е учениците да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата од областа на јазикот и од македонската и светската литература како основа за идниот интелектуалец, кој определувајќи се за различни идни професии, ќе го има оптимумот знаења, способност за логично мислење и солидна елоквентност. Програмата по предметот треба да им помогне на учениците да ги користат знаењата од теоријата и историјата на литературата (термини, поими, факти, теории), да се оспособат различните книжевни и научни дела од македонската и светската литература да ги читаат со разбирање.

Предмет на нашиот интерес се методите кои би овозможиле литературните дела, опфатени со наставните програми, да придонесат во збогатувањето на речникот и јазичниот израз на учениците.

За потребите на овој труд беше спроведена анкета на репрезентативен број ученици со цел да се види колку учениците ја владеат лексиката на македонскиот јазик застапена во обработуваните дела, на пр. дали ги препознаваат основните типови лексички значења; дали умеат самостојно да создаваат синоними, антоними, пароними и хомоними; дали ја препознаваат лексиката според процесот на обновување, според потеклото, според формата и сферата на употреба и степенот на употреба. Истовремено резултатите ги споредуваме со одговорите на тестовите, вежбите на часот, писмените работи, есеите и сл.

Се потврди дека е неопходно да се вложат дополнителни напори за ученикот да научи правилно да ги избира/употребува зборовите при своето јазично изразување. Дел од учениците сфатиле дека преку употребата на еден вид лексика (како на пр. дијалектизми, архаизми и сл.) се открива креативноста на писателите како и изразувачките можности на јазикот, пред сѐ се постигнува поживо, поцелосно изразување. Успешното совладување на: синонимите, хомонимите, антонимите итн., соодветната нагласена употреба на домашната

лексика и умерена употреба на туѓата лексика, придонесуваат за усвојување на речничкиот фонд и за збогатување на моќта на говорот и изразот, а со тоа ќе се заштити македонскиот јазик од туѓите влијанија (Ѓорѓиоска, Макаријоска 2015: 102–105, 257).

Неопходно е континуирано да се поттикнува усвојувањето на македонскиот јазик во сите степени на образованието со будно следење на примената на македонскиот јазик во воспитно-образовниот процес и на изградувањето на литературнојазичниот израз и писменото изразување на младите. Знаењата и искуствата на учениците стекнати во основното образование се многу скромни, па јазикот како уметничка форма се разгледува само во елементарен вид, односно во онаа мера во која тоа е можно и е неопходно за да се сфати текстот што се обработува. За разлика од основното образование, во средното при анализата на формата на литературното дело, јазикот може пошироко да се согледува, бидејќи учениците на оваа возраст можат да го разберат индивидуалниот јазик на писателот и јазикот на една епоха. Читањето на литературата, лектирата и сл. ја збогатува јазичната култура на учениците, а литературното дело дава можност за разбирање на усниот и писмениот говор, придонесува за развивање на смислата за убавото и за изразување на мислите, чувствата итн. Според Димова (2007: 19) тоа има врска со посебниот начин на набљудување на литературата, што ние го нарекуваме естетика – тука спаѓаат посебните јазични средства, придружени со посебно избрани зборови и звук, па сè до одредени конструкции на текстот кои авторите ги користат и се очекувани од реципиентите.

Во врска со развивањето на вештината за зборување, оној што чита и притоа е подготвен да чита и потешки текстови, има добри можности да ја збогати својата лексика; повеќето непознати зборови не мора да се бараат во речник, бидејќи нивното значење произлегува од контекстот. Но, читањето влијае позитивно врз вештината на говорењето само тогаш кога здобиеното пасивно знаење од него (читањето) ќе стане активно, што значи дека не е доволно децата само да читаат и да читаат. Потребно е, наставниците да практикуваат повеќе часови за говорни вежби и да применуваат такви методи кои ќе ја развиваат говорната вештина. Исто така оние кои читаат многу, не пишуваат автоматски подобри состави, бидејќи способностите за пишување дополнително се стекнуваат (Димова 2007: 22–23).

Проследувањето на изборот на лексиката во творештвото на македонските писатели придонесува за изградување на правилен однос кон употребуваната лексика кај учениците, за културата на усното и писменото изразување и почитување на нормите на македонскиот стандарден јазик, а исто така придонесува и за разбирање на основните и преносните значења на зборот, на многузначноста како еден од начините за збогатување на речникот и сл. Кога говориме за проблемите при изучувањето на јазикот на еден писател или за јазикот на еден период, без оглед на тоа од кој аспект го проучуваме, во методот на проучувањето најприродно е да се тргне од зборот како од изразна единица и преку зборот да се укаже на индивидуалноста на писателите, на индивидуалноста на нивниот стил и на интуитивната моќ во изнаоѓањето на јазичните средства со вистински литературен квалитет, на богатството на лексичкиот фонд, како и способноста авторот синонимно да се служи со разновидноста на зборовите, на литературниот вкус и творечката моќ на авторите чии дела ги изучуваме. Зборот треба да се разгледува според авторската способност да го комбинира во фигуративните изразни обрати и според сите негови вредности кои, адаптирани на ситуацијата, тој може да ги добие во текстот (Паноска 2008: 19).

Според Димова (2007: 14–15) наставните програми по литература за гимназиско образование сè уште завршуваат со наслови на дела и автори кои му припаѓаат на егзистенцијализмот. Проблемот во наставните програми е несреќно решен со синтетизираните барања одделни автори од современата/актуелна генерација македонски писатели да се разгледуваат „во преглед“, а тоа упатува на позитивистичката концепција на наставата, што е во спротивност со интенциите на современата методичка наука.

Лексичкиот фонд во опусот на македонските автори е колоритен и интересен и претставува значаен фактор во изградувањето на литературнојазичниот израз на ученикот, односно образец за усното и писменото изразување. Во Програмите за средно образование се застапени многу македонски автори. На пр. од поетите се застапени: Константин Миладинов кој својата поезија ја пишува на струшки говор во кој се застапени формите: *мразој, снегој, п'т, с'нцето, зајдвит*; Кочо Рацин, основоположникот на современата македонска поезија, кој својот роден велешки говор длабоко го вградил во своето литературно творештво; Коле Неделковски кој во својата поезија вкомпонирал голем број синтагми од народното творештво: *мерак јунашки, проклета да е јабана, абер не стори, ишарет да ми направиш, лице калешо, змии пиштат, веди вриштат* и др.

Дел од авторите во своите дела го негуваат експресивно-автентичниот амбиент во кој се вградени: етно-фолклорните симболи, обредите, обичаите, народните мудрости, поговорките, народните песни, но пред се елементите од народниот говор. Којдан Чернодрински во „Македонска крвава свадба" ги употребува лексемите: *ќатип ефенди, ѓаур, ќар, елбете, алашвериш, каурин, одаја, арач, вергија, емљак, џџир, низамие, гиди, иманс'с, сус, мезлич*; Васил Иљоски во „Чорбаџи Теодос": *немав иштав, не ми се јаде; за атер, пак си локал ракија*; Антон Панов во „Печалбари": *истава, сермиичка, жена-робиња, ќерка-робиња; бидува, зошто да не бидува;* Ристо Крле во „Парите се отепувачка": *бутин, кадро* и др.

На часовите е неопходно да се претстави специфичната лексика што ја користат во своите дела некои од авторите, кои се застапени во програмата за гимназиско образование. На пр. лексиката во определени дела се „црпи" од изворот, од народниот јазик, па дијалектизми бележиме во јазикот на: Блаже Конески, Стале Попов, Живко Чинго и др.[4]

Во историските раскази, романи и др. се употребуваат голем број архаизми, турцизми, за пореално опишување на настаните и нивното поголемо доближување кон современиот читател[5]. Временски и контекстуално мотивирани архаизми бележиме во прозата на Ѓорѓи Абаџиев, Стале Попов, Петре М. Андреевски и др. Трајните уметничко-естетски вредности непосредно извираат и се верен одраз на животот, традицијата, народната мудрост, откривање на карактерите на главните личности. Архаизми, турцизми се потврдени во романот „Пустина" од Ѓорѓи Абаџиев: *кадарен, ќостек, мундир, камија, салтамарка*, во јазикот на Петре М. Андреевски, на пр. во „Пиреј": *немаше иљач, за смртта не барај иљач, оти и смртта е иљач за маките човечки; се курдисаа по куќите; и други маривети знаеше; не знам ни лозинка, ни знак, ни ишарет* и др., како и дијалектизми: *вапер, влек, јурија, мунѕа, објала, обушје, опута, се изука, се омаџури, џглиботи*. Стале Попов во „Крпен живот" ги употребува турцизмите: *абер, арч, беља, ѓутуре, кандиса, муабет, пезевенк, пизми, раат, себап*, како и изразите: *мравка не згазуа; светица ти се праве; бели меѓудии; вода госје; видуаме за еден грев требаат сто аири; ни есап ни касап знаат; сè ѓутуре продаваат – ѓутуре купуваат; види им го аирот, со здравје да ги поарчиш; џенем нека фатат сите*. Според Андоновски (2003: 249, 254–255) живиот народен говор на ликовите во „Крпен живот" ја дава исклучителната реалистичност на делото, ликовите како да стојат пред нас, како да разговараат селските жени со стомни в рака на чешмата. Тоа е специфичен реализам на говорот на ликовите каков што ретко наоѓаме кај другите македонски писатели: нема ништо извештачено, сè е природно во разговорите на тие ликови, како да е снимен говорот од мариовските села. И Петре М. Андреевски развива еден посебен тип на модернистички историски роман, со многу повеќе увид во душата и психата на ликот. Тој реализам потсетува, барем според изворниот, дијалектен говор на неговите ликови, на реализмот на еден Стале

[4] За оваа проблематика сп. Паноска (1994: 187–191; 1997: 165–171; 1998: 49–56), Шапкалиска (1980: 1982).

[5] Турцизмите се јавуваат како нужни и незаменливи лексички елементи, со оглед на тоа што одговараат на содржината што ја именуваат, а турцизмите освен за локализирање на настаните во времето се користат и како информација во територијална и социјална смисла (Јашар-Настева 1972: 93).

Попов, но на еден целосно модерен начин, па со таа блискост до „народните“ теми и посебно до дијалектите, не е чудно што токму Стале Попов и Петре М. Андревски се и ден денес, едни од најчитаните автори.

Живко Чинго во „Големата вода“ „раскажува топло, хумано, поетски, со многу фигури, со ’извиени’, нанижани реченици, наместа со фантастични слики на нереалното (Андоновски, 2003 :277). Според Минова-Ѓуркова (2003:253) во „Големата вода“ иронијата, па и сарказмот Живко Чинго ги изразува со различни јазични средства: пред сè со деминутиви и хипокористици во врска со некои ликови, како и со употребата на придавки со позитивна конотација на пр.: *Леме, вујне, татенцето, добар вујко, златна вујна, добрите воспитувачи.* Паунова (2003: 62) укажува на паралелната употреба на македонски и турски синоними во јазикот на Чинго, што во зависност од контекстуалната ситуација придонесува за раздвижување, оживување на текстот и за зголемување на неговата пластичност, на пр. *обичаи* и *адети, бериќет* и *печалба, имање*.

Треба да се истакне дека и поетските неологизми имаат специфично стилистичко значење и се интересни за анализа. Поетот Гане Тодоровски во својот поетски израз вметнува голем број сопствени неологизмите што наидуваат на голем интерес и различно толкување кај учениците: *замин, засит, зарек, прегор, раскин, заглед, искап, тек горкорек, тек недорек*, како и Славко Јаневски: *блудочинение, двосмислие, рамнодушие, пушконосец, крвavorак, тенкостебли дрвја, златномедени очи* и сл. Јазикот на Јаневски се карактеризира и со ретки архаизми: *аште, велми, всегда, всемог, безмолвие, вражда, беседи, јазва, многажди, непријазн.* Поезијата на Анте Поповски се карактеризира со ретки, црковнословенски лексеми[6] користени како силно експресивно средство, на пр. *велми, глагола, окончание, отроче, погибел, скрб, слово, целование* и др. Стихозбирката „Дождови“ се смета за збирка-темелник на личната, индивидуалната поетика на Матеја Матевски и амблем на модерниот поетски израз, при што доаѓа до израз употребата на поетскиот јазик, оригиналната структура на стихот и песната, тонот и бојата на поетскиот глас, значенските сегменти во рамки на песната итн. Поезијата на Ренџов се карактеризира со ретки, но нијансирани архаизми, црковнословенски лексеми, како што се: *двер, погубел, плот, прелест, промолви, скрб(и), слово, соблазна, твар.* За поголема стилска изразност Ренџов со голема умешност ги употребува сложенките: *ангелогласен, благогласен, богоразумен, духоплоден, духоугоден, медоточен, светлозрачен* итн. (Ѓорѓиоска, Макаријоска 2016: 509–514).

Според Паноска (1976: 13–14) авторот може да внесува дијалектизми, интернационализми, архаизми, црковнословенизми, неологизми и изрази кои не се дел од активниот речнички фонд. Јазикот во уметничката литература е општонароден, но одбран и организиран на индивидуален творечки начин – преку изборот и организацијата на јазичните средства се пројавува индивидуалната творечка способност на секој творец, неговиот поглед на свет, неговата духовна развиеност, животот што го опишува). Допуштањето да се отстапува од нормите на литературниот јазик во уметничката литература треба да се сфаќа како нормално, меѓутоа секое отстапување треба да е мотивирано и оправдано, од аспект на функционалната поврзаност на примената на јазичните средства со идејата на делото во целина и на секој негов дел и на придонесот на јазичните средства за естетската вредност на кажаното.

Според Минова-Ѓуркова (2003: 235–236) при разгледувањето на уметничколитературниот функционален стил, кој е одразен во јазичниот израз на авторите на

[6] На присуството на црковнословенските лексички елементи во делата на македонските автори се осврнуваат Макаријоска (1995: 131–139), Црвенковска (2001: 89–96), Ѓорѓиоска, Макаријоска (2013: 115–128) и др. Црковнословенизмите се карактеристични за јазикот на: Ѓорѓи Абаџиев, Славко Јаневски, Коле Чашуле, Анте Поповски, Матеја Матевски, Венко Андоновски, Драги Михајловски и др., на пр.: *молитва, молитвеник, кадилница, олтар, утеха, сражение, благодет, сомнение, покој, јаросен, штедар.*

уметничката литература и според тоа има индивидуален белег, треба да се истакне дека тој се гради врз стандардниот јазик, но авторите сакајќи да прикажат или изразат некоја стилска особеност користат и нестандарден јазик кој во некои случаи може да се прифати „во исказите што им се припишуваат на ликовите“, но во некои не може „во авторовиот дел од текстот“. Улогата на јазикот на уметничката литература во развитокот на националниот јазик е толку голема што и самиот национален јазик се врзува за творештвото на големите писатели. Уметничколитературниот стил изобилува со цело богатство од синоними кои претставуваат единствено јазично средство коешто може еден предмет, појава или поим од реалноста да го искаже на различни начини. Постојаната потрага по оригинални, неочекувани, експресивни изрази од страна на писателите води, од една страна, кон зачувување на зборовите со поретка употреба, а, од друга страна, кон пронаоѓање и создавање нови зборови или додавање дополнителни значења на веќе постојните (Груевска-Маџоска 2009: 54). Во подготовките на лексичките вежби како основа на раскажувањето, не можат да се одминат вежбите за одбирање синонимни зборови – кон непознатиот или недоволно разбран збор се посочува збор со блиско значење (Бојковска 1998: 95).

Потребни се повеќе лексички вежби кои ќе придонесат за збогатувањето на индивидуалниот израз на ученикот. Има значаен дел од лексичкото богатство на македонскиот јазик, што не е опфатен или е многу малку застапен во програмските содржини на гимназиското и стручното образование, на пр.: терминолошката лексика (професионалната), која им е потребна за понатамошниот професионален развој, па може да содржи лексеми и од активниот и од пасивниот лексички фонд на македонскиот јазик како и зборови со различна сфера на употреба, на пр. дијалектни зборови.

Воспоставување на функционалните врски помеѓу јазикот, литературата, говорната култура е неминовно за училишната практика, како и граматичките, правописните, правоговорните правила што учениците треба да ги применуваат во разни ситуации, а не само на часовите по Македонски јазик и во наставата по другите предмети. Во наставата се препорачува организација на вежби на говорење и читање литературни творби, а паралелно треба да се воочуваат и да се именуваат основните јазични факти. Секојдневниот поттик на учениците да ги воочуваат функциите на именките, придавките или глаголите во одделни делови на текстот, доведува до збогатување на нивниот јазичен фонд и култура. Тоа не е јазична анализа во која уметничкиот текст служи како средство за да се обработат нови или да се утврдат обработени програмски содржини од граматиката и правописот, туку тоа е согледување на функционалноста на јазикот во елементарна смисла на зборот. Според Бојковска (1998: 96) во тесна врска со лексичко-фразеолошките вежби како основа за градење на културата на изразување кај учениците стои и обучувањето за правилно градење на реченицата преку граматичко-стилистичките вежби.

Учебниците, учебните помагала и другите извори на знаење, како и употребата на современи дидактички средства по Македонски јазик многу придонесуваат за постигнување на целите по овој предмет, воспоставување единство помеѓу теоријата и практиката. При јазичната анализа треба да се води сметка точно и прецизно да се објаснуваат помалку познатите зборови и изрази и да се бара истото и од учениците. Имено, учениците треба да го знаат значењето на зборовите, а со тоа ќе се надмине несоодветната употреба во даден контекст.

**Заклучок**

Можеме да заклучиме дека една од основните цели на воспитно-образовниот процес е збогатувањето на активниот и пасивниот зборовен фонд кај учениците, а преку употребата на зборовите во различни контексти се гради способноста за изразување на иста содржина на различен начин. Литературните, авторски дела, опфатени со наставните програми за средно

образование, придонесуваат за збогатувањето на речникот и јазичниот израз на учениците, за поумешна употреба на зборовите во контекст, за избор на зборови со синонимно значење, односно изнаоѓање најсоодветен збор при усното и писменото изразување. Како што истакнува Бојковска (1998: 93) ученикот ќе треба да посегне по неговиот пасивен речник за зборови кои не му биле потребни за неговото јазично изразување во разговорната комуникација, а се користени во литературните дела, во народното творештво, каде што има и огромен број архаизми, зборови од народниот јазик, турцизми и сл., па се создава простор да го разбере значењето на „подзаборавените“ зборови, да го збогати јазичниот израз.

**Литература**


- Андоновски, В., Марковиќ, М., Стојковски, Г. (2003). *Македонски јазик и литература,* учебник за III година реформирано гимназиско образование, Култура, Скопје.
- Андоновски, В., Марковиќ, М., Стојковски, Г. (2004). *Македонски јазик и литература,* учебник за IV година реформирано гимназиско образование, Култура, Скопје.
- Бојковска С. (1998). Лексичко-фразеолошките вежби како основа за раскажувањето, *Литературен збор*, год. XLV, бр. 3–4, Скопје, 91–97.
- Груевска-Маџоска, С. (2009). *Лексичка синонимија во македонскиот стандарден јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
- Димова, В. (2012). Методика на наставата по книжевност, Литературното дело и реципиентот, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, http://www.academia.edu/3800484
- Ѓорѓиоска Ж., Макаријоска Л. (2013). Црковнословенизмите во романите на Венко Андоновски, *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата, Јазикот наш денешен*, кн. 23, Скопје, 115–128.
- Ѓорѓиоска, Ж., Макаријоска, Л. (2015). *Македонскиот јазик во средното образование,* Скопје.
- Ѓорѓиоска Ж., Макаријоска Л. (2016). Црковнословенските лексички елементи во поезијата на Михаил Ренџов, *Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ – филологија, култура и образование,* Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија) и Филолошкиот факултет при Воронешкиот државен универзитет (Воронеж, Русија), Штип 2016, 509–514.
- Јашар-Настева, О. (1972). Функционирањето на турцизмите во македонскиот книжевен јазик, *Македонски јазик,* XXIII, Скопје, 91–98.
- Минова-Ѓуркова, Л. (2003). *Стилистика на македонскиот стандарден јазик,* Магор, Скопје.
- Паноска, Р. (1976). Некои аспекти во изучувањето на јазикот во уметничката литература, *Литературен збор*, год. XXIII, кн. 2, Скопје 1976, 12–16.
- Паноска, Р. (1994). *Методика на наставата по македонски јазик*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
- Паноска, Р. (1998). Споредбите во романот „Разбој“ од В. Малески – изразно средство инспирирано од струшкото поднебје, *Предавања на XXX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Скопје, 49–56.
- Паноска, Р. (1997). За јазикот во македонската уметничка литература, *Педесет години на македонската наука за јазикот*, МАНУ, Скопје, 165–171.
- Паноска, Р. (2008). Општи проблеми и задачи во изучувањето на јазикот во македонската уметничка литература, *Македонскиот јазик минато, сегашност, иднина,*

Реферати од научниот собир по повод одбележувањето на 50-годишнината од основањето на Институтот, ред. Л. Макаријоска, О. Додевска Михајловска, У. Гајдова, Посебни изданија, кн. 54, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 17–20.

- Паунова, М. (2003). *Турцизмите во Бабаџан од Живко Чинго*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, кн. 28–29 (2002/2003), Скопје, 57–64.
- Црвенковска, Е. (2001). Црковнословенската традиција во македонската литература, *Слободата на јазикот во творештвото,* МАНУ, Скопје, 89–96.
- Шапкалиска, Т. (1982). *Дијалектизмите во делата на писателите од западна Македонија*, Скопје.

УДК 821.163.3-93-7.09
прегледен труд

# ХУМОРОТ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПРЕКУ СЛИКА НА ЕДНО ДЕТСТВО

**Јованка Денкова**[1]
[1]Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

**Апстракт**
Во овој труд ќе се разгледува хуморот во книжевноста за деца и неговите функции и значење за современото воспитание и образование. Теориските поставки ќе бидат елаборирани преку збирката раскази за деца од роднокрајниот автор за деца и млади Трајче Кацаров, насловена како „Скаските на Мето од петто".
**Клучни зборови**: хумор, книжевност за деца, македонска книжевност, Трајче Кацаров.

# HUMOR IN CHILDREN'S LITERATURE THROUGH THE IMAGE OF A CHILDHOOD

**Jovanka Denkova**[1]
[1]Faculty of Philology, University "Goce Delchev" - Stip

**Abstract**
This paper examines humor in literature for children and its functions and importance in modern education and upbringing. The theoretical settings will be elaborated through a collection of short stories for children of the Macedonian author for children and youth Trajče Kacarov entitled "Skaskite na Meto od petto".
**Keywords:** humor, literature for children, Macedonian literature, Trajče Kacarov.

## Вовед

Хуморот е исклучиво човечко однесување, присутно во нашето размислување, употребата на јазикот, резултат на интеракцијата на неколку психолошки и социјални функции. Тој продира во човековото познание, секојдневната социјална комуникација и организација. Тоа е интердисциплинарно прашање, кое се наоѓа во центарот на вниманието на когнитивните науки, меѓу нив и психологијата, лингвистиката, социологијата, фолклорот и етнографијата.[7]

Постои бројна литература која говори за бенефитите и предностите од користењето на хуморот во образованието и воспитанието на најмладите генерации. Всушност, хуморот може да биде една многу корисна алатка во совладувањето на наставната материја по различни предмети, како во основното така и во средното образование.[8] Истиот автор, понатаму образложува дека учениците се среќаваат со многу стресови во образовниот систем и со самиот чин на растење како социјални битија. Наставниците немаат контрола врз стресот со кој се соочуваат учениците надвор од училиштето, но имаат контрола со стресот во училницата. Голем број автори сметаат дека хуморот во училницата ги намалува стресот и

[7] Zsuzsanna Schnell, The development of humour competence in Hungarian children - a cognitive approach, 24.04.2017, преземено од https://www.academia.edu/ 10312020/The_development_of _humour_competence _in_Hungarian _ children_-_a_cognitive_approach

[8] Reyhan Ağçam, Investigating instructor's perceptions on the use of humour in higher education, European Journal of Education Studies, Volume 3, Issue 2, 2017, стр. 238

анксиозноста за време на наставата, за време на тестирањата, се намалува тензијата во училницата, па дури хуморот може да служи и како стимулатор, илустратор и мотиватор.

**Хуморот во книжевноста за деца и образованието на децата**

И покрај тоа што има и голем број на автори кои сметаат дека користењето на хуморот во училницата и образованието, воопшто, може да биде контрапродуктивно, да ги деконцентрира учениците и со тоа да се изгуби драгоцено време, сепак далеку поголем е бројот на авторите кои ја истакнуваат позитивната страна од користењето на хуморот во наставата.

Овде во прв ред, би ја спомenале книжевноста за деца (во рамки на предметот Мајчин јазик и литература), преку која мошне успешно може да се искористи хуморот во книжевните дела за да им се приближат истите на учениците. Ова може да биде мошне продуктивно и успешно, со оглед на фактот дека кризата во читањето е глобален проблем. Истовремено, хумoрните нотки, освен забавувачка функција, можат да имаат и умерена морално-дидактичка димензија.

Бројни се придобивките од користењето на хуморот во училишниот образовен амбиент. Пред сè, во тој контекст, можат да се спомнат: привлекување внимание и провоцирање на мисли/размислувања, ги ослободува креативните капацитети, помага за стекнување на нови пријателства, ја подобрува комуникацијата, им помага на децата да се изборат со тешките моменти, може да развие интерес за изучување на други култури, смеењето и хуморот се здрави и релаксираат, развиваат позитивен став и позитивна слика за себе, мотивира и дава енергија, хуморот ги решава проблемите, и на крај, кога учениците уживаат во тоа што го читаат, тоа го зголемува квалитетот и квантитетот на прочитаното.[9]

„Скаските на Мето од Петто" е интересна збирка раскази и песни од поетот, раскажувач, романописец и драматург, Трајче Кацаров. Според зборовите на Киро Донев, тој е докажан и наградуван автор и за литературата за возрасни. Но, тој е од ретките кои подеднакво добро пишуваат и за најмладите.[10]

Во оваа интересна книшка, авторот, Кацаров, на многу приемчив и луциден начин, користејќи ја и прозата и поезијата, на најмладите читатели им доближува слика за едно детство, во кое ќе се препознаат и повозрасните, но и децата. Збирката содржи 21 краток расказ, од кои скоро сите се проследени со песна, насловена и посветена на темата на расказот по кој следуваат. Уште во првите неколку песни, ни се дава портретот на момчето Мето, како лик преку кој авторот нè внесува на падините на своето детство. Всушност, петто, станува синоним за детство: „Врти ваму, врти таму, ама во петто/Секој што оди и лета/ Школото никому не му смета./Врти ваму, врти таму, ама во петто/Секој ден ти е песна/А љубовта, загатка лесна" (11).

Во „скаските", без заобиколување и со искрена детска мисла ќе се проговори за типичните детски маки со: училиштето, односот кон храната, односот кон капењето, одбивноста да се спие заради чувството дека ќе се пропушти нешто важно, односот на децата кон облекувањето, итн. Авторот ги следи децата во сите сфери на нивното живеење, така што се добива впечаток дека не се тоа никакви „скаски", туку мошне верни и реалистични приказни од детството во кои се даваат интересни слики од семејството и неговите членови, како и игрите на улицата. Сите слики на детството се проткаени со еден наивен детски хумор, но хумор кој истовремено е одраз на длабоко доживеано и преживеано детство. Тврдењето на Aristotel за смешното: „комедијата е имитирање на пониски карактери, но не потполно на она

---

[9] Claudia E. Cornet, Learning through Laughter: Humor in the Classroom, Phi Delta Kappa Educational Foundation, Bloomington,Ind., 23.4.2017, https://eric.ed.gov/?id=ED276028

[10] Киро Донев, Поговор кон кн. Сказните на Мето од Петто, Центар за културна иницијатива, Штип, 2015, стр. 96.

што е лошо, туку на она што е лошо, а притоа смешното е само дел од тоа, бидејќи смешното е некоја грешка и чудовиште кое не нанесува болка и не е погубно; на пример, смешните маски, тоа е нешто грдо и деформирано, но не боли“,[11] може да се поврзе со она на Vladimir Propp,[12] кој пак, потенцира дека комиката ја дефинира присуството на нешто ниско, ситно, на некои недостатоци. Проучувањето на овие недостатоци покажува дека на крајот тие секогаш се сведуваат или можат да се сведат на недостаток на духовен или морален карактер: емоции, моралните сфаќања, чувства, волја и интелектуални активности. Смешното секогаш на некој начин е поврзано со сферата на човековиот духовен живот. Anri Bergson, за комичното ќе рече: „Нема ништо комично надвор од тоа што е чисто човечко (стр.9)[13], па оттука смеата е социјална реакција на „ригидноста“ и „механизираноста“ на човековите постапки. Тој ги разликува следниве техники на градење на комичното: комика на формите, комика на движењата, комика на ситуацијата, комика на зборовите и комика на карактерите.

Меѓутоа, детето ја одбива таквата ригидност, ограниченост и механизираност на светот околу него, и како еден вид на одбранбен механизам во своите постапки и однесување го вткајува хуморот. Токму затоа и детето Мето од оваа интересна книшка на хуморен начин ни проговорува за облекувањето по сезони или за празници, кога родителите на своите деца им купуваат чизми или друг вид на нова облека, со тенденција таа да се износи неколку сезони.
Авторот на книгата, Трајче Кацаров, на многу вешт начин ги користи техниките на градењето на комичното во еден текст. При разгледување на овие техники, ќе се раководиме според предложената класификација на комичното на Бергсон.
Така, уште на почетокот, во поглавјето „Апетит“ евидентна е комиката која се гради со комичните карактери на децата кои одбиваат да јадат: „Некои од малчуганите од моето маало не сакаа да јадат. Поради тоа беа слаби како глисти. На многумина од нив им го лепеа прекарот – кучешка тенија“ (18). Ваквото карикатурирање на ликовите на децата понатаму преминува во гротеска, со сликата на загрижените мајки, татковци, баби и дедовци кои се даваат во акција сосила  да ги нахранат децата, како резултат на што се подмладуваат од трчањето, а сликата се преувеличува до толку што маалото станува туристичка атракција: „Од рано наутро до доцна навечер, кутрите старци трчаа со полни чинии и подадени лажици по глистите“(18). Се разбира дека ваквата слика завршува кога „глистите“ пораснале.

Техниката на комична форма/физиономија, авторот ја користи во поглавјето „Капење“, каде зборува за одбивноста на децата од неговото маало кон капењето: „Едноставно, не се капеа ниту на дожд. Кога ќе заврнеше макар и ситен дожд – први се редеа под стреите на маалските куќарки. <u>Дремеа таму како сомови во калливи води</u> и чекаат да изгрее сонцето и да почнат да ја „маваат“ својата нечистотија, небаре е барјакот на слободата“; „Се шетаа со напрчени носиња низ маалото, иако <u>личеа на ѓрѓосани закачалки</u> на кои висеа стари неиспрани алишта“; „А кој не би запомнил деца кои <u>во косите беа како некосени ливади</u>? (стр.20, подвлеченото мое-ЈД). Комичноста во физиономијата на децата, резултира и со комични ситуации, па дури и комични гестови, како во случајот со „шампионот“ меѓу нив: „Најнечистиот од сите немиенковци во маалото беше Бубче Тупче. Тој се плашеше од водата дури и кога ја пиеше. Затоа <u>ја пиеше само со затворени очи</u>. Секогаш кога ќе застанеше до некој од нас, <u>ти се чинеше дека нечистото од него ќе скокне и ќе почне да не гриза како што магарето би гризело коруба од лубеница</u>“ (21, подвлеченото мое-ЈД). Комичноста го доживува својот врв во моментот кога на мајка му ѝ здодеала неговата нечистотија: „Додека го капела, потрошила три сапуна и три кади вода, си преоблекла три фустани и изела три фурни со леб“ (22).

[11] Aristotel, O pesničkoj umetnosti, Dereta, Beograd, 2008, стр. 63-64.
[12] Vladimir Propp, On the Comic and Laughter, University of Toronto Press Incorporated, 2009.
[13] Anri Bergson, O smehu, prevod Srećko Džamonja, Novi Sad, Vega media, 2004.

Во одбивањето на децата да одат на училиште, да се капат, да јадат, па и да спијат, се одразува вечната желба на детето за неограничување на неговиот свет, за неограничување на неговата фантазија и слободен дух: „Јас не сакав да спијам...Не ја сакав ноќта...Не сакав очите да ми бидат затворени. Затоа додека сите во собата спиеја, јас гледав. Гледав во темницата и чувствував како ми се шири погледот, колку што е таванот. Воедно, чувствував како растам, односно како се подигам од креветот и како летам по собата“ (27-28).

Комичните, хуморни ефекти во делото се постигнати и на ниво на давање на гротескни особини на некои карактери од маалото, кои се разголени и симнати од пиедесталот на опасни маалски пирати: „Гледаш во лицата полни со пеги, со мрсулавите носиња и ситните очи, небаре ги позајмиле од кртовско племе (55); „...лигите им се лизгаат од устата, небаре се коњи на поило“ (56), а освен изгледот/физиономијата, деструктуирањето на опасните ликови на маалските пирати е постигнато и преку описот на нивното дувло: „Прво со дувлото се среќава твојот нос. Те известува како стар добар другар дека местото смрди како во кочина...Гледаш дека пиратското дувло не е ништо почисто од свински задник“ (57).

Авторот доследно се движи не линијата меѓу комиката и гротескaта и кога слика сериозни животно-егзистенцијални проблеми и ситуации, како што е моментот кога ги опишува стравовите со кои се соочуваат неговите домашни, за кои ќе се покаже дека не се ништо понелогични од стравовите пред кои се исправени децата: „Нана Блажа се плашеше од Господ. Затоа постојано одеше на црква и го молеше да им прости на сите оние кои јадеа свинско во среда, а во петок – грав со запршка“; „Дедо Трајко се плашеше од вампирот Тоде. Носеше запалена свеќа и крст во рацете навечер додека одеше кон полскиот нужник“; „Мама се плашеше од разбоите во фабриката за ткаење платно. Ја викаше ламја што јаде живи луѓе. Најмногу се радував кога ќе ја видам како се враќа од работа. Тогаш бев сигурен дека Ламјата пак ја "промашила", не ја изела“; „Јас пак се плашев од сè и сешто. Најмногу се плашев од тоа дека нема да пораснам. Па по цел ден се теглев за ушите. Понекогаш барав и другите да ми го прават тоа. Да ме теглат за ушите“ (44-45).

Се разбира дека и комиката на зборовите не е изоставена во ова дело. Таа е евидентна во изразите кои се користат, споредбите, пословиците: лапај муви, „Ќе го испружев јазикот како куче пред касапница“, „бегаше од мене како бува од мокар пес“, ќе зарчат како магариња во поле со трња“, „Кај кумот влегував чист ама издрапан како да сум јавал на магарешки трња. Сестра ми, иако ситна како зрно биберче не изгледаше подобро од мене“; „На средина на дворот стоеше дрвена санка. Застанав над неа и почнав да ја меркам и душкам како куче свежа коска“; „Потоа страдаат рацете. И тие, кутрите, се тресат како во нив да имаш миксер за матење јајца. Но, најмногу страда јазикот. Јазикот ти се врзува во триста јазли, па дури и за Александар Македонски претставува нерешлива загатка“; „Кврц, значи дека ќе ти паднат панталоните и кај баба ти ќе одиш со голо газе“; „Едноставно-трчавме како муви без глава“;

Комичноста на ситуацијата кога децата во сета своја наивност се обидуваат да се однесуваат како возрасните и да се стават во нивна улога се постигнува кога јунакот, полн со себе заради новите "шангајќи", ќе ги тупне пред саканата Стаменка: „И' ги бувнав шангајќите под носот и само што отворив уста да ѝ кажам: се согласуваш ли да ми бидеш жена, таа се намршти како да сум ѝ бапнал непрани чорапи, ме ѕвекна со ташната по главата и си замина расплакана“ (41).

Од друга страна, комичен ефект предизвикува и наивната детска желба и верување да го направи ветрот свој пријател, а сето тоа заради желбата да помине време заедно со татка си: „Во мојот град немаше ден да не дува ветер. Дуваше и на лето и на зима. Дуваше од сите страни. Затоа и се впуштив во таква акција; Да склучам договор за пријателство со ветрот. Во договорот барав да не дува во деновите кога тато можеше да ме одведе на реката“; „Скроив план. Сериозно се подготвував за таквата средба...Постојаното вежбање пред огледалото, ме убеди дека навистина сум се сретнал со ветрот и сме станале големи пријатели“ (80-81).

Во романот се присутни неколку комични ликови преку кои со нивно карикатурирање се постигнува комичен ефект: Борче Чкорче, Кратка Станка, Лена Доведена, слепиот Хасан со неговото тврдоглаво магаре и др.

Како што и претходно се спомена, секој од расказите е проследен со поуки кои се задолжителен дел по секој расказ. Секоја од поуките иако се однесува на конкретната ситуација во текстот кој го следи, може слободно да се однесува на денешните случувања и начин на живеење: „Нема краток пат, затоа треба умно да се избира целта“ (59); „Од магарето и од оние што имаат магарешки ум, можеш да побараш да те водат напред, но не барај да ти кажат кога ќе те остави на половина на патот“ (53); „Брзото спуштање од височините скоро секогаш си го плаќаме со главата. Не секогаш треба да се радуваме на трагите што нè водат до врвот“ (50) и др.

**Заклучок**

Колку и да изгледаат овие раскази како скаски, сепак, по нивното прочитување, станува јасно дека се работи за сосем реалистични исечоци од животот на детето, кое авторот го следи во сите сфери од неговото живеење: во училиштето, во рамките на семејството и меѓу неговите членови, во игрите и тепачките на улицата, во фудбалските натпревари, и др. Притоа, кај детето се јавуваат сосема реални желби и мечти, како што е желбата да се има топка, слаткарот да му биде роднина за бесплатно да јаде слатки, да има шангајќи, да поседува велосипед. Ваквите реални мечти изродуваат интересни комични ситуации како резултат на однесувањето на детето.

На крај, неизбежно е да се согласиме со ставот на Миомир Милинковић: „Кога се зборува за хуморот, без оглед на тоа за дело во каков облик се работи, традиционално или модерно, со сигурност може да се заклучи: не постои универзална формула ниту поделба на хуморот, исто како што е точна мислата на Анри Бергсон дека "нема комично надвор од она што е чисто човечко", па заради тоа децата и возрасните треба да се смеат, зашто оној кој се смее не е непоправливо лош“.[14]

**Литература**


- Ağçam, R. (2017). Investigating instructor’s perceptions on the use of humour in higher education, European Journal of Education Studies, Volume 3, Issue 2, 2017, стр. 238.
- Aristotel, (2008). O pesničkoj umetnosti, Dereta: Beograd, стр. 63-64.
- Bergson, A. (2004). O smehu, prevod Srećko Džamonja, Novi Sad: Vega media.
- Cornet, E. C. Learning through Laughter: Humor in the Classroom, Phi Delta Kappa Educational Foundation, Bloomington,Ind., 23.04.2017, https://eric.ed.gov/?id=ED276028
- Propp, V. (2009). On the Comic and Laughter, University of Toronto Press Incorporated.
- Schnell, Z. The development of humour competence in Hungarian children - a cognitive approach, прочитано на 23.4.2017 https://www.academia.edu/10312020/The_development_of_humour_competence_in_Hungarian_children_-_a_cognitive_approach
- Донев, К. (2015). Поговор кон кн. Скаските на Мето од петто, Центар за културна иницијатива: Штип, стр. 96.
- Кацаров, Т. (2015). Скаските на Мето од петто, Центар за културна иницијатива: Штип.
- Милинковић, М. (2001). Неки видови хумора у књижевности за децу, Норма: Ниш, VII, 1-2, стр. 80.


[14] Миомир Милинковић, Неки видови хумора у књижевности за децу, Норма, VII, 1-2, 2001, стр. 80.

УДК 37.091.33-027.18:81`243
прегледен труд

# МУЛТИМЕДИУМИ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Биљана Иванова[1], Снежана Кирова[2], Драгана Кузмановска[3]**
[123] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**Апстракт**
Сведоци сме на револуција на издигнување на технологијата и нејзина употреба во наставата. Нејзината употреба влијае врз образовниот систем и начинот на кој луѓето соработуваат и работат во општеството. Ова напредно издигнување на технологијата понуди нов образовен модел кој цврсто е инкорпориран во изучувањето на странски јазици. Во овој труд ќе направиме еден стручен преглед на употребата на мултимедијалниот наставен час како образовно средство, зошто да ја користиме мултимедијалноста во наставата по странски јазици како и предностите и недостатоците од нејзиното користење.
**Клучни зборови:** технологија, мултимедијалност, странски јазици, предности, недостатоци.

# MULTIMEDIA IN TEACHING FOREIGN LANGUAGES

**Biljana Ivanova[1], Snezana Kirova[2], Dragana Kuzmanovska[3]**
**[123]** Faculty of Philology, University "Goce Delchev" - Stip

**Abstract**
We are today witnessing the revolutionary advance of technology and its usage in teaching. This affects the educational system and the way people collaborate and work in society. This progressive advance of technology offers a new educational model that is firmly incorporated into the study of foreign languages. This paper makes a professional review of teaching with multimedia as an educational tool, reasons for using multimedia in teaching foreign languages, and the advantages and disadvantages of using it.
**Keywords:** technology, multi-media, foreign languages, advantages, disadvantages.

## Вовед

Мултимедијалноста денес е навлезена во секој сегмент од општеството. Како што напредува дваесет и првиот век многу е важно студентите и учениците да ја разберат мултимедијалноста и да се обидат да станат нејзини активни корисници. Со раширувањето и развојот на странските јазици низ светот мултимедијалноста се користи во нивното изучување како алатка која им помага на студентите и учениците да студираат, односно учат во зависност од тоа кои се нивните интереси. Користењето на мултимедијалноста во изучувањето на странските јазици е доста распространето и се смета дека придонесува кон развивање на визуелните и аудитивните сетила кај студентите и учениците. Бројот на изучувачи на странските јазици од ден на ден се повеќе се зголемува. Како наставници ние ја имаме можноста да им се посветиме на нашите студенти и ученици како никогаш порано преку интерактивни игри, видео клипови, користење на компјутер и интерактивна табла што денес е овозможено од страна на владата на Република Македонија преку проектите

„Компјутер за секое дете“ и „Учиме со помош на компјутери“[15] со што се почесто го сретнуваме и го употребуваме терминот е-учење (eng.- e-learning)[16].

Во насока на зголемување на ефикасноста на образовниот процес, Владата на Република Македонија го реализираше проектот „Компјутер за секое дете”[17]. Целта на овој проект беше зголемување на степенот на употреба на компјутерите и интернетот во наставата, што ќе резултира со подобрување на информатичко-технолошките вештини на учениците, вклучително и на наставниците. Овозможувањето пристап до дигиталните образовни содржини, како и подобрување на достапноста на информациите од областа на образованието и другите области од интерес за учениците, се исто така дел од целите на овој проект. Проектот „Компјутер за секое дете” е дел од владината иницијатива за „образование и обука за сите”[18] . Проектот се темели на Националната програма за развој на образованието (2005-2015 година). Со овој проект се планира обезбедување на 17818 персонални компјутери, 98710 ЛЦД монитори, 98710 тастатури, глувчиња и 80892 тин клиенти за основните и средните училишта во Република Македонија. Овие компјутери ќе се користат како алатки за изведување на наставата и како алатки за пристап до образовните дигитални содржини што се наоѓаат на глобалната мрежа Интернет.

Во рамки на Програмата на Владата на Република Македонија , планирана е имплементација на проектот „Учиме со помош на компјутери‘‘. Овој проект треба да овозможи создавање на мултимедијални образовни содржини за електронско учење (е-учење) за одредени предмети во основното и средното образование. Целта на овој проект е поттикнување на мотивацијата кај наставниците и учениците за креирање на електронски содржини, што води кон масовна примена на информатичката технологија во наставата и учењето. Обезбедување на 4000 интерактивни табли за реализирање на наставата во основните и 400 за средните училишта, се дел од активностите на овој проект.

**Мултимедијален наставен час**

Мултимедијална настава (мултимедијалност во наставата)[19] подразбира истовремено користење на два или повеќе медиуми во воспитно-образовниот процес, коишто меѓусебно се надополнуваат. За реализирање на мултимедијална настава неопходна е употреба на мултимедијални наставни средства, што всушност значи соодветна комбинација на аудио и визуелни наставни средства (на пр. телевизија, ДВД, компјутер, мултимедијален видео проектор, ЛЦД панел, микро камера за снимање видео материјал, итн.).

За да се обезбеди дидактичка вредност на наставата, употребата на мултимедијалните наставни средства треба да биде умерена, треба внимателно да се одбере времето во кое истата се употребува, умешноста во управување со ваквите наставни средства е исто така од големо значење. Освен ова, треба да се внимава и на начинот на комбинирање на наставните средства, како и на економичноста на самиот процес.

**Зошто да се користи мултимедијалноста во наставата?**

Кога станува збор за користењето на мултимедијалноста во наставата воопшто пожелно е да се наведат неколку од причините зошто да ја користиме. Овде ќе наведеме само неколку од нив: мобилност, индивидуалност, соработка, флексибилност и глобалност. Мобилноста во

[15] Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 (2014). Преземено на 16.6.2014 год. http://vlada.mk/node/97

[16] Razvoj digitalne kompetencije i multimedija u nastavi. ICT Edu - modul 3. Digitalni nastavni materijali. Hrvatska akademska I istraživačka mreža. Agencija za odgoj i obrazovanje. Ministarstvo znanosti, obrazovanja i športa.

[17] http://vlada.mk/proekti/kompjuter-za-sekoe-dete

[18] http://www.mioa.gov.mk/?q=node/83

[19] http://www.scribd.com/doc/216500497/Multimedijalna-nastavna-sredstva

употребата на мултимедијалноста се потврдува со користењето на мобилни телефони, лаптопи, таблети, со што информациите им се практично моментално во рацете на студентите и учениците. Очигледно е дека овие средства се основата на денешната комуникација, најчесто преку пишување на SMS пораки. Со користење на овие современи средства учењето може да се одвива во секое време и на секое место, со што за домашна задача, наместо да им се даде на студентите и учениците да пополнат работни ливчиња, може да им се даде да изгледаат одредено видео поврзано со темата на часот која тој ден ја обработуваат и да отворат дискусија за истата. Индивидуалноста изразена преку мултимедијалноста од друга страна им помага на студентите да ги задоволат своите визуелни и аудитивни потреби. Соработката меѓу студентите и учениците не се гледа само на факултет или во училиштето, туку и преку блоговите, социјалните мрежи, википедија каде тие истражуваат за последните трендови во однос на областа која ја изучуваат. Флексибилноста денес претставува една од главните карактеристики на мултимедијалноста од причина што на студентите и учениците сè им е на дланка. Без разлика која информација и да им е потребна, тие едноставно седнуваат и истражуваат на интернет и даваат свои мислења, коментари и извршуваат домашни задачи кои им се дадени од страна на професорите и наставниците. Со глобално поврзување на студентите и учениците факултетите и училиштата станаа глобално конкурентни со што им се овозможи на студентите и учениците да истражат нови култури и земји на автентичен начин и со тоа им помогна да го прошират својот поглед на свет подготвувајќи ги за интеракција и соработка со пошироката заедница.

**Користењето на мултимедијалноста во учењето на странски јазици**

Во наставата по странски јазици, мултимедијалниот наставен час би можел да биде од големо значење за учењето на јазикот. Примената на мултимедијалните наставни средства подразбира активна употреба на сетилата за вид, слух и говор. Ова подразбира стимулирање на сите четири вештини истовремено. Употребата на ЦД или ДВД ја поттикнува вештината активно слушање со разбирање, ЛЦД проекторот ја активира вештината читање со разбирање, како и компјутерот, којшто воедно може да ја стимулира и вештината пишување. Активната комуникација на англиски или германски јазик паралелно со примената на еден или неколку соодветно комбинирани наставни средства, претставува неизоставен дел од мултимедијалниот час по странски јазик.

Употребата на технологијата во наставата (на пример, компјутерот) во одредена мера значи и заменување на човекот со техниката, што пак води кон тоа дека класичниот дидактички триаголник ќе биде заменет со дидактички четириаголник – наставник, ученик, содржина и техника[20]. Мултимедијалноста ја нагласува улогата на студентите и учениците и ја потврдува важноста на интеракцијата помеѓу професорите / наставниците и студентите / учениците. Најголема придобивка од мултимедијалноста во изучувањето на странските јазици е студентите и учениците да се оспособат воедно да го слушаат, зборуваат, читаат и разберат соодветниот странски јазик. Улогата на професорот/наставникот во овој случај како олеснувач е особено значајна. Тој/таа преку мултимедијалноста користи слики и фотографии за да ја долови содржината на самиот наставен час и поставува прашања за размислување на кои студентите односно учениците ќе даваат соодветни одговори, мислења и коментари и на тој начин побрзо ќе ја совладаат наставната единица. Преку целиот интерактивен процес очигледно е дека употребата на мултимедијалноста во изучувањето на странските јазици е доста ефективна затоа што го поттикнува и негува интересот на студентите/учениците за учењето на странскиот јазик. Таа не само што им нуди на студентите/учениците богат асортиман на извори и автентични материјали, туку и им овозможува атрактивни и живи слики и звуци со што го прави изучувањето на странските јазици автентично.

[20] Poljak, V. (1991). DIDAKTIKA. Školska knjiga. Zagreb. (9 izd.)

**Предности и недостатоци од користењето на мултимедијалноста во наставата?**

Кога зборуваме за предности на мултимедијалноста мораме да нагласиме дека педагошката јачина на истата е користењето на природни информации – способности кои ги поседуваме како човечки суштества. Нашите сетила во соработка со нашиот мозок создаваат систем во кој ги трансформираат неразбирливите информации во разбирливи податоци. За студентите пак од друга страна предноста на мултимедијалноста е во нејзината распространетост со што им дава јасна слика за одредена наставна единица преку употреба на нивните сетила. Недостатоците на мултимедијалноста се поврзуваат со тоа какви технолошки средства користиме и со тоа колку нашите студенти и ученици се технолошки писмени. Од тие причини професорите и наставниците мораат да размислат за начинот на кој ќе ги пласираат елементите на мултимедијалност во самите предавања. Исто така голем недостаток е и финансискиот дел и потрошеното време за подготовка на вакви предавања.

**Заклучок**

Точно е дека една од целите на мултимедијалноста при изучувањето на странски јазици е да се поттикне мотивацијата и интересот кај студентите/учениците преку еден вид на практична настава каде тие ќе бидат вклучени во истата и ќе имаат пристап до сите информации и податоци дадени од страна на професорот/наставникот. Таа се стреми кон олеснување на учењето на студентите/учениците со што би се подобрил нивниот квалитет во совладувањето на четирите вештини потребни за добивање на компетенции во однос на странскиот јазик кој го изучуваат. Сметаме дека во иднина овој процес на употреба на мултимедијалноста во наставата ќе ја подобри умствената надоградба кај студентите за практична употреба на странскиот јазик со што ќе покажат ефективни резултати во процесот на учење и предавање.

**Литература**


- Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 (2014). Преземено на 16.3.2017 год. http://vlada.mk/node/97
- Razvoj digitalne kompetencije i multimedija u nastavi. ICT Edu - modul 3. Digitalni nastavni materijali. Hrvatska akademska I istraživačka mreža. Agencija za odgoj i obrazovanje. Ministarstvo znanosti, obrazovanja i športa.
- http://vlada.mk/proekti/kompjuter-za-sekoe-dete
- http://www.mioa.gov.mk/?q=node/83
- http://www.scribd.com/doc/216500497/Multimedijalna-nastavna-sredstva
- Poljak, V. (1991). DIDAKTIKA. Školska knjiga. Zagreb. (9 izd.)
- Mr. Chirag Patel, Asst.Professor - SIT & Research, Use of Multimedia Technology in Teaching and Learning communication skill", International Journal of Advancements in Research & Technology, Volume 2, Issue 7, July-2013 116 ISSN 2278-7763

УДК 37.091.322:81`243
прегледен труд

# АСПЕКТ НА ПИШУВАЊЕТО КАКО ЈАЗИЧНА ПРОДУКТИВНА ВЕШТИНА НА ЧАСОВИТЕ ПО АНГЛИСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК

**Маријана Димитрова**[1]
[1]Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**Апстракт**
Пишувањето е уметност, но исто така многу значајна јазична продуктивна вештина во секојдневните обични средби, но и стручни, академски и бизнис околности. Особено за последниве е потребен поинаков пристап и совладување на вештините за пишување на англиски јазик со сите особености. Во тој контекст, овој труд е насочен кон подобрување на вештините за пишување за различни потреби на академската заедница. Целта на овој труд е да ги презентира надградените техники за пишување во смисла на академско и професионално пишување на англиски јазик. Трудот е поделен во во два главни дела - пишување за академски цели и пишување за деловни цели, опфакајќи ги аспектите на стил, формат, структура и кратенки во пишувањето на англиски јазик.
**Клучни зборови:** пишување, англиски јазик, академски, професионален, методологија.

# AN ASPECT OF WRITING AS A LANGUAGE PRODUCTIVE SKILL IN EFL CLASSES

**Marijana Dimitrova**[1]
[1] University "Goce Delchev" – Stip

**Abstract**
Writing is an art, but also a very significant language productive skill during ordinary everyday encounters as well as in a professional, academic and business environment. The latter requires a different approach and mastering the writing skill in EFL with all its particularities. In that context, this paper is focused towards improving writing skills for distinct needs of the academic environments. The objective of the paper is to present the up-grade of writing skills in EFL in terms of academic and professional writing. The paper is divided into two main parts - writing for academic purposes and writing for business purposes, which further encompass the aspects of style, format, structure and abbreviations in writing in EFL.
**Key words:** writing, English language, academic, professional, methodology.

## 1. Introduction

Issues concerning the implementation of new approaches at work could be complex in some society spheres. The rapid transition from one system into another effects the whole population. The model of the system of European Union on how the institutions relate the society is simple as a draft, yet complicated to enforce. However, the strong need and will always play the integral part of this process. In fact, education is the smart way of investing in solving other societal problems which are equally important and critical to fix.

The paper addresses the actual necessity of the reform in the education in terms of perceiving the quality education as a long-term investment in a superior human capital. The emphasis is on the writing as a productive skill which is a starting point in the individual’s professional growth. Considering that in a dysfunctional school system there could be no innovative designs, a solid future

could be achieved through initiation, motivation and innovation during the EFL classes. Since the public education is seen as critical to the identity of the country, a particular aspect in the paper is put on the possibilities for improving the teaching of writing at schools with well qualified teachers, motivated students and appropriate educational resources.

## 2. Writing for academic purposes

The research work and experiments need to be presented to the wider academic community and the stakeholders. Therefore, the writing of the research paper requires a significant approach towards the methodology and language in order to present the findings on the most accurate way. There are different requirements concerning length, structure, focus, and style, which are usually given as instructions within the Open Call, and which need to be followed very carefully so as not to be declined due to technical inadequacy. We would point to some guidelines which are applicable to writing in all scientific disciplines.

The first thing to analyze when writing a paper is the topic and the readership audience. Some basic things to think about are: the purpose of the paper, the educational background of the readership audience (your target), the channels through which it will circulate, and the benefits of your paper for the audience. Therefore, a significant notice should be devoted to the language of the paper, because a well-written work will always have more impact than a carelessly written one.

The structure of the paper consists of the following parts:

-Abstract (including key words)
-Introduction
-Main body (usually divided into sub-categories 2.1., 2.1.1., 3.1., 3.1.1., 3.1.2. etc.)
-Conclusion
-References

The structure of the paper should follow a logical order. The sentences should be clear and short, so as to convey the message effectively. The sub-dividing sections of the paper contribute to the structure of the text. The paragraphs should not be very long, but not very short either, and each one should start with a clear topic sentence which is then elaborated further. The consistency in style need to be noted (exp. If you start writing on British English do not switch to American English within the paper).

The contents of the paper should refer to its topic which is clearly explained through the paper's findings and objective, its research questions, methodological approach and further applications. Example, in agricultural economics the introduction is relatively short and covers the most important information to attract the reader's attention.

The language of the paper should be formal, grammatically correct and accurate. The specific professional vocabulary should be used in the narration. In particular, the vocabulary list needs to be checked for the Figures and Tables. The grammar style at its most includes Passive Voice. Slangs are not allowed. Abbreviations could be used considering their distinguishing usage in the field. Latin names are written in its original forms. The spelling and syntax need to be checked (recommended automatic computer check). The punctuation marks need to be properly used.

### 2.1. Writing a student essay

Similar to the research paper is the writing of a student thesis or an essay for presenting a particular finding, review or a comparative analyses. The student thesis and the student essay may be classified under the same category with one difference, which is, the thesis usually follows given instructions for writing regarding the length, format and style. The essay is more a freelancer written product. They also vary in length where the thesis (Master/Doctorial is over 80 pages), while the essay can be structured on approximately 15 pages.

Referring to the mutual characteristics, we start with the point. Every student written work needs to have a point, a clear subject to elaborate on. In this, the thesis/essay statement is the main point of the work and it should be a one sentence summary of the paper's contents. The statement is the integral part of the thesis/ essay introductory paragraph which provides sufficient background information and targets the audience. The introductory part could consist of a factual or historical background, a literary summary, even an anecdote or a story which are related to the statement. This all goes in line with catching the readers' attention and presenting the statement explicitly. At last, the introductory part should never be very long and should not be a list of topics for discussion or personal elements, example:
-avoid writing: "in my opinion" because this writing dictates that it is your opinion, not a fact;
-avoid announcing like "This paper is about...", but just state your point;
-avoid listing supporting reasons, but save them for topic sentences.
The main body of the thesis/essay may be divided into many paragraphs, each of which starting with a clear topic sentence which is further elaborated. The paragraphs and their contents should be linked and with a logical order.
The language used in writing the thesis/ essay should be formal, grammatically accurate and with the correct spelling and punctuations. Abbreviations are not allowed (except when scientifically supported). Slang is never to be used. The referent style should be in first person plural (WE) or the indefinite "one" person. The second person pronoun (YOU) is never to be used as it gives an informal sound of the writing.
The conclusion should be concise, brief and supporting the statement as presented in the introductory part and elaborated in the main part. It is followed by the reference list which should be according to the indicated guidelines.

### 2.2. Applying for a scholarship

As the objective when writing for a scholarship is obvious to be positively evaluated and awarded the one, a particular aspect need to be put on the language, style, format and contents of the writing. The following guidance in writing for a scholarship should be useful in this regard.
It all starts with the purpose and the audience, therefore, some visualizing techniques will prove beneficial for the applicant in terms of:
-envisioning the audience who will read your application, and
-the purpose and objective behind.
The main thing is that you need to convince them that you are the right candidate for the scholarship, and this writing is your tool in achieving this aim. Basically, a good scholarship application requires time "to be written", i.e. a period between the draft and the final writing.
Therefore, brainstorm all the relevant data and information about you and make notes. Think of what is important for the scholarship committee to learn about you and the best way to present yourself both honestly and positively. The order of the information is very important and needs to be carefully organized, therefore, think of the most appropriate format for your writing.
Regarding the format, it is good to know that there is no correct format for writing your biography for a scholarship (except if not pointed in the application itself). Therefore, if left "alone" try to write in a format where the information will be ordered logically exp. relevant background information, accomplishment and achievements from academic success, plans and goals, and most importantly why you should be awarded the scholarship and in what ways would the scholarship help you to accomplish your future goals.
The language and style in this writing is the strength and the mark which speaks about you (the applicant). Therefore, use a language that is formal, direct, clear, and sounds like you. Do not use abbreviations or slang. Make sure that your sentences are concise, exact and long enough to transfer

the point and message. Additionally, use sufficient expressions like: “eventually”, “in spite of”, “then” in order to connect logically one idea to another.

## 3. Conclusion

The first point is to undertake a change within the university curriculum at the EFL course. This relates to the attitude and behavior of the teachers and students. As we stated in section two, through the new technology and modern way of communication, this barrier of stiffness and fear is easily exceeded. Therefore, it is important to work on surpassing the past mistakes, focusing on the development of productive skills and judging according to the efforts and results.

## References


- Franz M (1996) The Interpretation of Fairy Tales, Shambhala Publications Inc.
- Schwarz P (2001), Problem Based Learning, Case studies, experience and practice
- Gere, C. (2008).Digital culture,  Chicago: Chicago University Press (Chapter 3)
- Oon-Seng Tan (2008) Problem based learning and creativity
- Mirascieva S, Kroteva M (2009), New dimensions of the interaction in teaching. 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad

УДК 37.091.322:81`243
прегледен труд

# AN APPROACH IN TEACHING A FOREIGN LANGUAGE THROUGH FAIRYTALES

**Marijana Dimitrova[1], Kristine Whitnable[2]**
[1, 2] Goce Delcev University, Stip

**Апстракт**

Целта на овој труд е да претстави еден практичен пристап во наставата по странски јазик преку бајките. Значењето на овој пристап се гледа во различоста, презентацијата на културата и националното богатство на земјата, можноста за збогатување на вокабуларот и поголемите можности за дискусија. Првиот дел од трудот се однесува на методологијата во наставата по странски јазик преку перспективата на наставникот. Вториот дел ја претставува перспектива и придобивките од овој пристап на студентот**.**

**Клучни зборови:** настава, странски јазик, бајки, модернизација, култура.

**Abstract**

The objective of this paper is to present a practical approach into the teaching of a foreign language through fairytales. The significance of this approach is seen in the variety, the presentation of the culture and national wealth of the country, the possibility for enriching the vocabulary and the wider discussion opportunities. Part one of the paper refers to the methodology in the teaching of the foreign language through the perspective of the teacher. Part two gives the student's perspective and benefits of this approach.

**Key words:** teaching, foreign language, fairytales, modernization, culture.

## Introduction

This paper is orientated towards the fairytales and its objective is first, to distinguish between the perceiving and encountering of the fairytales by both the children and the adults and then to indicate the aspects of how the power of the miraculous in the fairytales is used for educative and commercial purposes. Since ancient times people wanted to narrate and re-tell various events which really happened, but also such as for which they fantasized and dreamed of. In time, the narration of such events was only being enriched with exceptional and fabulous elements in order to be more applicable and interesting. This is how the myths and legends were created, while by adding more fantastic elements, the fairy-tales emerged as well. The fairy-tale is a short story which, because of the language on which is written and its structure, is primarily intended to be a literature for children. On the other side, the myths and the legends are as well ranked in the genre of fairy-tales. Depending on the way on which they are interpreted, as well as the simplicity of their language, these types of literature units can be classified as fairy-tales for children or myths and legends which are closer to the adults. As such, they could be immensely useful if they are appropriately used for educative purposes because of their positive influence over the creativity and the potential for exploring the vocabulary. But, to what extent are the fairy-tales interesting for the adults? Have you questioned yourself how many adult people keep a record of their favorite tale in their home library- and even more, how often do they read it again and again? On what way do the adults perceive the tale with all its fantastic elements- how much time do they have in the busy world to spend on stories and how important it is for them in order to get to the meaning of life? This paper is directed towards the methodological approach of teaching a foreign language through the stories and its purpose is to

briefly present them and their attractiveness for the readers.

## Learner oriented planning and organization of a foreign language class

Led by the fact that in the today's world of rapid development and a tendency for perfection, the effective communication is one of the most powerful means, teachers have always strived to find effective ways in the teaching of a foreign language. As a result of the search for the best and the most effective teaching methods, a significant number of sub-methodologies in teaching a foreign language have arose. The professional teaching engagement refers to planning, organizing, leading, mentoring, evaluating, analyzing, collecting and processing the data- all these working activities imply on establishing interaction within the core institution, but also with the outside similar subjects for an effective application, dissemination and processing of information, as well as analytical-research activities which are directly linked with the realization of the educational functions.

The main focus in this paper is to present the benefits of incorporating the fairytales on the foreign language class through the critical thinking skills. The language of the fairy-tales is slightly different from the one used in the popular literature. This is mainly because of the plenty of stylistic figures, epithets and word coinages, even a usage of new, magic words, in order to envisage the story. As such, the introduction of the fairytales in the teaching of a foreign language contributes to:

-ability to motivate the students for aesthetic communication and reception of the foreign language;

-enabling the students for critical and creative praising of the literature as well as their individualization and interaction;

-enabling the students for socialization and enculturation;

-ability for interactive foreign language teaching.

In order to establish a balance in the teaching material which is encompassed within the lesson plan, the lesson plan itself should be well designed according to the age, objectives and motivation of the study group. In reference to the fairytales in particular which are the core subject of this paper, the benefit of their integration at the foreign language class includes communication skills, i.e. speaking, reading and writing. The inclusion of fairytales at the foreign language class brings many positive implications like development of the socio-affective skills, improvement in the study process and development of creativity. Therefore, their implementation within the curriculum is of particular importance for most competent and effective teaching strategies. The storytelling could be used as a means for strengthening the critical thinking of their students and improving their interpreting and analytical skills. Instead of implying some traditional concepts, they should allow their students to individually become part of the interpretation process and to understand the language through the reality which surrounds them because the use of the senses may help create a livelier atmosphere and different learning styles. On this way, the students will be given the opportunity to discover on their own how effectively they can express themselves both in written and oral language and consequently, to increase their motivation for study.

Fairytales also bring an added value to the teaching and learning of the foreign language in terms of culture. There is a real need of classes where the culture of the people whose language is the principal subject will be learned and discussed through history, literature and authentic materials. Besides history, literature helps understanding things better particularly during the modern language that include more conversation and tip-tops are not sufficient. There is a real need during the classes of a foreign language for the indirect study on the culture of the people whose language is the principal subject will be learned and discussed through history, literature and authentic materials.

So far, no single model has emerged as the dominant organization of cultural studies as either a research or pedagogical practice. Its goal is to encourage interdisciplinary research and education in cultural studies and to help produce a viable and flexible model for cultural studies and its role in the contemporary university by working closely with other departments and interdisciplinary programs. Cultural studies can be broadly defined by a number of commitments. First, they are interdisciplinary

because in part they operate at the intersection of culture with other forms of social and material practices. They are both theoretical and contextual and their main concern is not to use theory as a resource to better understand and change the specific historical contexts, but the object of study is the relations between specific cultural practices or discourses, everyday life and structures of power, and their practice is self-reflective.

**Using fairy tales as a tool in learning a second language**

Fairy tales offer some advantages over other material when learning a new language. They are well known, short and have familiar vocabulary. They also offer more complex grammar than is sometimes seen in introductory dialogues.

I have found fairy tales to be a very good learning tool as I try to master Macedonian. They are short enough to master without losing interest. They have simple and repetitive vocabulary. Since I know the story, the vocabulary is easier grasp than with other material. For instance, when I worked on The Emperor's New Clothes, I could easily see that гол means naked. I also found that these pieces more naturally use a variety of tenses and adjectival forms. For instance, again from the Emperor story, I know that two is два, but in this story, I saw the word двајцата used. This type of complex grammar is more evident in this material than some of the simple dialogues that I have used in the past. Since these are stories rather than a simple back and forth of a traditional dialogue often used in beginning lessons, I find I can read them through several times without boredom, which improves my speaking ability.

Fairy tales are also a good way to develop auditory proficiency. I watched a video about seven goats and the wolf. This video had subtitles as well as audio. It was a short story with pictures, so again I had cues as to the vocabulary. During the first listen, I was able to catch a few words and after looking up additional vocabulary, I was able to understand most of the story. This was quite an accomplishment for me, as I find it difficult to hear the Macedonian language.

I have also learned some of the local Macedonian fairy tales. I read a very sad tale of "Мице" – "Mice" by Vanco Nikoleski, a mouse adopted by an elderly childless couple. It was written in quite a lyrical manner, which was a nice balance for the sad end where Мице fell into a boiling kettle and dies. The vocabulary in this story included some archaic words that I really do not need to know, but it is good to be exposed to them.

Another story I read was "Мурџо во зоолошката градина"- "Murgo at the zoo", about a trip to the zoo taken by a young boy and his dog. This was fun to read and reinforced my vocabulary of the names of animals. I had been exposed to these words as a list in earlier lessons, but see how the animals acted when approached by a dog imprinted them on my mind better.

I would recommend the use of fairy tales in lessons for learning a second language. They have helped me to advance in my language proficiency.

**Conclusion**

In recent times, the teaching of a foreign language has gone through many evolvement stages mainly focusing on the need of the learners. This approach is based on incorporating the individual necessities, learning style and creativity. Among the most efficient teaching styles are the ones which combine all the resources for implementing teaching, culture and language productivity within the foreign language class. The incorporation of the fairytales at the teaching of a foreign language is just one among the positive beneficial examples and should be a frame and an urge for a serious consideration of their inclusion in the foreign language curricula.

**References**


- Franz M (1996) The Interpretation of Fairy Tales, Shambhala Publications Inc.
- Schwarz P (2001), Problem Based Learning, Case studies, experience and practice
- Gere, C. (2008).Digital culture, Chicago: Chicago University Press (Chapter 3)

- Oon-Seng Tan (2008) Problem based learning and creativity
- Mirascieva S, Kroteva M (2009), New dimensions of the interaction in teaching. 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad

УДК 37.015.31:78
прегледен труд

# ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Ленче Насев**[1]
[1]Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија

**Апстракт**

Современите информатички технички и технолошки средства, во рамките на училишниот курикулум, се вклучени како значаен непосреден фактор во воспитно-образовниот процес. Поради нивните интеракциски карактеристики, наставникот добива улога на организатор и водач. Ефектот од употребата на овие средства во наставата по музичко образование во најголема мера ќе зависи од тоа дали тие ќе бидат искористени во функција на помошни средства за реализација на одредена содржина или пак ќе бидат искористени за менување на карактерот на воспитно-образовниот процес.

Целта на трудот е да се согледаат потешкотиите поврзани со примена на технологијата во наставата по музичкото образование

**Клучни зборови:** музичко образование, технологија, компјутери, Интернет.

# TECHNOLOGY IN MUSIC EDUCATION

**Lenche Nasev**[1]
[1]University “Goce Delcev“ - Stip, Music academy

**Abstract**

Modern ICT learning media are included as significant direct factor in the educational process within the school curriculum. Because of their interactive features, the role of the teacher has changed. He/she has become the organizer and leader of the educational process. The effect of the use of modern learning media in the process of teaching music largely depends on how they will be used: whether they will be used as auxiliary means for realizing certain content or they will be used for changing the character of the educational process.

The aim of the paper is to identify the difficulties related to technology and teaching music education.

**Key words:** music education, technology, computer, the Internet.

## 1. Вовед

Современите информатичко-технички и технолошки средства во рамките на училишниот курикулум се вклучени како значаен непосреден фактор во воспитно-образовниот процес. Ефектот од употребата на овие средства во наставата по музичко образование во најголема мера ќе зависи од начинот на нивната употреба, односно дали тие ќе бидат искористени во функција на очигледност и помош на наставниците за одредена содржина полесно да им се приближи на сфаќањата на учениците или пак нивната употреба ќе биде искористена за менување на карактерот на воспитно-образовниот процес. Преку нив учениците треба да се поттикнат на самостојна работа, да стекнуваат нови искуства и да ги развијат творечките способности. Овие средства треба да ја подобрат комуникацијата меѓу наставникот и ученикот и да го олеснат сфаќањето на наставната материја.

Поради нивните интеракциски карактеристики наставникот станува организатор и водач на образовниот процес. Неговата улога на извор, испрашувач и контролор се намалува.

Со современите информатичко-комуникациски средства се создава можност наставникот да го продлабочи односот наставник-ученик и ученик-ученик. Сепак, во голема мера ваквото остварување зависи од организациската спремност на наставникот и неговата способност да ги употреби тие средства за стекнување на ново знаење, учење и примена на знаењето.

**2. ИКТ во наставата по музичко образование**

Развојот на компјутерската технологија и нејзината употреба во рамките на училиштето во светски рамки извршила влијание врз интересот на истражувањата поврзани со неа. На прв план се појавиле комерцијални истражувања поврзани со светската економија и брзиот технолошки развој, на втор план се истражувала присутноста и влијанието на компјутерската технологија и нејзините промени врз учениците и наставниците и на крај биле истражувани промените кои се случуваат кога наставникот ја предава наставната содржина, врз основа на сфаќањето како ученикот најдобро учи (Williams, D.&Webster, P., 1999).

Најголем дел од речниците терминот *технологија* го дефинираат како концепт кој опфаќа алатки или вештини со кои се подобрува одредена област, како индустријата, земјоделството или уметноста (Agnes, 1999: 1470). Доколку ова дефинирање се поврзе со музиката може да се каже дека технологијата е алатка која му помага на човекот подобро да ја запознае уметноста на звукот, за да ги изрази своите чувства.

Интернетот овозможува лесна достапност на музиката за слушање, изведба, импровизација и компонирање. Напредокот на дигиталната технологија, компресијата и пренесувањето на аналогниот звук овозможува нова можност на компјутерската технологија за нејзина употреба во наставата (Mark, 1994). Тејлор (Taylor) и Дил (Deal), извршиле пилот истражување во три држави во Америка, на наставниците по музичко образование. Од испитаниците 85% се изјасниле дека комјутерите можат да се искористат во некои од музичките содржини. 61% веќе ги употребувале при реализацијата на часовите, а останатите се изјасниле дека би сакале да научат повеќе за технологијата. Заклучоците од истражувањето биле дека се неопходни работилници кои ќе ги подготват наставниците по музичко, како да ја користат технологијата (Taylor&Deal, 2000).

Во чекор со глобализацијата и светската информатичка развиеност, македонскиот образовен систем предвидува употреба на ИКТ во рамките на наставниот процес. Министерството за образование на Република Македонија законски го обврзува секој наставник употребата на ИКТ да биде застапена минимум триесет проценти во вкупниот број на часови. Во наставните планови по музичко образование предвидено е технологијата да се користи во наставните содржини поврзани со темата слушање на музика како средство за истражување и објаснување на класичните и популарните музички жанрови (МОН, 2012).

Од досегашните истражувања во Р. Македонија (Вељаноска, 2008., Талевски, 2009., Соколовска, 2010.), може да се согледа дека технологијата во наставата на часовите по музичко образование наставниците најчесто ги користат: ЦД-плеерот, електричното пијано и синтисајзерот.

Меѓу нив ќе го издвоиме истражувањето од страна на Вељановска спроведено на регионално ниво (Тиквешијата). Иако е направено на мал број испитаници (седумнаесет наставници по музичко образование), тоа дава алармантна информација за степенот и начинот на користењето на компјутерската технологија: „Застапеноста на Интернетот во секојдневната работа е различна, но загрижува бројот на наставници кои никогаш или многу ретко користат податоци.“ (Вељановска, 2008:47). Таа во трудот упатува дека Интернетот (компјутерите) би требало да бидат искористени во функција на воспоставување на комуникација меѓу наставниците. Оттука може да се забележи дека наставниците не ги применуваат функционално компјутерите на часовите по музичко образование, ниту пак се упатени на кој начин да ги интегрираат во концептот на наставата по музичко образование.

Наставниците од постарата генерација во најголема мера се соочуваат со потешкотија за користење на технолошката опрема во наставниот процес. Поради бавното адаптирање на новините, тие најчесто прибегнуваат кон искористување на класичните методи и ресурсите кои ги практикувале во нивната долгогодишна работа. Не може да се избегне фактот дека денешните ученици надвор од училиштето, секојдневно ги користат компјутерите, Интернетот и другите дигитални технички и музички средства. Најчесто тие знаат многу повеќе за новата технологија од самиот наставник по музичко образование.

Како едно од можните решенија за успешна интеграција меѓу праксата и технологија е да се изготват прецизни музички софтвери поткрепени со теоретски инструкции. Ваквите теоретски инструкции треба да бидат поткрепени со работилници и обуки со цел да го збогатат знаењето и вештините кај наставникот. Ефектот на музичката (комјутерската) технологија врз постигнувањата на учениците, единствено ќе се согледа преку воведување на добро обмислени механизми на евалуација на наставниот процес кои ќе служат за унапредување на овој процес.

### 3. Наместо заклучок

На крај се надеваме дека овој труд ќе го привлече вниманието на истражувачите, кои во понатамошните истражувањата поврзани со технологијата и музиката, пред се компјутерите, на територијата на Македонија ќе се обидат да дадат одговор и на прашањата: Дали навистина технологијата влијае врз кавалитетот на наставниот час по музичко образование при усвојувањето на наставната материја? Дали интеграцијата на технологијата го има клучот на решавање на сите проблеми кои се јавуваат на часовите по музичко образование? Дали секогаш го унапредува учењето? Дали вреди да се вложува во технологијата во рамките на училиштата, со оглед на тоа дека нејзиниот развој е брз и динамичен? Дали вреди да се истражува нејзината улога во предавањето и учењето музика?

### Литература


- Agnes, M. (Ed.). (1999). *Webster's new world college dictionary* (4th ed.) New York, Macmillan.
- Вељаноска, П. (2008). *Компоненти на професионален развој на наставниците по предметот музичко образование во основните училишта,* Скопје, ФМУ, годишен труд (ракопис).
- Kafai, Y. &Resnick, M. (Eds.). (1996). *Constructionism in practice: designing, thinking and learning in a digital world.* Mahwah, NJ: Lawrence Erlbaum.
- Mark, D. (1994). Digital revolution as a challenge to music education. *ISME, Yearbook*, 75-83.
- Williams, D.&Webster, P. (1999). *Experiencing music technology* (2nd ed.). New York: Schirmer Books.
- Министерство за образование и наука (2012), *Наставен план за деветгодишно основно образование*. Скопје, Биро за развој на образованието.
- Соколовска, Д. (2010). Улогата на музичкиот педагог во креирањето на музичката средина во детските градинки, *Годишен зборник*, Штип, Факултет за музичка уметност, 43-59.
- Талевски, В. (2009). *Степенот на компатибилност на нормативно-програмскиот, дидактичко-методскиот и практичниот аспект на реализација на наставата по музичко образование од прво до трето одделение во Р. Македонија,* Скопје, ФМУ, докторска дисертација (во ракопис).
- Taylor, J. &Deal, J. (2000). Integrating technology into the K-12 music curriculum: A pilot survey of music teachers.In S. Lipscomb (Ed.), *Sixth International*

*Technological Conference on Direction in Music Learning,* San Antonio, TX: IMR Press. 23-27.

УДК 373.3.091.3-027.18:57
стручен труд

# ИНОВАТИВНОСТ ВО УЧЕЊЕТО ПО ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Светлана Божиновска**[1]
[1]ООУ „Братство –Миѓени“ Тетово, Македонија

**Апстракт**
Потребата за континуирани иновации и формирање нови начини на учење, имаат за цел да се справат со предизвиците и со потребите на 21 век. Програмите зад кои стои Кембриџ (Cambridge International Examination Centre), содржат нов модел на изучување на предметите со примена на научно истражување од страна на учениците. Од учениците се очекува многу повеќе, да работат на задачи и проекти кои ги отсликуваат реалните проблеми од секојдневието и светот околу нив. Проектите бараат простор за избор, креативност и научно истражување преку совладување на наставната содржина во процесот на учење. Согласно долгорочното планирање на наставата по биологија во деветто одделение во основното образоване, учениците учат за адаптации на растенијата кои живеат во вода, како акватичните растенија кои растат во Р. Македонија се приспособиле на живот во водната животна средина. Како предмет на истражување е земена Водната леќа (*Lemna sp.),* која расте и живее во водите на Р. Македонија. Водната леќа (*Lemna sp.)* има способност да апсорбира и акумулира токсични материи од водата. Целта на оваа студија е примена на иновативна и оргинална идеја за користење на растенијата за фиторемедијација на тешки метали од водата. Контаминација на почвата и водата со тешки метали во денешно време претставува голем еколошки проблем, со исклучително негативно влијание врз животната средина, како и врз луѓето. Пред сѐ, треба да се има предвид трендот на енормно загадување на животната средина. Растенијата во денешно време се користат за фиторемедијација на почвата и водата загадена со тешки метали и е од голема важност да се разбере адаптацијата на растенијата во загадена животна средина.
**Клучни зборови:** адаптација, Cambridge програма, фиторемедијација, тешки метали, Водна леќа (*Lemna sp.*).

# INNOVATIVENESS IN LEARNING A BIOLOGY COURSE IN PRIMARY EDUCATION

**Svetlana Bozinovska**[1]
[1]O.O.U. "Bratstvo -Migeni" Tetovo R. Macedonia

**Abstract:** The need for continuous innovation and establishing new ways of learning are aimed at addressing the challenges and needs of the 21st century. The programs supported by Cambridge (Cambridge International Examination Centre), contain a new model of studying subjects by applying scientific research by students. Much more is expected from students: they should work on tasks and projects that reflect real problems of everyday life and the world around them. Projects require space for choosing, creativity and scientific research through learning the teaching content during the learning process. In accordance with long-term planning of teaching biology in the ninth grade of primary education, students learn about the adaptations of plants that live in water as aquatic plants growing in R. Macedonia adapted to the life in the aquatic environment. Aquatic lentil (*Lemna sp.)* is taken as the subject of research which grows and lives in the waters in R. Macedonia. Aquatic

lentil (*Lemna sp.)* has the ability to absorb and accumulate toxic substances from water. The aim of this study is the application of an innovative and original idea of using plants for phytoremediation of heavy metals from water. Contamination of soil and water with heavy metals nowadays is a major environmental issue with an extremely negative impact on the environment and on people. First of all, we should keep in mind the trend of enormous environmental pollution. Plants are nowadays used for phytoremediation of soil and water contaminated with heavy metals and it is of great importance to understand the adaptation of plants in polluted environments.
**Keywords:** adaptation, Cambridge program, phytoremediation, heavy metals, Aquatic lentil (*Lemna sp.).*

**Вовед**

Реките во денешно време станаа собирачи на урбаните и индустриските отпадни води. Под слоганот „водата носи сè“ огромна количина на отпад се испушта во реките и езерата. Оваа форма на деградација на животната средина се случува кога загадувачите директно или индиректно се испуштаат во водите без соодветен третман за отстранување на штетните соединенија.

Од 35 реки во Р. Македонија, само неколку се доволно чисти, односно не многу загадени. Денес за реката Вардар може да се каже дека е пловечка депонија која со себе носи тони фекалии, хемикалии, индустриски отпадни води, отрови, комунален смет и сл. Најголем проблем се појавува со испуштање на делумно или неадекватно прочистена индустриска и отпадна канализациска вода во реката Вардар. Овој проблем особено го истакнуваат и сè поголемите сушни периоди во последните години. Како загадувачи се: Гостивар, Тетово, Куманово, Скопје, Велес, Штип, Неготино, Демир Капија и Гевгелија и 132 индустриски објекти. Третманот на загадени води со помош на алтернативен третман претставува процес, кој е далеку поефтин од конвенционаните третмани на контаминираните води. Посебно значајна метода е фиторемедијација, оваа метода се темели на користење на коренот на билките за апсорпција на полутантите, воглавно, метали од водата. И покрај тоа што оваа технологија се наоѓа на самиот почеток и сè уште се развива, благодарение на бројните истражувања и нивното користење во пракса, се доаѓа до прекрасни резултати.

Тешките метали се вбројуваат во опасни загадувачи на животната средина. Индустријата е еден од најголемите извори на контаминација на водата со тешки метали и други штетни материи, која може да доведе до исталожување, промена на pH вредноста на водата, создавање на нови соединенија со металите, каде сето ова неповолно ќе влијае на отстранувањето на тешките метали од акватичната средина. Тешките метали се дефинираат како група на елементи, каде вредноста на специфична тежина поминува од 5 $g/cm^3$ (Zenk, 1996), односно атомскиот број е поголем од 20 (Sekulić *et al.,* 2003). Постојат околу 40 елементи кои спаѓаат во оваа група. Голем е бројот на метали кои во многу мали количини се потребни за раст и развој на растенијата, јоните на тешките метали, како што се Mn, Fe, Ni, Mo, i Co (Kamal *et al.*, 2004), а најверојатно и Cr, Ni i V (Sekulić *et al.*, 2003). Меѓутоа, некои од овие биоелементи, како што се Cu, Se и Zn, во повисоки концентрации се токсички и може да се најдат во текои типови на контаминирани води (DeBusk, 1999a). Другите метали Cd, Hg, Pb, As, Tl и U, може исто така да се детектираат во индустриските и други отпадни води, но за разлика од претходно споменатите метали, овие немаат биолошка вредност за живите организми, односно, предизвикуваат токсичност во релативно мали концентрации (Kamal *et al.,* 2004; Sekulić *et al.,* 2003; DeBusk, 1999). Овие метали се доста токсични, лесно патуваат низ синцирот на исхрана и може да доведат до озбилни здравствени проблеми кај вишите организми, вклучувајќи го и човекот. Урбаното или комунално загадување исто така, претставува извор на загадување, доколку се земе во предвид излевањето на отпадните води од домаќинствата преку канализација, директно во реките или отпадните води од дождовната

кализација. Тешките метали и други неоргански полутанти, се едни од доминантните форми на загадувањето на животната средина и нивната ремедијација во почвата и водата претставува доста напорна работа (Cunningham *et al.*, 1997). Почвата и водата загадени со тешки метали, денес, претставуваат голем еколошки проблем, кој има исклучително негативно влијание врз луѓето и животната средина и за кои е неопходно да се најде ефикасен и ефективен начин на т.н. зелената технологија. Мочуриштата и барите се влажни подрачја со шумска вегетација, поради што тие претставуваат живеалишта на голем број водни растенија, меѓу кои: целосно потопени - субмерзни растенија, мочуришни растенија и пловечки т.н флотантни растенија. Во тие флотантни растенија спаѓаат и повеќе различни видови на водната леќа, како на пример: *Lemna minor, L. gibba, L. trisulca, Wolffia arrhiza, Spirodela polyrrhiza* и сл. Многу бари и мочуришта се јавуваат покрај поголемите реки, каде суштински зависат од нивниот водостој. Други пак, се јавуваат на бреговите на поголемите езера.

Chaney во 1983 година е меѓу првите кој предложил користење на растенија за ремедијација, на места загадени со тешки метали. Оттогаш, па сè до денес, голем број на студии се посветени на можноста на фиторемедијација, со користење на различни видови на растенија (Ozturk *et al.*, 2003; Witter s et al., 2011; Šyc *et al.*, 2012). Познати се над 400 растителни видови кои можат да хиперакумулираат метали.




*Сл.1. Принцип на фиторемедијација*

Фамилиите со најмногу претставници се: *Asteraceae, Brassicaceae, Caryophyllaceae, Cyperaceae, Cunouniaceae, Fabaceae, Flacourtiaceae, Lamiaceae, Poaceae, Violaceae* i *Euphorbiaceae* (Prasad i Freitas, 2003). Повеќето од овие растенија може да се користат во наши климатски услови. Поимот фиторемедијација потекнува од грчки збор *φυτο* (фито) што значи растение и латински збор *remedium,* што значи повторно. Фиторемедијација се дефинира како употреба на зелени растенија, со цел да направат имобилизација на загадувачите од животната средина. Фиторемедијација е ефективна зелена технологија врз основа на употреба на специјално одбрани растенија кои можат да акумулираат и да отстранат тешки метали, вклучувајќи радионуклиди од почвата и водата. Овој метод станува возможно благодарение на успешните фундаментални и применети истражувања.

**Водна леќа *(Lemna sp.)* во улога на Фиторемедијација**

Воднате леќа (*Lemna sp.)* е растение кое изгледа како подвижен тепих на одредени водни површини. Овие слатководни растенија може да се најдат во мирни води или не многу брзи реки, обично имаат 1-3 лисја и корен што виси во вода. Како и другите растенија репродуцира семе, но и со мали изданоци кои кога се отцепуваат (вегетативно) се развива ново растение и продолжуваат понатаму како единки. Коренот е долг 1-2 см. Листовите се овални, долги 1-8 милиметри и 0,6-5 mm широки, светло зелени, со три (поретко пет) жили и мали воздушни простори за да им помогне за пловење, формирајќи пловечки ќилим. Главно

се размножува вегетативно со делба. Видовите на водната леќа растат толку едноставно со слободни лебдечки талии или само под површината на водата. Повеќето од нив се мали, не надминуваат 5 мм во должина, освен *Lemna trisulca*, што е издолжена и има разгранета структура. Може да толерира температури помеѓу 6 и 33 °C, а оптимален опсег на раст е од 20 до 28 °C. Кога условите се погодни, растењето на колониите е брзо и растенијата формираат пловечки тепих. Во умерените региони, кога температурата ќе падне под 6 до 7 °C, растенијата стануваат неактивни, за да следната пролет, тие повторно се обноват, растат и пловат на површината. Оптимални услови за растење на ова растение се вредности на pH помеѓу 6,5 и 8. Прифатлив опсег на pH е од 5 до 9, но подобар раст на водната леќа е е добиено со pH вредност на водата од 6.5 до 7.5. Металите, кои можат да се отстранат преку различни процеси на фиторемедијација се: олово, кадмиум, хром, никел, бакар, арсен и разни радионуклиди. Ефикасноста од фиторемедијација, зависи, меѓу другото од специфичните карактеристики на растенијата, пред сè од можноста растенијата да формираат биомаса и нивната способност да ги донесат металите во големи количини во надземните делови. Растенијата кои се користат за фиторемедијација, мора да бидат ефикасни за транслокација на апсорбираните метали од коренот во надемните делови на растенијата (Blaylock and Huang, 2000).





*Сл.2. Lemna sp.*

Брзиот раст на водната леќа наоѓа примена во фиторемедијација на загадените води и претставуваат растенија за проучување за животната средина. Особено важен метод во контекст на водата е фиторемедијација со ризофилтрација. Овој метод се базира на употреба на корените на растенијата за апсорпција и адсорпција на загадувачките материи, главно метали од водата. Благодарејќи на ваквите карактеристики, посебен вид на растенија наоѓаат примена за водните екосистеми. Растенијата кои се користат за фитоекстракција мора да бидат толерантни на метал или метали кои ќе бидат остранети и мора да бидат ефикасни во транслокација на апсорбираните метали од коренот во надземните делови на растенијата (Blaylock i Huang, 2000). Акумулацијата, а особено хиперакумулацијата на металите со помош на растенијата, привлече доста внимание во последните неколку години. Неопходно е да се примени добра стратегија за брз скрининг (пребарување) на растителен вид, кој поседува способност за толеранција и акумулација на тешките метали од агрономски практики, каде ќе се зголеми биомасата на избраниот растителен вид. Пронаоѓањето на прав растителен вид, останува приоритетна цел на многу истражувачи кои се занимаваат со одгледување на растенијата и генетски инженеринг.

**Материјал и методи**

Програмите зад кои стои Кембриџ (Cambridge International Examination Centre), содржат нов модел на изучување на предметите со примена на научно истражување од страна на учениците. Од учениците се очекува многу повеќе, да работат на задачи и проекти кои ги отсликуваат реалните проблеми од секојдневието и светот околу нив. Согласно долгорочното

планирање на наставата по биологија во деветто одделение во основното образоване, учениците во 9 одделение учат за адаптации на растенијата кои живеат во вода, односно, како акватичните растенија кои растат во Р. Македонија се приспособиле на живот во водната животна средина. Како предмет на истражување е земена водната леќа (*Lemna sp.),* која расте и живее во водите на Р. Македонија. Учениците ја искористија Водната леќа за да докажат дека ова растение има способност за фиторемедијација. Водната леќа (*Lemna sp.)* има способност да апсорбира и акумулира токсични материи од водата. Имајќи ги во предвид негативните ефекти на загадувачите во водната средина, започна истражување за потенцијалната примена на водната леќа (*Lemna* sp.) во процесот на фиторемедијација. Овие еко-пријателски растенија се покажаа дека имаат способност да ги санираат загадувачите од водната средина. Поседуваат уникатни својства идеални за фиторемедијација, како што се: брз раст, висок капацитет на биоакумулација, способност да се деградираат или транформираат загадувачите, отпорност кон високите концентрации на загадувачите и др. Овие акватични растенија може да се применат, сè со цел да се овозможи обновување и зачувување на водните екосистеми.

За потребите на ова истражување учениците користеа свеж материјал на Водната леќа од видот *Lemna minor* која беше земена од водите на реката Вардар во с. Сиричино, Тетовско (сл. 3). Водната леќа формира воден тепих на голема површина од реката. Делот од речната вода каде што е земена водната леќа, е изложен на постојана сончева светлина (сл. 3).





*Сл. 3. Местото с. Сириќино, од каде е собрана Водната леќа*

Водната леќа од површината на водата се зеде внимателно, со помош на пластичен сад бидејќи доколку истата се земе со рака, таа ќе се залепи и задржи на самата кожа. Леќата се става во нејзиното природно живеалиште - речната вода, која е земена од истото место и се прочистува од можни нечистотии, со средството Хиперманган. Потоа, во четири садови се става исто количество на речна вода (200 мл), првиот сад се означува како контрола и во овој сад нема растенија на водната леќа, а во останатите садови се ставени по 10 растенија од водната леќа (сл. 4). Измерена е pH вредност на речната вода-контролата, која изнесува околу 5,5 (сл. 4).




*Сл.4. Контролна група (без растенија) и примероци на речна вода (со растенија)*

Водната леќа има потенцијал да ги апсорбира кадмиумот (Cd), бакарот (Cu) и оловото (Pb) од отпадните води, каде е докажано дека се потребни 31 ден. pH вредноста на водата и броење на растителните примероци се анализирани на 3, 10, 17, 24 и 31 ден.

**Резултати и дискусија**

Постојат два главни начини за мерење на квалитетот на водата. Еден од нив е да се земат примероци од водата и да се направи мерење на концентациите на различни хемикалии кои таа ги содржи. Ако хемикалии се опасни или концентрации се премногу големи, може да се сметаат дека водата е загадена. Ваквите мерења се познати како хемиски индикатори на квалитетот на водата. Друг начин да се измери квалитетот на водата вклучува испитување на риби, инсекти и други без'рбетници каде водата е нивно живеалиште. Доколку многу различни видови на суштества можат да живеат во реките, квалитетот на водата веројатно ќе биде многу добар, но ако во реката нема риби и живот за останатите водни растенија и животни, квалитетот е очигледно многу посиромашен. Ваквите мерења се нарекуваат биолошки индикатори на квалитетот на водата. Квалитетот на реката во изворишниот дел е непроменет и има карактеристики на I класа. По течението на реката Вардар квалитетот варира од II и III класа, што се должи на испуштање на непречистени комунални и индустриски отпадни води од населените места. Квалитетот на водата пред вливот на река Вардар е II класа. Едно од решенијата е изградба на пречистителна станица каде што фекалните и други отпадни води прво ќе се пречистат, па потоа ќе се испуштат во реката Вардар, која поради непостоење на пречистителни станици со години е високо загадена река. Изградбата и одржувањето на пречистителни станици претставуваат голем товар за буџетот на градовите. Индустриска вода која се испушта во близина на Општина Желино (Тетово), енормно ја загадува најголемата река во Македонија. На влезот од тетовскиот регион, водата на Вардар припаѓа во втора класа, додека на излезот од тетовско измерени се загадувања кои ја карактеризираат реката во петта класа.

Ефикасноста на отстранување на ова растение е оценета со набљудување на водата во текот на период од 3 -31 дена. За следење на експериментите користена е загадена речна вода со растенија и контролна проба, без растенија. Ефикасноста на отстранување варира од 3 до 30% во зависност од елементи. Растенијата се добро прилагодени за фиторемедијација, каде беа набљудувани загадувачи во водата како што се жива, олово, хром, бакар и цинк. Водната леќа има потенцијал да ги апсорбира кадмиум (Cd), бакар (Cu) и олово (Pb) од отпадните води, каде е докажано дека се потребни 31 ден. Истражувањето покажа дека водната леќа има способност за фиторемедијација, односно да отстрани хлориди, сулфати од отпадните води, каде квалитетот на водата беше оценета со анализа на физичко-биохемиски карактери – pH вредност. Беше забележано дека со зголемување на pH вредноста се јавува подобрување на квалитетот на водата. Ова се докажа со користење на лакмусова хартија како индикатор на pH средината. На почетокот на истражувањето pH вредност на речната вода беже 5,5, додека после 31 ден беше прочитано околу 8 pH вредност (сл. 5).





*Сл.5. pH вредност на почеток и на 31 ден од истражувањето*

*Сл.6 Број на Водна леќа (41 растение) на 31 ден*

Додека, зголемна стапката на раст на Водната леќа, дури до 30% беше постигнат по 21 ден на експериментот. Тоа се докажаа со мерење на бројот на Водната леќа (сл. 6). Поточно, направена е споредба на бројот на Водната леќа на почетокот со бројот на Водната леќа по 31 ден (граф. 6). Водата може обично да содржи 60 mg/l растворлив азот и 1 mg/l на фосфор. Отпадни води, кои често имаат соодветна концентрација на калиум и фосфор може да се користат за одгледување на водната леќа, но концентрацијата на азот треба да се прилагоди. Непречистените отпадни води имаат повисоки нивоа на концентрација на органски азот и амониум, а скоро и да не содржат нитрити и нитрати.




*Граф. 1. Број на растенија на свеж марерijал на Водната леќа (Lemna sp.)*

Иако оваа технологија, која е на својот почеток и сè уште се развива, благодарение на бројните истражувања и нејзина примена во пракса, обезбедува информации за параметрите на структурата, функционирањето и одржувањето на овие водени системи. Имено, една студија во Северна Дакота, САД, покажа дека со помош на водната леќа, за 15 дена околку 70% на арсен и 85-90% од Pb (NO3)2 се отстранети од отпадни води со почетна концентрација од 5 mg / l, што покажува дека водната леќа е ефикасна во третман на комунални и отпадни води. Додека, повисоките концентрации на олово доведува до намалување на релативната стапка на раст на водната леќа. Отстранетите растителни ткива, кои се богати со акумулирани загадувачи, се обработуваат лесно и безбедно со сушење, компостирање или согорување. Некои од металите може да се екстрахираат повторно од пепел, што уште повеќе го намалува создавањето на опасен отпад. Значи, комбинацијата од висока акумулација на металите и големото производство на биомаса, даваат најдобри резултати во отстранувањето на металите.

Експериментални истражувања покажаат, дека водната леќа е во можност целосно да го замени додаток на соја во исхраната на патки. Водната леќа може да се одгледува директно на фарма што резултира со ниски трошоци за производство. Затоа, со користење на ова растение како додаток во исхраната е многу профитабилно, од економска гледна точка.

Сушена, водната леќа е добра храна за добитокот. Таа содржи 25-45% протеини (во зависност од условите на раст), 4,4% масти, и 8-10% растителни влакна, мерено по сува тежина. Високи приноси на водната леќа, со висока содржина на протеини може да се постигне со внимателна контрола на условите за растење.

**Заклучок од истражувањето**

Креативноста е процес на добивање нови идеи, а иновативност е способноста за реализација на тие идеи. Креативноста е процес која вклучува создавање нови идеи, поими, или решавање на проблеми на креативен начин. Кембриџ програмата која се воведе во основното образование, нуди можности за креативно размислување и иновативна реализација на истражувачките активности. Учениците ги толкуваат резултатите, користејќи научно знаење и разбирање. Тимската работа е клучна за ваков вид пристап во наставата по Кембриџ. Почвата и водата загадени со тешки метали, денес, претставуваат голем еколошки проблем, кој има исклучително негативно влијание врз луѓето и животната средина и за кои е неопходно да се најде ефикасен и ефективен начин на т.н. зелената технологија. Третманот на отпадни води со користење на овие алтернативни системи, биоремедијација, денес претставува интересен пристап. Пред сè, се должи на ниската цена, едноставност, како и квалитетот на сè повеќе еколошки во споредба со другите техники за санација на полутантите. Овие еко-пријателски растенија се покажаа дека имаат способност да ги санираат загадувачите од водната средина Преку понатамошен развој на оваа технологија, во иднина овие еко – пријатели може да станат лидер во процесот на третманот на отпадни води и за обновување на водните тела.

Некои видови на водна леќа кои се користат во Азија, како додаток во исхраната, најчесто во супи и кајгана, можат да станат храна на иднината бидејќи се одличен извор на протеини, сметаат научниците од Универзитетот во Јена. Со ова растение, исто така се хранат птиците, инсектите, микроорганизмите и рибите, а споменатите научниците спровеле истражување на тема: Дали некои видови на водена леќа можат во иднина да му послужат на човекот како храна?

**Литература**


- Blaylock, M.J. and Huang, J.W. (2000): Phytoextraction of metals. In: I. Raskin and B.D. Ensley eds. Phytoremediation of toxic metals: using plants to clean-up the environment. New York, John Wiley & Sons, Inc., 53-70.
- Cunningham, S.D., Shann, J.R., Crowley, D.E. and Anderson, T.A. (1997): Phytoremediation of contaminated water and soil. In: E.L., Kruger, T.A., Anderson and J.R., Coats, eds. Phytoremediation of soil and water contaminants. ACS symposium series 664. Washington, DC, American Chemical Society, 2-19.
- DeBusk, W.F. (1999a): Wastewater treatment wetlands: Contaminant Removal Processes. Institute of Food and Agricultural Science, University of Florida, 5.
- Ensley, B.D. (2000): Rational for use of phytoremediation. In: I., Raskin and B.D., Ensley, eds. Phytoremediation of toxic metals: using plants to clean-up the environment. New York, John Wiley & Sons, Inc., 3-12.
- Gardea-Torresdey, J.L., Peralta-Videa, J.R., de la Rosa, G., Parsons, J.G. (2005): Phytoremediation of heavy metals and study of the metal coordination by X-ray absorption spectroscopy. Coordination Chemistry Reviews Vol. 249, No.17-18, 1797-1810.
- Kamal, M., Ghalya,A.E., Mahmouda, N., Cote, R. (2004): Phytoaccumulation of heavy metals by aquatic plants. Environment International 29, 1029– 1039.

- Kumar, P.B.A.N.; Motto, H. and Raskin, I. (1995): Rhizofiltration: The Use of Plantsto Remove Heavy Metals from Aqueous Streams. Environmental Science and Technology, 29, 5, 1239-1245.
- Matagi, S.V., Swai, D, Mugabe, R. (1998): A Review of heavy metal removal mechanisms in wetland. Afr. J. Trop. Hydrobiol. Fish., 8, 23-35.
- Prasad, M.N.V., Freitas, H.M.O (2003): Metal hyperaccumulation in plants - Biodiversity prospecting for phytoremediation technology. Electronic Journal of Biotechnology Vol. 6, No. 3, 225-321.
- Raskin, I.; Kumar, P.B.A.N.; Dushenkov, S. and Salt, D.E. (1994): Bioconcentration of heavy metals by plants.Current Opinion in Biotechnology, vol. 5, no. 3, 285-290
- Salt, D.E.; Smith, R.D. and Raskin, I. (1998): Phytoremediation. Annual Review Of Plant Physiology And Plant Molecular Biology, , Vol. 49, 643-668.
- Sekulić, P., Kastori, R., Hadžić, V. (2003): Zaštita zemljišta od degradacije. Naučni institut za ratarstvo i povrtarstvo, Novi Sad, 230.
- Šyc M., Pohořelý M., Kameníková P., Habart J., Svoboda K., Punčochář M. (2012): Willow trees from heavy metals phytoextraction as energy crops. Biomass and Bioenergy. 37:106–113.
- Zenk, M.H. (1996): Heavy metal detoxification in higher plants - a review. Gene 179, 21-30.

УДК 37.091.279.7
прегледен труд

# КОЛКУ ОЦЕНУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ Е ПОТРЕБНО И КАКО ТОА ВЛИЈАЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА НИВНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ И КРЕАТИВНИ ИНТЕРЕСИ И ПОТРЕБИ

**Валентина Петрушева**[1]
[1]ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип

**Апстракт**
– „За почеток не морате цело време да ги оценувате луѓето. Тие не мора постојано да бидат рангирани според некои вештачки стандарди. Рангирањето воглавно е бесмислено и само по себе штетно. Тоа нас не претвора во личности кои своите животи ги посветуваат на подобро рангирање, наместо да правиме работи кои се вредни и важни. Во основните училишта тоа е многу разорно, нешто што го увидов кога моите деца одеа во основно училиште. Уште во трето оделение се создава поделба на учениците на глупави и паметни. Замислете што значи тоа за децата. Тие тоа многу сериозно го разбираат, што е погубно за нив, а притоа нема никаква врска со образованието“, вели Чомски.
– Образование – тоа е развивање на сопствени потенцијали и сопствена креативност, смета Чомски.
**Клучни зборови**: образование, оценување, повратна информација, вреднување, имагинација, стандарди.

# HOW MUCH ASSESSMENT OF STUDENTS IS NEEDED AND HOW IT INFLUENCES THE DEVELOPMENT OF THEIR POTENTIALS AND CREATIVE INTERESTS AND NEEDS

**Valentina Petruseva**[1]
[1] Primary school “Braka Miladinovci” – Probistip

**Abstract:**
- "First of all, you don’t have to assess people all the time. People don’t have to be ranked in terms of some artificial standards. The whole idea [of ranking] is harmful in itself. It’s turning us into individuals who devote our lives to achieving a rank. Not into doing things that are valuable and important. It’s highly destructive at the lower grades. And it’s very harmful. I could see it with my own children by the time they were in third grade they were dividing up their kids into dumb and smart. Think of what that does to the children. It doesn’t matter where they’re tracked, the children take it seriously. If you’re caught up in that it’s just extremely harmful. It has nothing to do with education" says Chomsky.
- “Education is developing your own potential and creativity”, says Chomsky.
**Keywords**: education, assessment, feedback, evaluation, imagination, standards.

Оценувањето е составен дел од процесот на наставата и учењето со кое се обезбедува постојано следење на отстварувањата на пропишаните цели, исходи и стандарди на постигнувањата на учениците во текот на совладувањето на наставната програма.

Оценувањето како своја примарна цел го има подобрувањето на учењето кај ученикот. Наставниците оценуваат со цел да добијат информација за силните страни на учениците и да

обезбедат повратна информација која ќе биде во полза на напредокот на ученикот. Оценувањето во текот на целокупното образование служи да се добие реална проценка за тоа колку добро учениците ги задоволуваат барањата на наставните програми, односно нивните цели и задачи. Во текот на процесот на оценување, оценките се тие што ја одразуваат фактичката состојба за секој ученик посебно и стојат во завршниот документ – свидетелство на крајот на секоја заокружена учебна година.

Постигнувањата на учениците во текот на учебната година се следат на неколку начини, еден од нив е преку производи од страна на ученикот во вид на тест, писмена работа, а не ја вклучуваат тековната домашна работа која учениците ја извршуваат со цел да се подготват за наредниот час. Друг начин на оценување е преку усмени одговори и разговор на одредени теми поврзани со наставниот предмет, а третиот начин е преку набљудување на секој ученик за време на наставата.

Пред да се одлучи која оценка ја заслужува секој ученик, наставникот треба да земе предвид повеќе фактори на пр.:

- Целокупниот доказен материјал собран преку набљудување, разговори и ученички продукти – тестови, писмени работи, наставни листови, работа во групи, проекти и портфолио, итн.;
- Еднаквост за сите ученици преку утврдување дека сите тестови и писмени задачи се направени самостојно пред очите на наставникот;
- Домашните задачи само помагаат ученикот да го утврди своето знаење и вештините и да се подготви за наредниот час а не влегуваат во оцената по тој наставен предмет;
- Во оцената може да влезат и групни проекти изработени од ученици чиј допринос е оценет индивидуално и може да се разликува од заедничката групна оцена;
- Учениците кои не успеале да ги исполнат главните барања за да добијат позитивна оцена, можат на друг начин да надоместат за тоа но само преку лични заложби и придонес кон групната работа и сл.;
- Таквите „бонус“ поени не може да бидат пресудни кога ќе се пресметува конечната оценка во дневникот или свидетелството.

Учениците треба да разберат дека се одговорни не само за нивното однесување во училницата и училиштето воопшто, туку исто така и за обезбедување докази за нивните достигнувања во однос на совладувањето на целите и содржините од наставната програма во временска рамка и во форма специфицирани и одредени од страна на наставникот. Доколку ученикот задоцни во тоа треба да ги трпи и последиците. Секој наставник, врз основа на својата професионална проценка како и земајќи во предвид и некои специфични индивидуални околности одлучува како ќе го оцени ученикот и дали ќе го казни за неизвршувањето на задачите или одбивањето на соработка во вид на усмено излагање и конверзација за време на часот. Наставникот може да го поттикне ученикот да се соочи со неговите одговорности преку:

- Разговор со ученикот кој ќе помогне да се откријат причините за неговото неодговорно однесување;
- Помош за ученикот да ги развие способностите за намалување на времето за извршување на задачите, тестовите или писмените задачи;
- Да се земат предвид причините кои ги навел ученикот и да се обезбедат дополнителни инструменти за оценување на ваквите ученици.

Во нашите училишта се обидуваме кај учениците да развиеме интегритет, силна работна етика, одговорност, вештини за учење и работни навики потребни за успех Во процесот на оценување наставникот треба да развие стратегии кои се фер, транспарентни, еднакви за сите ученици, да ги поттикнува сите ученици па и оние со посебни образовни потреби. Тие стратегии треба да се внимателно испланирани и да се во согласност со наставната програма и целите и што е уште позначајно да соодветствуваат со интересите,

потребите и искуствата на учениците. Инструментите за оценување треба да се објаснат јасно пред учениците на почетокот на учебната година, да обезбедат повеќекратни можности за учениците да го покажат својот напредок во учењето; да обезбедат повратна информација која е јасна, полнозначна, специфична и која го поддржува напредокот и постигнувањата на учениците; да ги развиваат способностите за самооценување кај учениците со цел да им се овозможи да го следат нивниот сопствен напредок и учење и да преземат сопствени чекори во однос на нивното идно учење. Инструментите за следење на напредокот на учениците и нивното оценување треба да им помогнат на наставниците да ги одредат силните и слаби страни на учениците во однос на очекувањата од наставната програма по секој наставен предмет. Оценувањето всушност е процес на проценување на квалитетот на работата на ученикот врз основа на воспоставен критериум и вредност која треба да го претстави овој квалитет. Во текот на овој процес треба да се имаат предвид индивидуалните потреби на учениците на кои треба да се прилагодат инструкциите од страна на наставниците. Описното оценување може да биде вербално или во вид на пишан документ и треба да содржи јасна, полнозначна информација со недвосмислено укажување на насоките кои треба да се земат предвид со цел да се подобри ученикот. Наставниците го идентификуваат критериумот кој ќе го користат за да ги поттикнат учениците кон учење а оцената треба да го демонстрира степенот на нивното знаење и вештини. Оцените кои им се даваат на учениците треба да ги поттикнуваат учениците кон подобра работа, а не да ги дискриминираат, омаловажуваат или демотивираат. Секој ученик е индивидуа со посебни карактеристики, способност за учење, надареност и интереси. Во согласност со ваквата варијабилност кај учениците по однос на способностите и интересот за учење, критериумите за оценување треба да им помогнат на помалку надарените ученици да го совладаат наставниот предмет при што ќе се работи на зголемување на мотивацијата и интересот кон наставниот предмет преку некои нови, помалку традиционални методи кои се поблиску до менталитетот на учениците.

Принципите на оценувањето треба да ги содржат следниве карактеристики: објективност, релевантност, разновидност, инструктивност, јавност, редовност, благовременост и правичност. Крајните цели на оценувањето би биле: оспособување на ученикот за објективна проценка на сопствените достигнувања и достигнувањата на другите ученици, оценување без дискриминација и издвојување по било која основа, уважување на индивидуалните потреби, возраст, интереси и претходните достигнувања на учениците.

Еден од принципите на оценување е секако правичноста. Овде треба да се земат предвид родовите разлики, социо-економскиoѕт статус на семејството на ученикот, ученици со потешкотии во учењето, ученици на кои им е потребна јазична поддршка, ученици со пречки во развојот или инвалидитет, ученици од различни етнички групи и сл.

Како ќе ги процениме резултатите од учењето:

- Преку вештините за изразување и соопштување;
- Разбирање, примена и вреднување на научените постапки и процедури;
- Работа со податоци и работа со различни видови текстови;
- Уметничко изразување и други вештини поврзани со наставниот предмет кој се оценува.

Наставникот треба да состави критериуми според кои оценувањето ќе содржи неколку нивоа, главно основно ниво, средно ниво и напреднно ниво. Оценувањето треба да се одвива во неколку фази и тоа формативно, сумативно и дијагностичко оценување.

- Формативното оценување содржи редовно проверување на постигнувањата на ученикот во текот на совладување на училишната програма, содржи повратна информација како и препорака за понатамошен напредок на ученикот и се евидентира во педагошката евиденција на наставникот.

- Сумативното оценување претставува вреднување на постинувањата на ученикот на крајот на програмската целина или класификациониот период и по правило се евидентира во дневникот во вид на оцена и во документот за постигнувањата на ученикот во вид на бројчана оцена или описно.
- Дијагностичкото оценување обично се врши на почетокот на учебната година при што се оценуваа претходните постигнувања на ученикот по конкретниот наставен предмет и се користи за планирање на работата на наставникот и натамошно следење на напредокот на ученикот.

Во оценувањето може да се земат предвид поединечните постигнувања на ученикот преку презентации, истражувачка работа, дебата, оценување на групната работа за време на часот, оценување на групен проект како и оценување на портфолио. Портфолиото на ученикот треба да содржи: редовност, објективност, континуитет, самопочит, следење на успехот, поголемо ангажирање, барање решенија за проблемите, организирање на работата и откривање на идентитетот.

Потребно е да се користат различни методи и техники на оценување. На тој начин се зголемува мотивацијата, а за сметка на тоа се намалува анаксиозноста, акцентот се става на индивидуалноста, се отвараат поинакви перспективи во организирање на наставата, се зголемуваат постигнувањата и се оспособуваат учениците за самооценување, во конечната оценка влегуваат и оние аспекти до кои не допираат методоите на традиционалното оценување.

Ученикот треба одговорно да се однесува кон работата за време и вон наставата, да соработува со наставникот и со другите ученици и да покажува интерес и мотивација. На ученикот не смее да му се намали оцената поради неодговорен однос кон воннаставните активности или непримерно однесување во училиштето.

Добриот начин на оценување мора да е прилагоден на способностите на учениците, на содржините и критериумите и да содржи разновидност. Препораката на наставникот мора да биде кратка, конкретна, прецизна, јасна и мотивирачка. Таа треба да даде конкретна слика за тоа што има ученикот веќе совладано, да се истакнат сегментите во кои ученикот отстварил напредок, да се укаже на тоа што треба да се совлада во наредниот период, да се укаже на начинот на работа кој му одговара на ученикот. Само така ученикот може да се мотивира да одговори на целите кои се поставени со наставната програма за конкретниот наставен предмет и да ги користи своите креативни потенцијали за постигнување на што подобар успех по конкретниот наставен предмет. Наставникот треба да биде правичен, но и упорен да го заинтригира дури и најнезаинтересираниот ученик кој покажува најмала надареност по тој наставен предмет. Тоа е можно само преку поттикнување, коректно и љубезно однесување со што на ученикот ќе му всади интерес и љубов кон наставниот предмет. Повратната информација во ваквиот случај би била вредна за трудот што наставникот ќе го вложи во овој ученик. Најголемата и најважна цел што наставникот се стреми да ја постигне е „учење заради знаење, а не заради оцена“, за која повеќето наставници ќе се сложат е многу тешко отстварлива но секако не и недостижна.

**Литература**


- J. B. Canning Source: The Meaning of Student Marks, The School Review, Vol. 24, No. 3 (Mar., 1916), pp. 196-202 Published by: The University of Chicago Press
- - Woodfield Angela, Assessment for Learning and Teaching in Primary Schools, 2008, Paperback

УДК 37.015.3:005.32]:159.953
прегледен труд

# МОТИВАЦИЈАТА И УЧЕЊЕТО

**Веска Влахова**

**Апстракт**

Треба да се знае дека за успешно учење, како и за секоја друга активност, личноста која учи треба да има: Способност за учење (интелектуални, умствени и психофизички сили); Да поседува основни познавања, умеење и навики;Да биде мотивирана, да чувствува потреба да сознава, да учи, да сака да учи.Основната задача на училиштето (наставата) е да ги мотивира учениците, да ги поттикнува, развива и проширува нивните потреби и мотиви за учење, затоа што само добро мотивираните, односно, љубопитните ученици можат да бидат успешни во учењето.За подобро разбирање на мотивацијата за учење кај учениците во воспитно – образовниот процес и натамошното насочување на ученикот во наставата, потребно е да се научат основни нешта. Теоријата на Маслов;Една од најразработените и најпознати теории за мотивацијата за учење е и теоријата на А. Маслов. Како појдовна основа на неговата теорија се егзистенцијалните потреби на човекот воопшто и според него, овие потреби си имаат своја хиерархија.На самото дно се основните физиолошки човекови потреби за: спиење, дишење, храна, вода и други.На второ место се потребите за безбедност (сигурност – заштита на интегритетот на личноста), потребите да се биде сакан и потребен, потребата за себепочитување, компетентност и слично и на врвот од пирамидата се потребите за самоактуелизација и себеотстварување.

**Клучни зборови**: Мотивација, учење, поттик, образование, потреби, внимание, литература, ангажирање, народно творештво, традиција, историја, сегашност, иднина, знаење, умеење.

# MOTIVATION AND LEARNING

**Veska Vlahova**

**Abstract**

It should be known that for successful learning, as well as for any other activity, a person who learns must: have a learning ability (intellectual, mental and psychological forces); possess basic knowledge, skills and habits; and be motivated and feel a need to comprehend, learn, want to learn. The main role of school (teaching) is to motivate students to initiate, develop and expand their needs and motives for learning, because only well-motivated, or curious students can be successful in learning. To better understand motivation for learning among students in the educational process and further directing of students in the classroom, some basic things need to be learn. Maslow's theory: One of the most famous and elaborated theories of motivation for learning is the theory of A. Maslow. The starting point of his theory is the existential need of a human in general and, according to him, these needs have their own hierarchy. At the very bottom are the basic human physiological needs: sleeping, breathing, food, water, and others. The second is the need for security (security - protecting the integrity of the person), the need to be loved and needed, the need for self-respect, competence, etc. while at the top of the pyramid there is actualization and self-realization.

**Keywords:** motivation, learning, encouragement, education, attention, literature, engaging, folklore, tradition, history, present and future, knowledge, skills.

Етиката како наука во себе содржи аксиолошки елементи и затоа можеме да кажеме дека, освен филозофска, таа преставува и аксиолошка дисциплина. Вредностите се прв и суштествен елемент на етичкото живеење, мислење и дејствување. Тие ги претставуваат нашите стремежи, што сакаме да постигнеме, што ни се допаѓа, какво добро сакаме да ни се случи. Притоа, потребно е човекот како социјален субјект да има изградени јасни ставови и перцепции во однос на целите и задачите кои сака да ги постигне и на внимателен и суптилен начин да се стреми да ги реализира, вградувајќи ја , при тоа, сета своја позитивна енергија одејќи напред во решавање на своите поставени цели. Притоа, ако навистина неговата цел е оправдана , етички и морално чиста, треба да внимава и на средствата со кои би се служел за да стигне до својата цел.Впрочем, не постои возвишена цел ако до неа сакаме да стигнеме користејќи невозвишени средства. Ако сакаме енергијата што ја вложуваме во својата работа, во секојдневието да биде препознаена и вреднувана, потребно е да се чуваме од негативното, неафирмативното.Човекот секогаш тежнее кон вредности кои ги посакува, кои му годат и тие вредности ги почитува и ги бара.. Вредностите му помагаат на човекот да определи што е добро, покажувајќи му го вистинскиот пат во животот. Вредностите се нешто што вреди,нешто што има квалитет, што се смета за добро, што заслужува добра оценка и што треба да се следи. Вредностите се корисни и предизвикуваат задоволство во човекот. Тие се модел (образец) за моралот.

Вредностите се израз на суштината на личноста кои одвнатре ја водат личноста.
Вредностите си имаат своја вредносна скала. Има помалку значајни и повеќе значајни вредности во животот. Одредени вредности ги почитуваат сите луѓе, но има и помалку значајни вредности кои се избор на самиот поединец. Основната вредност е онаа вредност што човекот најмногу ја следи во своето однесување и оценување. Но, постои и највисока вредност (идеал), која е на врвот од скалилото на сите вредности. Во етиката се смета дека највисока вредност е:љубовта, мирот, толеранцијата, хуманоста, праведноста, почитувањето, достоинството, човековите права, а во последно време на вредносното скалило многу важно место зазема и чувањето на мајката природа (natura naturata)- животната околина.

Љубовта е најголемата човекова вредност, бидејќи таа како примарна вредност и најсилна потреба се препознава во семејството, ближните, пријателите, соработниците, соседите, нацијата и целото човештво. Втората човекова вредност е должноста, која на човекот му укажува да стори нешто што му е наложено, односно она што мора да биде сторено. Секој има обврска да го стори она што му е должност: сопружник, родител, работник, управувач, воспитувач, функционер, политичар, верник итн. Без љубов и извршување на должноста светот пропаѓа, умира и престанува да постои. Секоја вредност има своја спротивност (невредност). Ако вредноста сите ја посакуваме и фалиме, невредноста треба да се критукува и да се избегнува. Како невредност се сметаат: омразата, користољубието, војната, лагата, интригата, кодошењето, навредувањето и др. Сите горенаведени етички категории можеме да ги вреднуваме според етичка аксиолошка скала за позитивните и негативните вредности.
Денес постои верување дека оние општества кои имаат изграден систем на етички вредности имаа добра перспектива, а оние општества каде што нема изграден таков систем на вредности однапред се осудени на бесперспективност и пропаст, таму владее хаос, несигурност. Истото важи и за секоја индивидуа - поединец. Индивидуите кои се раководат од општествено прифатените норми и принципи се ценети и имаат подобар општествен статус од индивидуите кои се однесуваат според кодексот и правилата на општеството.

Должноста е едно од централните етички прашања. Поимот должност пред се е правна категорија, но има и длабока морална и етичка димензија. Правната димензија на должноста извира од законската обврска на човекот да постапува според однапред утврдени-

регулирани правила кои ги одредуваат нашите обврски, заштo во спротивно ќе се примени принуда (санкција). Моралната димензија на должноста извира од моралните принципи на секоја индивидуа што самата ги има прифатено како лична вредност. Должноста на секој човек во општеството произлегува од неговата општествена позиција. Човекот има разни општествени улоги: работник, родител, лекар, фармацефт, возач, наставник и слично.

**Толеранција во образованието**:

Толеранцијата е поим кој е тесно поврзан со етиката. Таа е столб на меѓусебно разбирање и почитување на различноста во општеството. Денес различноста е реалност на речиси секоја држава во светот. Нема ниту една држава во која не живеат различни етнички заедници кои ги негуваат сопствените културни и традиционални вредности. Основата на толеранцијата е токму постигнување единство во различностите Да се биде толерантен, значи да се води грижа за почитување на популацијата која е различна од нас во однос на : јазикот, религијата, националноста, културните вредности, местото на живеење во смисла на урбана и рурална средина. Како таква, толеранција е примарна етичка категорија, односно таа е една од поважните универзални етички вредности. Во неколку речници и енциклопедии, Лексиконот на странски зборови и изрази (Вујаклија, 1980) поимот толеранцијата е определен како попустливост, трпеливост кон туѓите сфаќања, иако не мора со нив да се сложуваме, особено за прашања на верата. Во Речникот на македонски јазик (Конески, 1986) за толерантен-тна се смета оној кој пројавува трпеливост кон туѓо мислење, став, карактер и сл. Толеранција во македонскиот јазик значи, трпи, поднесува некого или нешто. Во Речникот на УНЕСКО од 1995 година зборот толерантност значи трпење. Во Политичката енциклопедија толеранцијата (lat. tolerantia - трпеливост, попустливост, граници во кои се дозволени отстапки) во политичка смисла се однесува на трпеливост кон одредени разлики, особено на разликите во мислењето, обичаите, ставовите, верувањата и др.

Во образованието, пред сè, во основното образование, треба да се води грижа за почитување и примена на овие етички вредности и нивна реализација, втемелување како основно правило – кодекс на однесување и тоа најмногу од оние вработени кои и најповеќе се истурени во рамките на образованието и воспитанието, а тоа се наставниците. Сите вредности (љубов, должност, толеранција), кои како и другите луѓе ги посакуваме за себе, безрезервно треба да ги споделуваме со нашите ученици. Потребата во образованието за единство на образовните, функционалните и воспитните цели во реалниот воспитно – образовен процес не можат да се постигнат само еден вид на цели (само конгнитивни или само психомоторни), туку тие се испреплетуваат едни со други, дури и тогаш кога се вели дека во наставата се реализира образовната цел (функција, задача), а запоставена е воспитната (емоционалната). Не може да се смета дек учениците се однесуваат како „машини“, „автомати“, тие всушност воспоставуваат одредени односи помеѓу себе, одредени односи со наставникот и свој личен однос и став кон она што го учат (содржините и изворите од кои ги сознаваат). Веројатно чувствуваат сопствен однос кон содржините што ги учат – колку ги интересираат, дали ги учат со задоволство или ги учат затоа што мораат. Во тој процес на учење неизбежно е и прашањето какви односи се воспоставуваат, какви емоции се доживуваат. Дали воспоставените односи се соработнички, кооперативни, со меѓусебно почитување, разбирање и проследени со пријатни емоции, или, пак, односи на надреден – подреден, натпреварувачки и нефер односи или пак, процесот на усвојувањето на знаењата е проследен со негативни емоции – незадоволство, со чувство на страв од казна ако не се научи и слично. Учениците, иако свесно се ангажирани со решавање на задачи и со предавања и објаснувања од наставникот, во исто време доживуваат и одредени емоции и воспоставуваат одредени односи со субјектите – наставници. Дури и уште повеќе. Успехот во усвојувањето на знаењата во голема мера е зависен токму од емоционалните доживувања и односите што ги воспоставува

ученикот во процесот на наставата и учењето. Оној кој учи, се вклучува целосно во процесот на учењето, онаков каков што е, со своето воспитание, морални вредности (љубов, должност, толеранција), културните вредности од средината од која потекнува, националните и религиски чувства. При процесот на учење, со своите предзнаења, верувања, убедувања и ангажирање на своите умствени и физички сили, но и на своите емоции. Сите овие околности влијаат на примањето, усвојувањето, преработувањето на новите информации, сознанија и на начинот на кој ќе ги преработи, каков ќе биде неговиот однос кон нив.
Ако се задоволени физиолошките потреби и потребата за сигурност, се јавуваат и потребите за љубов, наклоност и припадност. За субјектот – ученик е многу важно да ги задоволи и овие потреби. Не треба да се чувствува отфрлено, осамено, жигосано, непотребно, неприфатено. Напротив, за неговиот правилен развој и напредок многу е важно и во семејството и во училиштето да се чувствува прифатено, сакано, добредојдено, но и тој така треба да се однесува кон останатите. Според Маслов, како возрасните, така и децата, имаат потреба за почитување која се состои од две компоненти: едната е потребата за сила, успех, чувство (дека може), верба во себе (самодоверба), и втората се желбите, потребите за престиж, авторитет, статус, слава, внимание, важност, достоинство и уважување. Доколку овие потреби бидат попречни и незадоволени, кај личноста се јавува чувство на помала вредност, незаинтересираност, слабост, затвореност, обесхрабреност итн. Затоа треба да се води грижа и за овие потреби на учениците.

Секој наставник секојдневно се наоѓа пред голем предизвик: како да ги мотивира своите ученици да учат добро, но тоа да го прават со задоволство и радост? Мотивацијата е сложен процес кој содржи два вида мотивација – надворешна и внатрешна. Надворешната мотивација подразбира дека ученикот е активен, се труди затоа што за тоа ќе добие награда, признание, ако успешно ја изврши задачата, или ќе биде казнет, прекоруван, ако е неуспешен во задачата.Во училиштето - позитивните оцени се награда, негативните – казна. Овде припаѓаат како позитивни: пофалбите, наградите, признанијата, и како негативни: казните, прекорувањата, навредите, погрдните зборови и слично. Добар пример за неповолното влијание на надворешната мотивација е класичниот начин на оценување во нашето образование во училиштата. При тоа се врши голем притисок кај учениците при што се развива негативна мотивација – страв од неуспех. Организацијата на наставата и учењето во нашите училишта во извесна смисла е таква што како да има премногу елементи на надворешна мотивација. Имено, наставниците премногу се сврени кон содржините, а помалку кон учениците како личности со сите индивидуални карактеристики. Тие брзаат да ги предадат „лекциите“, даваат одредени задачи преку кои ги остваруваат целите и преку оценувањето да ги утврдат нивото и квалитетот на знаењата. Во таквата раскажувачко – испрашувачка настава малку има вистинска мотивација. Не е неопходно целосно исклучување на надворешната мотивација. Предизвик е како надворешните поттици да се поврзат со внатрешните потреби на учениците.

Што се однесува до внатрешната мотивација од гледна точка на развојната психологија има поголема вредност. Внатрешно мотивираните личности се чувствуваат подготвени за она што го работат, сакаат тоа да го работат, веруваат во успешниот исход на задачата што ја добиле или што сами си ја поставиле. Имаат чувство дека владеат со ситуацијата, ја контролираат со сигурност и со самодоверба. Овие чувства на подготвеност и контрола над ситуацијата се многу важни и се од основно значење за успешно вклучување во наставниот процес. Ова особено важи за учениците од помала возраст. Ако сакаме кај учениците да се формира чувство дека можат, дека се способни и дека резултатите што ќе ги постигнат се последица на покажаниот интерес и вложениот труд, тогаш ним мора да им се овозможат прилики сами да го проверуваат своето знаење, редовно да добиваат соодветни информации за грешките и пропустите, но да добиваат и насоки како и на кој начин да ги надминат и

повторно да проверат без да бидат оценувани, но да бидат поддржани од наставникот во напорите и трудот што ги вложуваат.

Според моето скромно мислење, кога јас бев ученик во основно образование, работите не стоеја толку лошо. Од тоа образование кое многумина денес го критикуваат (критизираат), произлегоа бројни интелектуалци од разни области кои со својата стручност, подготвеност, умешност и знаење беа и сè уште се барани и признати низ целиот свет, на сите континенти и метрополи. Со својата извонредна работа ја прославија нашата татковина надалеку и нашироко. Навистина сметам дека на позитивните искуства од поранешното образование можат и смеат да се надоградат современите форми за работа, при тоа, да се внимава, да се води сметка за посебноста, чувственоста (сензибилитетот), историјата, фолклорот, традицијата и културата на граѓаните во Р. Македонија за да можат реформите во образованието да бидат што поуспешни.

Треба да го негуваме и чуваме нашиот македонски јазик. Зошто користиме терминологија од типот: фронтална работа, си имаме наш збор – просторна, поле на работа, индивидуална – поединечна, дијалошка – разговорна, интеграција – спојување. Блаже Конески рекол дека е потребно да усвојуваме зборови од туѓо потекло единствено и само доколку немаме соодветен збор или израз во нашиот македонски јазик. Во спротивно – на тој начин од една страна го осиромашуваме нашиот јазик, а од друга – го правиме неразбирлив со зборови од туѓо потекло кои се непотребно внесени бидејќи си имаме свои и притоа внесуваме збунетост кај читателската и образовна популација.

Улогата на наставникот е од големо значење за успешноста на воспитно – образовниот процес. Тој треба да пристапува поединечно кон секој од своите ученици. Со својата работа, посветеност, знаење и стручност, треба да ги спроведува, пласира целите и задачите имајќи постојано на ум дека врши одговорна, макотрпна, но и благородна дејност. Во својата област постојано мора да се надградува, унапредува, експерментира, користејќи широк спектар на форми и техники на работа во соодност со профилите и потенцијалите на своите ученици. Секогаш треба да мисли на иднината на учениците кои со своите потреби и приоритети еден ден ќе пораснат во зрели луѓе и ќе се вклучат во општеството и неговите општествени текови. Во однос на образованието не можеме да одиме по линија на помал отпор, во смисла дека (целта ги оправдува средствата), бидејќи, кон нашата возвишена цел, а тоа е образованието на младата популација мора и со сигурност треба да се служиме со возвишени средства, затоа што не постои возвишена цел до која се доаѓа со невозвишени средства.

**Литература**


- Поповски, К.(1997). *Психолошки основи на современата настава*; Скопје: Просветно дело.
- Поповски, К. (2000). *Програмирање на воспитно – образовниот процес,* Скопје: Педагошки завод на Македонија.

УДК 336.76-027.12 330.35:336.76-027.12
прегледен труд

# (НЕ)НАУЧЕНОТО ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ФИНАСИСКАТА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА И (МИКРО И МАКРО) ЕКОНОМСКИТЕ ДИСКРЕПАНЦИ

**Данче Николовска Вратеовска**[1]
[1]Комисија за образование, Совет на Општина Штип

**Апстракт**
Како резултат на сѐ поголемиот пораст на меѓународната трговија, технолошките иновации и либерализацијата на меѓународните движења на капиталот, доаѓа до сѐ позабрзана глобализација на меѓународните движења на капиталот. Слободната меѓународна циркулација на парите, капиталот, хартиите од вредност и девизите, се должи на разликите меѓу националните и меѓународните услови за прибирање и пласирање на финансиски средства. Овој труд преку научните методи на синтеза, статистичка анализа, систематизација, компарација, дедуктивност, индуктивност и историскиот метод; има за цел да ги опише генезата, еволуирањето и ефектите од процесот на глобализација и финансиска либерализација.
**Клучни зборови**: меѓународна трговија, иновации, меѓународно движење на капитал.

# GLOBALIZATION, LIBERALIZATION AND THE FINANCIAL (MICRO AND MACRO) ECONOMIC DISCREPANCIES

**Danche Nikolovska Vrateovska**[1]
[1]Commission of Education, Local Government, Shtip

**Abstract**
As a result of the increasing growth of international trade, technological innovation and liberalization of the international capital movements, There is also a faster globalization of international capital movements. The free international circulation of money, capital, securities and foreign exchange, are due to differences between national and international requirements for collecting and placing funds. Through the scientific methods of synthesis, statistical analysis, systematization, comparison, deduction, induction and historical method this paper aims to describe the genesis, evolution and effects of the process of globalization and financial liberalization.
**Key words:** international trade, innovations, international movement of capital

## Вовед

Економските агенти во потрага по диверзифициран ризик и поголемо оплодување на нивните средства, ги прошируваат своите граници на делување инвестирајќи и во странски финансиски средства. Големите меѓународни финансиски пазари се создадоа како резултат на рапидниот пораст на големината и значењето на меѓународните трансакции, кои беа насочени кон големите финансиски центри. Големината на формираниот капитал е толкава што овие центри под влијание на своите потреби, постојано ги рушат постојните шеми на финасирање и отвораат процес на континуирани иновации. Теоретските истражувања говорат дека основен катализатор на глобалните економски интеграции не беше меѓународната трговија, туку меѓународното движење на капиталот. Со напуштањето на фиксните девизни курсеви во седумдесетите години на XX век, финансиските текови (а како резултат на срушените

бариери за слободно движење на краткорочниот капитал), рапидно се зголемуваат. Процесот на глобализација на финансиските пазари подразбира учество на интернационални и мултинационални банки, обем на меѓународни трансакции што го надминува обемот на трговски трансакции, појава на секјуритизацијата, разнообразност и развиеност на операциите на финансискиот пазар, стеснување на каматните маргини заради зголемената конкуренција, остварување на наднационален мониторинг и супервизија на финансиските посредници, создавање на заеднички кредитни, корзоцијални и синдикални заеми, интензивна употреба на пропулзивна техника и технологија, непрекинато работно време, интегрирање на евровалутниот пазар со останатите светски пазари итн.

**Развојните фази на глобализациониот процес**

Може да се издвојат четири периоди – фази на глобализација:

- ***Прва фаза*** која започнува во средината на 60-тите години на 20-иот век кога се интегрираат хомогени земји во групации, експлозивно се развиваат меѓународните трговски односи, корпорациитите го интернализираат своето работење, зголемување на улогата на ММФ, Светска банка итн.
- ***Втората фаза*** ги одбележува 70-тите години кога се интензивираат финансиските односи, се зголемуваат платно-билансните дефицити, (кај земјите увознички на нафта) за сметка на суфицитите (кај замјите во развој-извозничките на нафта), зголемен увоз на капитал кај земјите во развој со дефицити во платните –биланси.
- ***Третата фаза*** е врамена во 80-тите години и е одбележана со проблемот на презадолженост на земјите во развој и репрограмирањето и рефинасирање на нивните долгови, се формираат азиските тигри како нови финансиски центри, се засилуваат процесите за изградба на европскиот монетарен систем итн.
- ***Четвртата фаза*** започнува во 90-тите години на минатиот век и трае до ден денес. Основна цел е целосна интегрираност на економските и финансиските односи на земјите членки на Европската Унија врз основа на една единствена валута-еврото.

**Карактеристики на глобализациониот процес на финансискиот пазар**

Големиот глобализационен бран на финансискиот пазар е карактеризиран со сѐ поголемо учество на банките на меѓународниот пазар на капитал. Банките своите активности можат да ги прошират надвор од матичната заемја преку градење на свои филијали во други земји, преку вршење на аквизиција-купување на странска банка или преку купување на пакет акции од странска банка. Сите банки кои се регистрирани во некоја од земјите членки на ЕУ, имаат право да отвараат филијали во земјите членки на ЕУ и сето тоа во рамки на интенцијата за создавање на единствен банкарски пазар во унијата. Во рамки на Европската економска заедница се гарантирани слободата на движење на капиталот, давањето на финансиски услуги и формирањето на финансиски институции. Обемот на меѓународните финансиски трансакции, надминувајќи го обемот на меѓународните трговски трансакции ги прави автономни меѓународните финансиски трансакции. Развојот на секјуритизацијата, се повисокото ниво на конкурентност, остварувањето на финасиска и капитална поврзаност на банките од различни земји, создавањето на интербанкарски депозити, се поголемото користење на пропулзивна, компјутерска техника и технологија, развојот на мултинационалното банкарство, експанзијата и интеграцијата на финансиските пазари низ светот се исто така обележја на процесот на глобализација.

**Разликите помеѓу националниот и меѓународниот финансиски систем**

Глобализираниот финансиски пазар, спореден со националниот се разликува според следниве најважни карактеристики:

- Тој е целосно наднационален и екстериторијален;
- Трговијата е дигитална, територијално и временски неограничена;
- Финансиските трговци се служат со наднационални кодекси на однесување и трговски правила;
- Доминираат моралните и етичките вредности, а не националните правни норми;
- Организиран е според правилата и принципите на глобалниот пазар.

*Табела бр. 3 Степени на меѓународна финансиска интеграција (во милијарди долари и %) низ неколку периоди*

| | Бруто фонд на странски средства и обврски | | | Бруто приливи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1980–84 | 1990–94 | 2000–04 | 1980–84 | 1990–94 | 2000–04 |
| Сите земји (милјарди долари) | 7,124 | 26,411 | 76,142 | 397 | 1,209 | 3,564 |
| Учество на странски директни инвестиции | 15.6 | 17.9 | 21.8 | 12.9 | 15.6 | 19.6 |
| Удел во капиталот од акции | 4.9 | 9.5 | 15.9 | 3.9 | 9.4 | 12.0 |
| Учество во долгот | 75.1 | 69.4 | 58.7 | 83.2 | 75.0 | 68.4 |
| Развиени земји (милјарди долари) | 6,100 | 23,969 | 69,441 | 325 | 1,008 | 3,260 |
| Учество на странски директни инвестиции | 16.1 | 17.9 | 21.4 | 12.3 | 13.9 | 16.9 |
| Удел во капиталот од акции | 5.5 | 9.9 | 16.5 | 4.4 | 9.0 | 12.1 |
| Учество во долгот | 74.8 | 69.7 | 59.8 | 83.3 | 77.2 | 71.0 |
| Земји во развој (милјарди долари) | 859 | 2,167 | 6,221 | 66 | 194 | 288 |
| Учество на странски директни инвестиции | 12.0 | 17.6 | 26.6 | 15.9 | 24.4 | 48.6 |
| Удел во капиталот од акции | 1.3 | 6.1 | 10.6 | 1.5 | 11.7 | 12.1 |
| Учество во долгот | 77.9 | 64.6 | 46.6 | 82.6 | 63.9 | 39.3 |

*Извор: Rogoff, Kenneth, M. Ayhan Kose, Eswar Prasad and Shang Jin Wei " Financial Globalization: A Reappraisal", IMF Staff papers, Vol. 56 Number 1, 2009*

**Диструбуцијата во процесите на финансиска либерализација и глобализација**

Глобализацијата треба да биде сфатена како процес којшто во современиот свет детерминира економско и финансиско интегрирање, преку рушење на економските и финансиските граници и забразана диференцијација помеѓу развиените и помалку развиените, со тоа и помеѓу богатите и сиромашните земји во светот.

Статистиките говорат дека во изминатите триесетина години прилично е зголемена нееднаквата дистрибуција на капиталот меѓу земјите во светот. Според едно истражување на Calvo, Guillermo и Carmen Reinhart, пропорцијата помеѓу петте најбогати и петте најсиромашни земји во светот во 1960 година била 30:1, а во 1997 година 74:1 и оваа разлика континуирано се продлабочува. Двесте најбогати луѓе во светот, во интревалот 1993-2000 година, го зголемиле своето богатство за повеќе од два пати. Тројцата најбогати луѓе на светот со својот капитал имаат повисок износ на средства, одколку БДП на четириесет и осум нејнеразвиени земји во светот. Кон крајот на 2001 година, петмина најбогати луѓе управуваат со околу 90% од светскиот БДП. Во светот 50% од светската популација живее со помалку од 700 американски долари per capita, 11,5% од населението во светот има 15 000 американски долари годишно. Сега едно просечно семејство во Африка троши помалку отколку што трошело пред 25 години. Над 1,2 милијарди луѓе живеат во апсолутна сиромаштија со дневен производ од 1 американски долар а 2,8 милијарди луѓе живеат со само 2 американски долари дневно. Околу 44 000 транснационални компании со околу 280 000 свои афилијации во светот заземаат врвни места во многу дејности, а над 90% од тие компании во основа се концентрирани во развиениот свет. Токму во оваа насока е и скептицизмот на нобеловецот за економија во 2001 година и поранешен главен економист на Светска банка – Joseph Stiglitz,

кој разочаран од глобалниот процес на транзиција на земјите кон неолиберален капитализам, ќе подвлече дека процесот на глобализација на начинот на кој е концептиран и на начинот на кој се реализира , не е за добробитот на сите земји.

**Заклучок**

Се смета дека финасиската глобализација би требало да доведе до унапредување на финсискиот развој и до капитални приливи од капитално-суфицитарните земји кон капитално-посиромашните земји. Отвореноста на националните економии за странски капитал и странски финансиски институции ја зголемува конкуренцијата на домашниот финансиски пазар. Но сепак, постои и црна страна на процесот на финансиска либерализација која предизвикува продлабочување на јазот помеѓу развиените и неразвиените земји, нееднаква дистрибуција на богатството на микро и макро економско ниво, може да доведе до позајмувачки бум иницproperly од капиталните приливи, како и брзо движење (прилив) на т.н. шпекулативниот капитал, кој по неговото (брзо - преку ноќ) оплодување па одлевање од земјите во транзиција и развој, може да остави своевиден пустош во истата. Слабата пруденциона супервизија и недостигот на експертиза во селекцијата и надгледувањето на заемобарателите, доведува до големи загуби на банкараските институции. Истражувањата покажуваат дека големите финансиски кризи настанале како резулат на создавање на монетарен вишок и заради неправилно функционирање на финансискиот систем (Николовска Вратеовска, 2015). Недоволно регулираниот финансиски систем може да предизвика нагло повлекување на капиталот од пазарите на земјите во развој и транзиција и ваквите напади на шпекулативен капитал продуцираат економски крах во тие системи. Токму затоа, многу светски економисти сметаат дека либерализацијата на капиталните сметки има важна улога во поттикнувањето на финансиските кризи во светот.

**Литература**


- Николовска Вратеовска, Д. (2015). *Економската стабилност низ призма на финансискиот систем*, НУУБ Гоце Делчев, Штип;
- Rogoff, K., M. Ayhan Kose, E.Prasad and Sh. J. Wei, (2009). *Financial Globalization: A Reappraisal",* IMF Staff papers, Vol. 56 Number 1.
- Calvo, G. (2005). *Crises in Emerging Market Economies: A Global Perspective,*NBER Working Papers *11305,* National Bureau of Economic Research, Inc.,2005.

УДК 376-056.26
прегледен труд

# АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО ВИДОТ

**Јадранка Јовева**[1]
[1]ООУ „Ванчо Прке“ Штип

**Апстракт**
Асистивната технологија е збирен назив кој вклучува асистивни, адаптивни и рехабилитациони средства за лицата со потешкотии во развојот. Асистивната технологија ги опфаќа апаратите, средствата и уредите кои учениците со потешкотии во видот ги користат за да ги завршат задачите кои не можеле без оваа технологија. Покрај тоа со асистивната технологија решавањето на задачата би било брзо, лесно и подобро. Адекватно одбраната и користена асистивна технологија може позитивно да влијае на децата со потешкотии во видот со што допринесува во нивното учење, самостојност и квалитет во животот и затоа е важно да наставниците и родителите да поседуваат елементарно познавање со работата на технологијата. Ваков Ресурсен центар за деца со потешкотии во видот има и во нашиот град(во ООУ „Гоце Делчев“) сѐ со цел на овие деца да им го олесни образованието како и стекнувањето на нови навики и вештини.
**Клучни зборови:** асистивна технологија, деца со потешкотии во видот (слабовидни, слепи), Брајово писмо, Ресурсен центар, специјален едукатор.

# ASSISTIVE TECHNOLOGY FOR VISUALY IMPAIRED CHILDREN

**Jadranka Joveva**[1]
[1]Primary School „Vanco Prke“ Stip

**Abstract**
Assistive technology is a collective name that includes assistive, adaptive and rehabilitative remedies for persons with developmental difficulties. Assistive technology encompasses appliances, means, and devices that students with visual impairment use to complete tasks that they could not do without this technology. In addition, with assistive technology solving a particular task would be quick, easy, and better. Adequately chosen and used assistive technology can positively influence children with learning difficulties, thus contributing to their learning, independence and quality in life, and it is therefore important that teachers and parents have elementary knowledge of the workings of such technology. Such a Resource Center for children with learning difficulties exists in our city (in Primary School "Goce Delchev") and it is aimed at facilitating these children's education and their acquiring new habits and skills.
**Keywords:** assistive technology, children with visual impairment (poor vision, blindness), Braille, Resource Center, special educator.

## Вовед

Асистивната технологија е „чадор“ поим што се однесува на секој продукт или технологија базирани на услуга што им овозможува на луѓето со ограничени способности од различна возраст, активност во нивниот секојдневен

живот, образование, работно место или слободно време. Производите на асистивната технологија може да им овозможат на лицата со попреченост остварување на дневните животни задачи, да им помагаат во комуникацијата, образованието, работата или рекреативните задачи, односно во суштина им помагаат на лицата во постигнувањето поголема независност и во подигнување на квалитетот на нивниот живот.

**Класификација на лица со оштетен вид**

СЗО дава најдобра дефиниција за оштетен вид. Кај нас ја има поделбата на два дела:

1.Слабовидни особи кои на болното око, со корекција или без корекција, имаат остаток на видот од 0,05 до 0,40;

2.Слепи особи се оние кои на болното око, со корекција или без корекција, имаат остаток на видот од 0,0 до 0,05. (Службен весник на Р. Македонија, бр. 30, 2000,1777).

**Карактеристики на децата со оштетен вид (слабовиди и слепи деца)**

Слабовидни деца за перцепција на околината освен преостанатите сетила го користат и преостанатиот вид, но им е потребно повеќе време. Според некои испитување слабовидите кога перцепират потребно им е 10 пати повеќе време додека го перцепираат предметот, од особите без оштетен вид. Перцепцијата кај слабовидните деца е сиромашна, непотполна и често фрагментарна.

Кај слепите деца основно ограничување е микро и макропросторт, а претставите и поимите за објективната стварност се неадекатни. Пред сè за овие деца за сознанието дека морето е големо и небото сино, првенствено зависи од креативноста и користењето на тифлопедагошки методи и средства. Во работата со овие деца посебно е важно да се активираат преостанатите сетила така што тие преку нив ја осознаваат објективноста. Потребно е на ваквите деца многу вербални објаснувања и многу повеќе изготвен материјал за работа. (Ајдински Љ.,Ајдиснки Г., Михаилов З.: Основи на дефектолошката теорија и практика, Скопје, 1999)

**Образование за деца со потешкотии во видот**

**Пишувањето кај ученик со оштетен вид**

Описменувањо на слепиот ученик е задача на тифлопедагогот. Слепите ученици користат специфичен прибор за пишување поточно Брајева машина, за пишување се користи посебно тврда хартија-брајева хартија. А ако е ученикот слеп и воопшто не може да користи печатен материјал, потребно е материјалот да биде во аудио верзија.

Слабовидните ученици за пишување користат обични бележници или бележници со јаки црти. Пишувачкиот прибор мора да остава јак траг. При пишувањето, како и кај читањето, слабовидните ученици, потребно е да се осигура адекватно осветлување. Ракописот на слабовидното дете е многу специфичен и графичкото обликување на буквите и уредноста во пишувањето често заостанува зад стандардите кои ги постигаат учениците со нормален вид. Треба посебно да се напомене дека слабовидните деца во пишувањето не ја постигнуваат брзината каква што ја имаат децата со норамелен вид, така што и за други активности им е потребно време. Така што овие ученици имаат потешкотии во техниката пишување.

**Читањето кај учениците со оштетен вид**

За можноста за образование на слепите заслужен е Француззинот Луис Браиле кој е слеп од раното детство 1825 година, тој го создал сам тактилното писмо за слепи, по него наречена Брајево писмо. Брајевата азбука се состои од шеми од 6 точки која се нарекува уште и шестоточка. Таа се состои од 2 страни со по 3 точки (лева и десна вертикала). Лева вертикала

се состои од прва, втора и трета точка, а десна 4,5,6 точка. Различаната комбинација на овие точки и шеми шестоточка се добива буква, бројка, интерпункциски знаци и сите знакови кои ги наоѓаме во писмо за особите кои гледаат. Брајевото писмо се пишува на хартија, а слепите особи читаат со допирање на кажипрстот од лево на десно. Просечната брзина на читање на Брајевото писмо е мала од брзината на читање на црн текст (потребно е повеќе време). За успешност на читањето посебно е важно степенот интелекталниот развој, осетливост на јагодиците на прстот, моторичка спретност, методата на поучување, увежбаност и сл.

Слабовидните деца го читаат црниот текст кои букви се зголемени според потребите на поединците. Поради оштетувањето на визуелната перцепција и дискриминација слабовидните ученици имаат потешкотии во читањето (потребно им е зголемени букви, оддалеченост помеѓу буквите, квалитетот на хартијата, осветлувањето, видот на клупата и сл.) читањето за слабовидните ученици осцилира, а понекогаш тоа се случува и во текот на денот. Слабовидните ученици меѓу себе се многу разликуваат во читањето и затоа на нив им е потребен индивидуален пристап. (Димитрова-Радојичиќ Д., Брајово писмо, Скопје, 2014)

Почетното гласно читање е целта за совладувањето на графичкиот систем и тихо читање во кое ученикот се оспособува за самостојно читање се применува и во наставата со ученици со оштетен вид. Треба да се има во предвид дека треба да се има повеќе време за читање со овие ученици. Предвидените активности и вежби кои се спроведуваат пред и после читањето на текстот во врска со разбирањето на неговата содржина е аналогно на вежбите кај слушањето на текстот и тие се применливи кај ученикот со оштетен вид.

Се препорачува овие ученици дел од вежбите што не ги завршиле во училиштето да си ги завршат дома затоа што имаат на располагање повеќе време.

**Методи и форми на реализација**

Во индивидуалната и групната форма за работа се користат методот на разговор, пример, објаснување и убедување, набљудување, раскажување, повторување, вежбање и демонстрација. Во самата работа со децата особено со помала возраст во самите активности како основен метод е играта така што тие преку неа стекнуваат знаења, умеења и вештини, правила на психо-физичко стимулирање на развојот, учење на емоции, правилно социјално и емоционално изразувње, изградување правилна слика за себе и за другите, поттикнување на самодоверба, развивање и формирање на волјата, регулирање на однесувањето и многу други значани цели се постигнуваат преку овој начин. Со децата од поголема возраст играта се намалува и се настојува да се поврзе со работата и учењето и е потребно да се стекнат елементарните работни навики за интелектуална работа: особено да се концентрира, систематски и самостојно да анализира, да врши класификација, поттикнување на логичното мислење и кон способноста за мисловни операции-анализа, синтеза и генерализација.

**Активности за реализација со слабовидни деца**

Активности за сензорен развој-развивање на визуелната перцепција (перцепција на слики, следење на слики во движење), вежбање на координација око-рака и сл.

Активности за моторен развој-практични вежби за развој на фината моторика и графомоторните способности (нижење на монистри, работа со боцкалки, работа со пластелин, цртање на прави, криви, коси линии во слободен и ограничен простор), а со некои деца се изведува вежби за психомоторна реедукација (вежби за доживување на гестикуларниот простор, координација на движењето, вежби за воочување и препознавање на ритамот и сл.).

Активности за когнитивен развој

- Усвојување и утврдување на основните поими за ориентација во просторот и времето
-Вежбање на помнењето со меморирање и репродукција на смисловен материјал (песни, приказни),

-Формирање на поими за предметите, нивно препознавање и групирање според определени својства,
-Стимулирање на логичното мислење (воочување на сличноста и разликите, класифицирање), формирање на поими и усвојување на предзнења за општествената, природната средина и математиката како и вежбање на правилна техника за учење и помош за совладување на наставните содржини.
Активности за социо-емоционален развој
Активности за потврдување и зголемување на самопочитта и самодовербата, како и позитивната слика за себе, како и контакт и комуникација со др. лица-врсници.

**Асистивна технологија**
Асистивната технологија ја олеснува наставната содржина на учениците со потешкотии во видот, затоа што преку неа се овозможува:
-стабилност, седење и подвижност,
-проценка за употреба на ученикот соодветно наставно помагало,
-вид,
-слух,
-достапност до компјутерот,
-моторни аспекти на пишување,
-пишување на текст,
-секојдневни животни активности и управување со апаратите,
-одмор и рекреација,
-помош во учењето-читање и математика.

**Асистивна технологија кои се користат кај деца со оштетен вид:**
-Очила,
-Лупа,
-Диктафон,
-Телевизија,
-Книги печатени со големи букви и адекватен контраст,
-Софтвер за зумирање на екранот,
-Зголемување на контарстот на екранот,
-Читач на екранот, читач на текст,
-Материјали печатени на Брајово писмо,
-Софтвер за преведување на Брајовото писмо,
-Зголемени или релјефни букви на тастатура,
-Брајова тастатура,
-Тастатура со големи тастери,
-Брајова машина.

Брајов принтер
Брајевиот принтер е принтер со механичка игла кој на соодветната хартија со адекватен формат и дебелина го испишува текстот на Брајово писмо со помош на Брајовиот софтвер.

Диктафон
Корисно е секој ученик со оштетен вид да употребува дикатфон на наставниот час. Ученикот може да сними делови од часот. Можат да се снимат текстови, белешки, дикатати што ученикот може да го користи дома или на часот за време на вежбање слушање или пишување.
Keys-U-See Large Print i Gorlo&Todt тастатурата се тастатури со големи тастери кои одговараат на потребите за децата со оштетен вид. Овие тастатури се со големи димензии, а

може да биде и со изразени контрасти со црно-бела и црно-жолта боја со големи тастери на кои се наоѓаат буквите, броевите и сите останати знаци кои се наоѓаат на стандардната тастатура.

Зголемувачи-лупи
За овие ученици за подобро читање е потребно адекватно осветлување каде што се потребни и разни зголемувачи-лупи. Тие можат да бидат фиксирани на клупата или самостојно, во зависност од различните облици и можностите за зголемување. Се користи во главно за време на читање на кратки текстови, гледање на слика, цртеж, графикон, табела и карта.
Електронската лупа може да биде самостоен уред или уред кој е поврзан со компјутерот. Кога е поврзан со компјутерот, го преведува текстот кој се наоѓа под лупата во електричен сигнал кој компутерот го препознава и тој текст се прикажува на мониторот. Контрсатот и големината на буквите можат да се зголемуваат во зависност од индивидуалните потреби на ученикот.

Брајов дисплеј
брајовиот дисплеј е уред кој е пластично куќиште на кој се наоѓаат два реда тастера и брајов ред. Брајовиот дипслеј го преведува текстот од компјутерот на Брајево писмо, така што зборовите кои ги гледаме на екранот се претвораат во Брајево писмо на Брајовиот дисплеј. Тастерите можат да се програмираат така што ја остваруваат однапред дефинираната работа (на пример со притискање на одреден тастер се отвара дефиниран фолдер, фајл).

Топлотен фузер
ZY Топлотен фузер е принтер за релјефно принтање. За овој принтер се користи посебна хартија со фломастер. Трагот што е оставен на хартијата со специјалниот фломастер по провлекувањето низ фузерот на одредена топлина станува релјефен, што овозможува особата со оштетен вид тактилно да го разбере цртежот или текстуалниот запис.

Брајова машина
Брајовата машина е наменета за слепите ученици (особи). Се состои од 6 тастери кои со нивна комбинација се добива буква од Брајовото писмо. Оваа машина со притискање на тастерите на кои има иглички и на хартијата (специјална за деца со потешкотии во видот, дебела хартија) остава траги во форма на ситни испакнати точки кои го даваат Брајовото писмо (збор, реченица, текст) по кое се куца.

Зголемувач за текст
Зголемувачот за тескт се користи кај слабовидни ученици како и кај деца што имаат рефракциони аномалии. Со ова на учениците ќе може да им се олесни визуелната перцепција со зголемување на текстот или сликата на екранот, исто може да се смени контарстот на сликата (црно-бела или во боја), како и поделба на текстот на делови (преку овој начин доста се олеснува и материјалот за читање кај децата со дислексија).

Џојстик
Џојстик-стандарден уред што претставува замнена за глувче, може да се користи со различни делови од телото (брада, лак, рака) и служи за контрола на покажувачот.

**Заклучок**
На крај наместо заклучок можеме да дадеме неколку основни насоки на кои се треба придржуваме за работа со вакви ученици:
-Ученикот со оштетен вид треба да седи во прва клупа;

-Да се извести за сите организирани промени што се случуваат во просторот (ако сме преместиле клупа, каде таа се наоѓа и сл.);
-Да се погрижеме ваквиот ученик добро да слуша. Содржината која ја пишуваме на таблата треба да се изговара гласно и ученикот да може да ѝ следи и да ги запишува соодветно земените белешки;
-При давањето насоки бидете конкретни, прецизни и кратки (наместо да го користеме зборот таму, овде треба да го употребиме зборот-пред тебе, покрај тебе и сл.);
-Понекогаш треба да му дозволеме да снима на диктафон на часот;
-При демонстрација треба да се користи предмети со релна големина;
-Да му се овозможи индивидуален материјал за поедини наставни единици;
-Да го провеaccording ученикот дали го запомнил тоа што го работиме;
-Да одвоеме време за индивидуална работа;
-Понекогаш треба да се провери уредноста;
-Да се вклучи во сите активности затоа што тој тоа го може.

**Литература**


- (file:///C:/Users/User/Downloads/ulogata_na_asistivnata_tehnologija_-_mk.pdf)
- (http://echo.com.hr/wp-content/uploads/2011/05/Prezentacija_suzana.pdf)
- http://bro.gov.mk/?q=mk/osnovno-obrazovanie-za-uchenici-so-posebni-potrebi
- 4.https://www.savez-slijepih.hr/hr/kategorija/integracija-ucenika-ostecenjem-vida-458/
- (Димитрова-Радојичиќ Д., Брајово писмо, Скопје, 2014)
- (Службен весник на Р. Македонија, бр. 30, 2000,1777)

УДК 376.091:616.853
прегледен труд

# УЧЕНИЦИ СО ЕПИЛЕПСИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Киро Јорданов**[1]
[1]ООУ „Славејко Арсов“ Штип

**Апстракт**
Инклузија значи дека сите луѓе во една заедница може да учествуваат во сите аспекти во животот како што се образованието, егзистенцијата, работата, активностите во слободно време и да водат живот по сопствен избор. Децата со посебни образовни потреби имаат право на инклузивно образование, исто како и сите други деца. Ова право на инклузивно образование на децата со посебни потреби е јасно формулирано во многу меѓународни образовни системи и спаѓа во универзалните човекови права. Инклузивниот модел на образование го зема во предвид и образовниот систем во Македонија. Како што е приредено во инклузивниот модел на образование, детето со посебни образовни потреби се вклучува во образованието без некој да се обидува да го „поправи“ или да го прилагоди на системот. Според инклузивниот модел на образование, сепак денес се поставуваат голем број на прашања во однос на инклузијата во училниците во Република Македонија како: Дали наставниците се подготвени, обучени и дали имаат услови во кои би подучувале на инклузивен начин?; Дали училиштата од редовното основно и средно образование се подготвени за инклузивна настава?; Дали сите ученици со посебни потреби се подеднакво адресирани? итн. Овде посебно ќе се обработи на проблематиката на учениците со епилепсија во образовниот систем. Колку наставниците или соучениците, па и стручната служба во училиштата се спремни да се исправат пред предизвикот на учениците со епилепсија? Колку се запознати и имаат храброст да ги адресираат овие ученици? Сепак, наставниците, педагошката служба, па дури и учениците мораат да бидат запознати со феноменот или проблематиката на епилепсијата, епилептични напади и како да реагираат кога еден таков ќе се случи во училницата. Мораат да се запознаат дека лицата со епилепсија не претставуваат никаква закана или проблем за нив; дека на тие лица им е потребна поддршка или помош; дека тие лица се дел од заедницата и мора да ги вклучат во животот на заедницата. Многу од лицата кои имаат епилепсија ја кријат нивната состојба само поради тоа што се плашат од стигматизација, неприфаќање и изолација, напротив, тие треба да бидат разбрани, прифатени и да им се помогне полесно и подобро да функционираат особено во училиштата кога учениците со епилепсија имаат најголема потреба од прифаќање и помош.
**Клучни зборови:** стигматизација, неприфаќање, изолација, епилептични напади, прифаќање, училишта, стручна служба, наставници, ученици.

# STUDENTS WITH EPILEPSIA IN THE EDUCATIONAL SYSTEM

**Kiro Jordanov**[1]
[1] "Slavejko Arsov" - Stip

**Abstract**
Inclusion means that all the people in a community can participate in all the aspects of life such as education, existence, work, free-time activities and leading a life of their free choice. hildren with special educational needs have the right to inclusive education, the same like all the other children. This right to inclusive education is clearly formulated in many international educational systems and

is a part of universal human rights. The educational system in Macedonia also takes into consideration the inclusive model of education. As it is provided in the inclusive model of education, the child with special educational needs should be included in the education without anyone trying to “fix” him/her or to adjust him/her to the system. Nevertheless, today a large number of questions are posed about inclusion in the classrooms in the Republic of Macedonia such as: Are teachers prepared, trained and do they have the conditions to teach in an inclusive way?; Are schools in the regular primary and secondary education ready to incorporate inclusive learning?; Are all the students with special needs equally adressed? etc. The issue of epilepsy in the educational system will be specially considered. How ready are teachers or their classmates, and social and educational professionals in schools to address the challenge of students with epilepsy? How informed and courageous are they to address these students? Nevertheless, teachers, pedagogical services and students should be familiar with the phenomenon or the issue of Epilepsy, epileptic seisures and how to react when one appears in the classroom. They have to know that people with epilepsy do not pose a threat or any problem to them; that those people need support or help; that those people are a part of our community and they have to be included in the life of the community. Many of the people with epilepsy hide their condition only because they are afraid of stigmatization, inacceptance and isolation; on the contrary, they should be understood, accepted and helped in order to function more easily and better in schools, when students with epilepsy have the biggest need for support and help.
**Key words:** Stigmatization, inacceptance, isolation, epileptic seizures, acceptance, schools, educational profesionals, teachers, students.

**Вовед**

Епилепсијата е позната уште од најстари времиња. Денес се сретнува доста често, подеднакво и кај женскиот и кај машкиот пол, се јавува во секоја доба, но најчесто во првите години од животот и во адолесценцијата. Епилепсијата претставува пароксизмално и транзиторно растројство на мозочните функции што почнува ненадејно, спонтано, престанува и покажува тенденција за повторување. Епилепсијата е група невролошки нарушувања карактеризирани со спонтани, повторувачки напади. Освен главоболки, епилепсијата е најчестата состојба што ја третираат невролозите. Моментално во светот има околу 60 милиони заболени од епилепсија. Во Република Македонија се смета дека има 25 000 луѓе со епилепсија, односно околу 1% од населението. Кај многу лица нападите се појавуваат во детството, во периодот од 15-тата година. Кај приближно 40% од лицата со епилепсија постои јасна абнормалност на мозокот, овие лица имаат симптоматска епилепсија. Кај другите, приближно 60%, лица со напади, мозокот изгледа комплетно нормален, овие лица имаат идиопатска епилепсија. Постојат повеќе видови епилептични напади, но сите тие можат да се поделат на големи напади и мали напади.



*Сл. 1 Што е всушност епилепсијата?*

**Причинители и лекување на епилепсијата.**
Најчести симптоми се:
- нападите – периоди на неправилна активност на нервите и мускулите, се основни показатели на епилепсијата; Тие значително се разликуваат;
- брзањето право напред и неколку секунди целосна неподвижност се обележја на мал напад;
- губење свест, ритмички грчења и инконтиненција се знаци на гранд мал напад што може да трае до 30 минути;
- непрекинато шлапкање со усните, бесполезни треперливи движења и чувство на одвоеност од околината може да укажувана епилептичен напад на темпоралниот резен(лобус);
- ритмичко грчење на дланките, стапалата или лицето, по кое често следи период на слабост или одземеност укажува на Џексонов (Jackson) напад;
-конвулзиите кај веќе болно дете од три месеци до три години, кои се последица на нагло зголемување на температурата се нарекуваат фебрилни конвулзии.



*Сл. 2 Мозочни промени при епилептичен напад*

Ако лицето кое никогаш немало епилепсија првпат добие напад е потребна лекарска дијагноза; причина може да биде и труење, мозочен удар или преголема доза на лек. Кај доенчиња со треска, конвулзиите можат да бидат знак на менингитис; веднаш треба да се побара медицинска помош. Ако нападите следат еден по друг, а на болното лице не му се враќа свеста; мозокот можеби останал без кислород - веднаш повикајте брза помош.

Епилепсијата или припаѓање, е тешко објасниво невролошко нарушување со многу симптоми, многу различни степени на тежина и нејасни причинители. Сепак, во сите случаи епилепсијата е последица на неправилни избивања на електричните импулси во мозокот - неправилно ослободување на електричните импулси во невроните. Неправилната електрична активност во мозочните клетки предизвикува карактеристични епилептични напади кои можат да се јават ретко или забрзано еден по друг.



*Сл. 3 Положба на телото при епилептичен напад*

**Причинители**

Поголем број случаи на епилепсија имаат непознато потекло. Понекогаш сепак се издвојува генетска основа, додека кај другите случаи може да се најде трага на породилна траума, труење со олово, вродени инфекции на мозокот, повреди на главата, зависност од алкохол или дрога или последица на органски болести.

Причинителите на нападите, исто така, доста се разликуваат.

Меѓу причинителите што можат да предизвикаат напад се вбројуваат одредени хемиски материи или храна, недостиг на сон, стрес, блескава светлина, менструација, некои лекови кои се издават на рецепт и без него и можеби, орални контрацептивни средства.

**Дијагностички постапки**

Подложувањето на лице на кое му недостига сон на електроенцефалографија (ЕЕГ) може да открие неправилни мозочни бранови карактеристични за епилепсијата, а со постапките на снимање, како што се магнетна резонанца (МРИ) или КТ, може да се открие телесна повреда која е можен причинител на нападот.

**Лекување**

Епилепсијата често може добро да се контролира со помош на лекови. Како мерка на претпазливоста на епилептичарот му се препорачува носење знак дека боледува од епилепсија, така што другите луѓе за време на напад да можат бргу да препознаат што се случува и да му дадат соодветна помош.

**Конвенционална медицина**

Во поголем број случаи зачестеноста и тежината на нападите може да се намали или целосно да се отстрани со редовно пиење лекови: придружните појави се разликуваат, но повеќето се лесни. Антиконвулзивите, што обично се препишуваат, вклучуваат фенитоин, фенобарбитал, валпроичнакиселина, карбамазепин и габапени.

**Алтернативни начини на лекување**

Епилептичарот никогаш не смее да решава самостојно за употребата на лековите, а лекарот би требало да биде запознаен со сите други начини на лекување кои ги презема, за да се избегнат последиците предизвикани од неспоивоста на различните лекови. Не постои замена за предностна на препишаната конвенционална терапија со лекови.

**Хомеопатија**

Во случај на препишаните конвенционални лекови да не ги контролираат во целост нападите, можеби ќе треба да се посоветува со хомеопат. Хомеопатските лекови можат да послужат како делотворен додаток на конвенционалните лекови, но не треба да се очекува резултат преку ноќ; хомеопатот ќе каже колку време ќе помине пред лекувањето да почне да дејствува.



**Психосоматско лекување**

Електроенцефалограмскиот биофидбек може да биде делотворен во промената на мозочните бранови кај епилептичарите поради спречување на нападите. Со инструкции, епилептичарите учат да ги надгледуваат сопствените мозочни бранови, следејќи ги на екран.

**Остеопатија**

Кога епилепсијата е веројатна последица на телесна повреда, кранијалната остеопатија или краниосакралната терапија може да помогнат; посоветувајте се со остеопат.

**Лекување дома**

- Редовно применувајте ги методите на биофидбекот, научени од стручно лице, за да ги избегнете епилептичните напади;
- Спијте доволно; премалку сон може да ја зголеми веројатноста за напад.

**Превенција**

Посветете внимание на храната и откријте ја околината или телесните и емоционалните знаци кои претходат на нападите. Вообичаено е, на пример, да се чувствувате вознемирени или одушевени неколку часови пред **гранд мал нападот**, па треба непосредно пред нападот да станете свесни за предупредувачката аура - можеби на вкусот или мирисот; тоа предупредување ќе ви овозможи да легнете навреме за да го избегнете паѓањето.

Во случаите во кои нападите се претчувствуваат преку мирисот, некои лица можат да ги елиминираат со вдишување силен мирис, како што е мирисот на лук или роза. Кога знаците што претходат на нападот вклучуваат потиснатост, раздразливост или главоболка, дополнителна доза на лекот (со лекарско одобрување) може да го спречи нападот. Во случај на Џексоновиот напад, цврстото стискање на мускулите од деловите на телото кои се грчат некогаш може да го запре нападот.

**Епилептични напади во детството**

Епилептичните напади се најчестиот симптом во педијатриската неврологија. Тие се извор на голема загриженост на родителите, особено кога се соочуваат со овој проблем за прв пат во домашни услови. Важно е да се потенцира дека во најголем број од случаите нападите се самоограничувачки и спонтано завршуваат без било какви долготрајни последици по детето.

**Епилептичен напад наспроти епилепсија**

Не секој епилептичен напад значи дека детето има епилепсија. Епилепсија не е специфична болест, туку во основа претставува тенденција, склоност за појава на повторувачки напади во одреден временски период. И кај децата, како и кај возрасните постојат голем број различни типови епилепсии, но земено општо нивната честота се движи околу 0,5 – 1% од општата популација. Наспроти ова, честотата на разни типови т.н. провоцирани епилептички напади (акутни симптоматски напади при инфекции, метаболни пореметувања, системски болести, трауми) е значајно поголема и изнесува 3-5%. Најчест тип на провоцирани напади, кои се јавуваат при покачена телесна температура се фебрилните конвулзии и тие не претставуваат епилепсија.

**Што се тоа не-епилептични напади?**

Од друга страна, во детството постојат и повеќе други состојби кои можат да имитираат епилептични напади бидејќи клиничката манифестација може да биле слична, но механизмот на нивното настанување е сосем различен и овие епизоди не се резултат на абнормална или ексцесивна електрична активност во мозочните неврони. Тука спаѓаат апноичните кризи (кризи на „зајдување“) кои се јавуваат најчесто по 6 месечна возраст, провоцирани од вознемиреност и плач, потоа рефлексни синкопи, бенигно пароксизмално вертиго, вазовагални атаки, бенигни миоклонии, разни феномени во тек на сонот и други.

**Како да се постави вистинската дијагноза?**

Бидејќи најголемиот број напади се случуваат во домашни услови, добар опис на нападот од страна на очевидците може да даде многу корисни информации. Околностите во кои се случил нападот, евентуалните предупредувачки знаци (аура), моторните или сензорните промени при нападот, текот и дистрибуцијата на промените - на пр. во кој дел од телото започнал еден моторен напад, каде се проширил, каква била реактивноста и состојбата на свеста на детето, типот на движењата, траењето, текот на опоравувањето по нападот (т.н. постиктална состојба), присуството на резидуални дефицити - на пр.: слабост во екстремитет, отежнат говор. Сето ова се значајни податоци корисни за поставување на правилна дијагноза кои можат да ги дадат само родителите. Следен чекор е педијатрискиот и невролошкиот преглед на детето, кои ќе откријат дали постои било каков невролошки дефицит или коморбидитет. Потоа се пристапува кон специфични иследувања, т.е. се реализира ЕЕГ преглед или електроенцефалограм. Ова е неинвазивно иследување кое нема никакви несакани ефекти, не е болно, може да се реализира кај сите пациенти вклучувајќи и новороденчиња. Служи за анализа на мозочната електрична активност и со него се утврдува локацијата на изворот на абнормалната електрична активност која довела до настанување на нападот. Кај некои деца е потребно снимање и во тек на сонот.

**Дали се потребни радиолошки испитувања ?**

Зависно од наодите од невролошкиот преглед и ЕЕГ прегледот, кај некои деца ќе треба да се реализираат и радиолошки иследувања, како МР на мозокот.

**Како се лекува епилепсијата во детството?**

Првиот епилептичен напад најчесто сè уште не значи дијагноза на епилепсија. За тоа се потребни барем 2 непровоцирани напади на растојание од најмалку 24 часа. По поставување на дијагнозата на епилепсија, се започнува фармаколошки третман во зависност од типот на епилепсијата или епилептичкиот синдром. Треба да се потенцира дека постојат голем број на различни типови на епилепсии и епилептични синдроми типични за одредени возрасни групи, кои имаат многу различна прогноза. Редовните невролошки контроли со цел да се одреди

најефикасниот тераписки протокол за секој индивидуален пациент и придржување на пациентот кон терапискиот план се основен предуслов за добар исход.

Кај над 60 % од пациентите со епилепсија, болеста станува активна во тек на детството. Добрата контрола на нападите е основен предуслов за остварување на развојниот потенцијал на секое дете со епилепсија.

**Епилепсијата може да биде пречка во учењето**

Во детската возраст најчесто се сретнуваат епилепсиите од типот на малите напади. Обично се јавуваат кон крајот на првата деценија на животот, а престануваат во текот на пубертетот. За малиот напад е карактеристично тоа што за кратко време детето губи свест (до 5 секунди), ја остава започнатата работа, се смирува и пребледува. Ако читало, за момент ќе престане со читање. Може да се случи и да падне доколку е во стоечка положба, доколку седи, главата му запаѓа.

Во потешкиот облик се јавува тресење на рацете и прстите, со јака мускулна вкочанетост. Големите напади се јавуваат исто така наеднаш, детето ги згрчува рацете, телото и нозете, јако ги стиска забите, се загледува во една точка, вика, пребледува и нагло паѓа. Може да се случи да се измокри. Нападот трае 1–3 минути, потоа запаѓа во длабок сон. Во случај на епилептичен напад, задача на наставникот е:

• да го придржи ученикот за главата, рамената или целото тело и така да го спречи да падне и да се повреди;

• да му овозможи да се одмори по поминувањето на нападот, ако е жеден да му донесе вода да се напие;

• ако детето се измокрило, дискретно да му помогне и да го одведе до тоалетот;

• на ученикот што имал напад да му ги скрати домашните задачи или потполно да ги изостави;

• ако по нападот продолжи со работа во одделението, да му се даде полесна задача со забавено темпо;

• ако се јави голем напад, треба да се потпре детето на наставникот, кој треба да го отпетла и доколку има гумен обрач или слично, да му го стави на детето в уста за да не го прегризе јазикот во текот на нападот; кога кризата ќе престане, детето треба да се стави во лежечка положба и да се покрие;

• на одење дома, на детето да му се обезбеди придружба со повозрасно лице бидејќи нападот може да се повтори и да се биде во блиска соработка со родителите и лекарите;

• на часовите по физичко воспитување да се ослободи од напорните вежби;

• да се води грижа детето редовно да ги зема лековите.



*Сл. 4 Епилептичен напад во училницата*

Мождните проблеми кај пациентите со епилепсија можат да бидат од различна природа: моторни, сензитивни, когнитивни, интраперсонални, интерперсонални, проблеми при грижа за себе, работни и за време на одмор/рекреација.

*Грижа за себе.* Лицата можат да доживеат минливи проблеми ако нападот е проследен со конфузија. Тие мораат повторно да ја научат задачата што ја научиле непосредно пред нападот.

*Третман во областа грижа за себе.* Подразбира активности за зголемување на вештините и задачите од дневното живеење, како што се пазарување, готвење, водење финансии и грижа за лековите.

*Работни активности.* Лицето може да има тешкотии при добивање возачка дозвола доколку нападите не можат да се контролираат. Некои работи е невозможно да се остварат или се незаконски, што зависи од зачестеноста на нападите и од ефикасноста на медикаментозниот третман. Исто така, лицето може да има слаби академски референции поради често отсуство, чести напади и неоткриени проблеми на перцепција и учење.

*Третман во подрачјето на работните активности.* Треба да ја зголеми способноста за барање и пријава за работа, како што е интервјуирање и пополнување молби. Потребно е да се развијат работни навики преку симулација на работни активности и волонтирање и да се истражат интересите за работа и вештините.

Текот и прогнозата на децата со напади зависи од етиологијата, видот на нападот, возраста на која започнале нападите, како и фамилијарната историја. Лицата со епилепсија се способни да го организираат и да го следат временскиот распоред на активности и задачи и да се носат со стресни ситуации. Лицата со епилепсија издвојуваат напредок во социјалните вештини, вештини од секојдневниот живот и во изведување продуктивни активности. Покажуваат напредок во учество во слободните активности.



*Сл. 5 Прва помош за лица со епилептичен напад*

**Епилептичари во образованието – примери**

Секојдневно се среќаваме со луѓе кои имаат епилепсија, но малкумина од нив се подготвени да зборуваат за нивното секојдневие и како таа има повлијаено на нивниот живот, сепак доколку проверите на интернет можете да најдете безброј сведочења за тоа како системот ги прифаќа или неприфаќа и колку сериозно се работи на нивната проблематика.

• Бидејќи страда од епилепсија, Село, млад човек од Јужноафриканската Република, не можел да посетува редовна настава на училиште. Израснал без образование и без лекови за епилепсија.

• Триесет и двегодишната Билјана Петковска од Битола од 3-та до 14-та година од животот, во текот на основното образование, имала епилепсија, но и непријатно искуство.
- Наставниците и педагозите не сакаа да преземат одговорност, ги убедуваа родителите дека треба да учам во специјално училиште. Но, за среќа, родителите не подлегнаа на притисоците, зашто јас можев нормално да посетувам настава. Така и беше. Сега немам епилепсија, но порачувам дека односот треба да се смени уште во образовниот систем, па и средината да ја покаже поддршката - вели Петковска.

**Заклучни согледби**

Очигледно е дека непознавањето и неинформираноста за проблематиката со епилептичните ученици може да предизвика големи последици најмногу кај учениците и луѓето со епилепсија во образовниот систем. Затоа е потребно една темелна работа на подучување на наставниците, стручните работници во училиштата и учениците за да се оформи однос на прифаќање и да се обучат за давање на помош и поддршка пред сѐ на учениците. Инклузивната во училиштата, за жал, најчесто не ги зема во предвид учениците со дислексија поради непознавање или дури страв од таа состојба. Основните информации кои се наведени во трудов само ги допираат проблемите, но сепак се почеток за секој заинтересиран наставник или педагошката служба која сака да направи промена во животот и учењето на учениците кои имаат проблем со епилепсија.

**Литература:**


- Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби, авторски тим: Ардијана Исахи-Палоши и др., Скопје : Британски Совет во Македонија, 2014.
- Специјална едукација и рехабилитација - Гласило на сојузот на дефектолози на Република Македонија, Сојуз на дефектолози на Република Македонија, април 2014, број 4, година III.
- http://epilepsijamakedonija.mk/archives/1298
- https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%95%D0%BF%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BF%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0
- https://acibademsistina.mk/health/index.php/familijarno-zdravje/detsko-zdravje/726-epilepticni-napadi-vo-detstvoto.html
- http://lekarinfo.mk/index.php/bolesti/nevrologija/881-epilepsija
- http://nmd.com.mk/selectedarticle.aspx?cid=7446&scID=2134&l=63
- https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/102013366
- http://novamakedonija.com.mk/NewsDetail?title=%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81-%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%B5%D0%BF%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BF%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0&id=1928f314-745e-419d-8cbb-df95448b7382
- http://www.mia.mk/Mobile/mk/Home/RenderSingleNews/256?newsID=133627375
- http://epilepsijamakedonija.mk/archives/3617
- http://tv21.tv/mk/?p=88663

- http://epilepsijamakedonija.mk/%D1%84%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D0%BF%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BF%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D0%BF%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D0%BF%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B8%D1%82
- **http://www.nmd.mk/selectedarticle.aspx?cid=7446&l=63&scID=2134#cpage=4**

УДК 330.341:005.94
прегледен труд

# ИНВЕСТИРАЊЕТО И МЕРЕЊЕТО НА ЕКОНОМИИТЕ БАЗИРАНИ НА ЗНАЕЊЕ

**Данче Николовска Вратеовска[1], Дарко Јаковлески[2], Слаѓана Костадиновска[3]**
[1]Министерство за финансии, Управа за јавни приходи; Совет на о. Штип,
[2]Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, [3]Министерство за финансии, Управа за јавни приходи

**Апстракт**

За разлика од традиционалното перцепирање на економијата, како наука за правилна алокација на ретките и ограничени ресурси, новата економија базирана на знаење се фокусира на знаењето и на изобилството на информации и идеи, коишто заеднички се користат и се кумулираат и за кои е потребен определен иницијален квантум на знаење, со цел селективно и наменски да се употребуваат. Основен двигател на растот во економијата базирана на знаење е знаењето, а истото претставува сублимат од севкупните технолошки и научни сознанија. Овој труд, преку користење на историската компаративна анализа, индуктивниот и дедуктивниот метод, моделот на анализа на трендот, има за цел: да ја анализира структурата и висината на основните индекси за мерење на создавањето и користењето на знаењето; како и инвестициите на различните економии во капитал базирани на знаење; при што, на крајот прави фокус на состојбата во Р. Македонија.
**Клучни зборови**: економија, знаење, информации, идеи, технолошки и научни сознанија.

# INVESTING IN AND MEASURING KNOWLEDGE-BASED ECONOMIES

**Danche Nikolovska Vrateovska[1], Darko Jakovleski[2], Slagjana Kostadinovska[3]**
[1]Ministry of finance - Public Revenue Office, Municipal Council – Shtip, [2] Ministry of finance - Public Revenue Office, [3]Ministry of finance - Public Revenue Office

**Abstract**

Unlike the traditional perception of economy as the science of proper allocation of scarce and limited resources, the new knowledge-based economy focuses on knowledge and abundance of information and ideas that are jointly used and accumulated, and which require a certain initial quantum of knowledge in order to be selectively and purposefully used. The basic engine of growth in knowledge-based economy is knowledge, and it summarizes the overall technological and scientific knowledge. Through the use of comparative historical analysis, inductive and deductive method, and the model of trend analysis this paper aims: to analyze the structure and amount of basic indices for measuring generating and using of knowledge, and investments of various economies in capital based on knowledge; wherein it focuses on the situation in the Republic of Macedonia.
**Key words**: economy, knowledge, information, ideas, technology and scientific knowledge.

## Вовед

Знаењето во 21 век стана најсилна компаративна предност на секоја растечка економија. Економскиот раст базиран на знаење опфаќа широк спектар кој вклучува: вештини на вработените, менаџмент, know-how, бази на податоци, дизајн, бренд и различни форми на интелектуална сопственост. Токму затоа Светската банка во изминатиот половина век го

таргетира знаењето како  нераздвоив дел од својата мисија. Банката е во интеракција со своите клиенти и преку најразлични партнерства, користење на експериза и технолигии, создава нови пристапи за справување со развојните предизвици во функција на постигнување на нивните економски и социјални цели и намалувањето на сиромаштијата.

*Табела бр. 1: Глобалните расходи за основните производи на знаењето од 2002 до 2010 година*

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **знаење за клиенти** | **214146** | **255352** | **264121** | **297914** | **301349** | **306979** | **343472** | **384486** | **444448** |
| економија и сектор работа | 110832 | 142771 | 142771 | 163464 | 163068 | 157724 | 162753 | 169622 | 183596 |
| техничка подршка | 56286 | 56817 | 50256 | 62773 | 81200 | 93362 | 125627 | 156409 | 195081 |
| процена на влијание | 0 | 0 | 0 | 0 | 1191 | 2817 | 4626 | 8890 | 11195 |
| обуки за надоврешни клиенти | 47027 | 55764 | 71095 | 71705 | 55889 | 53177 | 50465 | 49565 | 54575 |
| **знаењето како јавно добро** | **34348** | **39161** | **40488** | **42065** | **42712** | **46955** | **50506** | **55031** | **62258** |
| истражувачки сервиси | 22523 | 25113 | 24643 | 25920 | 26522 | 27919 | 28293 | 32958 | 35273 |
| глобален мониторинг | 8212 | 9375 | 11523 | 12934 | 13187 | 15101 | 17043 | 16780 | 18558 |
| извештај за светскиот развој | 3613 | 4674 | 4322 | 3211 | 3003 | 3935 | 5170 | 5293 | 8427 |
| **знаење за интерно користење** | **53824** | **49772** | **60530** | **75093** | **87295** | **88247** | **91282** | **90772** | **99154** |
| менаџмент на знаење | 39204 | 35281 | 45099 | 58368 | 64875 | 67200 | 75794 | 76098 | 81443 |
| развој на нов производ | 14620 | 14491 | 15431 | 16725 | 22420 | 21047 | 15488 | 14673 | 17711 |
| **вкупно** | **302317** | **344285** | **365139** | **415100** | **431355** | **442181** | **485259** | **530289** | **605860** |
| клиентски буџет (ја вклучува и школарината) | 1249160 | 1457771 | 2558531 | 2041880 | 1894724 | 1848673 | 1972143 | 1809889 | 1955579 |
| трошоци за знаење /клиентски буџет во % | 24,2 | 23,6 | 14,3 | 20,3 | 22,8 | 23,9 | 24,6 | 29,3 | 31,0 |

*Извор: Business Warehouse, World Bank data base*

**Мерење на создавањето и ползувањето на знаењето (KI and KEI Indexes)**

Со цел системски да се измерат перформансите на државите во однос на тоа колку се способни да создаваат знаење и истото да го користат како ресурс на развојот науката издиферинцирала неколку индекси. *Индексот на знаење (KI)* ја мери способноста на земјата да генерира, усвојува и дифузира знаење. Тоа е параметар на целокупниот потенцијал за

развој базиран на знаење во одредена земја. Методолошки, индексот на знаење е аритметички просек на оценките од нормализирана изведба на трите клучни варијабли на една земја или регион: едукација и човечки ресурси, системот на иновации и информатичка и комуникациска технологија (ICT).

*Индексот на економија заснована на знаење (KEI)* мери дали и колку средината е погодна за знаењето да се користи ефикасно во полза на економскиот развој. Тоа е агрегатен индекс, кој се пресметува врз основа на просекот на оценките од нормализирана изведба на една земја или регион на сите 4 варијалбли поврзани со економијата на знаењето - економски поттик и институционален режим, образованието и човековите ресурси, системот на иновации и ИКТ. Економскиот поттик и институционалниот режим во себе ги вклучуваат мерките за тарифни и нетарифни бариери, квалитетот на регулативата и владеењето на правото. Образованието и човековите ресурси во себе ги инфилтрираат просекот на години на школување, запишувањето во средно образование и запишувањето на факултет. Системот на иновации во себе ги вклучува приливите и одливите по основ на лиценци и такси, број на доделени патенти и трговски марки и број на објавени научни ио технички статии. Притоа овие променливи се анализираат и во апсолутна и во релативна смисла. Информатичките и комуникациски технологии (ICT) се мерливи преку број на телефони на 1 000 луѓе, број на компјутери на 1 000 луѓе и број на интернет корисници на 1 000 луѓе.




*Графикон бр. 1: Структура на индекси на знаење*
*Извор:http://econ.worldbank.org/WBSITE/EXTERNAL/EXTDEC/EXTRESEARCH/EXTPROGRAMS/EXTADEPT/0,,menuPK*

Мерено преку гореопишаните индекси, подолупоместената табела ја илустрира положбата на Македонија на 63-то место, во однос на високоразвиените и напредни економии, но и во однос на земјите од регионот.

*Табела бр. 2 Индекси на економија базирана на знаење (KEI) и индекси на знаење (KI) по земји во 2008 година*

| | KEI | KI | Економски интензивен режим | иновации | образование | ICT | Ранг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данска | 9.58 | 9.55 | 9.66 | 9.57 | 9.80 | 9.28 | 1 |
| САД | 9.08 | 9.05 | 9.16 | 9.45 | 8.77 | 8.93 | 9 |
| Германија | 8.87 | 8.83 | 8.99 | 9.00 | 8.46 | 9.04 | 14 |
| Јапонија | 8.56 | 8.84 | 7.71 | 9.15 | 8.71 | 8.66 | 19 |
| Словенија | 8.25 | 8.29 | 8.11 | 8.31 | 8.24 | 8.33 | 22 |
| Чешка | 7.83 | 7.70 | 8.23 | 7.60 | 8.11 | 7.39 | 29 |
| Хрватска | 7.19 | 7.19 | 7.16 | 7.54 | 6.44 | 7.61 | 39 |
| Бугарија | 6.80 | 6.73 | 7.01 | 6.43 | 7.42 | 6.33 | 41 |
| Русија | 5.40 | 6.69 | 1.55 | 6.89 | 7.09 | 6.08 | 49 |
| Бразил | 5.57 | 6.00 | 4.30 | 6.07 | 5.84 | 6.08 | 55 |
| Турција | 5.61 | 5.14 | 7.02 | 5.67 | 4.38 | 5.38 | 56 |
| Јужна Африка | 5.55 | 5.47 | 5.81 | 6.92 | 4.51 | 4.98 | 57 |
| **Македонија** | **5.33** | **5.23** | **5.61** | **4.76** | **4.87** | **6.06** | **63** |
| Кина | 4.35 | 4.46 | 4.01 | 5.12 | 4.11 | 4.16 | 77 |
| Албанија | 4.04 | 4.08 | 3.91 | 3.10 | 4.94 | 4.20 | 83 |
| Индија | 3.12 | 2.94 | 3.67 | 3.97 | 2.26 | 2.59 | 100 |
| Босна и Херцеговина | нема податок | нема податок | 4.24 | 3.29 | n/a | 5.33 | 135 |
| Србија и Црна Гора | нема податок | нема податок | 3.46 | 4.85 | n/a | 5.59 | 136 |
| Замбија | нема податок | нема податок | 2.97 | 2.37 | n/a | 2.03 | 140 |

*Извор: World bank data base (2010)*

**Земјите и нивоата на инвестиции во капитал базиран на знаење**

Историската трендовска анализа на податоците за инвестиции во капитал базиран на знаење покажуваат дека истите со текот на времето имаат тренд на пораст, а компаративаната анализа помеѓу соодносот инвестиции во физички капитал/БДП и инвестиции во капитал базиран на знаење/БДП покажува дека вториве во некои земји се поголеми од инвестицииите во физички капитал.




*Графикон 2: Инвестиции во капитал базиран на знаење во 2011 година*
*Извор: OECD (2013) "Raising the Returns to Innovation: Structural Policies for a Knowledge-based Economy", OECD Economics Department Policy Notes, No. 17 May 2013, p. 3*

Податоците презентирани на графичкиот приказ илустрираат дека САД и Јапонија се лидери и инвестираат двојно повеќе во капитал базиран на знаење во споредба со Италија или над пет пати повеќе во споредба со Грција. Во *САД* во текот на 2009 и 2010 година и покрај глобалната економска криза инвестициите во иновации и истражувања останаа владин приоритет. Во 2006 година, 44% од сите статии кои се однесуваат на истражувања во наука и технологија објавени во индексирани списанија, вклучуваат најмалку еден американски автор. Исто така, од првите 25 високо образовни институции рангирани од страна на Шангајскиот институт во 2008 година, 19 се од САД. И покрај тоа, во 2009 година констатиран е пад на побарувачката за истражувања и развој кај најголемите фирми-побарувачи од 5% до 25%. Во 2010 година, федералната влада на Канада донесе голем број на нови мерки во насока на поттикнување на истражувањето. Истите вклучуваат постдокторски стипендии како и повеќе општи финансирања за грантови и регионални иновативни кластери. Значителен дел од овие финансирања се наменети за истражување на честички и нуклеарна физика, како и на новата генерација на сателитска технологија. Јапонските производители традиционално се најдобри во постојаното подобрување на производствените процеси и во акумулирањето на know-how во рамките на нивните институции а како реултат на брзата експанзија во соработката на релација универзитети-индустрија. Иако Европската унија *е* светски лидер во објавувањето на научни публикации, истата тендира да ги зголеми средствата за истражување, развој и иновации и да го реформира универзитетскиот систем со цел да се подобри квалитетот на истражувањето што имплицира создавање на голем број мултилатерални европски агенции и програми, како што се Европската организација за нуклеарни истражувања (CERN), Програмата за истражување и технолошки развој, Европската фондација за наука, Европскиот институт за иновации и технологија и Европскиот совет за истражување. Побарувачката за истражување и развој и стручен кадар останува ниска во сите земји од регионот со исклучок на Словенија (UNESCO, 2010).

**Инвестирањето во знаење во Р. Македонија**

Образованието и научно истражувачката работа се основните институционални канали за создавање и кумулирање на знаење и човечки капитал а во насока на креирање на деловен амбиент во економија базирана на знаење. Во Р. Македонија буџетските расходи во ресорот

образование (види Табела бр. 3) анализирани во интервалот 2000-2013 година, а како процент од БДП, имаат растечка тенденција. Генерално растечка тенденција имаат и трошоците за научно-истражувачка развојна дејност на национално ниво.

*Табела бр. 3: Буџетски трошоци во образование како % од БДП во Р. Македонија од 2000 до 2013 година*

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| буџетски расходи (% од БДП) | 3,20 | 3,10 | 3,30 | 3,30 | 2,40 | 3,00 | 2,80 | 3,40 | 4,70 | 3,80 | 4,50 | 3,70 | 3,60 |

*Извор: Данче Николовска Вртаеовска, Вања Џамбазова Николовска и Виолета Ничева Тиквешанска (2014) „Микро и макро економски аспекти за влијанието на образованието врз човечкиот капитал, пазарот на труд и врз економскиот раст и развој „Меѓународна научно-стручна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Локална самоуправа Штип, 14.5.2014, Штип, Р. Македонија.*

*Графикон бр. 3: Секторско учество на трошоци за научно-истражувачко развојна дејност во вкупни трошоци за дејноста како % од БДП од 2006 до 2011 година*




*Извор: Vrateovska Nikolovska Dance, Mojsoska Snezana, Dujovski Nikola (2014) „Elements needed for economy based on knowledge contributing for growth and development of the small and medium companies„ International scientific conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-eastern Europe, Faculty of Economics - Prilep, University "St. Kliment Ohridski", CEI, 03,04, October, 2014, Prilep, R. Macedonia.*

Од прикажаниот графикон е евидентно дека во просек, од 2006 до 2011 година, учеството на вкупните трошоци за научно-истражувачка развојна дејност се движи од 0,24% од БДП во 2005 година до 0,22% во 2011 година, или просечно учество во анализираниот временски интервалт од 0,21%. Притоа, во рамки на секторското учество во вкупните трошоци за оваа дејност, растечки тренд имаат трошоците од секторот високо образование и тоа од 0,01% од БДП во 2006 година до 0,14% во 2011 година, а во просек на набљудуваниот интервал ова учество годишно изнесува 0,07%. Учеството на трошоците на владиниот сектор е варијабилно и се движи од 0,1% од БДП во 2006 година до 0,05% во 2011 година, а во просек на анализираниот период изнесува 0,09% од БДП годишно. Учеството на производствениот сектор во истражувачката дејност како процент од БДП е највисоко во 2008 година со 0,06%, а во просек на интервалот изнесува 0,04% од БДП на годишно ниво. Индикативен е податокот што и покрај релативно растечкиот тренд на трошоци т.е. вложување во дејноста, во однос на 2006 година имаме надолен тренд на бројот на завршени

научно-истражувачки развојни проекти, при што овој број во спомената година изнесува 254, додека во 2011 година бројот е 169. Најголемо учество во вкупното намалување имаат завршените проекти на владиниот сектор, чија бројка од 100 завршени проекти во 2006 година, во 2011 година е намалена на 38 проекти.

**Заклучок**

Имајќи ги во предвид релевантните податоци и истражувања, разликите во нивоата на развој на земјите и регионите се евидентни. Потеклото на ваквата дивергенција во нивоата на економски раст може да се најде во различните нивоа на инвестиции во знаење во текот на долг временски период. Дури и денес, САД повеќе инвестираат во истражување и развој во споредба со сите земји од Г7 заедно. Македонија во изминативе 15 години направи суштествен исчекор напред во делот на образовните реформи, притоа имплементрајќи една нова законска регултива, институционални и инфраструктурни решенија во рамки на образовниот, но и на научно-истражувачкиот сектор. Етаблирани се Агенција за поддршка на претприемништвото, регионални центри за поддршка на претприемништвото, стопански комори, Фонд за развој на човечките ресурси, Иновативен фонд, нови универзитети и дисперзирани студии, Европски информативен и иновативен центар итн. Останува потребата од поголема координираност помеѓу политиките и носителите на мерките и услугите, кај дел од мерките кои се имплементираат на ниво на пилот проекти а имаат висок процент на успешност-обезбедување на системски решенија кои ќе бидат достапни за поголеми целни групи и засегнати страни, како и обезбедување на домашни решенија за одржливост кај донаторските проекти по нивното завршување.

**Литература**


- Вратеовска Н. Д., Николовска Џ. В., Тиквешанска Н. В. (2014) „Микро и макроекономски аспекти за влијанието на образованието врз човековиот капитал, пазарот на труд и економскиот раст и развој „Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: *Современото воспитание и образование, состојби, предизвици и перспективи*, Совет на о. Штип
- Vrateovska N. D., Mojsoska S., Dujovski N. (2014) ,,Elements needed for economy based on knowledge contributing for growth and development of the small and medium companies,, *International scientific conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-eastern Europe***,** Faculty of Economics - Prilep, University "St. Kliment Ohridski", CEI, 03,04, October, 2014, Prilep, R. Macedonia
- OECD (2013) “Raising the Returns to Innovation: Structural Policies for a Knowledge-based Economy”, *OECD Economics Department Policy Notes,* No. 17 May 2013, p. 3
- UNESCO (2010) *The Growing Role of Knowledge in the Global Economy,* UNESCO Science Report 2010
- http://econ.worldbank.org/WBSITE/EXTERNAL/EXTDEC/EXTRESEARCH/EXTPROGRAMS/EXTADEPT/0,,menuPK посетено на 26/09/2015
- Business Warehouse data base
- World Bank data base

УДК 001.1:808.1
прегледен труд

# АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ-ПОТРЕБА И ПРЕДИЗВИК

**Снежана Јованова-Митковска**[1]
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**Краток извадок**
Да се одговори на предизвиците, да се задоволат потребите на секој, на сите, на самиот себе, се нешта со кои се соочува современиот наставник во овој 21-виот век. Во трудот се елаборира проблемот на академското пишување, како вештина која наставникот треба да ја поседува во насока на унапредување на сопствената дејност, во насока на што поуспешен професионален развој.
**Клучни зборови:** писменост, пишување, наставници, цитирање, референцирање.

## ACADEMIC WRITING-NEED AND CHALLENGE

**Snezana Jovanova-Mitkovska**[1]
[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev”, Stip

**Abstract**
To answer the challenges, to meet the needs of each person, of everyone, of one’s own self - these are the things that modern teachers are faced with in this 21$^{st}$ century.
In this paper, we elaborate the problem of academic writing, as skill teachers should possess in order to improve their own activity, in the direction of their successful professional development
**Key words:** literacy, writing, teachers, citation, referencing.

**Вовед**

Наставниците како едни од клучните актери во воспитно – образовниот процес, во денешниот современ свет, свет на промени, предизвици, се соочуваат со голем број на барања, препреки, предизвици. Соочувањето и справувањето со истите не е едноставно и лесно, но имајќи ги во предвид амбициозноста. креативноста, истрајноста, желбата да се успее, да се напредува, секоја нова промена, барање, се предизвик за наставникот, предизвик кој води напред на патот кон успехот.

Изминативе неколку години во училиштата во Р. Македонија се реализираше интегрална евалуација насочена кон евалуирање на сите сегменти од работата на училиштето, евалуирање на активностите на сите актери вклучени во неговата работа. Во истата беа применети бројни инструменти, вклучувајќи го и инструментот наменет за вреднување на исполнувањето на работните обврски на наставниците во основното и средно образование, инструмент кој се однесува на вреднување на ралични аспекти од работата на наставникот како: настава (севкупната микро и макроартикулација на наставниот процес), другите воспитно-образовни должности на наставникот како и опомените и дисциплинските мерки кон наставникот.

Во рамките на другите воспитно-образовни должности, како активности кои може и треба да ги има наставникот се предвидени: учества на наставникот на семинари, симпозиуми, учество во проекти, авторство, коавторство на учебници, прирачници, трудови во стручни научни списанија...

Оспособеноста на наставникот за т.н. академско пишување во денешните современи услови на живеење, посебно кога се говори за комуникациските способности кои треба да ги

поседува современиот наставник е еден од предизвците со кои се соочуваат лицата од образовната сфера. Академското пишување како што вели Ефремовски, И. (2017:77) „не треба да се сфати како стрес или препрека на процесот на образование. Не е комплицирана работа, но вклучува еден цел сет на академски вештини и способности кои треба постапно да се формираат низ еден подолг временски период". Токму оваа способност на наставникот е предмет на елаборација во овој труд.

**Пишување/академско пишување**

Пишувањето сфатено и разбрано како чин во кој единката врз основа на проучена литература, врз основа на податоци од спроведено проучување, истражување, сознавање, дава преглед, свој став, свое мислење за одредена проблематика, со пишување на хартија со молив или пак користење на информатичката технологија, е нешто кое се стекнува уште од најмалата возраст, а понатаму истото се развива, усовршува во средното, високото образование.

Историските корени ги влече уште од првиот Сумерец кој со стапче на влажна глинена плочка пишувал хиероглифи, па оттогаш до денес е процес кој постојано тече, се унапредува.

Писменоста се однесува на севкупниот процес: читање, осмислување, пишување, пишување кое може да се сфати и разбере од широка маса на луѓе, читатели. Писменоста подразбира вклучување на огромен труд, напор, размислување, самодисциплина од оној кој пишува.

Токму таквиот самопрегор, веруваме го носат во себе и наставниците, кое се вистинските професионалци насочени кон унапредување, кон повисок квалитет на воспитно-образовниот процес.

„Целта на академското пишување не е покажување на сè она што Вие го знаете за темата и проблемот на работа, туку пред сè да покажеме дека ја разбираме процедурата на научниот доказ и дека можеме критички да мислиме за проблемот и темата.... и така да се добие добра оцена". (?)

Пишувањето не е компликувано, но вклучува целосна лепеза на вештини и стручност кои се формираат низ одреден временски период. По совладување на основните принципи, пишувањето се учи вежбајќи. Низ повтореното пишување се развиваат вештини за изразување на мисли, обликување на идеи и изострување на зборови и фрази. (Kuba and Koking, 2004, 11)

Академското пишување се однесува на пишување на текстови различни по големина, различни по форма, текстови кои се пишуваат во текот на основното/средното образование, но позачестено во високото образование во вид на есеи, семинарски работи, проектни задачи, дипломски работи, завршни трудови, магистерски, докторски дисертации, книги, прирачници и сл., т.е. пишување на текстови во академски, научни цели.

Сите овие текстови имаат различна должина, обем, форма, содржина, различни карактеристики и специфичности според кои се разликуваат едни од други. Иако се различни, пишувањето на сите овие текстови подразбира почитување на конкретни правила. Пишувањето на истите може да биде иницирано од самиот автор, или пак во согласност со потребите и насоките на нарачателот, иницијаторот (однапред одредени теми), кој ја одредува и формата, содржината на истите.

<u>Правила за пишување на академски трудови</u>

Секој академски труд треба да даде свој придонес, макар многу мал, кон развој и унапредување на теоријата или праксата од конкретна област. Во таа смисла е прифатлива определбата на Сузич, Н. (Suzič, N. 2007:115) според кој „секое ново согледување и секое, па и најмало зрнце на ново научно сознание заслужува да биде публикувано, затоа што мозаикот на тие сознанија ќе ни овозможи некој подоцна да направи комплетно согледување на феноменот или научниот проблем".

При пишувањето на академските текстови (есеи, семинарска дипломска работа, магистерски, докторски труд, монографија и сл.) се придржуваме кон конкретни правила.

Прикажуваме начин на пишување на академски труд со кој авторот може да се претстави на собир, симпозиум, конференција..., труд кој го испраќа за објавување во списание.

Правилата за пишување на академски текстови не се целосно стандардизирани, но иницијаторот/иницијаторите за одржување на одредена конференција, симпозиум, округла маса... го одредуваат начинот на цитирање, наведување на фусноти, литература (харвардски, ванкуверски, оксфордски чикашки, АПА или некој друг модалитет). Поради тоа е неопходно авторите на самиот почеток да бидат запознати со правилата за пишување на академскиот текст.

**Наслов на трудот** најчесто се пишува со големи, болдирани букви, со поголем фонт од самиот текст, се пишува на средина на страницата, по што следи **името на авторот, институцијата** од која доаѓа - испишано во болд, италик, со помал фонт (обично е распореден лево или десно на страната). Страниците во текстот се определуваат со маргини 2,5 цм горе, долу и 3 цм лево, десно (маргините се посебно значајни за естетскиот изглед на текстот, неговото порамнување и одбројување на редовите чиј број се движи од 25-40 реда на страна); при изборот на букви најчесто се користи курзив, болд наменет за означување на одредени места во текстот, се применува Ariel, Times New Roman, Calibri, фонт 11, 12, најважното е текстот да биде читлив.

По наведување на насловот, името на авторот, следи **апстрактот** - кратко резиме за текстот во кој се содржани сите значајни информации кои се однесуваат на трудот, предметот на проучување, истражување, применетата методологија, добиените резултати и битни заклучоци. Под него се наведуваат **клучните зборови**, 5 до 7 збора кои не се содржани во насловот, но упатуваат на содржината на она за што се говори во текстот и се основа за пребарување на информации, податоци. **Апстрактот** на трудот понекогаш се бара да биде напишан и на некој од **светските јазици** (англиски, германски, француски..), а истото се однесува и на клучните зборови.

**Содржината** (определена како попис на поглавја, потпоглавја) ги опфаќа воведот, дефинициите, поглавја кои се однесуваат на теоретските сознанија за подрачјето на работа, конкретни анализи, како и приказот на резултати од анализата или емпириското истражување. Детално се објаснува значењето на добиените резултати-се даваат детални описи поткрепени со текстуални и графички решенија Составен дел е и заклучокот во кој се изнесуваат решенија за поставениот проблем т.е. се наведуваат одговорите на поставените прашања, како и препораките, предлог мерките. Во заклучокот никогаш не се изнесуваат нови сознанија, нови податоци, нови информации, не се наведуваат нови извори, ниту пак дефиниции.

Посебен дел од трудот е **литературата** во која главно се наведуваат референци кои се користени во трудот. Истата може различно да се наведе во зависност од тоа кој стил на референцирање ќе се применува. Следен дел се прилозите најчесто нумерирани како: прилог 1, прилог 2..., во кои се поставени применетите инструменти, доколку се работи за емпириско истражување.

Секој автор кој пишува академски текст на почетокот се соочува со дилемата кој и каков **наслов** да постави. Насловот треба да биде краток, јасен, недвосмислен, да упатува на проблемот кој ќе се елаборира.

**Воведот** е најтешкиот дел. Секогаш се поставува прашањето како да се почне, која реченица да се одбере, што да се напише, колку страници да биде истиот ... Во него треба да се истакне целта на трудот, да се дефинира проблемот, да се прикажат претходни разгледувања на проблемот кој ќе се елаборира. Воведот не треба да биде подолг од половина до една страна.

Делот со дефинирање, дефиниции обично е составен дел на воведот и не треба да содржи бројни дефиниции, како и применета различна терминологија и сл. Авторот на трудот може да понуди свое дефинирање на конкретниот феномен, засновано на конкретни факти. Кога се пишува некој текст мора да се има во предвид во кое лице се пишува т.е да се пишува во множина (Ние) како (pluralis modesatid), наместо јас – еднина, со цел ублажување, надминување на т.н. „арогантност“ при изразување на сопственото знаење.

**Елаборирање на темата.** Интересните, актуелни теми, темите кои насочуваат кон детално проучување, истражување, секогаш подразбираат поставување на прашања на кои им се бара одговорот и избор на најдобриот одговор од мноштвото. При елаборирање на темата потребно е да се почитува принципот на системност и постапност, логичност во изнесување на мислите. Нашите размислувања за проблемот се поставуваат во непосредна и тесна врска со податоците до кои сме дошле, сме ги воочиле и се наведуваат на нив соодветните заклучоци. Се изнесуваат и сопствените ставови и аргументи за или против, при интерпретацијата на различни пристапи низ кои се елаборира истражуваниот проблем.

При елаборирање на тезата мора да се внимава на парафразирањето, цитирањето. Научно чесно е во текстот да посочиме, референцираме на кој автор се повикуваме, од кого преземаме идеи, мисли, дефиниции и истото во зависност од стилот кој ќе го прифатиме да се означи во текстот.

Примената на парафразирањето подразбира да авторот, користејќи сопствени зборови, по пат на раскажување, прераскажување, ни пренесува, репродуцира некои клучни идеи, заземајќи свој став со аргументи за или против поврзани со конкретниот феномен. Правилно е да се наведе авторот, изворот чија содржина се парафразира.

Цитатите најчесто се поставуваат во наводници (доколку станува збор за поголем дел од преземен текст се наведуваат во италик со вовлекување од левата и десната страна и не се поставуваат во наводници), целосно преземање на дел од текстот. Пред наведување на цитатот добро е авторот да наведе една или повеќе реченици како вовед на читателот кон она што следи. Цитатите можат да се внесат на различни начини во зависност од стилот на референцирање.

Доколку се користи АПА стил, цитатот може да се постави во текстот кој се пишува со наводници, па во загради се наведува името на авторот, годината на издавање на трудот од кој се цитира и број на страната од текстот. Пример: (Мирасчиева, 2006:15). Доколку од истиот автор цитираме повеќепати во тој случај пред заградата може да се напише името на авторот, а во заграда годината и страната од која е преземен тој цитат.

Пример: Мирасчиева (2006:15),

Ванкуверскиот стил на цитирање подразбира примена на нумерички систем т.е. во текстот се наведува број на одредена референца. Истата под тој број се наоѓа во наведената литература. Пример: Во рамки на текстот се обележува со арапски броеви пример: [3] или со мали загради (3), а во списокот на користена литература [3] Мирасчиева С.. Дидактика. Штип: УГД, 2008, стр. 33-35.

Цитатите мора да бидат апсолутно точни, да се преземат од оригинални извори. Можно е и цитирање од секундарни извори, но со користење на посебни назнаки.

Не смее да се презема цел текст или голем број на страни. Во текстот задолжително треба да се користи ист начин на референцирање, не комбинација. Не се цитира од Википедија (Wikipedia) која се смета за нерелевантен извор на информации, податоци.

Недозволено е преземање на туѓи мисли, идеи и нивно претставување како свои. Доколку тоа го сториме станува збор за научна нечесност, т.е. плагијаторство кое е казниво.

**Заклучокот** во текстот треба да биде логички смислен, согласно, а не спротивно изнесените ставови во аналитичкиот дел, т.е. да произлегува од него. „Заклучокот всушност претставува на систематичен, прецизен и збиен начин изложена синтеза на сите релевантни

спознанијс, информации, ставови, научни факти, теорија и закони кои се изнесени во аналитичкиот дел на научното дело“ (Ефремовски, И., 2016:157, наведено кај Zelenika, 2000,466). Всушност во заклучокот се наведуваат резултатите, се даваат одговорите на претходно поставените прашања, како и се наведуваат насоки за трагање по нови одговори на веќе поставените прашања.

**Литература -** Библиографските единици кои се наведуваат во конкретен тескт без разлика дали се цитирани или парафразирани мораат да се постават во списокот на литература-библиографска референца која се наведува на крајот од текстот.

Во користена литература најчесто се поставуваат референци кои се споменати во трудот, додека во библиографијата се поместуваат и извори кои се користени за елаборирање на тезата, но не се директно посочени во трудот.

При поставување на библиографските референци исто така е неопходно почитување на соодветни правила согласно прифатениот стил на референцирање (АПА; Ванкуверски, Чикашки...)

Го презентираме Ваннкуверскиот и АПА стилот на референцирање.

Основно правило и кај двата стила на референцирање е дека при пишување на библиографските рефренци не се пишуваат титулите на авторите, т.е. не се пишува **проф., д-р, м-р**. Секогаш се почнува со презимето на авторот.

Библиографските референци можат да бидат различно распоредени, согласно стилот (секогаш се користи еден единствен стил во целиот текст).

Согласно Ванкуверскиот стил, референците се распоредуваат согласно редоследот на нивното појавување во текстот на трудот и се бележат со арапски броеви, додека кај АПА, се користи азбучен/абецеден редослед и се нумерира со арапски броеви.

Клучни елементи кои се земаат при креирање на библиографска единици во Ванкуверски стил се: а) полно презиме и иницијали од името на авторот; б) наслов на делото во италик и ако има издание, број на изданието, в) место на издавање, г) име на издавачот, д) година на издавање, ѓ) број на волумен и број на списание, доколку станува збор за списание

**Пример:**

Книга:

Петрова Ѓорѓева, Е. *Одбрани теми од педагогијата*. Штип, Универзитет „Гоце Делчев“. 2013.

Книга со повеќе изданија

Mužič, V. *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrayovanje*. 2. izd. Zagreb.Educa, 2004

Преведени книги

Миловановиќ, Д., *Глистон патува во земјата,* Превел од српски Барбареев, К, Боев, Б., Штип, Универзитет „Гоце Делчев“, 2012.

Е- книги

Ставрева Веселиновска, С., Здравствено воспитание, Штип, 2001, достапно на: http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=125 (15.12.2012)

За списание

Петрова Ѓорѓева Е. „Демократското општествои и граѓанското образование“, *Педагошка практика*, 2004:2 (1): 82-88.

Енциклопедија

Potkonjak, N. i Šimleša, P. (red.). *Enciklopedija pedagogije I i II*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva i ostali izdavači, 1989.

Магистерски тези, докторски дисертации

Јованова, С. Микропедагошки аспекти на училишна интеракција. (Необјавен магистерски труд).Скопје: Филозофски факултет (2000).

Интернет извор

Anderson, W. Lorin, Krathwool R. David at al (EdsA Taxonomy for learning, Teaching and Assessing: A Revision of Bloom's educational Objectives 2001, Boston. published by Allyn and Bacon, www.unco.edu/cetl/sir/stating_outcome/documents/Krathwohl (15.5.2011)

Во општествените науки, воглавно се применува АПА стилот на цитирање, референцирање.

Според АПА тилот (American Pszchological Association), се наоѓа на веб-страна http://www.apastyle.org структурните елементи за различни референци се наведуваат по следниот редослед:а) полно презиме на авторот и иницијали од името, б) година на издавање, во заграда, в): наслов на делото во италик, г) број на издание, д)презиме и иницијал од името на преведувачот, ѓ) место на издавање и е) издавач.

**Пример:**

Книга

Петрова Ѓорѓева, Е (2013). *Одбрани теми од педагогијата.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

Книга со повеќе изданија

Mužič, V. (2004). Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja. 2. izd. Zagreb: Educa.

Преведени книги

Миловановиќ, Д. (2012). *Глистон патува во земјата,* Превел од српски Барбареев, К, Боев, Б., Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

Е- книги

Ставрева Веселиновска, С., (2011). Здравствено воспитание. [Штип: Достапно на: http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=125] 15.12.2012.

За списание

Илиев, Д. (2014). Можам ли да бидам ментор, или ќе бидам ли добар ментор?. Штип: *Воспитание, год., II,* бр. 2, стр.101, Педагошки факултет „Гоце Делчев".

Енциклопедија

Potkonjak, N. i Šimleša, P. (red.) (1989). *Enciklopedija pedagogije I i II.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva i ostali izdavači.

Магистерски тези, докторски дисертации

Јованова, С. (2000). Микропедагошки аспекти на училишна интеракција. (Необјавен магистерски труд). Скопје: Филозофски факултет.

Интернет извор

Anderson, W. Lorin, Krathwool R. David at al (Eds.) (2001) A Taxonomy for learning, Teaching and Assessing: A Revision of Bloom's educational Objectives 2001, Boston: published by Allyn and Bacon, Преземено на 15.5.2011. www.unco.edu/cetl/sir/stating_outcome/documents/Krathwohl.

Наведувањето на **користената литература** се изведува на следниот начин:

**Ванкуверски стил:**

Користена литература (по редослед на наведување во текстот):

[1] Петрова Ѓорѓева, Е. *Одбрани теми од педагогијата*. Штип, Универзитет „Гоце Делчев". 2013.

[2] Петрова Ѓорѓева Е. „Демократското општествои и граѓанското образование", *Педагошка практика*, 2004:2 (1): 82-88.

[3] ...

Библиографијата кај Ванкуверскиот стил се пишува по азбучен ред, и доколки има повеќе дела од ист автор, се подредуваат хронолошки или пак повеќе деа од иста автор издадени во една година, добиваат со годината и ознака-мала буква, пр., 2000а, 2000б, 2000в.

**АПА стил – по азбучен, абецеден редослед**

1. Илиев, Д. (2014). Можам ли да бидам ментор, или ќе бидам ли добар ментор?. Штип: *Воспитание, год. ,II,* бр. 2, стр.101, Педагошки факултет „Гоце Делчев.
2. Петрова Ѓорѓева, Е. (2013). *Одбрани теми од педагогијата.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

Во библиографијата на текстот освен изворите кои се директно споменати, парафразирани и цитирани може да се наведат и дела кои биле консултирани, а не биле директно споменати во текстот. Библиографијата се пишува по азбучен ред.

Доколку се користеле повеќе дела од ист автор, истите треба да бидат подредени хронолошки, а ако има повеке дела од ист автор издадени во иста година, истите се обележуваат со мали букви од абецедата (1999a, 1999b).

При пишување на академски трудови се применуваат и одредени картенки. Се применуваат:

- e.g., eg., for example – на пример;
- et al. et alli – и други, се применуваат кога има повеќе од двајца автори на едно дело и се пишува само името на првиот, пример: Jovanova, S. et al., dr-
- ibid, ibidem- се применува кога цитатот или парафраза доаѓа од исто дело, од иста автор, а ако има различна страна, се поставува запирка и се одредува странаta : ibid, str. 23.
- pp, page – страна, страници
- vol, volume - вол. Волумен (број на издание )
- ...

**Наместо заклучок**

„Ако човек сака да има исчистен стил на пишување, прво треба да биде свесен за своите мисли; ако некој сака да пишува возвишено-најпрвин му е потребна возвишена душа".

Јохан Вофганг Гете

**Литература:**


- Day, A. Robert (1998). *How to write &publish a scientific paper,* five edition, Phoenix: The Oryx press.4041 North Central at Indian School Road, Arizona.
- Ефремовски, И. (2016). *Академско пишување-од Идеја до Дело*. Свети Николе: Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин.
- McWorther, K.T. (2003) *Academic reading,* London: Longman
- Midhat. (1984) *Kako nastaje naučno djelo: Uvođenje u metodologiju i tehniku naučno istraživačkog rada - opšti pristup*. Šesto izdanje. Sarajevo: Svjetlost.
- Mulvaney, M.K.A., Jolliffe, D.A. (2004) *Academic writing: Genres, samples, and resources,* London, Longman.
- Oraic-Tolic, D. (2011) *Akademsko psmo, Zagreb:*Ljevak.
- Панзова, Виолета. (2003.) *Науката како занает*. Скопје: Филозофски факултет.

УДК 37.043.1-054(=214.58)
прегледен труд

## ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ И НЕГОВИТЕ СЛАБОСТИ

**Даниела Коцева[1], Снежана Мирасчиева[2], Емилија Петрова Ѓорѓева[3], Ирена Китанова[4]**
[1,2,3,4] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Апстракт:**
Република Македонија нуди еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно меѓународното право и меѓународните конвенции. Таа е потписник на сите позначајни меѓународни конвенции и декларации кои се однесуваат на правата на човекот, правата на децата и правата на образование. Од друга страна, образовниот систем во Македонија постојано е во момент на транзиција. Во најголем број области во системот се воведени промени, но сè уште се чувствува потребата од значајни реформи. Она што во моментот можеби најмногу се насетува е недостатокот на поттици за подобрување на квалитетот на предавањето на сите нивоа на образование. По многу години работа на владиниот и невладиниот сектор во сферата на образованието на Ромите, имаме состојба во која секое поместување, било во однос на предучилишно, основно или средно образование се прави по иницијатива и со поддршка „однадвор“, од меѓународни донатори и НВО, а со незначителна поддршка од домашните институции. Постои отсуство на проактивност кај државните институции, кои најчесто чекаат на иницијативата и финансиската поддршка однадвор. Суштински проблемот е многу подлабок, станува збор за потреба од реформи во нашата држава и нејзините системи. Сè уште најважни слабости во сферата на образованието на Ромите се издвојуваат: сè уште премногу ниската стапка на вклученост во образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.
**Клучни зборови**: образование, Роми, слабости, реформи.

## ROMA EDUCATION AND ITS WEAKNESSES

**Daniela Koceva[1], Snezana Miraschieva[2], Emilija Petrova Gjorgjeva[3], Irena Kitanova[4]**
[1,2,3,4] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delchev" – Stip

**Abstract:**
The Republic of Macedonia offers equal opportunities for education for all its citizens, in accordance with the international law and international conventions. It is a signatory of all major international conventions and declarations that address human rights, children's rights and the rights to education. On the other hand, the educational system in Macedonia is constantly in transition. Changes have been introduced in most areas of the system, but the need for significant reforms is still felt. What at the moment is perhaps most important is the lack of incentives to improve the quality of teaching at all levels of education. After many years of work of the governmental and non-governmental sector in the sphere of education of the Roma, we have a condition in which any displacement, whether in relation to pre-school, primary or secondary education, is done on the initiative and with the support "from outside" by international donors and NGOs, and with insignificant support from domestic institutions. There is a lack of pro-activity in state institutions that most often await the initiative and financial support from outside. The essential problem is much deeper, it is about the need for reforms in our country and its systems. Still, the most important weaknesses in the field of Roma education

are the following: the still too low rate of involvement in educational processes and the dropout rate, the low quality of education, and the negative effects of segregation in education.
**Keywords:** education, Roma, weaknesses, reforms.

**Состојбата на Ромите во образовниот систем**

Ромите на сите нивоа на образование наставата ја следат претежно на македонски наставен јазик, а во некои општини и училишта и на албански наставен јазик. Предучилишното образование во Македонија не е задолжително. Стапката на учество во ова ниво на образование е доста ниска, со помалку од 15% од вкупното население и уште помала во случајот на децата - Роми. Во контекст на предучилишното образование, состојбата со фиксните стапки на партиципација во трошоците, кои се исклучително високи, ако повторно се споредат со приходите на многу ромски семејства, придонесува за исклучително ниската стапка на упис на ромски деца. Ако се земе предвид дека стапката на учество е под 15 проценти на ниво на цела држава, во недостаток на прецизни податоци, можеме само да претпоставиме дека во поглед на децата - Роми, стапката е драматично помала. Како илустрација, на возраст од 0 до 3 години, само околу 0,6% од ромските деца се вклучени на ова ниво на образование. Основното образование е организирано во три тригодишни циклуси, при што во првиот циклус оценувањето е исклучиво описно. Почнувајќи со училишната 2008-2009 година и средното образование во Македонија е задолжително. Организирано е како општо средно (гимназиско) образование кое е четиригодишно, додека стручното средно образование може да биде двегодишно, тригодишно или четиригодишно. Иако основното и средното образование во државните институции се бесплатни за сите ученици (што подразбира и бесплатни учебници и превоз за студентите и учениците чиишто домови се оддалечени два километра од нивните училишта), реалните трошоци поврзани со образованието го отежнуваат редовното посетување на училиште за многу деца од различни ранливи групи, а меѓу најзагрозените се секако учениците - Роми. Неколку реални трошоци значително придонесуваат за исклученоста на ромските ученици. Пред сè, тука спаѓаат трошоците за школски прибор и потрошен школски материјал, кои ја достигнуваат висината на социјалната помош врз која се потпираат голем број ромски семејства. Оваа реалност не смее да се релативизира и минимизира. Во практика, многу ромски ученици не можат д ги посеадуваат овие материјали, со што тие дополнително се депривираат во образовниот процес. Понатаму, дополнителните високи трошоци за спортска опрема, поврзани со реализацијата на спортски активности, како и трошоците поврзани со школските екскурзии, директно придонесуваат за исклучување на ромските деца од многу активности во кои учествуваат повеќето од нивните соученици. Постоењето на овие проблеми и нивните реперкусии по исклучувањето од образованието на припадници на ранливите групи е јасен индикатор дека отсуствува суштинска политика и стратегија за развој на инклузивно образование. Како да е доволно децата да се запишани на училиште, но се замижува пред многу фактори кои директно исклучуваат многумина од нив и кои го поткопуваат инклузивното и мултикултурно образование. Илустративен е примерот со екскурзиите предвидени како школска активност. Во системот на бесплатното образование, школските активности треба да бидат бесплатни, па сепак, во нашиот случај тие се достапни само за дел од децата, со што екскурзиите се претвораат во појава која директно генерира исклучување. Сите заложби се насочени кон инсистирање децата да бидат во училиште, а всушност, многу често ги имаме запишани, а ги нема во училиштата, или имаат неквалитетна настава. Оваа појава е поттикнувана и од самите училишта бидејќи полесно им е изведувањето на наставата без дополнителните напори кои треба да се вложуваат за да се постигнат резултати со децата кои имаат големи пропусти во образованието и потешко напредуваат (од разни причини). И кога се во училиште, практика е многу Ромчиња (но не само тие, туку и многу деца од

ранливи групи кои имаат посебни образовни потреби и потешкотии во учењето) само да се преведуваат во погорните одделенија се до ниво кога самите ќе се откажат не можејќи да одговорат на редовните барања на наставата (најчесто на преодот од петто во шесто, а во осумгодишното основно, на преодот од четврто во петто одделение). Иако ова вообичаено се прави 'заради доброто на детето', ваквата практика истовремено доведува до ризик за ослободување на наставникот од одговорност во однос на академските способности на учениците. Ова е затоа што успех со овие деца бара поголем напор и дополнителна работа од наставниците, а не затоа што децата немаат интелектуални потенцијали. Дополнителен проблем е и јазикот на наставата, односно недостаток на методологија на настава кога македонскиот јазик е втор јазик на учениците.

Проактивни политики и позитивна акција недостасуваат и во сферата на високото образование во Македонија каде што помошта во студирањето на Ромите во најголема мера е „препуштено“ на финансирањето од страна на меѓународни донатори.

Во државата отсуствува суштинска инклузивна политика, а на тоа укажува и фактот дека за многу семејства трошоците за школување се многу високи, што негативно се одразува врз вклученоста во образованието. Иако според легислативата школувањето е бесплатно, во реалноста постојат многу трошоци кои ги надминуваат приходите на многу семејства. Ситуацијата е особено лоша во поглед на предучилишното образование кое не е бесплатно, а стапката на вклученост на Ромите е исклучително ниска (на пример, на возраст од 0-3 години само околу 0,6% од ромските деца се вклучени на ова ниво на образование). Исклучително ниската стапка на учество на децата - Роми во предучилишно образование е фактор кој негативно се одразува врз нивното натамошно адаптирање во повисоките нивоа на образование и е директна причина за осипување. Понатаму, проценките кажуваат дека под 60% од Ромите завршуваат основно образование, а само околу 25% завршуваат средно, додека од сите што дипломирале, само 0,16% се Роми (конкретните податоци се за 2007 година). Додека овие бројки се далеку под пропорционалната застапеност во вкупната популација, кога е во прашање специјалното образование, состојбата е дијаметрално спротивна. Имено, проценките се дека околу 36% од вкупната бројка на деца запишани во специјални основни училишта и 28% од вкупно запишаните во средно училиште се Роми. Анализата издвојува повеќе појави кои исклучително штетно се одразуваат врз образованието на Ромите и нивната инклузија воопшто. Отсуствува инклузивен пристап на државата кон различни категории на деца - припадници на ранливи групи, како што се децата од номадските семејства и децата од улиците, како и децата кои треба за првпат да се запишат на училиште на возраст помеѓу десет и четиринаесет години. Сериозен проблем и фактор кој негативно влијае врз вклученоста на ромските деца во образовниот процес, а кој е во колизија со легислативата и правата на децата, е појавата на малолетничкиот труд. Дополнително, сè уште е силно присутна појавата на малолетнички бракови, која го инхибира образованието на младите. Во поглед на родовите разлики и етничката припадност, најголема е дискрепанцата токму кај ромската популација. Од 46,4% ученички меѓу сите ученици - Роми колку што имало во учебната 1997/98 година, уделот на ученичките - Ромки во учебната 2007/08 година паѓа на 35,9%. Од друга страна, загрижува појавата на значително помалата бројка на женски од машки деца и во специјалните училишта.

Во поглед на мултикултурниот карактер на образованието, анализите покажуваат дека Ромите се „игнорирани“ во учебниците, наставата не е мултикултурно поставена, во општото образование и наставните програми за обука на наставници не се посветува внимание на Ромите како на составен дел од историјата и културата на Македонија, а наставниците немаат доволно развиени компетенции за практикување на интеркултурното образование. Сегрегацијата станува сè позаострена, а некои мерки и активности спроведувани од владините институции дури може и да ја продлабочат. Такви опасности постојат и со начинот на кој се

имплементира изборниот предмет Јазик и култура на Ромите, или со реализацијата на предвиденото менторирање (како дополнителна настава) особено за учениците - Роми, со што тие би се одвоиле од другите деца со кои се спроведува дополнителна настава. Во Македонија е мал бројот на наставници - Роми, што е неповолен фактор, поради отсуството на можности со учениците - Роми да работат наставници на ромски јазик, но и како модел во психосоцијалниот развој на младите Роми. Во една доброосмислена стратегија на државно ниво за унапредување на Ромите, нужно би требало да се води сметка за традицијата и вредностите кои се негуваат во ромската култура. Треба да се осмисли начин како тие да се поврзат со позитивен однос кон образованието, односно да се осмисли начин како образованието да се зајакне како вредност и посакувана цел во ромската култура. Имено, досега на Ромите им е наметнато да се адаптираат на начинот на живот на поголемите заедници, при што како на најсиромашна и најранлива заедница не ѝ се нуди соодветна помош. Од нив се очекува да одговорат на стандардите на редовното образование, подмирување на трошоците за поседување на потребен школски мартеријал и други школски и вонаколски активности, иако е апсолутно јасно и познато дека огромен процент од ромската популација не може да одговори на овие барања. Наместо државата пасивно или со репресивни мерки да очекува Ромите да се вклучат во образовниот процес, нужни се проактивни и позитивни мерки со кои образованието ќе им се доближи на Ромите. Сè уште се на ниво на исклучок и високообразованите Роми, а согласно на процентуалната застапеност, и оние со средно образование. Отсуствува позитивна акција на државата и алтернативни мерки, како посебни бенефиции за училиштата каде што се практикува инклузија на ромски деца и деца од други маргинализирани групи подложни на исклучување, а и бенефиции за задржување на децата во наставата.

Социо-економскиот статус на Ромите во Република Македонија

Официјалните податоци од 2010 година укажуваат дека 5,2 проценти од сите невработени лица се Роми. Податоците од 2008 овозможуваат увид во образовниот профил на невработената ромска популација. Имено, 33 проценти немаат довршено основно образование, 7 проценти имаат целосно или нецелосно средно образование, а само 0.1 процент (31 лице) имаат завршено високо образование. Анализа на УНДП направена во 2010 година открива дека стапката на невработеност на Ромите во 2008 година изнесувала 75 проценти и е највисока во споредба со сите етнички заедници во Македонија и повеќе од двојно од државниот просек од приближно 30 проценти.5 Прашањето на сиромаштијата е исклучително важно во контекст на образованието, бидејќи е познато дека ниското или недоволно образование е причина за сиромаштија, но и последица од сиромаштијата. Ромите живеат во 64 од вкупно 85 општини во државата. Приближно 45 проценти од ромската популација во Македонија живее во десет општини: Битола, Дебар, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Тетово и Виница. Речиси истиот процент на ромска популација (43,1 процент) живее во главниот град Скопје, а половина од нив се во општината Шуто Оризари каде што Ромите се мнозинство.

Во формулите за финансирање на образованието, општините воопшто не добиваат бенефиции за училиштата кои работат со социјално деприривирани деца подложни на исклучување, како што тоа пондерирано се прави во случај на деца со посебни потреби. Во рамките на позитивна акција, потребно е да се извлечат децата од гетоата, потребно е развивање на 'пожелни' училишта, кои ќе бидат пожелни и за деца од неромска популација, со што ќе се стимулира мешањето на децата по разни основи, па и на етничка. Затоа што отсуството на мешање со текот на времето ги снижува квалитетот, критериумите, квалитетот на наставниот кадар. Кадарот кој треба да биде подобро платен, кадар кој ќе останува и по училишното време. А во овие училишта Ромите треба да имаат привилегиран влез.

**Препораки за надминување на слабостите во образованието на Ромите**
Од државата и нејзините институции се очекува да обезбеди пристап за децата - Роми до интегрирано предучилишно образование, како и квалитетно образование за Ромите на сите нивоа, вклучувајќи ги во редовниот образовен систем и децата кои немаат документи за идентификација, децата од центрите за социјална грижа, бегалците, повратниците и младинците кои се наоѓаат помеѓу основно училиште и училиште за образование на возрасни. Неопходна е сеопфатна анализа за да може да се добие соодветен одговор и решенија од надлежните органи за високата застапеност на Ромите во специјалното образование и обид да се овозможи интегрирање и на овие ученици во редовните училишта според предвиденото со Програмата за инклузија. Што од друга страна исто така подразбира изнаоѓање сериозни мерки за надминување на постојната скриена или директна предрасуда во образованието кон децата - Роми. Сериозно да се пристапи кон третирањето на малолетничкиот или детскиот труд, кога децата реално учествуваат во обезбедувањето средства за животните трошоци, преку обезбедување услови за овие деца да го надополнат вакуумот во редовното учество во образовните институции, обезбедување можност овие деца да бидат вклучени во училиште и надвор од местото на живеење. Воведување мерки за стимулирање на Роми за упис на педагошките факултети, или нивно стипендирање и обезбедување работа како наставници по дипломирањето, со што реално би се намалила состојбата со недоволен број наставнички кадар – Роми. Сензибилизирање и јакнење на компетенциите на наставниците за инклузивна образовна практика, за ефикасно да работат со деца од ранливи категории, со цел да им овозможат на децата да ги остварат максимумите на своите потенцијали. Надминување на состојбата со некомпатибилност на образовните програми во дневните центри за децата од улица и редовната училишна програма, што доведува до тоа децата подоцна да не можат да се вклучат во редовно образование. Стопирање со започнатите штетни процеси во кои курикулумите се „решаваат“ по етничка формула, односно секоја заедница да е одговорна за „своите“ програми, што генерира етноцентрични наставни содржини и продлабочување на сегрегацијата. Државата е неопходно да изнајде соодветна форма за реализација на изборниот предмет Јазик и култура на Ромите (како и предметите за другите етнички заедници) со која ќе обезбеди највисок степен на имплементација и вклученост на учениците, форма која ќе биде фактор на спојување на културите, а не уште еден фактор на одвојување. Од државата се очекува да ги искористи сите законските можности на локалната власт и нејзините органи во насока на унапредување на образованието и прилагодување на специфичностите на сите нејзини граѓани и поттикнување програми и активности во училиштата коишто ќе ги одразуваат етничката, културната и религиозната различност на учениците и вработените, како и соодветно обезбедување на финансиски средства во училиштата за покривање на трошоците поврзани со редовната настава, училишните и вонучилишните активности, како фактор кој ги дистанцира децата од социјално загрозените семејства (од кои најбројни се ромските деца) од образованието и ја засилува индиректната сегрегација.

**Литература:**

- Европски центар за малцински прашања (2005). РОМИТЕ ЗА ИНТЕГРАЦИЈАТА: АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ.
- MLSP, MOES. Multi-Annual Operational Programme Human Resources Development 2007-2013 МОН (2007). *Концепција за деветгодишно основно образование и воспитание.*
- Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. (2009). *Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education [Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието]*. Skopje: UNICEF.
- Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2010). *Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното*

*образование кај децата-Роми*. (Автори: Доневска, М., Богоевска, Н., Трбојевиќ, С.). Скопје: Про поинт.

- Фонд за образование на Ромите. (2010). *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите* (работна верзија), Будимпешта.

УДК 37.064.2
прегледен труд

# ПОЗИТИВНАТА ПЕДАГОШКА КОМУНИКАЦИЈА НА НАСТАВНИКОТ ПО ИСТОРИЈА - ЗНАЕЊАТА СЕ КОРИСНИ И ТРАЈНИ

**Оливер Цацков**[1]
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**Апстракт:** Наставата како најсистематски и најорганизиран облик на воспитанието и образованието овозможува организирање на успешна квалитета педагошка и образовна социјална комуникација. Комуникацијата и соработката е многу важна за заедничките ученички активности, па затоа процесот на планирањето треба примерно да се насочи на осмислувањето и организирањето на активностите и задачите на начинот што овозможува највисоко ниво на директна интеракција. Преку позитивната комуникација на наставникот по историја учениците можат да се идентификуваат за знаењето и важноста на основните поими за концептот одговорност, афторитет и да го истакнат своето мислење.
**Клучни зборови:** историја, училиште, комуникација.

# POSITIVE PEDAGOGIC COMMUNICATION OF A HISTORY TEACHER CAN LEAD TO ACCUMULATION OF USEFUL AND LONG-LASTING KNOWLEDGE IN STUDENTS

**Oliver Cackov**[1]
[1]Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev", Stip

**Abstract:** Teaching as the most systematic and most organized form of upbringing and education enables organization of successful quality pedagogical and educational social communication. Communication and co-operation are very important for joint student activities, so the planning process should therefore be appropriately focused on the design and organization of activities and tasks in a way that ensures the highest level of direct interaction. Through positive communication of the history teacher, students can identify the knowledge and importance of the basic concepts of responsibility, authority, and express their opinions.
**Key words:** history, school, communication.

Наставата како најсистематски и најорганизиран облик на воспитанието и образованието овозможува организирање на успешна квалитета педагошка и образовна социјална комуникација. Проучувањето на комуникацијата која се одвива во наставата по историја е од големо теоретско и практично значење за самиот наставен процес, неговото организирање усовршување и реализирање. Воспитно-образовниот процес, односно наставата всушност е интеграциско-комуникациски процес. Ваквата конципирана настава ја усовршува личноста на наставникот и ученикот. Во самиот процес на проучување на педагошката комуникација многу често се наметнува прашањето дали секоја комуникација е позитивна. Само позитивната комуникација може да има успех во сите сфери од човековото живеење.

Комуниjацијата можеме да ја дефинираме како процес за создавање знаења помеѓу две или повеќе личности, или како процес на заема размена на вештини и знаења. Таа има таква способност што овозможува на ученикот да има можности да учи или научи. Комуникацијата како фактор ја поттикнува личноста на дејствување, влијание на дејствување на поединецот со желба за задоволување на одредени потреби. Тоа значи дека без комуникација нема

успешна настава. Наставникот по историја комуникацијата со учениците ја реализира преку најразлични начини и од најразлични извори. Го јакне степенот на мисловната активност на ученикот и желбата за мотивирање на одредени потреби. Наставникот е тој кој ја поттикнува комуникацијата и најчесто тој ги бира моделите за меѓусебна комуникација. Позитивни фактори кои влијаат за јакнење на комуникацијата на наставникот по историја се:
-личниот пример на наставникот,
-заедничка способност за решавање на проблеми,
-постоење на основен интерес на она што се учи во наставата со примена на современи пристап на различни методи на решавање на ситуации,
- индивидуално комуницирање,
- користење современа технологија,
-планирање на активности од областа на историјата, при повторување , систематизирање и утврдување на наставните содржини,
-посета на значајни културно-историски споменици како во блиската така и во пошироката општествена средина, посета на библиотеки, музеи и сл.

Комуникацијата разговор е значајна по тоа што ги активира учениците во текот на усовршувањето на знаењата и умеењата и на самите навики на учениците во воведот за колективна работа.

Интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот во наставата воглавно се воспоставува со комуникација, меѓутоа за успешност на нивната заедничка активност не е сеедно на кој степен се интеракциските поврзувања во комуникацијата. Тоа значи дека „размената на знаци и создавањето на знаења, што се всушност односи на информирање во процесот на комуницирањето и можат да бидат на различен степен на внатрешната поврзаност помеѓу лицата кои заемно комуницираат".[21]

Без дијалог нема успешна воспитно-образовна комуникација. Дијалогот е најдобрата позитивна форма на комуникација помеѓу наставникот и ученикот. Позитивната комуникација во наставата по историја се однесува на сè она што наставникот прави за да го поттикне процесот на учење кај неговите ученици вклучувајќи го креирањето на позитивната емоционална клима за учење избор на наставни цели и задачи, примена на најразлични методолошки пристапи кои помагат на учениците да постигнат повисоки резултати и стекнат трајни знаења и вештини.

Усната комуникација има сознајна и емоционална функција која е нераскинливо поврзана со личноста на наставникот. Оваа комуникација го оживува минатото, историските настани личности, случувањата на познати дати, херојски подвизи спрема кој ученикот не може да биде рамнодушен. Оваа соработка ја подразбираме како збир на заеднички настојувања насочени кон една цел, а тоа е воспитанието и образованието на младата личност. Позитивната комуникација се планира, организира, координира, реализира, поттикнува и се вреднува на прашањата и идеите на наставникот. Позитивниот наставник по историја во својата педагошка работа внесува ведрина, расположение, хумор,тој е добронамерен, кооперативен, солидарен, го сака својот позив. Токму поради тоа тој многу е почитуван помеѓу учениците.

Монолошкиот метод е еден од најзначајните наставни методи кој најмогу се употребува на наставата по историја. Тој се „употребува не само тогаш кога е потребно наставникот по историја поврзано да го изнесе новиот материјал со жив збор, да создаде соодветни преставки за историскиот настан. Да побуди соодветни емоции кај ученикот, туку и одделни облици на

[21] Колонцовски, Б. (2002). Ученикот во наставата по природа. Битола: Киро Дандаров.

усното излагање на наставникот кој доаѓа до израз и наоѓа примени и во сите останати наставни методи што се применуват во наставата по историја.“[22]

Актуелизацијата во наставата по историја е еден од основните барања во воспитно-образовниот процес. Преку неа организирано и системски ги насочуваме учениците да ја разберат сегашноста. Во наставата по историја е познато дека формите на работа се многу различни. Овие форми треба да бидат така организирани во остварувањето на општите цели и задачи на наставната програма по историја. Тие треба да придонесат кај учениците да се развиви другарство, патриотизам, храброст како и љубов и способност да ја сакат татковината.

Комуникацијата на наставата по историја може да се организира и надвор и од училиштето. Таквата настава најчесто се организира во музии, историски локалитети, галерии и слично. Учениците отсекогаш покажувале желба да се запознаат со непознатото со онаа што преставува вредност и старост. Современата позитивна педагошка комуникација може да се оствари при посета во музеи. Преку комуникацијата наставникот и кустосот го воведуват ученикот во историските податоци и на тој начин му овозможува преку изложените експонати емотивно да го доживеат минатото кој ќе му остават трајни впечатоци во својот живот. Потребата за комуникација длабоко е всадена во личноста од сите возрасни нивоа детето и возрасниот говорно комуницираат од лични потреби и побуди за да изразат желби, барања, молби, потврди и друго „вистинската комуникација може да постои и опстојува доколку личните потреби се усогласуват со односите, интересите и потребите на соговорниците. Во тој случај комуникацијата добива заемна доверба, што значи говорниците си веруваат меѓусебно“.[23]

Информациската и комуникациската технологија исто така преставуваат еден вид на образование и воспитание. Кога зборуваме за образовната технолошка комуникација многу е важно како наставникот ќе успее вешто да ги примени техничките средства и помагала, соодветните методи и форми на нивно користење застапени на современите научни принципи и постапки во реализацијата на наставата од воспитно-образовниот систем. Информатизацијата значи повратна точка во ефикастана организација на целокупните педагошки активности во училиштето, рационализација во трошење енергија на сите фактори на наставната работа, проширување на изворот на образование и брзо и ефикасно до доаѓање на нови информации. Информациската писменост преставува согледување и потреба за информации, поседување на знаења за тоа како да ја пронајде, процени и најдобро да се искористи за да одреден проблем биде решен. Исто така значајна е улогата во донесувањето на одредена одлука. Ефикснооста од педагошката комуникација зависи од тоа кој е испраќачот и колку е способен да испрати содржини кои се предмет на комуникација како и тоа колку примателот е компетентен за прием на пораки или содржини за педагошка комуникација.

Училишните екскурзии во наставата по историја се исто така значајни и вредни. Тие овозможуваат поврзување на историското време за одреден простор, го оживуват и приближуват минатото и придонесуват да им се доближат убавините на својата земја. Преку оваа комуникација се остават трајни впечатоци кај учениците.

Многу е значајна педагошката комуникација на наставникот по историја при обработка на пишаните материјали кој со внимание треба да се користат при обработка на историските содржини. Иако овие се важни извори на знаења треба се спомнат исто така, текстовите како и живиот збор на наставникот, учебникот и останатите наставни средства. Треба да се нагласи дека пишаните текстови во обработката на историската содржина мора критички да се користи и да се биде внимателен кон историската вистина. Современото училиште е отворено кон општествената средина. Соработката на учениците со родителите е значајни подрачје во

[22] Наумовски,С. (1991) Методки прирачник за наставата по историја, Скопје: Просветно дело.

[23] Николовска, Ј. (2006) Педагошко-методички истражувања и погледи, Скопје: Просветно дело.

рамките на неговата отвореност кон средината во која дејствуваат. Комуникацијата помеѓу наставникот-родителите и ученикот треба да започне во принцип на повратна информациска комуникација. Оваа соработка ја подразбираме како збир на заеднички настојувања насочени кон една цел, а тоа е воспитанието и образование на младата личност - ученикот. Посетата на наставникот во родителскиот дом „овозможува тој непосредно да се запознае со материјалните, културните, здравствените и педагошки услови на семејството кои пак од друга страна многу ќе помогнат во решавањето на евентуални проблеми во воспитанието и однесувањето на ученикот.“[24]

Наставникот по историја треба да ги оспособи учениците за целосна и самостојна комуникација, односно да ги подготви учениците за успешно комуницирање. Таа истовремено преставува средство и цел на воспитно-образовната работа. Ефикасна комуникација е таа која треба да испраќачот успешно да ги пренесе пораките и ефикасно да ја реализира содржината на комуникацијата. Овие вредности мора да бидат присутни кај наставникот кој со својот личен пример создава одредена атмосфера во групите. Комуникацијата треба да биде слободна, не наметлива конструктивна и систематизирана. Мора да биде со јасни пораки на наставникот, а од учениците треба да бидат правилно разбрани.

Повеќеслојната, хоризонтална и вертикална сложеност на проблемот на комуникацијата во наставата во континуитет ја држи актуелноста на проблемот „комуникациската парадигма во наставата, развиена до степен на практика и потврдена со бројни емпириски истражувања своите основи ги наоѓа во бројните теоретски размислувања. Тргнувајќи од фактот дека наставата е предмет на дидактички проучувања во расветлувањето на проблемот на комуникациската парадигма во наставата големо значење има дидактичката теорија. Дидактичките теории во своите концепции одговараат на прашањата: што, како и зошто мораме и можеме да поучуваме денес и утре?“[25]

Наставникот по историја треба да биде запознат со наставните форми, методи, средства, содржини кои се потребни за правилно и успешно одвивање на визуелната говорна комуникација. Треба да биде запознат со јазичниот и стилски потенцијал. Како логично поврзување и да се однесува на самиот предмет, а не на нешто споредно. Комуникацијата на наставникот има позитивни резултати кога се работи за самостојна работа. Тој ги оспособува учениците како самостојно се учи и какви резултати можат да се постигнат. Во спротивно учењето преставува трошење време и дава многу слаби резултати. Улогата на наставникот во слободните активности е да направи таква атмосфера за да ги подготви учениците да се потпрат на сопствените сили и да истражуват со сопствени мисли и одлуки и да дадат сопствени заклучоци. Важно е да знае како да ги мотивира, како да ја организира својата работа и успешно да ги завршува своите задачи. Учениците да создадат одредени навики за работа и учење. Исто така и како да го пронајдат она што е важно од наставата.

Наставникот секогаш треба да процени како треба да се однесува во дадена ситуација. Тој треба да биде способен за користење за разновидни модели на комуникација и методи кој се фокусирани на целите кој тој ги поставил за успешно реализирање на наставата. Токму преку една ваква позитивна комуникација на наставникот по историја потребно е да успее кај младата генерација да се развие свест за промена во сверата на културата за живеење и на вредносте во секој поглед, како и во поглед на заштита и унапредувањето на животната средина. Во традиционалната настава во која ученикот е објект, застапена е едносмерната комуникација во која ученикот мора да ги прифати туѓите знаења и вредности на содржините.

Марко Стевановиќ во својата книга „Креатологија“ спомнува неколку видови на комуникација: Катарзичка комуникација која е способност за комуницирање од повисок степен. Се замислуват дадени податоци во нови услови по што нивното разгледување се

[24] Поповска, Г. (2011) Модели на комуникација меѓу семејството и училиштето, Скопје. Маринг.

[25] Мирашчиева, С. (2007) Комуникациската парадигма на наставата, Штип, УГД.

издигнува до рефлексија. Знаковната и Вонзнаковната комуникација е се поприсутна во литературата. Знаковната комуникација е контакт со одредени симболи, букви и други знаци во текстот, односно толкување на зададени зборови, реченици, делови, поголеми делови и целини. Вонзнаковната комуникација е пронаоѓање на врската и односите не само помеѓу дадените, туку и помеѓу скриените и помалку видливи податоци. Дијахрониската комуникација е комуникација на поврзување на старото искуство со новото. Оваа комуникација е всушност хронолошко следење на развојот на одредени појави, тоа е всушност согледување на сегашноста и минатото или т.н. ретроспективен пристап и синхрониското комуницирање кое се однесува на хетерогена различност, односно се однесува на интердисциплинарно набљудување, односно поврзување на новите факти од еден предмет (област) со други други области, односно факти.[26]

Комуникацијата и соработката е многу важна за заедничките ученички активности, па затоа процесот на планирањето треба примерно да се насочи на осмислувањето и организирањето на активностите и задачите на начинот што овозможува највисоко ниво на директна интеракција. Сите ученици активно соработуваат и комуницираат, додека ги изготвуваат целите и задачите во една пријатна атмосфера. Ваквата комуникација на наставникот по историја овозможува ученикот критички да мисли, да конкретизира, да споредува, да прави анализа и синтеза да актуелизира и да заклучува. Тоа значи дека критичкото мислење е важен предуслов за успешно усвојување на наставниот план по историја.

Најважно при секоја комуникација е тоа да треба да ја согледаме реалната ситуација да добиеме реална слика за комуникацијата да откриеме што недостасува помеѓу наставникот и ученикот. Сето тоа со цел за подобрување на комуникацијата и нејзино издигнување на повисоко ниво.

Преку позитивната комуникација на наставникот по историја учениците можат да се идентификуваат за знаењето и важноста на основните поими за концептот одговорност, авторитет и да го истакнат своето мислење. Ученикот е активен до тој степен, колку што наставникот ќе му дозволи. Ученикот сака нешто ново наставникот најпрво треба да го испита потенцијалот на учениците нивните желби и интереси претходни знаења и искуства. Сето ова може да се постигне само со позитивната комуникација на наставникот по историја. Па така, можеме да претпоставиме и констатираме дека знаењата ќе бидат корисни и трајни, како и дека позитивната педагошка комуникација треба да биде императив на новото време.

**Литература**


- Stevanovic, M. (2003) Kreatologija. Rijeka: Digital point.
- Ачковска, В. (2010) Методиката на наставата по историја. Скопје.
- Заревски, П. (1987) Психологија памчења и учења. Загреб: Јастребарско Наклада.
- Ачковска – Лешковска, Е. (2011) Сознајни процеси.Скопје: Филозофски Факултет.
- Brajša, P. (1994) Pedagoška komunikologija. , Zagreb: Školska knjiga.
- Мирашчиева, С. (2007) Комуникациската парадигма на наставата, Штип, УГД.
- Поповска, Г. (2011) Модели на комуникација меѓу семејството и училиштето, Скопје. Маринг.
- Николовска, Ј. (2006) Педагошко-методички истражувања и погледи, Скопје: Просветно дело.
- Наумовски, С. (1991) Методки прирачник за наставата по историја, Скопје: Просветно дело.
- Колонџовски, Б. (2002).Ученикот во наставата по природа. Битола: Киро Дандаров.


[26] Stevanovic, M. (2003) Kreatologija, Rijeka, Digital point.

- Кар. Е. (1990) Што е историја. Скопје:Култура.
- Милат, Ј. (2014) Основи на методологијата на истражувањето. Штип.

УДК 37.091.12.011.3-051:94]:005.963
прегледен труд

# СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИКОТ ПО ИСТОРИЈА

**Верица Јосимовска**[1]
[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**

Професионалниот развој на наставниците е континуиран процес на стекнување на знаења, вештини и компетенции и придонесува за подобрување на квалитетот на работата, зајакнување на мотивацијата и развивање на системот за оценување и самоевалуација. Тој е отворен, динамичен и постојан процес кој вклучува трансфер на нови знаења од различни професионални области и научни дисциплини во светот на праксата, како и следење на европските трендови во подобрување на образованието.
**Клучни зборови**: историја, настава, образование, усовршувување.

# PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF HISTORY TEACHERS

**Verica Josimovska**[1]
[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip, Macedonia

**Abstract**

Professional development of teachers is a continuous process of acquiring knowledge, skills and competences and it contributes to improving the quality of work, strengthening of motivation and developing a system for assessment and self-evaluation. It is an open, dynamic and sustained process that involves the transfer of new knowledge from different professional areas and scientific disciplines into the world of practice, as well as following European trends in improving education.
**Key words:** history, teaching, education, improvement.

Наставникот ја започнува својата кариера со уверување дека наставничката професија е динамична и дека тој треба постојано да се усовршува за да биде во тек со новите сознанија во наставната област, со новите приоди во работата со ученици и заради промените во целите и очекувањата на општеството во врска со образованието. Тој смета дека наставата не е рутинска работа и дека дава многу можности за професионално учење и развој. Во тој контекст стручното усовршување на наставникот можеме да го сфатиме како „сума на сите формални и неформални искуства и учења во текот на кариерата, од стекнување на дипломата до пензионирањето“.

Професионалното усовршување опфаќа голем број различни полиња и се стреми кон развивање на многубројни вештини и знаења кај наставниците. Тоа може да биде како формално, така и неформално и информално. Под формално образование се смета образованието кое се одвива во училиштата и факултетите, и доведува до стекнување на диплома. Во случајот на наставници, формалното усовршување подразбира и продолжување на образованието преку специјалистички, мастер или докторски студии. Неформалното образование подразбира организиран систем на образование но кое не доведува до стекнување на дипломи. Во случајот на наставници, неформалното усовршување може да се одвива во форма на: предавања, конференции, симпозиуми, конгреси, панел дискусии,

семинари, курсеви, советување, нагледни часови, меѓусебни посети на наставниците на часови, индивидуална работа, потоа во
во рамките на дебатните клубови, преку професионални консултации, преку активности во секциите,професионални изложби и промоции, учество на разни штандови и работилници, состаноци, екскурзии, патувања. Паралелно со овие активности, исто така постои и неформално учење кое подразбира стекнување искуство, непланирано стекнување знаења и компетенции преку работа и социјални активности, во слободно време, како и едукација преку размена на искуства со други луѓе.

Бројни истражувања покажуваат дека искуствата во учењето и постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, способностите, вештините и посветеноста на нивните наставници. Основна цел на воспитно-образовната работа на наставниците е учениците максимално да ги развијат своите потенцијали. За да се постигне таа цел неопходно е наставниците да поседуваат компетенции за квалитетна воспитно-образовна работа и да имаат можност професионално да се усовршуваат и да напредуваат во текот на кариерата.

Од наставниците не се бара да бидат само извршители на програмата, процедурите и прописите, но од нив се бараат и многу повеќе, да располагаат со стручно, педагошко и дидактичо-методиско знаење, перманентно да го следат напредокот во својата струка и внесуваат промени во наставните содржини, ја познаваат образовната технологија и успешно ја користат информатичката технологија и другите наставни средства, константно се усовршуваат и самообразуваат. Очигледно е дека европскиот модел на клучните компетенции на наставниците ги обединува трите најважни аспекти на повикот на наставникот: социјални, психолошки и методички. Неопходно е професионализацијата на наставничкиот избор да се набљудува низ призмата на овие аспекти, испреплетена и надополнета.

Иновативниот наставник, мора да биде флексибилен во смисла на разбирање на својата улога, како во справувањето со учениците така и во методичкиот дизајн на наставата. Современите форми на организација и реализација на наставата, бараат од наставникот склоност кон иновации и подготвеност да се реализираат. Со цел наставникот да биде подготвен да воведе иновации, потребна е и неговата општа и педагошка култура. Од наставникот иноватор меѓу другото се очекува и:

- постојано да ја следи педагошката и стручна периодика, професионалните книги и списанија;
- во рамките на својата професија и активности постојано се интересира за нови книги, учебници и наставни помагала;
- постојано стручно и педагошки да се усовршува преку учество на семинари, конгреси, симпозиуми и сл.

Проблем кој се наметнува особено пред Советот на Европа, без разлика на бројните форми во образованието на наставниците по историја или во реформите што се спроведуваат во образовните системи, е проблемот на перманентно образование на секој наставник по завршените студии, т.е. во текот на работата.

Општествено-економските и политички промени од крајот на дваесетиот и почетокот на дваесет и првиот век посебно за земјите од Источна Европа, кои се карактеризираат и со застрашувачка социјална состојба на населението, национализам, политички екстремизам, нетолеранција претставуваат и почеток на суштински анализи и поттикнуваат потреби за реформи и во образовните програми кои ќе се засновуваат на почитување на човековите права и слободи, толеранција, еднакви можности, почитување на разликите. Во рамките на таквите напори и настојувања за промени, посебно е истакната улогата на наставниците по историја во пренесувањето на историските пораки. Притоа се бараат можности и начини за нивно изградување да можат да ги прифатат и пренесат предизвиците на времето, да успеат да ги

пренесат пораките низ еден современ поглед, свртен кон иднината. Токму поради овие промени, на стручното усовршување и оспособување на наставниците по историја му се придава и големо значење.

Интерното усовршување како форма на усовршување зависи исклучиво од индивидуата преку организирање на активности насочени кон усовршување на формите, методите, средствата и сѐ она што значи зголемување на квалитетот на работата, во која до израз ќе дојдат педагошко-психолошките, дидактичките и организациско-методските проблеми. Моделот на истражување е најзначајната активност на наставникот по историја, преку која се врши стручна надградба. Преку непосредна активност наставникот се идентификува со истражувачкиот проблем, се ангажира во собирање на податоци, архивски материјали, ги обработува и систематизира резултатите, што би водело кон постојано барање на вистната, изградено критичко мислење, разбирање и почитување на и на поинакви гледања на историските настани и процеси. Вклучувањето на наставниците во научни истражувања, научното раководење и организацијата на наставно-образовната дејност, прифаќањето на иновации, техники и приоди во наставата исто така претставуваат основа за успех на секој наставник.

Повеќе од неопходно е и вклучувањето на наставниците во изработката на учебници исто така бара и и нивно оспособување за критичка проценка на учебниците. Ваквото оспособување треба да почне уште при нивното базичо образование, во текот на студиите низ методолошко-педагошките предмети, но и во нивното подоцнежно дообразување. Сепак кај нас пишувањето на учебниците по историја е препуштено на научните работници и универзитетски професори и многу е мала соработката со наставниците во основните и средни училишта.

Поврзувањето и размената на искуства на различни училишта и наставници од различни средини, националности, религии; организирањето и учество во проекти за мултиперспективност и интеркултурно образование, води правец на зголемена потреба и од организирање на семинари, обуки и др. форми, за оспособување на наставниците да можат да вршат балансирање на локалните, националните, европските и светските перспективи. Во таа насока голема придобивка за наставниците по историја претставуваат активностите на Европската асоцијација на историчари - едукатори ЕУРОКЛИО (EUROCLIO). Организацијата е основана во 1992 год. на барање на Советот на Европа. Организацијата досега има работено на многу проекти, одржани конференции, обуки, семинари во многу европски земји. Посебен акцент во нејзината работа е ставен на земјите во политичка трансформација, но и во земјите со меѓуетнички и меѓурелигиски тензии. Нејзината работа им овозможува на многу историчари и наставници по историја да ги споделат искуствата да спроведат иновативно учење за минатото, да дискутираат и за чувствителни и контроверзни прашања, а со тоа и создавање на нови и инклузивни историски наративи. ЕУРОКЛИО исто така нуди серија на можности за своите асоцијации- членки со цел да влијаат врз процесите на образовни реформи, да соработуваат со поголеми прекугранични мрежи, да учествуваат во обука за професионален развој и да ја управуваат организацијата преку демократско учество. ЕУРОКЛИО ја презеде иницијатива и го основа интернет порталот Хисторијана (Historiana) како заеднички европски дигитален училишен учебник за сите заинтересирани за историја, учениците и наставниците. Како партнери на ЕУРОКЛИО, од нашата држава е АНИМ (Асоцијацијата на наставници по историја во Македонија).

Во последните години Советот на Европа прави поголеми напори за внесување на новини, најпрвин во базичното образование (обучување) на наставниците, а потоа и кон дообразување, како службено образование на веќе искусни наставници. Односно наметната потреба од подобрени квалификации со тежнението за професионализација на наставниците. Реформите во образовните системи исто таа ја наметнуваат и потребата од перманентното образование на

секој наставник и по завршените студии. Најголем дел од ваквото образование се одвива во слободното време, но евидентен е зголемениот стремеж ваква можност за дополнителна обука да добијат и во делот на нивното работно време.
Сепак новите технологии играат голема улога во креирањето на поефикасно, покохерентно и поефикасно обучување на наставниците во иднина. Создавање на развоен модел во кој новите наставници ќе учат да предаваат, а искусните ќе учат да бидат подобри.

**Литература**


- Стаматовић, Ј. (2006). Програми и облици стручног усавршавања наставника, Институт за педагогију и андрагогију Филозофског факултета, Београд.
- Ачковска, В., Трајковски, Љ. (1997). Базичното и стручното образование на наставниците по историја. *Историј*а, Скопје, XXXIII /1-2.
- Миноски, Ј. (1993). Иновирање на наставата по историја во земјите во транзиција, *Историј*а, Скопје, год. XXIX/1-2.
- Алибабић, Ш., Овесни, К. (2005). Управљање професионалним развојем наставника, *Иновације у настави* – број 2, Учитељски факултет, Београд.
- Основни професионални компетенции и стандарди за наставници. (2016). Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје.

УДК 37.091.212.6-026.512.1
прегледен труд

# НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Киро Јорданов**[1]
[1]ООУ „Славејко Арсов“ – Штип

**Апстракт**
Време е кога во образовниот систем се посветува многу поголемо внимание на учениците кои побавно или потешко напредуваат во учењето. Учениците со посебни образовни потреби и пречки во развојот го имаат приматот во вниманието кое го посветува наставниот кадар и целиот образовен систем воопшто, па се добива чувство дека учениците кои напредуваат побрзо во учењето и се посебно надарени се запоставени или помалку внимание им се посветува во образовниот процес. Надарените ученици и нивните постигнувања многу влијаат на конкурентноста на образовниот систем на една држава и конкурентноста на светско ниво. Па така, голема е потребата од развивање на програма и посветување посебно внимание на надарените ученици, додатната настава како форма за дополнителна работа со надарените ученици да не биде единствениот формат со кој ќе се адресираат учениците кои покажуваат посебен напредок и талент, туку да се организираат клубови и секции во кои ќе се адресираат ученици со исти или слични интереси и покажан успех. За да се покаже резултат во работата со надарени ученици наставникот, најнапред е потребно, да ги разбира и познава термините за надареност и талентираност. Потоа, е важно наставникот да ја индивидуализира наставата и да направи програма по која ќе работи со надарените ученици за да ги максимизира успехот и резултатот кај тие ученици.
**Клучни зборови:** постигнувања, клубови, секции, успех, резултат.

# GRANTED STUDENTS IN THE EDUCATIONAL SYSTEM

**Kiro Jordanov**[1]
[1]"Slavejko Arsov" - Stip

**Abstract**
It is the time when the educational system seems to pay a lot more attention to the students who advance more slowly or harder in the process of studying. The students with special educational needs and obstacles in their development have the primate in the attention which is paid to them by the teachers and the whole educational system, so there is a sense that the students who are advancing faster in their study and are extraordinarily gifted are neglected or less attention is paid to them in the process of education. The gifted students and their acomplishments have a great influence on the competitiveness of the educational system of a country and the competitiveness at a world level. So, there is a great need for developing a program and giving special attention to gifted students; supplemental classes as a form of additional work with gifted students should not be the only form in which the students who show exceptional advancement and talent will be addressed, but clubs should be organized in which students with the same or similar interests and success will be addressed. In order to show results in working with talented students, a teacher needs to understand and know the terms giftedness and talented. It is also important for the teacher to individualize

his/her teaching and make a program by which he/she will work with gifted students to maximize their success and the results shown by those students.
**Key words:** accomplishments, clubs, success, result.

**Вовед**

Во интерес на општеството и на личноста е тоа богатство да се развива до највисоко можно ниво и ниедна дарба да не остане нереализирана, што би било и општествена и лична загуба со далекусежни последици и за развојот на општеството и за развојот на индивидуата.

Денес во развиените земји во светот, надарените деца со право се сметаат за најголемо национално богатство на една земја.

Постојат повеќе дефиниции за поимот надареност, меѓутоа кај нас најопшто е прифатена следнава:

*„Надареноста е своевиден збир на особини кои му овозможуваат на поединецот на продуктивен или репродуктивен начин да постигнува доследно забележливо натпросечен успех во една или повеќе области на човековата дејност, а е условена од високиот степен на рзвиток на одделни способности и од поволната внатрешна и надворешна стимулација.“*

Надареноста е неодолив дел од психологијата на личноста и претставува значајна карактеристика на учењето. Слободно може да се каже дека надарените ученици имаат позабележливи успеси и поуспешно ги решаваат проблемските ситуации од другите деца во наставата и учењето, а и во секојдневниот дејност, работа и комуникација. Децата, учениците воопшто, кои се надарени се забележуваат во предучилишната возраст, во основното или средното училиште според своите потенцијали или веќе покажани способности со кои се докажуваат дека успешно изведуваат секаков вид интелектуални, креативни, па и лидерски активности за време на часовите. Тоа се обично такви ученици кои секогаш се спремни да изнесат нови идеи за секаков вид активности што би можеле да следат после било која област од материјалот што се изучува. Ваквите ученици посебно се забележуваат при работата во групи, како оние кои сакаат да доминираат, па и да ги предводат останатите членови на групата при изработата на зададената задача.

Дали надареноста како особина на личноста на психологијата на детето, ученикот е вродена или стекната особина?

И едната и другата компонента се земно условени.

Надареноста всушност претставува општа или специфична способност на надворешно манифестирање на она што е битно, суштинско-носечко и творечко-креативно во смисла на создавање нови идеи, размислувања, имагинации и творештва. Затоа надареноста треба уште од најрана детска возраст да се поттикнува и насочува кон она што води кон прогрес, творечко и креативно однесување во сите животни и работни ситуации, во сите средини на човековото опкружување.

**Поттикнување и развој на надареноста**

Во процесот на поттикнување на надареноста, голема улога има средината во која детето се развива, а со тоа и самите родители. Веднаш по забележувањето на посебните способности, родителите треба да се погрижат на своето дете да му овозможат било каков контакт со она што ги интересира и за кое покажуваат посебни способности. Родителите први треба да му овозможат услови на детето за да може постепено да се развива и да се подготви за понатамошните фази од напредок.

Кај надареноста постојат четири развојни фази и тоа:

1. **препарација** – прибирање на информации (испитување на проблемот, интерпретација на искуство);
2. **инкубација** – напредок на потсвесната духовна работа (привидно мирување);

3. **алуминација** – изненадна појава на решенија („аха доживување“);
4. **верификација** – проверка и изработка на решенија (тестирање на решенијата).

Креативноста, покрај надареноста, е мошне значајно прашање.

Креативноста е резултат на ангажираноста на личноста на детето и индивидуите и барање на одредени модуларни решенија и излез од „лавиринтот“.

Креативната личност е секогаш „немирна“ личност. Таа никогаш не чека готови решенија. Има постојан интелектуален „немир“. Во овој 21 век кој претставува век на информатичката ера во време на трет технолошки бран, перманентното учење се наоѓа во непрекинат развоен тренд.

**Карактеристики на надарените деца**

Тука станува збор за одредени карактеристики на надарените ученици, а тие се: физички, социјални, емоционални, интересот, училишниот успех и некои слични особини.

**Физички особини на надарените деца**

Надарените ученици физички се нешто посупериорни од другите. Тие се со подобро здравје и поретко се разболуваат од нивните врсници и кога ќе пораснат, тие се со подобро здравје од другите. Оваа предност кај надарените деца можеби е поради нивната биолошка супериорност или подобрата здравствена грижа и помош, или пак поради условите во средината. Ваквото добро физичко здравје овозможува многу добро ментално да се развиваат и упорно да работат и учат. Од своите врсници, овие деца се разликуваат и по својата тежина, висина, силата на мускулите и тоа дури кога ќе пораснат.

**Социјални особини кај надарените деца**

Надарените деца се социјално поприлагодени отколку другите деца. При испитувањето на 150 надарени деца од училишна возраст, се покажало дека надарените деца во поголем број случаи се најпопуларни деца во одделението. Помал број од овие деца (и тоа посебно оние со IQ над 150) се апстинентни, односно не ги бираат другите деца, но затоа пак тие се бирани од нив. Надарените деца и кога се издвојат како група многу се посоцијални отколку другите со пониска интелигенција (просечна и потпросечна).

Надарените деца и кога ќе пораснат се многу подобро социјално прилагодени отколку другите. Надарените деца со IQ над 180 многу ретко успеваат да се прилагодат во општествените активности и игрите. Наместо да учествуваат во активностите со другите деца, тие повеќе сакаат да останат настрана и да ги набљудуваат децата во игрите или наоѓаат утеха во самостојните игри. Оваа пречка за социјализација кај надарените деца, најчесто е резултат на тоа што родителите им всадуваат чувство на супериорност над другите.

Најдобро социјално прилагодени деца се со IQ 120 до 130, односно тие надарени деца кои интелектуално не се многу појаки од останатите ученици.

**Емоционални особини кај надарените деца**

Надарените деца се емоционално многу постабилни од другите деца. Тие имаат многу мал број на агресивни тенденции отколку нивните врсници. Меѓутоа, доколку живее во лоши семејни услови, честите емоционални трауми кои детето ги доживува дома и на училиште, можат многу да пречат, па дури и да го попречат развивањето на творечките способности. Негативното влијание на средината и семејството може да доведе до „бунтовно“ однесување на надарените деца. Лошото воспитување може да доведе до тоа, овие деца да станат агресивни и тврдоглави и поради тоа тие имаат тешкотии во животот. Ваквиот став кон другите луѓе кај некои надарени деца, може да доведе до неприлагодување и изолираност, а и до недостаток на блиски пријатели. Поради тоа, тие често се несреќни, загрижени и

несигурни. Најсреќни се оние деца со IQ од 120 до 150, затоа што тие покажуваат успех во поголем број општествени активности и се прифатени од другарите, а тие многу не се разликуваат од другите во одделението. Меѓутоа, децата со IQ преку 180, често се несреќни, затоа што тешко можат да најдат пријатели. Несреќното дете не сака да создава. Ефикасната семејна околина мора да ги обезбеди четирите основни потреби на надареното дете и тоа:

-потреба за љубов и сигурност;

-потреба за нови искуства;

-потреба за поттикнување на успех;

-потреба за чувство на одговорност и независност.

Често се случува, училиштето и семејството да заборават дека надареното дете има право да биде среќно и да има слободно време за творештво. Знаеме дека најчесто надарениот ученик е оној од кој очекуваме поголема креативност во употербата на научените и совршено совладани јазични вештини.

Самите тие се најсреќни кога имаат можност да го покажат она што го умеат. Сепак, во случај кога и родителите и наставниците не умеат да сватат дека за нив е поважен самиот живот, а не интелект, тие се чувствуваат несреќни. Затоа родителите и наставниците треба да знаат дека надарените деца очекуваат повеќе од животот отколку од интелектуалниот успех. За овие деца, интелектуалниот успех е еден дел од нив, а тоа што за останатите значи успех, за нив претставува живот. Во својот живот тие очекуваат можности за изразување. Според тоа, надарените деца покажуваат креативност и надвор од училишните клупи, во реалниот свет.

Во контекстот на поттикнување на творечките способности на децата од страна на родителите неопходно е тие кон своите деца да ги покажуваат следните битни особини на однесување:

-емоционална топлина и самодоверба;

-позитивни ставови кон учењето, образованието, знаењето;

-високи очекувања од себе и од своите деца;

-интерес за успех на детето во поглед на следењето на неговите резултати и други работни охрабрувања за постигнатиот успех на детето;

-примена на демократски метод на дисциплина во смисла на логички објаснувања, доследност во почитување на барањата на детето, без никакви облици на казнување.

**Интересот кај надарените деца**

Надарените деца имаат многу големи интереси. Тие се ентузијасти и во учењето и во играта. Овие деца уживаат речиси во сите активности. Надарените девојчиња уживаат во групните активности, додека момчињата се радуваат на самостојните активности. Повеќе од половината на надарените деца се занимаваат со пишување поезија, прераскажување, музика, цртање, моделирање, учење странски јазици, спорт, сакаат многу да читаат (научуваат да читат уште оред поаѓање на училиште). Особено покажуваат интерес за компјутерите, во почетокот преку разни игри за забава, а подоцна откривајќи ги можностите што информатичката технологија им ги нуди постепено навлегуваат се подлабоко развивајќи ја истовремено својата креативност. Оттука започнува и интересот за едно нови искуство, нов предизвик, кој потоа преминува во успех кој ги величи и истакнува над другите. Една од главните црти на личноста на надареното дете е големиот интерс за одделни области од науката или уметноста и способноста сосема да се посветат на таа област.

**Училишен успех кај надарените деца**

Од повеќе испитувања е утврдено дека речиси сите надарени деца имаат одличен успех (95%). Голем процент од нив успешно завршуваат факултет, а многу од нив имаат титули на магистри и доктори на наука. Биографските студии на големите луѓе покажале дека тие многу

од рана ги покажале своите извонредни способности. Познато е дека Дикенс пишува трагедии од седум годишна возраст и дека Моцарт, Лист и Бах покажувале надареност за музика од рана детска возраст.

Надарените деца ги имаат следните карактеристики:

-рано употребуваат голем број на зборови;

-употребуваат фрази и цели реченици уште во раната возраст и покажуваат способност за раскажување приказни;

-добро забележуваат и задржуваат информации за работите што не опкружуваат;

-имаат голем интерес за книгите, а посебно уживаат во атласите и илустрациите;

-рано покажуваат интерес за часовникот и календарот;

-пројавуваат посебна способност за различни училишни предмети;

-рано ги откриваат причинско-последичните врски;

-рано покажуваат интерес за читање.

**Идентификација (откривање) на надарените деца**

Процесот на идентификација и оспособување на надарените е сложен процес кој претставува тимска работа во процесот на прибирање на податоци и донесување одлуки, следење на надарените во рамките на наставните и вонnаставните активности.

За откривање на надареноста кај децата одговорни се родителите, наставниците, педагозите, психолозите, лекарите, членовите на разни советувалишта и сите оние кои живеат и работат со децата. Најголемиот број на психолози сметат дека оптималната возраст за идентификација на надарените деца е до 12 години. Родителите се тие кои можат многу рано да ја откријат надареноста кај своите деца. За да се открие надареноста, треба да се даде можност таа да дојде до израз. За жал, постојат многу надарени деца кои никогаш немаат можност тоа да го покажат. Тоа се случува поради фактот што некои деца, кои припаѓаат на пониските општетсвени слоеви, со понизок семеен буџет, најчесто немаат можност да добијат услови во кои би се истакнале. Кај нив постои ограничување во способноста, пред сè, да бидат во контакт особено со компјутерите. Тоа секако зависи од условите во кои живеат.

Родителите се еден од факторите кои овозможуваат полесно идентификување на надарените деца. За да се идентификува секое надарено дете, потребно е тоа да се набљудува и проучува подолго време, затоа што интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот и физичкиот развиток не се рамномерни.

Секое дете, од ден на ден, реагира на сопствен начин и тоа во различни ситуации. Ако сакаме да одредиме дали едно дете е надарено или не, покрај успехот покажан на тестовите на интелигенција, мораме да земеме во предвид повеќе други фактори. Постигнатиот успех на детето на тестот на интелигенција ги идентификува само половината од бистрите ученици, но не секогаш и надарените. Најчесто велиме дека тешко се идентификуваат надарените, а тоа е поради пропусти од страна на наставникот.

Надареноста кај децата се развива во процесот на практичната работа и вежбање на когнитивните способности на учениците во рамките на постојниот воспитно-образовен процес, т.е. во рамките на предвидените програмски содржини по одделни наставни предмети во постојните одделенија.

Во поновите истражувања за идентификација на надарените ученици се преферира т.н. процесна дијагностика, која постапно би се одвивала преку стимулативни програми со диференцирани различни наставни содржини кои се вградени во редовните програмски содржини, односно на учениците да им се овозможи опфаќање на повеќе дисциплини, како што се уметноста, музика, јазик, а потоа да се искористат разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности.

Системот на вреднување да не прави разлики на основа на општествено-економската состојба, за да може секој да добие можност за истакнување на своите способности. Секое посебно надарено дете е посебна индивидуа, па за полесно препознавање на истото потребно е повеќе време во кое би се овозможило подобро запознавање на неговата личност, како што вели и американскиот психолог Блум: „обично од забележувањето на знаците на надареноста, па сѐ до нејзиното манифестирање во продуктивно-креативна форма треба да поминат околу 10 до 15 години интензивен воспитно-образовен процес или тренинг.“ Фазата на идентификацијата на надарените деца не е временски ограничена, како сложен процес бара многу залагање и долготрајна процедура со опсервација.

**Форми на воспитно-образовна поддршка на надарените ученици**

Во последните 50, па и повеќе години откако интересот за надарените деца е значително зголемен, направени се голем број испитувања и тоа не само за природата на надарените деца, туку и за разновидните форми на нивното педагошко водење. Проучувани се различни општествени, културни, кадровски и други услови, карактеристични за поедини земји, врз основа на што се предлагани и преименувани соодветни форми на педагошка работа со надарените деца.

Во согласност пак, со развојот на психолошките и педагошките сознанија, се развиле и богателе и сознанија за начините на организацијата на образованието на надарените ученици. Оттука е разбирливо и постоењето на цело богатство на форми на работа со надарените ученици, присутно во речиси сите земји во светот. Сите форми на педагошко водење и делување на надарените ученици што функиционираат во воспитно-образование системи форум земјите во светот, повеќе педагози (J. Roth, S. Sussman, P.E. Vernon, L. Kruger, и други) ги имаат систематизирано и касифицирано во 3 категории:

а) Забрзување на развојот (Accelaration);

б) Издвојување во посебни групи ( Segregation );

в) Збогатување на образовно-воспитните содржини (Erichment).

**а) Акцелерција-забрзување на развојот**

Училишната акцелерација е една оптимална и значајна шанса за развој на надарените ученици. Тоа е всушност нивно акцелерно напредување и завршување на задолжително школување (се мисли на надарените ученици во основното училиште). Поимот училишна акцелереција означува забрзано унапредување на ученикот од одделение во одделение т.н. прескокнување на одделението.

Суштината на училишната акцелерација е, на надарените деца да им се овозможи побрзо напредување по свое темпо, можнности, способности, ритам, интереси, мотивација, сопствена слика за себе. Со ова се остварува дидактичкиот принцип за индивидуализација на наставата-почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците во наставата од аспект на нивното психофизичка развиеност, темпо на работа, работно искуство, начин на реагирање, однесување.

Одлука за завршување на основното образование во покус временски период, ја донесува Наставничкиот совет на училиштето, на предлог на одделенскиот наставник, одделенската заедница, Одделенскиот совет.

Одделенскиот и Наставничкиот совет имаат обврски најмалку два пати во учебната година да разгледуваат дали има ученици што се истакнуваат посебно со знаења и способности за да им се овозможи побрзо напреднување.

Во нашата едукативна практика постојат следните форми, кои го задоволуваат квантитативниот аспект на надареност:

-Порано запишување на поразвиени деца во училиштето;

-Забрзано напредување на надарените ученици во системот на одделенската настава;

За предвремено запишување, односно училишна акцелерација можат да се истакнат следниве аспекти:

- Зрелост на детето во физички поглед;
- Говорна зрелост;
- Интелектуална развиеност;
- Емоционална развиеност;
- Социјална развиеност.

Од овие индикатори, стручниот тим ќе може успешно да ги примени испитните постапки, мерните инструменти и тестови. На надарените деца може да им се овозможи вонредно да напредуваат за едно одделение и тоа по записување на второ одделение да преминат четврто одделение, по завршување на трето одделение да преминат во петто одделение. Основниот критериум за предвремено преминување во високо одделение може да биде совладаноста на претходните совладани содржини, натпросечни знаења и умеења.

Испитаните материјали ги подготвува одделенскиот и предметниот наставник со педагогот. Врз основа на овие испитувања се извршува изборот на ученици кои ќе преминат во повисоко одделение. За овој вид акцлерација, предуслов на оддленскиот наставник, педагогот, психологот, самиот родител, а согласноста се добива од Одделенскиот совет на Наставничкиот совет како и директорот. Самата постапка се реализира или на почетокот или на крајот на на учебната година. Надарените деца можат без поголеми тешкотии да прескокнат едно од пониските одделенија и тоа во ретки случаи може негативно да се одрази наспроти нивната социјабилност.

**б) Издвојување на посебни групи**

**С**поред некои истражувачи, надарените деца треба да учат во посебни групи, одделенија од причини што:

-повеќе се задоволуваат индивидуалните потреби за знаење;

-наоѓајки се во друштво со деца со исти способности, детето може поуспешно да се проценува самиот себе;

-своите способности може да ги истакне слободно без страв дека нема да биде прифатен од врсниците;

-поголема мотивација за работа;

-можат да се користат специјални наставници кои се специјално обучени за работа со надарени деца кои сакаат да работат со нив;

-ќе имаат поголема слобода во искажување на своите креативни идеи преку изработка на разновидни проекти;

-ќе имаат поголема можност преку практична работа да вежбаат и да се усовршуваат;

-ќе покажуваат поголема сигурност во себе.

Други пак, се против групирањето на надарените деца од следниве причини:

-специјалните одделенија се недемократска мерка, затоа што избираат само надарени деца;

-се јавуваат негативни ставови на оние кои не се одбрани да учат во тие специјални одделенија за надарени, поради што можат да се создадат лоши социјални односи, заради натпреварувачки дух помеѓу учениците;

-формирањето на специјални одделенија за надарени деца ја попречува интеграцијата на интересите и активностите на ученикот.

И покрај овие забелешки, истражувачите од оваа област ја потврдиле предноста во воспитување на надарените деца во специјални одделенија над воспитувањето во редовните одделенија.

А предноста која ја има воспитувањето на надарените деца во специјални одделенија, се гледа и од фактот што таквите деца се често пати нестрпливи и неуморни во извршувањето на надените задачи. Во повеќе случаи, наставникот се соочил со потреба од претходно подготвени активности и задачи, кои би можеле да послужат како средство за задоволување на нестрпливоста на учениците кои се истакнуваат од другите во одделението.

**Збогатување на образовно-воспитните содржини**

Оваа категорија опфаќа широк дијапазон на различни едукативни програми, преку кои се задоволуваат различни потреби на надарените ученици преку проширена програма во училиштата и одделенијата.

Главната цел на проширената програма за надарени деца е да ги стимулира и максимално развива нивните способности, во склад со нивните интереси и потреби. Проширената програма за надарените овозможува овие деца да научат многу повеќе преку редовните предмети во одделенијата или да научат повеќе надвор од редовните предмети, за сите работи што ги интересираат. Се смета дека различните секции како и додатната настава се добра форма за работа со надарените деца. Преку специјални задачи во текот на училишната година, надарените деца можат да ги задоволат своите интереси.

Програмите за надарените ученици треба да бидат проширени и флексибилни со повеќе идеи, методи, техники и самостојна работа, а со помалку факти, правила и предавања, со посебен акцент на воспитување и развивање на вештината на размислување, набљудување, анализирање, класифицирање и креативно изразување.

Овие програми може да се разликуваат од редовните училишни програми на повеќе начини. Тие можат да бараат брзо совладување на наставното градиво, да се реализираат за пократко време или да бидат пообемни со продлабочен пристап кон наставното градиво и сл.

Збогатувањето на наставните содржини во едукацијата со надарените ученици треба да биде во рамките на:

а) учење и вежбање после воспитно-образовната работа во редовното одделение (повремено хомогено комбинирање, групирање);

б) како прилагодување на наставната програма за надарените ученици во рамките на редовните хетерогени одделенија (додатна настава).

Во изработката на плановите за надарените деца треба да бидат опфатени содржини кои не можат да се обработуваат во рамките на редовната настава, а се значајни за надарените ученици за нивното индовидуално изразување и на предување. При изработката на плановите можно е и интердисциплинарно поврзување на одредени прашања и содржини, така што програмскиот курикулум може да биде заеднички за повеќе научни области.

**Диференцирани наставни планови и програми со надарените ученици**

Диференцираниот наставен план и програма е посебен модалитет на постојниот наставен план и програма за основните училишта кој може да претставаува фундамент на сериозна општествена и педагошка основа за развојот на надарените ученици во основните училишта во Р. Македонија.

Диференцираните наставни планови видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини.

Диференцираните наставни планови и програми во воспитно-образовниот процес би требало да овозможат:
-учениците да мислат во форма на научно трагање, истражување, проучување, решавање на проблеми;
-ученикот да ја има водечката улога преку охрабрување на неговата самодоверба, независност, самостојност и самоконтрола во истражување на нови содржини и поставување на активни прашања, а наставникот да е во улога на соработник;
-демократичен и слободен систем на работа со отворен распоред на часови и широк спектар на интересни теми за понапредните ученици;
-активна улога на ученикот во менување, корегирање на планот и програмата според своите интересирања и мотиви;
-наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици.

Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици во рамките на редовната настава, додатната настава и слободните ученички активности.

**Заклучни согледби**

Надареноста и талентот се појавуваат во најразлични форми и имаат своја специфичност на различна возраст и во различни општествени средини. Образованието и воспитанието на надарените деца, за жал, во многу средини е занемарено. Научниците кои се занимаваат со оваа проблематика, нагласуваат дека во многу земји поголемо внимание се посветува на децата со просечна интелигенција, на кои им се овозможува до максимум да ги користат своите способности. Наспроти тоа, во таквите средини, се настојува надарените деца да се изедначат и третираат подеднакво со просечните.

Заради тоа, неопходни се покорените промени во структурата на наставните планови и програми и вградување на посебни програмски курикулуми наменети за надарените ученици, проширен и флексибилен наставен програм за надарени ученици со реализација на континуирани квалитетни работни вежби, методско едуцирање на наставниците за реализирање на тие програми, актуелизација и методска конкретизација на проблемот на креативното изразување и развивање итн.

Образованието и воспитанието на надарените ученици претставуа многу сложен проблем не само од аспект на изборот на формата за работа со нив, туку и од аспект на избор на програмата за работа.

Стимулирањето на домашните млади потенцијали е најдобра инвестиција на едно општество бидејќи плодовите од тоа ангажирање придонесуваат за неговиот сопствен напредок. Оттаму се наметнува заклучокот дека секое општество треба да е заинтересирано за квалитетни и оригинални идеи и производи. Затоа треба да се поттикнува организирање на таков воспитно-образовен систем кој ќе биде во функција на стимулирање на нови идеи и производи. Во сиот тој процес наставникот е тој кој што треба да работи успешно со надарените ученици, да има желба и потенцијал да им помогне, да ги поттикнува во својата креативност и инвентивност.

**Литература**


- Ачовски Д. – Мицковска Г. (1989). *Работа со надарени ученици во основните и средните училишта* во Зборникот трудови: Откривање, развој и вработување на надарените деца и младинци), Републички завод за унапредување на образование и воспитание., Скопје;

- Арнаудова В. (1996), Поттикнување на креативното мислење со техники на девергентна продукција, Просветно дело, Скопје;
- Корен И. (1990), Наставникот и надарените ученици, Солидарност, Белград.
- Михајловски, В.(2002), Основното училиште и надарените ученици, Штип;
- http://eprints.uklo.edu.mk/67/1/Marija_z2.pdf
- https://educiranje.wordpress.com/2017/09/06/%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8/
- http://math.bilten.smm.com.mk/source/V%20kongres/08.%20Cana%20Naumovska_opt.pdf
- https://www.researchgate.net/profile/Risto_Malceski2/publication/275358471_Rabota_so_nadareni_ucenici/links/553b2fdb0cf245bdd764601f/Rabota-so-nadareni-ucenici.pdf
- http://eprints.ugd.edu.mk/2468/1/zbornik-1.pdf

УДК 37.091.64:51
прегледен труд

# НАСТАВНИ СРЕДСТВА ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА

**Марина Стојанова**[1]
[1]ООУ„Страшо Пинцур“- Карбинци

**Апстракт**
Наставата по математика не може да се замисли без користење на нагледни средства. Ако на учениците на часовите по математика им се објаснува преку нагледни средства, тогаш им е многу поинтересно и позабавно на час, со што полесно ја совладуваат материјата. Децата сакаат сè да допрат, да измерат, да проценат и да споредат. Новите програми по математика бараат многу повеќе практична работа, што е многу добро за децата, кои преку мерења и математички игри, ја учат и совладуваат материјата. Целата работа на часовите со нагледни средства придонесува да се појави поголем интерес кај учениците за предметот. Целта на овој труд е да се нагласи важноста и улогата на примената на наставни средства во интерактивната настава по математика.
**Клучни зборови:** наставни средства, математика, значење, видови.

# INSTRUCTIONAL RESOURCES IN TEACHING MATHEMATICS

**Marina Stojanova**[1]
[1]Primary school Strasho Pindzur Karbinci

**Abstract**
Mathematics cannot be imagined without the use of teaching aids. If students in mathematics classes are taught through teaching aids, then lessons are much more interesting, which makes it easier to learn the material. Children want to touch, measure, evaluate and compare everything. The new programs in mathematics require much more practical work, which is very good for children who, through measurements and mathematical games, learn and master the material. The whole work in classes with teaching aids contributes more interest in students for the subject. The aim of this paper is to highlight the importance and role of the use of teaching aids in interactive teaching of mathematics.
**Key Words:** teaching materials, mathematics, importance, types.

## Вовед

Во наставата по математика се користат различни наставни средства кои во голема мера влијаат на процесот на настава и учење. Затоа, правилен избор на наставни средства за обработка на содржините е од големо значење. Наставните средства се посредник меѓу ученикот и надворешниот свет. Наставните средства ја олеснуваат работата на наставникот и на учениците и како такви се посредник меѓу наставните содржини, ученикот и наставникот. Преку интеракцијата меѓу наставникот како организатор на наставниот процес и ученикот како субјект во наставата, може да се постигнат резултати кои не се однесуваат само на знаења и вештини, но, исто така, за формирање на ставови кај учениците.

Постојаниот развој на технологијата наметнува постојана потреба за подобрување на технологијата во образованието на сите нивоа. Појавата на компјутери и други современи

наставни средства неизбежно доведува до промени кои доведуваат до зголемување на квалитетот на наставниот процес. Целиот процес на модернизација на наставата е условена со поседување и со користење на соодветни наставни средства, опрема и уреди.

За наставата да биде поефикасна се оди кон користење на нови мултимедијални наставни материјали, кои ги задоволуваат современите дидактички и методолошки принципи за реализација на наставата. При зголемување на квалитетот на образованието се обезбедува можност учениците да се стекнат со потребните знаења и вештини, кои ќе се применуваат во идното образование и во работата. Тука голема одговорност имаат наставниците кои мора да бидат обучени да ги користат сите современи наставни средства, како и да го следат текот на нивниот понатамошен развој. Во наставата, каде што се воведуваат современи и квалитетни наставни средства се постигнува поголема интерактивност, ангажираност и мотивираност на учениците, што доведува до подобрување на конечниот исход и постигнување на поставените цели.

**Наставни средства, цели и функција**

За успешна реализација на целите и задачите во наставата во училиштата, неопходен и битен фактор се наставните средства и материјали како извори и носители на информации и знаења кои го покренуваат интересот кај учениците. Во дидактичката литература постои терминолошко шаренило во поглед на општиот назив за средствата кои ги користат наставниците и учениците во наставата. Една од најопштите формулации за наставните средства е „Наставните средства претставуваат дидактичко методичка обликувана објективна реалност. Тие ги елиминираат недостатоците на примарните извори на знаења“. Во поширока смисла наставните средства се сите предмети кои се применуваат во образовно-наставната работа земајќи ги во предвид најзначајните педагошко, психолошки и методички принципи. Тие претставуваат „дидактички инструменти“ на наставната работа кои даваат непознати, значајни, ретки и специфични податоци, информации и факти во наставниот процес, го збогатуваат сознајниот процес, знаењата ги прават побогати, појасни, поконкретни, пополни. (Гогоска. Л., 1995)

Тие се употребуваат во сите нивоа на образованието и воспитанието како извор, помош или доказ во процесот на сознавање на природните и општествените случувања (Вилотијевиќ, М. 1999). Со користење на нагледни средства се постигнуваат повеќе образовни цели. Со нивната употреба се остварува принципот на очигледност и се постигнува поголем интерес кај учениците. Се остварува поголемо внимание и мисловни активности кај учениците, се врши побрзо и полесно пренесување на информациите, што придонесува за постигнување на подобар успех.

Основните функции на наставните средства се постигнување на очигледност, поттикнување на интензивирање на учењето и развојот на мисловните способности.

Вредноста на примената на соодветните наставни средства може да се сведе на следниве факти:

-наставните средства овозможуваат лесно запознавање со поимите;

-употребата на наставните средства наставникот ги прилагодува со претходното знаење, интересите, способностите на учениците;

-наставните средства значително придонесуваат за побрза модернизација на формите и методите во наставата;

-благодарение на наставните средства учениците повеќе учат со истражување и решавање проблеми, тие ги поттикнуваат на самостојност и мобилност.

Така, предностите на користење на разновидни наставни средства е олеснета припрема и изведување на наставата, а на учениците им се пружа можност за самостојна работа и примена на стекнатите знаења во пракса.

**Класификација на наставните средства**

Големиот број на разновидни наставни средства во наставата по математика и можноста за користење на различни критериуми предизвика постоење на релативно различни класификации на наставните средства. Во однос на критериумот за користење на наставни средства и нивното делување на сетилата на учениците, Dejić - Egerić (2010) ја користат следнава класификација:

• текстуални наставни средства (запис на табла, графофолија, учебници, работни листови, работни тетратки, наставни листови, образовни компјутерски софтвери);
• визуелни наставни средства (компјутер, модели, слики, апликации, дијаграми, слајдови, симболи);
• аудитивни наставни средства (радио емисии, ленти, аудио касети, ЦД-а);
• аудио-визуелни наставни средства (наставни филмови, образовна програма на телевизија);
• мануаелни наставни средства (наставни материјали, прибор за цртање и конструкција, прибор за мерења);
• дополнителни (технички) наставни средства (средства за експозиција: училишната табла, фланелограф, платно за проекција, визуелни проектори: проектор, слајд проектор, филмски проектор, електронски уреди: ТВ, компјутер).

Постојат и други класификации и поделби на наставните средства – Хапалова ( D. Hapala , 1963 ), Флемингова ( E. Flming, 1961 ), Шахмаева ( N. M. Shahmaev, 1973 ), Клингбергова (L.Klinberg, 1974 ) и др., но ќе ги опишам според горенаведената класификација на Dejić – Egerić, ќе бидат опишани поединечно во согласност со нивната улога во интерактивната настава по математика.

**Текстуални наставни средства**

Во наставата по математика, посебно во второ, трето и четврто одделение многу е важен начинот на кој учениците добиваат информации од пишани и печатени текстови. Како пишани текстови најчесто се користат записи на табла, пишани или печатени графофолии, наставни листови и различни апликации кои се истакнуваат на таблата.

Учебникот е најчесто користено наставно средство, а често се користат и работни листови, работни тетратки, збирки задачи и сл. Учебникот е со цел да им понуди на учениците основни информации за содржините и постепено да ги воведе во самостојна работа со текст. Тој е „книга во која има научни или стручни содржини за корисникот кои се посебно уредени со дидактички инструменти, зависно од целите на воспитанието и образованието и психофизичките зрелости на читателот за кој се наменети тие посебни задачи од наставниот план и програма“ (Педагошка енциклопедија 2, стр. 472) .

Општи услови кои треба да ги исполнува учебникот според Dejić - Egerić (2010 : 393) цитирам: „За да ја оправда својата цел, учебникот мора да ги исполнува следниве услови:

• содржината да му е ускладена со наставната програма и дидактичко-методолошки принципи и барања,
• да е прилагоден на психо-физичките способности на учениците,
• содржината да е илустрирана со соодветни слики и цртежи,
• воведните примери да се детално разработени,
• да има различни задачи по содржини и формулации,
• да содржат „необични“ задачи чие решавање бара поинаков пристап од традиционалниот,
• да содржи инструкции за решавање на комплексни задачи.“

Наставникот најчесто запишува на табла: насловот на наставната единица, поими, математички правила со симболи или зборови, цртежи, табели и графикони. Записите треба да се логички структурирани, прегледни и уредни.

Графофолиите на некој начин го заменуваат пишувањето на табла. Во интерактивната настава наставникот со учениците води дијалог во склад со текстот на фолиите.

Работните листови, работните тетратки и збирките задачи ги надополнуваат учебниците, така што ги прошируваат, продлабочуваат и утврдуваат стекнатите знаења и вештини, но, исто така, се користат за проверување и оценување. Тие можат да се користат и во индивидуална работа или во заедничка работа во групи.

Наставните листови најчесто се користат со диференцирани задачи на три нивоа, и се наменети се за продлабочување, вежбање и повторување на наставните содржини. Во секој случај, наставникот треба да подготви и диференцирана помош за секоја фаза и секоја задача. Таквата помош може да се даде усно или писмено на ливчето, а повратната информација усно. Ако листовите содржат исти задачи за сите ученици, а работата се одвива во групи, можеме да кажеме дека учениците учат интерактивно во групата.

Исто така, и образовниот компјутерски софтвер може да се согледа како текстуално наставно средство, односно, програмиран наставен материјал за чија примена е потребен компјутерот. Примената на компјутерите во наставата по математика обезбедува поширок спектар на можности и постојано се подобрува.

**Визуелни, аудитивни и аудио-визуелни средства**

Набљудувањето и споредбата се мисловни процеси кои ја формираат основата за разбирање и примена на сложени мисловни процеси. Во наставата по математика во пониските одделенија, особено во почетната фаза во формирањето на математичките концепти, неопходно е да се обезбедат наставни средства со чија примена брзо и ефикасно ќе се активираат мисловни процеси за набљудување и споредба. Овие средства се нарекуваат визуелни бидејќи набљудувањето е главно остварено со сетилото за вид.

„Во наставата се користат природни и вештачки визуелни средства. Во природни се вбројуваат разни предмети од природата, овошни и зеленчукови растенија, лисја, прстите на рацете и други. Вештачките визуелни средства можат да бидат предметни и графички. Од предметните средства најчесто се користат разни сметалки, модели на геометриски фигури, модели на мерни единици, жетони, стапчиња, тапи во боја итн. Од графички средствата се користат апликации: слики, цртежи, дијаграми, слајдови, симболи и слично.“ (Dejić - Egerić, 2010: 394)

Во почетните одделенија особено се погодни сметалките. Исто така се погодни и моделите, особено за формирање на концептот за геометриските фигури. Во моделите може да се класифицираат и сите средства кои се збир на елементи, за да им се помогне на учениците во формирањето на поимот за број. Основен таков модел се дланките со прстите. При формирањето на првите низи на природни броеви, од еден до пет или од еден до десет, одлучувачката улога има броењето и сметање на прсти.

Дека моделите, како и други наставни средства, се само појдовна точка во изградбата на апстрактни математички концепти потврдено од страна на пример земени од Bright, G. W. (1999) кој е наведен во Dejić, M., Egerić, M., 2010, стр. 397. Авторот зборува за примена на моделот „математичка коцка“ за формирање на повеќецифрени броеви. „Побарав од учениците да користат математичка коцка за да се прикаже повеќецифрен број. Сè се одвиваше без проблеми за двоцифрени и трицифрени броеви. Им поставив барање да го претстават бројот 1.524. Тие тоа го направија со помош на две големи коцки, три плочки, две стапчиња и четири коцки. Никогаш не сум видел дека учениците така работат и ги прашав зошто така размислуваат. Тие ми рекоа дека големата коцка го претставува бројот 600 и дека две коцки претставуваат 1.200 трите плочки го претставуваат бројот 300, двете стапчиња бројот 20 а четирите коцки го претставуваат број 4, што вкупно изнесува 1.524. Се разбира, прашав зошто големата коцка го претставува број 600. Тие ми покажаа дека секоја страна од

коцката е како модел за бројот 100 и сите 6 страни го даваат бројот 600. Учениците извеле погрешен заклучок бидејќи не го сфатиле моделот. Затоа, разговорот е многу важно средство за правилно заклучување и формирање на јасни математички концепти“ .

Сликите и апликациите имаат иста улога бидејќи се прикажани во дводимензионални форми. При нивно користење наставникот усмерува, а учениците самостојно набљудуваат и споредуваат, апстрахираат и заклучуваат.

Наставни средства со кои учениците добиваат информации преку сетилото за слух се нарекуваат аудитивни. Во наставата по математика, радио емисиите и цедеа со интересни приказни и песни во кои има математички содржини може да се користат во прво и второ одделение.

Ако учениците добиваат информации истовремено со сетилата за вид и слух, таквите средства се нарекуваат аудио-визуелни. Самиот факт дека информациите се добиени преку повеќе сетила ги прави овие средства поефикасни. Во наставата по математика во пониските одделенија од основното образование, наставниот филм обезбедува специјални можности за запознавање на учениците со недостапни природни објекти и појави, кои се од суштинско значење за обработка на математички содржини. Наведените аудио-визуелни средства, под услов тие да се компетентни и квалитетно направени, може да бидат добра основа за обработка на математички содржини. Тие ги мотивираат учениците да размислуваат со слики, боја, звук и движење во исто време, а тоа е практично невозможно да се направи со помош на други средства.

**Мануелни и технички наставни средства**

Во дидактичката литература, под мануелни наставни средства најчесто се подразбираат:

- дидактички материјали,
- прибор за цртање и конструкција и
- опрема за мерење.

Дидактичките материјали се користат со цел да се активираат мисловни процеси кај учениците и развој на нивните математички размислување и резонирање. Во почетните одделенија се користат:

- природни материјали (камења, плодови, цвеќиња, овошје, зеленчук, стапчиња, итн.);
- специјализирани наставни помагала (логички плочки, коцки, стапчиња со различни должини, плочки, Танграм, апоени од пари, итн.);
- необликувани материјали (хартија, картон, пластелин, вода, песок и др.).

Priborот за цртање и мерење се исто така важни наставни помагала во наставата по математика.

Техничките средства имаат посложена структура и намена, а да би се користеле во наставата неопходно е да бидат прилагодени. Едно од најкористените технички средства е компјутерот во наставата. Со оглед дека во модерната математичка настава компјутерот припаѓа на техничките средства, тој има особено важна улога во наставата.

**ИКТ (информатичко комуникациска технологија) во интерактивната настава по математика**

Интензивниот развој и проширување на употребата на компјутерот, како и можноста за негово користење кај најмладата генерација ученици во голема мера придонесува за подобрување на квалитетот на наставниот процес. Средината за учење станува побогата а воспитно образовната работа поквалитетна. Наставните средства како што се компјутерите, ЛЦД проекторите, ДВД читачите, интерактивните табли и слично, имаат мултимедијален карактер и интегрираат текст, звук, слики, филмови и анимации во единствен систем.

Компјутерот може да замени електронски, визуелни и аудио-визуелни средства. Употребата на ИКТ на секој ученик му овозможува да решава математички проблемски ситуации, а со тоа и индивидуален напредок во согласност со неговите способности. Изборот и употребата на високо квалитетни образовни софтвери нуди можност за прилагодување на програмскиот материјал. Во пониските одделенија примената на компјутерот во наставата ја воведува наставникот. Тој повремено ја контролира и насочува активноста на учениците и им се дава можност да напредуваат во согласност со нивните способности.

Примената на ИКТ во математичките содржини е од голема корист и за наставниците и за учениците.

Учениците можат да го користат компјутерот:

• на часовите за обработка на нови содржини;

• на часовите за продлабочување и утврдување на стекнатото знаење;

• на часовите за проверка на стекнатото знаење;

• во решавањето на домашните задачи;

• во вонаставните активности.

Оптимално користење на компјутер на учениците, особено за интерактивно учење, влијае на голем број на психомоторните и когнитивни способности: способност за решавање на проблеми, развивање на апстрактно мислење, логичко размислување, до зголемување на интуитивни знаења и искуства. Значително го олеснува ориентирањето во светот на симболи и предмети, влијае на развојот на координација, вештините за читање и пишување, креативност, комуникација и мотивација.

Како наставникот, така и учениците можат да го користат компјутерот и во вонаставните активности. Работата на ученикот на компјутерот во наставниот процес се сведува на решавање на поставени задачи и усвојување математички содржини со користење на образовен софтвер ист за сите ученици, со исклучок на математички содржини кои се разликуваат во согласност со индивидуалните математички способности.

При работата со компјутер се примаат и информации со кои се добива реална основа за трајно и ефикасно користење на усвоените математички поими. Тоа е добро затоа што функцијата на компјутерот во наставата по математика е во тоа да вклучува што повеќе перцептивни способности на учениците со што би се осигурало квалитетно усвојување на математичките поими и правила. Исто така се вклучуваат индивидуални активности на ученикот.

Образовните софтвери изобилуваат со голем број математички активности кои на забавен и интересен начин ги доближуваат содржините до учениците, а во исто време се постигнува и целта на часот. Во пониските одделенија се користат образовните софтвери Toolkid и G Compris кои се лесни за употреба и прифатливи од учениците.

Интернетот пружа големи можности, а тоа е лесно пронаоѓање на готови материјали и веб-страни кои нудат готови програми кои можат успешно да се применат во наставата.

Воведувањето на ИКТ во наставата може да биде позитивно доколку се контролира обемот и начинот на употреба како помошно наставно средство. Освен што користењето на ИКТ во наставата како наставни средства ја зголемуваат активноста и мотивираноста кај учениците предноста е што во голема мера ја збогатуваат наставата, ја поттикнуваат креативноста кај наставниците и развојот на функционалните способности кај учениците.

**Заклучок**

Секое наставно средство како дополнување на говорот внесува новина во начинот на работа, го разбива вербализмот, го зголемува интересот кај учениците и го активира нивното внимание, ги наведува на потреба за споредување како и барање на причинско-последични врски меѓу појавите и објектите од една и претходните како и новите знаења од друга страна,

условува барање сличности и разлики меѓу појавите и објектите и така доведуваат до ученичкото мислење. Наставните средства ја олеснуваат работата на наставникот при подготовката на наставата, го ослободуваат од непотребното излагање на материјата, ја подобруваат концентрацијата кај учениците во процесот на учење, а на наставниците им обезбедуваат ефикасна индивидуална помош во работата. Употребата на наставните средства може да доведе до поголема методичка разновидност во наставниот процес и да го скрати времето потребно за одредени припремни работи. Благодарение на наставните средства на учениците им е овозможено да остваруваат подобри резултати од оние кои се користат со конвенционалните методи.

**Литература**


- Bright, G. W. (1999): “Helping elementary and middle grades preservices teachers understand and develop mathematical reasoning”, u: Developing mathematical reasoning in grades K-12, National council of Teachers of Mathematics, pp. 256-265;
- Вилотијевиќ, М. (1999) Дидактика 3, Учитељски факултет, Београд;
- Danilovic, M. (1996) Savremena obrazovna tehnologija, Institut za pedagoska istrazivanja, Beograd;
- Danilovic, M. (1962 ):Perspektive savremene nastave, Beograd;
- Danon,J .(1962) Audiovizuelna sredstva i njihova upotreba, Beograd;
- Дејић, М., Егерић, М. (2010): Методика наставе математике, Учитељски факултет, Београд;
- Кларин, М. В. (1995) Педагошката технологија во наставниот процес, ПЗМ, Скопје;
- Лакета, Н., Василијевић, Д. (2006): Основе дидактике. Ужице: Учитељски факултет;
- Mandic., D. (2001), Obrazovna informaciona tehnologija ,Filozofski fakultet u Srpskom Sarajevu;
- Mandic., D. (2003), Didakticko- informaticke inovacije u obrazovanju, Mediagraf, Beograd;
- Mandic, P. (1987) Inovacije u nastavi, Svijetlost, Sarajevo;
- Pedagoška enciklopedija 2. (1989). Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna Sredstva;
- Prokic., B. (1989) Udzbenici I nastavna sredstva u teoriji I praksi, Zavod za ucebnike i nastavna sredstva, Beograd;
- Trnavac, N., Djordjevic, J. (1998) Pedagogija, Naucna knjiga, Beograd;
- Herrera, A., Mandic, P. (1989)Obrazovanje za XXI stoljece, Svijetlost, Sarajevo;
- www.ffpu.hr/fileadmin/Dokumenti/Nastavna_sredstva_i_pomagala_03.ppt
- nastavni sredstva превземено на 1.2.2010.

УДК 37.091.113.07
прегледен труд

# ФАКТОРИ НА УСПЕШНА КОМУНИКАЦИЈА НА МЕНАЏЕРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Снежана Мирасчиева[1], Емилија Петрова Ѓорѓева[2], Даниела Коцева[3], Ирена Китанова[4]**
[1,2,3,4] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**
Образовниот систем во Република Македонија значајно се менува во последните години. На сите нивоа, од предучилишно до универзитетско, настанаа системски и структурни промени во наставниот процес, организацијата на работата на училиштето, се развива стандарди за стекнување на функционални знаења, компетенции и вештини, се воведуваат инструменти за евалуација на работата на наставниот кадар, сите во функција на зголемување на квалитетот во образованието. Доколку тенденцијата е градење систем на квалитетно образование, достапно за секое дете, одговорноста за напредување на квалитетот во исто време подразбира и јакнење на авторитетот на наставничката професија и вредностите на образованието. Улогата на менаџерот во училиштето и другите воспитно-образовни институции во промовирањето на квалитетот во образованието како цел е една од клучните претпоставки за успешна и квалитетна реализација. Во училиштето не само што се потребни стручни лица, туку повеќе од потребна е комуникација меѓу нив. Од друга страна, комуникацијата во училиштето е комплексна, а во исто време и е една од тајните на успешните училишта. Со ефикасна комуникација на менаџерот во училиштето се создаваат можности за креативна соработка и снаоѓање во сложениот контекст на современото воспитание и образование.
**Клучни зборови:** успешност, директор, образование, институција.

# FACTORS OF EFFECTIVE COMMUNICATION OF THE MANAGER IN SCHOOL

**Snezana Mirascieva,[1] Emilija Petrova Gjorgjeva,[2]Daniela Koceva,[3] Irena Kitanova[4]**
[1,2,3,4]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**
The educational system in the Republic of Macedonia has been significantly changing in recent years. At all levels, from preschool to university, systematic and structural changes in the teaching process have occurred, in the organization of school work, standards for acquiring functional knowledge, competences and skills have been developed, instruments for evaluating the teaching staff’s work have been introduced, all this in the function of increasing quality in education. If the tendency is to build a system of quality education available to every child, the responsibility for quality advancement at the same time implies the strengthening of the authority of the teaching profession and the values of education. The role of the school principal and other educational institutions in promoting quality in education as a goal is one of the key assumptions for a successful and qualitative realization. The school not only needs experts, but what is needed more is communication between them. On the other hand, communication in the school is complex, and at the same time it is one of the secrets of successful schools. With the effective communication of the school manager, opportunities are created for creative cooperation and learning in the complex context of contemporary upbringing and education.
**Key words*:*** success, principal, education, institution.

**Вовед**

Постојат различни визии за иднината на општеството, но сите тие се согласни дека образованието има суштинско значење за натамошниот развој. Секогаш погледите се упатени кон училиштето и пред него се поставуваат бројни очекувања. Бројни реформи во образованието со себе носат бројни предизвици и дилеми од аспект на тоа кој треба да ги воведе и чии ставови и визии се основа за реформите и промените. Имено, во образованието се вклучени повеќе фактори како наставници, родители, ученици и останати, но ниту еден од нив не може да биде одлучувачки. Напротив, само со заедничко учество на сите фактори ќе се зачува единството на погледите на сегашноста и посакуваната иднина. Впрочем, смислена и одржлива промена во образованието тече бавно, но позитивните резултати се видливи по извесно време. Промените во образованието и реформските зафати се однесуваат на сите сегменти и фактори. Во последните години, образовниот систем во Република Македонија значајно се менува. Настанаа системски и структурни промени во наставниот процес, организацијата на работата на училиштето, се развиваат стандарди за стекнување на функционални знаења, компетенции и вештини, се воведуваат инструменти за евалуација на работата на воспитно-образовниот кадар во функција на зголемување на квалитетот во образованието на сите нивоа, од предучилишно до универзитетско. Доколку тенденцијата е градење систем на квалитетно образование, достапно за секое дете, одговорноста за напредување на квалитетот во исто време подразбира и јакнење на авторитетот на учителската професија и вредностите на образованието. Улогата на менаџерот во училиштето и другите воспитно-образовни институции во промовирањето на квалитетот во образованието како цел е една од клучните претпоставки за успешна и квалитетна реализација. Во училиштето не само што се потребни стручни лица, туку повеќе од потребна е комуникација меѓу нив. Од друга страна, комуникацијата во училиштето е комплексна, а во исто време и е една од тајните на успешните училишта. Со ефикасна комуникација на менаџерот во училиштето се создаваат можности за креативна соработка и снаоѓање во сложениот контекст на современото воспитание и образование. Училиштето како жив организам се развива и менува, а насоките на развој и темпото на промени е под влијание на менаџерот, односно директорот на училиштето.

**Зошто комуникација?!**

Директорот управува и раководи со училиштето како воспитно-образовна институција. Како менаџер на училиштето го трасира патот на прогресот на институцијата и темпото на развој. Еден од факторите за успешно менаџирање е ефикасната и ефективна комуникација.

Во современата литература комуникацијата се дефинира како пренос на информации од една до друга личност, кои имаат одредено значење. Поимот комуникација (лат.communicatio, n) претставува соопштување, општење, врска. Со други зборови, комуникацијата претставува процес на: размена на информации меѓу две или повеќе личности; меѓусебно поврзување во заедницата; свесна и намерна интеракција, односно процес на избирање, формирање и пренесување на симболи меѓу луѓето за да се создаде значење. Комуникацијата е процес во кој индивидуата одговара на симболичкото однесување на другата индивидуа и ја претставува суштината на социјалната интеракција. Всушност, најголем дел од социјалните интеракции се сведуваат на комуникација. Па не може да се замисли социјална интеракција без комуникација. Комуникацијата е динамичен процес на проток на дејствија и специфична форма на социјална интеракција (Мирасчиева, 2007,16). Луѓето постојано пренесуваат информации едни на други, намерно или ненамерно, за своите перцепции, мисли, чувства, намери, за својот идентитет, по пат на директен контакт или пишан збор, говор, израз на лицето, гестови или други знаци. Комуникацијата е и средство на меѓусебно влијание. Комуникацијата е основна претпоставка за човековото битисување, како од филогенетски

така и од онтогенетски аспект. Комуникацијата ги движи процесите на индивидуализација и социјализација. Развојот на потенцијалите на единката не е можен без индивидуален продор. Низ сопствената активност, личноста го потврдува своето индивидуално суштествување. Паралелно со индивидуалното е и општественото, социјално битисување на човековата личност. Низ комуникациските дејствија, го усвојува начинот на однесување, правила и вредности, со што обезбедува успешно функционирање и обнова на општеството. Затоа, комуникацијата е врска меѓу поколенијата и столб на кој се издига социокултурниот опстанок на човештвото. Всушност, комуникацијата е природна човечка потреба. Се поставува прашањето што ги покренува луѓето да комуницираат. Шушњиќ говори за три претпоставки: онтолошки, гносеолошки и аксиолошки. Онтолошката поаѓа од фактот дека човекот не е совршен и му се потребни други за да се претстави потполно; гносеолошката претпоставка ја истакнува човековата потрага за вистината за себе која никогаш не е потполна. Аксиолошката претпоставка поаѓа од фактот дека суштината на интерперсоналната комуникација е желбата да се создаде нова вредност преку разговор, затоа што само преку разговор може да се дојде до вистината како една од вредностите. Комуникацијата е процес кој во својата основна структура ги опфаќа следниве елементи: комуникатор (испраќач, емитор), порака (директна/повратна информација) и реципиент (примач).  Пораката (е содржина на инфомацијата) може да се пренесе низ три вида канали како (визуелен, аудитивен и кинестетички). Комуникацијата е процес на интеракција (заедничко дејствување, содејство). Меѓучовечката интеракција подразбира однос меѓу две личности, при што едната индивидуа влијае на однесувањето на другата (Рот, 1982,15), односно акцијата на едната личност влијае на акцијата на другата личност (тие две личности интер-реагираат). Социјалната интеракција во таа смисла претставува меѓузависност која поаѓа од сознанијата за очекувањата и мотивите на другите и антиципација на нивните акции, вклучувајќи ја во себе евалуацијата на мотивите и акциите и последиците од нивното реагирање. Суштината на интеракцијата е двостраниот активен однос кој доведува до промени во однесувањето. Интеракцијата се јавува во три видови и тоа: социјална (заемен однос на учесниците), формална (однапред утврдени барања), неформална (по желба на поединецот) а според степенот на вклученост: социјална перцепција, привлечност-одбојност, групна интеракција. Успехот во комуникацијата е определен од широчината и длабочината на интеракцијата која се изразува на четири нивоа на поврзаност: физичка поврзаност, акциско-реакциска, емпатиска и интеракциска. Физичката поврзаност е најнисокото ниво и подразбира присуство на две комуникациски подрачја (извор и примач на информации). Се јавува врз база на невебалната комуникација со различен степен на внатрешна поврзаност. Физичката близина/оддалеченост е показател на степенот на блискост и наклонетост меѓу комуникаторите. Второто ниво на поврзаност (акциско-реакциска) тече преку прашања и одговори и сочинува еден синџир на алки од акции и реакции кои не се внатрешно поврзани и ја исклучуваат емоционалната димензија. Овде постои процес на информирање, а комуникацијата е вербална. Третото ниво на поврзаност е емпатичко и настапува врз основа на очекувањата за реакција на соговорникот, на пораката, имајќи ги во предвид неговите карактеристики, ставови и можни реакции. На ова ниво се очекува барем еден од субјектите емпатички да комуницира. Највисоко ниво на поврзност е четвртото, интеракциско кое се темели на двонасочност и взаемна активност и кое поаѓа од претпоставката дека во комуникацијата подеднакво учествуваат и двата субјекти, наизменично менувајќи ги улогите на извор и примач на информација, во форма на дијалог, со меѓусебно почитување на ставовите и мислењата. Размената на пораките се врши преку канали на размена на пораки и тоа: визуелен, аудитивен и кинестетички. Комуникацијата се јавува во различни видови согласно различни критериуми како: интраперсонална, интерперсонална и масовна,  вербална и невербална, според насоката на движење на информацијата на еднонасочна и двонасочна; според просторната блискост, комуникацијата

се дели на непосредна, директна и посредна, телекомуникација, а според односот меѓу комуникаторите се говори за авторитарна и демократска комуникација.
Кога говориме за комуникацијата, често пати се претставува еден одвоен акт на комуникацијата, изолиран што е тешко и сосема погрешно. Имено, комуникацијата не е серија од фотографии кои можеме да ги набљудуваме изолирано, туку е подвижна слика во која се слеваат меѓусебно поврзани слики. Од друга страна, комуникацијата не е можна без употреба на симболи, кои по својата природа се арбитрарни. Кога се во прашање зборовите како алатки на комуникацијата, арбитрарната природа се надминува со правилата и нормите на јазикот. Кога пак говориме за невербална комуникација, тогаш постојат одредени правила и конвенции за толкување на сигналите кои се културолошки условени.

**За менаџментот во училиштето**

Соочени со големите и брзи промени денес, сведоци сме на темелни промени во пристапите при раководење и управување. И образованието како систем стои пред тие предизвици.
Иако поимот менаџмент, до неодамна се поврзуваше само со финансиите, денес тој поим има друго значење – тоа се луѓето, нивните знаења, креативниот и развоен потенцијал. Денес, менаџментот се определува како умеење за складно и рационално насочување на човечките и материјални потенцијали кон постигнување на целите, процес кој се реализира по одредени законитости, начела, и со примена на соодветни техники. Менаџментот во образованието меѓу другото подразбира нови визии во училиштето кои бараат промени во начинот на раководење. Од друга страна раководењето се реализира преку функции и компетенции кои се тесно поврзани и меѓусебно условени: директорот планира, организира, води, вреднува. Овие функции ги определуваат улогите на директорот како планер, организатор, координатор, евалватор, информатор кои се поврзани во една целина преку комуникациските компетенции. Само ефективната комуникација на директорот-менаџер обезбедува услови за ефективни училишта и проактивни менаџери. Инструмент за создавање клима и култура во училиштето како „жив систем“ е ефективната комуникација. Комуникацијата е една од најважните вештини на менаџерот кој во голема мера го определува неговиот успех. Доколку нема развиено комуникациски вештини, ниту најдобрата стратегија за менаџирање не вреди. Ефикасната комуникација се однесува на: разбирање на луѓето и нивните стилови, разбирање на културните разлики, информираност, размислување и објективна проценка, известување на другите, одржување состаноци и учество во нив, разбирање на начинот на пренесување на информации, испраќање неформални пораки, слушање и позитивен став, флексибилност и адаптација на стилот на комуникација на другиот. Менаџерот треба перманентно да ги усовршува комуникациските вештини од аспект на: невербална комуникација, слушање, советување, говор и презентација, презентација. Процесот на комуникација е преплетен со културните фактори, па однесувањето на луѓето во текот на комуникацијата зависи од културата во средината во која живеат. Културата е основен темел на комуникацијата, па разликите во културата условуваат разлики во комуникацијата. Еве неколку од нив. Културните разлики се рефлектираат врз сфаќањето за просторната блискост/оддалеченост на соговорниците. Луѓето кои припаѓаат на индивидуалистичките култури се повеќе дистанцирани, а луѓето од колективистичките култури сакаат да работата и комуницираат во непосредна близина. Знаците на невербалната комуникација се значаен фактор во ефикасноста на комуникацискиот акт, како брзина на говор, звук и модулација на гласот, разни звуци, смеење, тишина, молк. Тишината/молкот е силен комуникатор. Може да биде начин да се каже не, да се изрази навреденост или да се очекуваат повеќе информации кои се потребни за донесување одлуки. Ефикасната комуникација и соработката се определени и од неформалното разбирање и меѓусебната доверба. Кога постои доверба меѓу комуникаторите постои и разбирање и комуникацијата е успешна. Кај вербалните интеракции, постојат

различни обрасци, како директна и линеарна комуникација, додека нетрпеливоста и инсистирањето до темата на разговорот, можат да предизвикаат забуна и тешкотии во комуникацијата. Во таа смисла, менаџерите во училиштето морат да бидат добри слушатели, советници, говорници, медијатори, презентери, со развиен позитивен однос кон другите.

**За училиштето**

На училиштето како организација треба да се приоѓа како кон „жив систем“ организам кој постојано еволуира, односно расте, се адаптира, се развива, се менува. Неговите основни ресурси не се инфраструктурните можности, туку луѓето во него, нивните знаења, потенцијали и капацитети постојано да се менуваат и усовршуваат. Во таа смисла, не се доволни сознанијата за значењето, функциите и карактеристиките на ефективна комуникација, потребно е да се најдат патишта за нејзино практицирање. Па дури и ако се има сознанија за начините за практицирање тогаш не треба да се губи од вид дека не постојат готови и лесни решенија, туку дека секоја ситуација е сложена и донекаде единствена. Фулан истакнал дека ако се говори за организација во која се учи, како што е училиштето, тогаш се говори за континуирано стекнување на нови и подобро знаење. А за да одговори на барањата на реформите и промените, треба да се гради доверба, да се разменуваат ментални модели, чувства, идеи, да постои комуникација со сите.

**Бариери во комуникацијата**

Постојат многу различни форми на бариери кои го забавуваат процесот на комуникација (ситуациски, мисловни, мотивациски, информативни). Овие бариери се особено важни, затоа разбирањето на нивната природа и значење е повеќе од потребно заради наоѓање на модели за нивна идентификација и оценка. Во литературата се говори за релативно голем вид на бариери во комуникацијата кои се поставени во различни контексти. Разбирањето на овие основни прашања претставува разбирање на природата на бариерите и создавање концепти за нивно надминување што е неопходен предуслов за развојот на подобри модели на комуникација. Со други зборови, бариерите првенствено треба да се бараат во елементите на комуникацискиот модел како: комуникаторите (изворот и примачот на информации), личноста што учествува во комуникацискиот акт (организација на човечки особини, физички квалитети, не се исклучени ниту стручните квалитети), однос и стилот на раководење; мотивираноста за комуникација; од интеракцијата и емпатијата. Всушност, бариерите се фактори кои ја попречуваат односно прекинуваат континуираната комуникација. Тие ја блокираат, изобличуваат и водат кон промена на информациите. Бариерите вклучуваат: ненаметливо однесување, задача-преокупација, лутина или фрустрација, лични предрасуди, недостаток на доверба, несоодветни приоритети, организациска структура, одвлекување на вниманието, „тунел визија“, прекини, рангирани разлики. Најчесто бариерите се поделени во две групи: надворешни и внатрешни. Надворешните како што се разлики во перцепцијата и јазикот, временска оддалеченост, недостаток на време, информации, културни разлики, не можат да се менуваат, туку комуникаторите се прилагодуваат на нив. Внатрешните бариери пак се однесуваат на комплексноста на пораката, „лошо слушање“ или „неслушање“, изборот на медиум за пренос на пораките, различен јазичен вокабулар на комуникаторите и на нив можеме да влијаеме, односно да ги менуваме. Затоа, првенствено, со идентификување на бариерите и примена на противмерки, комуникацијата може да ги надмине. Најчесто користени мерки за надминување на бариерите се: користење повратна информација, поедноставување на јазикот, активно слушање, контрола на емоциите, набљудување на невербалните знаци.

**Градење ефективна комуникација**

Комуникацијата е процес на размена на информации. Информациите се пренесуваат со зборови, тонот на гласот и јазикот на телото. Истражувањата покажуваат дека зборовите зафаќаат 7% од пренесените информации, тонот на гласот 55 % а јазикот на телото 38%. За ефективна комуникација, учесниците мора да бидат свесни за овие податоци, да умеат да ги користат ефикасно, заради надминување на пречките во процесот на комуникација. Пораката ја содржи информацијата која испраќачот сака да ја испрати до примачот. Тоа најчесто го прави вербално, но може да биде и невербално. За намалување на потенцијалните бариери, испраќачот треба да: користи вистинската терминологија, зборува јасно, избере време на испраќање на пораката кога примачот е во можност да го слуша, користи соодветна висина и јачина на гласот, биде релевантен за примачот, односно пораката да биде инклузивна и информативна (да ги содржи потребните информации неопходни за примачот). Како до успешна и ефикасна комуникација?

- со двонасочна комуникација;
- со склад меѓу вербалната и невербална комуникација;
- со недирективно однесување;
- со пермисивен/демократски однос;
- со соработка, отвореност и тимска работа;
- со активно слушање.

**Активно слушање**

Активното слушање е „добро“ слушање (да се слушне пораката меѓу редови, да се слушне содржината, односно да се вложи напор во слушањето). Кај активното слушање, примачот се обидува да разбере што испраќачот чувствува односно што сака да „каже“ со својата порака. Во тој процес, постојано се присутни повратните информации и се поставуваат прашања, за да се избегнат бариерите и недоразбирањата. На тој начин, учесниците во комуникацијата се повикуваат на што побогата и подлабока по содржина комуникација, поотворена и емоционално поизразена сè со цел за конструктивна комуникација. Освен тоа, активното слушање е израз на довербата во компетенциите на другите учесници. Затоа е потребно, внимателно да се слуша соговорникот. Активното слушање е слушање со разбирање кое ќе ги отстрани сите бариери. Активното слушање е присутно кога постои: фокусирање на вниманието, слушање на вербалните и невербални пораки, отворен ум и отфрлање на предрасуди, проверка на она што е слушнато со повратна информација која може да биде во форма на признание како проверка, повторување и парафразирање; потврдно климање на главата; емпатичност. Затоа препораките за активно слушање како што се: не го прекинувајте соговорникот, не говорете премногу, гледајте го соговорникот во очи, поставувајте прашања, изоставете ги движењата и гестовите кои го одвлекуваат вниманието, соодветен израз на лицето со содржината на пораката постојано треба да се имаат на ум. Впрочем, ефективната интерперсонална комуникација е најзначајна личносно-професионална вештина која може да се развива.

**Успешна комуникација на менаџерот во училиштето**

Тврдењето дека комуникацијата е најважниот дел од училиштето не е претенциозно, напротив суштинско за една институција како што е училиштето. Таа е алка на симбиоза која ги поврзува сите надворешни и внатрешни чинители. Доколку се вклучени сите фактори во комуникацискиот акт и меѓу себе разменуваат информации, дотолку се повеќе мотивирани да го развиваат квалитетот во училиштето и да соработуваат. Начесто поставувани прашања во таа смисла се: кои се целите на комуникацијата во рамките на училиштето, кои се предностите и придобивките од вертикално организираниот комуникациски систем, која е

улогата на директорот во процесот на комуникација во училиштето, како да се развива култура на комуникацијата кај различни групи на фактори, кој со кого треба да комуницира, кои се носителите во процесот на комуникација, кои се комуникациските начела, како се гради доверба во комуникацијата, кои модели на комуникација и видови на комуникациски канали се адекватни. Директорот како менаџер на училиштето е модератор на комуникацијата во целост. Важен сегмент на неговата работа е првенствено комуникацијата и соработката. Добро организирана и структурирана комуникација во училиштето е можеби најважниот елемент на раководење и управување. Директорот на училиштето е должен да организира и реализира таква структура на информирање и комуникација меѓу наставниците, учениците и сите вработени во училиштето која ќе обезбеди квалитет во училиштето. Во исто време потребна е и комуникација со надворешните фактори кои исто така имаат влијание на квалитетот на работата на училиштето. На тој начин ќе се создадат услови за развој на училиштето. Добро организираниот систем на комуникација и соработка заедно со човечката сила, мотивираност и услови за работа да го насочи развојот на учениците, а со тоа и креира иднината. Со поттикнување на ефикасна и ефективна комуникација, директорот го негува моделот на успешна комуникација во училиштето заедно со наставниците, учениците, родителите, останатите вработени во училиштето како и факторите вон училиштето, развивајќи мрежа на институции кои ќе им помогнат на учениците во нивниот личен професионален и кариерен развој, а со тоа ќе обезбедат и развој на заедницата во целост.

**Наместо заклучок**

Комуникацијата не е само основна човекова потреба, туку и двигател на човековиот развој и напредок. И во светот на информациско-комуникациската доминантност, комуникацијата е основа на развојот. Менаџерите на „училиштето на иднината" ги препознаваат предизвиците зашто животот во време на Интернетот, не само што е застрашувачки и исцрпувачки, туку е и возбудлив и забавен. Активното партиципирање на менаџерите дава нов квалитет на училишната клима и култура. Затоа комуникацијата во училиштето е рефлексија на квалитетот на комуникацијата на директорот на училиштето. На крај, еве неколку правила за успешна комуникација. Frank Luntz во градењето на комуникацискиот концепт препорачува:

1. Едноставност – користете едноставни зборови. Користете едноставни и разбирливи зборови, кратки реченични форми за да се сфатат. Во пораките, не користете зборови чие значење слушателите морат да го проверат во речник, затоа што нема да го сторат тоа.
2. Користете кратки реченици. Во ефикасната комуникација, кратките зборови ги победуваат долгите, а едноставните ги победуваат комплицираните (сложените). Препораката е да не се користат реченици кога можат да се користат фрази, не четири збора кога и три се доволни.
3. Кредибилитет- луѓето мора да ви веруваат за да ја „купат" вашата порака. Довербата ќе ја стекнете кога со своите активности, корпоративна политика и доследност ќе постигнете кредибилитет. Совет: при воспоставување на односи на доверба, уште на почетокот кажете кој сте и што работите, а потоа бидете личност за која сте кажале дека сте и работете го она што сте го кажале!
4. Доследност – повторување, повторување, повторување! Со доследноста се гради не само успешна комуникација туку и лојалност.
5. Иновација - понудете нешто ново! Длабоко во нас е потрагата по нешто ново. Изненадувањето и љубопитството се двете магични состојки на т.н. „compelling message" - „голема порака" која веднаш „паѓа во очи". Пораката ќе биде во склад со правилото ако одговорот е „Зарем ова не го знаев?".

6. Звукот и ритамот на зборовите –тоновите ги помниме подолго отколку зборовите. Пораката не мора да има рима!
7. Мотивирај со пораката! Луѓето ги помнат чувствата. Ќе заборават што сте рекле, но не и како се чувствувале.
8. Визуелизирај! Сликата вреди илјада зборови!
9. Поставувајте прашања! Прашањата како елементи во пораката го активираат и фокусираат вниманието. Дури и реторичките прашања бараат одговор, а одговарањето е интеракција. Интеракцијата ги поврзува комуникаторите во комуникацискиот акт!
10. Претставен контекст и јасна релевантност! Кога ќе се определи проблемот, (со исполнето правило број 3 – кредибилитет) и понудено решение, е обезбеден успех во комуникацијата.

**Литература**


1. Brajša, B. (1995). *Sedam tajni uspješne škole*. Zagreb: Školske novine
2. Garber, P. R. (2008) . *50 Communications Activities, Icebreakers, and Exercises*. HRD Press, Inc. https://www2.cortland.edu/dotAsset/c1a635f6-a099-4ede-8f15-79b86e315088.pdf прочитано на 2.5.2017
3. Goleman, D. (2000). *Leadership That Gets Results*, Harvard Business Review. http://www.deltacoach.com/Business_Coaching/PDF_files/Entries /2008/9/16_Leadership_That_Gets_Results,_by_Daniel_Goleman_files/HBR%20Leadership%20that%20gets%20results%20by%20D%20Goleman.pdf прочитано на 2.5.2017
4. Đinić, E. (1978). *Nauka o komuniciranju*. Beograd: Savrmena administracija
5. Luntz, F. (2008). *Words that work.* http:// www.mohamed rabeea.com/ books /book 1_10476.pdf прочитано на 2.5.2017
6. Мирасчиева, С. (2007). *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште*. Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев“
7. Reardon, K. K. (1998). *Interpersonalna komunikacija*. Zagreb: Alinea

УДК 37.018-027.18
прегледен труд

# ПРИОРИТЕТИ НА СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ВОСПИТЕН АСПЕКТ

**Емилија Петрова Ѓорѓева[1], Снежана Мирасчиева[2], Ирена Китанова[3], Даниела Коцева[4]**
[1234] Факултет за образовни науку, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**Апстракт**
Современото училиште претставува комплексен и сложен организациски систем. Тоа произлегува од секојдневните односи на релација наставник - ученик, наставник - наставник и наставник – директор. Притоа, честа е појавата на т.н. „судир на генерации“. Тоа практично значи судир на две култури, културата на возрасните (образувачи и воспитивачи) и културата на младите-новите генерации (оние што се образуваат и воспитуваат). И сето тоа се одвива во една средина со свое опкружување и создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, со индивидуалните и споделените перцепции, ставови и мислења на членовите низ кои се случува животот во училиштето. Таа средина и тоа опкружување се карактеризираат со специфична организациска клима и организација на работењето на училиштето. За ефикасно функционирање на училиштето при реализација на воспитната улога, потребно е училиштето да изгради приоритети. Проблемите од воспитен аспект се најсилно изразените проблеми со кои се соочува училиштето како институција, задолжена за воспитание и образование на младата личност. Насилствата, непочитувањето, честите отсуства од часовите, нетрпеливост и нетолеранција се најчесто изразените проблеми во нашите училишта, како основни, така и средни. Родителите и наставниците се немоќни пред таквите проблеми.
Училиштето стои исправено пред предизвиците на 21 - от век, одговорно за својата улога во општеството и за потребите на учениците. Затоа, на тие проблеми треба да им се посвети императивно значење и да претставуваат приоритет во улогата на современото училиште.
**Клучни зборови*:*** организациска клима, современо училиште, колегијалност, поддршка од директор, иницијативност и иновативност, планирање и креирање развој на училипштето.

# PRIORITIES OF THE MODERN SCHOOL FROM THE EDUCATIONAL ASPECT

**Emilija Petrova Gjorgjeva[1], Snezana Mirascieva,[2] Irena Kitanova[3], Daniela Koceva,[4]**
[1,2,3,4]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**
Modern school represents a complex organizational system. It stems from everyday relations teacher - student, teacher - teacher and teacher - principal. In addition, the emergence of the so-called "clash of generations" is frequent. This practically means a clash of two cultures, the culture of adults (teacherrs and educators), and the culture of the young people-new generations (those who are educated). And all this takes place in an environment with its surroundings and a created ambience in which the teaching process is realized, with individual and shared perceptions, attitudes and opinions of the members through which life takes place in the school. This environment and surrounding are characterized by a specific organizational climate and work organization of the school. For the efficient functioning in the realization of its educational role, the school needs to build priorities. Problems from the educational aspect are the most violent problems that the school faces as an institution in charge of upbringing and education of young people. Violence, disrespect, frequent absences from classes, ill feeling and intolerance are the most common problems in our schools, both primary and secondary. Parents and teachers are powerless when faced with such problems. The

school stands upright before the challenges of the 21st century, responsible for its role in society and the needs of students. Therefore, these problems should be given a peremptory meaning and they should be a priority in the role of modern school

**Key words:** organizational climate, modern school, collegiality, support from the principal, initiative and innovation, planning and creating the school's development.

**Развивање на заедништво, заемност, меѓусебно разбирање и кооперативност**

Современото училиште е потребно да реализира програма за воспитно дејствување, којашто ќе претставува своевиден приоритет на училиштето. Во таа програма, посебно внимание треба да се посвети на следните аспекти: заедништво, заемност, меѓусебно разбирање и кооперативност.

Првиот чекор во оваа насока е љубовта, како неопходна темелна вредност, која го движи човекот кон создавање и остварување поголеми цели и задачи. Во овој контекст, ќе се потсетиме на зборовите на нобеловката Мајка Тереза, која многу пати истакнувала: „Во светот е поголема потребата за љубов, отколку за леб". (цит. според Michele De Beni :1). Всушност, оваа нејзина мисла јасно говори дека иако потребата за леб е незаменлива и примарна, потребата за љубов е исто така длабоко вкоренета во личноста на човекот и неминовно треба да се посвети поголемо внимание, отколку што се мисли.

Во контекст на погоре изнесеното говори и содржината на еден постер кој осамнал во многу италијански градови пред неколку години. На плакатот било прикажано момче во клошарска облека, потпрено на ѕид и со отсутен поглед. Момчето носело плакат на кој пишувало: „Гладен сум". На друг постер бил прикажан човек кој се запира и му остава паричка на момчето. Тогаш, момчето го прикажува целосниот натпис на плакатот: „Гладен сум за разбирање и љубов". (исто како претходно).

*Заемна помош* - Наставникот треба да ја познава и да ја следи структурата на моменталните емоции на своите ученици и да стимулира помош кон одредени ученици на кои им е потребна од страна на другите кои немаат такви проблеми. Всушност, тука се работи за помагање во учењето, решавање на одделни задачи и проблеми, помагање во моменти на одредена емоционална состојба. На тој начин ќе се поттикне и социјализацијата во одделението и воспитно ќе се влијае во создавањето позитивни емоционални особини кај учениците.

*Кооперативност* - е основната вредност на која се темели интерактивното учење. Преку кооперативноста се развива одговорност, но и чувство на заемна зависност и меѓусебна соработка на членовите во групата. Учениците треба да се стимулираат во групна и тандемска работа, која ќе ги поттикне процесите на заемно и активно дејствување, одговорност кон членовите на групата и кон тоа што го работат.

**Развивање на културни навики и потреби**

Овие потреби најдобро се развиваат преку посетување на културни манифестации, концерти, опери, театри, изложби и др. На нашите ученици им недостигаат културни навики кои се стекнуваат со посета на погоре споменатите културни манифестации. Тие навики и потреби се градат од мали нозе. Затоа училиштето денес треба да работи на овој план многу повеќе отколку порано. Не е доволно учениците еднаш во годината да се однесат на театарска претстава, туку тоа треба да биде во рамките на предметот мајчин јазик задолжителна активност еднаш месечно. Истото треба да се практикува и по предметите од уметничката група (ликовно и музичко образование). Посетите на изложби и музички сценски дела, како што е операта треба да биде задолжително за секој ученик. Од друга страна пак, училиштето треба да изнаоѓа средства за бесплатно посетување на културните збиднувања, како би можеле тие да бидат помасовно посетени. Пред секоја посета на културен настан, учениците треба да добијат задачи што да следат, а тоа да го набележат веднаш во завршувањето на претставата,

заедно со нивните впечатоци. Само на тој начин ќе бидат мотивирани да ги следат претставите до крај и со внимание.

**Запознавање и превентивно делување со современите пороци на денешницата**

Многу училишта сметаат дека успешно реализирале програма доколку поканат еднаш годишно лекар или службено лице од полиција кое ќе им го објасни штетното влијание на пушењето и алкохолот, како и разорното дејство на дрогата врз младиот детски организам. Тоа не е доволно. Секојдневно училиштето треба да работи на тоа поле бидејќи пороците на современата цивилизација заземаат сè поголем замав и го собираат својот данок секојдневно, меѓу младите луѓе, уништувајќи ги нивните животи. Таа секојдневност подразбира мноштво на разновидни активности во кои треба активно да бидат вклучени и учениците. Училиштата треба неминовно да делуваат превентивно преку разновидни содржини и разновидни форми, со цел да се развива правилна свест за сите штетни зла и пороци на модерното време.

**Примена на стратегии, вештини и техники за ефикасно менаџирање со проблемите во училиштето**

Проблематичното однесување на учениците во училиштето, а пред сè за време на часовите, станува сè поголем и сè поактуелен проблем. Посебно чести се појавите на агресивност и насилно однесување, задоцнување и бегање од часовите, како и непочитување на наставниците. За таа цел, неминовни се користење на современи стратегии, модели и техники кои ќе помогнат учениците да се однесуваат поодговорно и подисциплинирано.

Наставниците треба да бидат подготвени да се соочат со најразновидни незадоволства кои ќе ги изразат учениците, а кои можат да имаат и призвук на обвинување. Притоа, многу е важно доколку наставникот се постави во улога на помагач, а не како недопирлив авторитет или шеф. Кај учениците треба да се развие одговорност не само кон наставникот, туку уште повеќе, одговорност пред тимот, пред класот и воопшто кон училиштето. Треба да се почувствуваат дека се дел од тимот, дека припаѓаат на училиштето и дека се почитувани од возрасните, а пред сè од своите наставници.

Од посебна важност за учениците е да добиваат повратни информации за своите постигнувања. Затоа е важно на учениците јасно да им се каже што постигнале со својата работа, односно со своите залагања и вложениот труд.

На тој начин тие ќе заминат од дома со чувство на успех и следниот пат сигурно ќе се потрудат да сработат уште подобро. Доколку се охрабрат, доколку им се понуди можноста да ја поправат сопствената грешка, тогаш и веројатноста дека повторно ќе ја повторат веќе сторената грешка е многу мала.

**Литература**


- Bratanic, M (1996), *Kriza odgoja*, Hrvatska sveucilisna naklada, Zagreb
- Brajsa, P (1995), *Sedam tajni uspijesne skole*, skolske novine, Zagreb
- Brajsa, P (1988), *Dijete treba iskrenu i sigurnu sredinu*, Prosvijetni list, Saraevo, 43
- Cowley, S. (2003), *Tajne uspjesnog rada u razredu*, vjestine, tehnike i ideje, Skolska knjiga, Zagreb
- *Key Competences for Lifelong Learning*, Europian Reference Framework, (2006) Education and Training, Education and Culture DG, Lifelong Learning, ProgrammeOffice for Official Publications of the European Communities, Official Journal of the European Union

УДК 37.091.33-028.17
прегледен труд

# АКТИВНО СЛУШАЊЕ ВО НАСТАВАТА И ПОУЧУВАЊЕТО

**Ирена Китанова[1], Емилија Петрова Ѓорѓева[2], Снежана Мирасчиева[3], Даниела Коцева[4]**
[1,2,3,4] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

**Апстракт**
Учењето претставува процес кој доведува до промени во менталното (внатрешното) или надворешното (моторното учење, вештини) и го поттикнува слушателот кој активно слуша, да предвидува, очекува, проверува, толкува, поврзува и да ги организира сите пораки (информации) кои ги прима во текот на реализацијата на наставата, на тој начин што создава асоцијации и нив ги приспособува кон своето постоечко знаење, кое опфаќа знаења, форми и разни други знаења.
**Клучни зборови**: активно слушање, настава, процес, ученици, наставник.

# ACTIVE LISTENING IN INSTRUCTION AND TEACHING

**Irena Kitanova[1], Emilija Petrova Gjorgjeva[2], Snezana Mirascieva[3], Daniela Koceva [4]**
[1,2,3,4]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip

**Abstract**
Learning is a process that leads to changes in the mental (internal) or external (motor learning, skills) and encourages the listener who actively listens, predicts, expects, checks, interprets, connects and organizes all the messages (information) he receives during the realization of instruction, by creating associations and adapting them to their existing knowledge, which encompasses knowledge, forms and various other knowledge.
**Key words:***active listening, instruction, process, students, teacher.*

Активното слушање е особено важно во наставата, при реализирање на воспитно-образовниот процес, за постигнување на сите наставни цели кои наставниците ги поставуваат. Имајќи ја предвид комплексноста на комуникацискиот процес, најважно е дека наставниците треба да ги оспособат учениците активно да слушаат, со што би им го олесниле процесот на учење и осознавање. Навидум лесна, но во праксата тешка улога на наставниците бидејќи и тие не секогаш се подготвени активно да ги слушаат учениците. Овој труд го елаборира проблемот на активното слушање во наставата, на релацијата наставник - ученик и тоа наизменично, кога овие два комуникациски субјекта ги менуваат своите улоги на комуникатори и реципиенти. Тоа значи, дека со ова истражување треба да се изнајдат начини како да се подобри процесот на активно слушање кај двата субјекта, што би резултирало со поквалитетна реализација на воспитно-образовниот процес, односно со подигнување на степенот на разбирање и учење.

За да зборуваме за активното слушање при реализацијата на наставата во училиштата, неопходно е да зборуваме за оспособеноста на наставникот, пред сѐ а потоа и на ученикот, за оваа многу важна комуникациска вештина, која директно влијае врз процесот на учење и поучување во наставата.

Учењето за активното слушање, е , исто така, вештина која треба да се научи и да се совладува. Кога велиме учење, мислиме на сите комуникациски субјекти во комуникативниот процес – и на наставниците и на учениците. Со секое учење се формираат „траги“ во мозокот

на субјектите, кои останувaат како дел на искуство на личноста и можат да траат толку долго, колку што е намената за која се учи. Бидејќи активното слушање е перманентен процес кој константно треба да се надградува, учењето за него е, исто така, перманентно, во текот на целото школување на учениците, но и во текот на работниот век на наставниците. За илустрација, можеме да го споредиме учењето на слушањето со учењето на читањето. И во едниот и во другиот процес се случува рецепција на „внес“ (input) на нови информации, а во тие процеси се вклучуваат помнењето, разбирањето и донесувањето заклучоци. Овие два процеси не се едноставни процеси на декодирање на пораките, односно информациите кои ги примаат, туку се многу активни процеси кои конструираат значења, заклучувања, предвидувања и создавања хипотези врз база на веќе познатото. Од тие причини, наставниците треба да ги запознаваат учениците со различните стратегии за учење, со што овој комплексен процес би им се олеснил и полесно би ја совладувале вештината на активно слушање. Можеме да констатираме дека процесот на учење е условен од процесот на поучување на соговорникот (во зависност дали информациите – пораките ги пренесува наставник на ученик, или пак, ученик на ученик). За поучувањето, како процес на пренесување на знаења, битно е наставникот (или ученик на ученик) да има предвид што ученикот веќе знае и разбира, односно да биде способен да ги препознае когнитивните можности на ученикот, како и нивото на неговите предзнаења. Токму ова се причините што во наставната пракса овој процес нецелосно и непрофесионално се реализира бидејќи бара многу систематска подготовка од наставникот, кој, врз основа на реалната проценка на когнитивните барања на новата наставна материја, ги организира сопствените активности со кои ќе ги постигне планираните цели. Доколку наставникот не ги познава потребите и желбите на учениците, не ги планира активностите според нивните когнитивни можности и нивните предзнаења, процесот на активното слушање, од учениците се доведува во прашање. Како и да е, досегашните искуства говорат дека оние наставници кои ги познаваат и веруваат во способностите на учениците за учење (независно на кое ниво се) и кои имаат чувство на одговорност за поттикнување на учениците за учење, имаат ученици кои постигнуваат подобри резултати. Аналогно на оваа констатација, доколку наставниците имаат јасна цел да ги оспособат учениците за активно слушање, ќе треба добро да се запознаат со нивните можности, добро да ги планираат активностите, да имаат доволно знаење за различните стратегии на поучување и учење, да имаат јасни и прецизни очекувања и, во тој случај, резултатот нема да изостане.

Еден од најважните принципи на активното слушање (петтиот принцип) бара од комуникаторите/наставници да се идентификуваат со учениците, да имаат способност да гледаат од нивна перспектива, затоа што само на тој начин можат да се разберат нивните потреби, можности и сл. Задоволувањето на овој принцип во училишната пракса е отежнато бидејќи многу мал број на наставници можат (или сакаат) да се идентификуват со нивните ученици и токму од тие причини немаат доволно чувство за нивно разбирање. Причините за оваа состојба веројатно се наоѓаат во егото на наставниците или пак, во стравот од исмејување, што е поврзано со менталитетот и општествените норми кои ги поставува средината во која живеат.

Покрај идентификацијата со учениците, наставниците мора да имаат трпеливост (шестиот принцип) и кон трпеливост да ги оспособуваат учениците. Секој треба да има развиено способност да сослуша до крај, односно да не го прекинува соговорникот. За жал, во нашата наставна пракса не секогаш се почитува непрекинувањето на соговорникот, независно кој е во улога на комуникатор - пренесувач на пораката, а кој слушател. Прекинувањето на соговорникот додека зборува, најчесто означува непочитување на личноста. Наставникот мора да ги оспособи учениците за почитување на соговорникот, и тоа најдобро преку личен пример. За таа цел, треба да иницира интензивирање на активности преку кои улогите на

слушатели, од наставникот и учениците би се менувале, при што би се вежбало внимателното слушање, без прекинување.

Многу често при процесот на активното слушање, наставниците со своите лични предрасуди (кои претходно ги создале) едноставно не ја пренесуваат содржината (седми принцип) на адекватен начин, а со тоа и имаат и негативно влијание на комуникацијата. Од тие причини, ослободувањето од лични предрасуди, наставникот ќе го стави во позиција на зголемена слобода, во фигуративна смисла. Ослободувањето од лични предрасуди (можат и да се признаат предрасудите пред учениците...и тие можат да развијат дискусија) резултира со попозитивно влијание врз учениците и со полесно восприемање и разбирање на пораката која се испратила.

Начинот на примената на говорот во еден комуникациски процес исто така директно влијае врз процесот на активното слушање, односно го фокусираат или дефокусираат слушателот од она што го слуша (осмиот принцип). Правилната дикција, внимавање на динамиката и тонот на говорењето се елементи кои наставникот мора внимателно да ги употребува, доколку сака да го насочи вниманието на учениците кон она што треба да им го пренесе, односно кон она што тие го слушаат. Примената на првиот и осмиот принцип, во наставата при активното слушање бараат од наставникот вежби во говорење (доколку не е оспособен за тоа) и тој со соодветната динамика и тон на говорење, ќе го задржи фокусот на учениците, со што ќе се постигне активното слушање.

Мора да се сфати, дека успешното, активно слушање тешко се постигнува бидејќи и телото на учениците-слушатели покажува колкав труд е вложен (срцето побрзо чука, се забрзува дишењето и расте телесната температура. Се забележува дека овие промени, се слични на оние кои се предизвикани со физички вежби. Во активното слушање треба да се вложи многу енергија за да се разберат другите. Од тие причини, за да се поттикне активното слушање во наставниот процес, потребна е употребата на техники со кои би се помогнало да се совладува постепено оваа тешка комуникациска вештина. Една од тие техники е и поставувањето прашања, при што е добро во моментот додека се поставува прашањето, наставникот да се приближи до ученикот (на кого го поставува прашањето) и да ги употреби зборовите кои му се блиски (на пр. Твојот, Вашиот и сл.) со цел да се воспостави близина и доверлив однос. Доколку не се воспостави близина помеѓу соговорниците, едноставно не можеме да зборуваме за активно слушање, бидејќи „студениот однос на наставникот кон учениците" (а тоа подразбира студен израз на лицето, просторна оддалеченост) ги демотивира учениците и ги оддалечува од наставниот процес, а со тоа и од активното слушање.

Исто така е добро да им се овозможи на учениците-слушатели да парафразираат одредени делови од слушаното, за да се добие повратна информација колку го разбрале она што го слушале. Воедно, треба да се истакне важноста на невербалниот говор, како еден од поважните фактори за активното слушање.

**Литература:**


- Abell, P. & Samuels. J.M., Cranna M. (1994), *Mergers, motivation and directors' remuneration*, London School of Economics and Political Science, London
- Adižes, I. (2005), *Upravljanje promenama, moć uzajamnog poštovanja i poverenja u privatnom i porodičnom životu, poslu i društvu*; ASEE Books – Novi Sad
- Bakovljev, M, (1972), *Teorijske osnove programirane nastave,* Beograd, Duga
- Bašić, S. (2008), *Disciplina i autoritet*, Sveučilište u Zadru, Odjel za pedagogiju
- Bognar, B. (2006), *Akcijska istraživanja u školi,* Odgojne znanosti, 1(11), преземено од http://coe.sdsu.edu/eet/articles/bloomrev/index.htm
- Brajša, P. (1993), *PEDAGOŠKA KOMUNIKOLOGIJA - Razgovor, problemi i konflikti u školama; Zagreb,Školske novine*

- Brajša, P. (2000),Umjeće razgovora, C. A. S. H, Pula
- Bratanić, M. (1990), *Mikropedagogija Interakcisko-komunikaciski aspect odgoja*, Školska knjiga, Zagreb
- Bratanić, M. (2002), *Paradoks odgoj*, Zagreb,Hrvatska sveučilišna naknada
- Buford, J. A. Jr. (1993), Be your own boss. Journal of Extension, 31 (1)
- Čanak, N. (2003), *Biti, raditi, imati*, Novi Sad, TOK – Pokret evropskih-Inicijativa
- Carron, A. (1984), *Motivation: Implications for coaching*, London, Ont: Sports Dynamics
- Carter, K.& Presnell, M. (1994), *Interpretive Approaches to Interpersonal Communication, SUNY PRESS*

УДК 336.714(4-672ЕУ)
338.121:336.714(4-672ЕУ)
прегледен труд

# ЕВРОПСКИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ КАКО ИНСТРУМЕНТ ЗА ХАРМОНИЗИРАН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ЕВРОПА: ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТКИ СО ИПА

**Емилија Попова[1], Данче Николовска Вратеовска[2], Слаѓана Костадиновска[3]**
[1, 3] Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“,[2] Совет на Општина Штип,

**Апстракт**
Регионалната политика на ЕУ е базирана на финансиската солидарност на сите нејзини членки преку нивниот удел во заедничкиот буџет. Овој буџет е наменет за развој на помалку развиените региони и придонесува кон врамнотежен и хармонизиран развој на оваа заедница, особено кога ќе се појават предизвици предизвикани од заедничкиот пазар и од процесот на интеграција во целина. Имено, колку повеќе регионалните нееднаквости се помали, дотолку ефектите од интеграцијата ќе се распределуваат меѓу регионите и државите-членки. Со користење на дедуктивниот, индуктивниот, методот на синтеза, компарација, анализа и историскиот метод, предмет на истражување на овој труд е Инструментот за претпристапна помош-ИПА и неговото влијание врз европските аспирации на Република Македонија како држава кандидат за членство.
**Клучни зборови**: финансиска солидарност, хармонизиран развој, интеграција.

# EUROPEAN INVESTMENT FUNDS AS AN INSTRUMENT OF HARMONIZED ECONOMIC DEVELOPMENT IN EUROPE: ENABLING CANDIDATE COUNTRIES WITH IPA

**Emilija Popova[1], Dance Nikolovska Vrateovska[2], Sladzana Kostadinovska[3]**
[1,3] Faculty of Economics, University “Goce Delcev” Stip, [2]Local Government Shtip,

**Abstract**
The EU regional policy is based on financial solidarity of its members through their share of the common budget. This budget is allocated for the development of less developed regions, and it contributes to a balanced and harmonized development of this community, especially when there are challenges caused by the common market and the integration process in general. Namely, the smaller regional disparities, all the effects of integration will be more strongly distributed among regions and member states. By using deductive, inductive method of synthesis, comparison, analysis and historical method, the study of this paper is the Instrument for Pre- accession assistance - IPA and its impact on European integration of the Republic of Macedonia as a candidate country for membership.
**Key words**: financial solidarity, harmonized development, integration.

## Вовед

Една од основните цели на политиката на кохезија на ЕУ е намалувањето на економските и социјалните разлики меѓу различните региони во Заедницата. Овие активности и цели се во согласност со Членот 158 од изменетиот и дополнет Договор на ЕУ. Иако инструментите на политиката на кохезија секогаш биле користени на национално ниво во државите-членки, терминот регионална политика за првпат бил воведен уште во Римскиот

договор со којшто била воспоставена ЕЕЗ во 1957 г. Спроведувањето на политиката на кохезија се состои од голем број развојни активности, програми и иницијативи на државите-членки, локални власти и заедници, координирани и кофинансирани од страна на ЕУ.

**Претпристапната стратегија на Европската Унија**

Постигнување на економска и социјална рамнотежа особено со новите земји членки на ЕУ и на оние кои се во фаза на пристапување претставува една од главните насоки на ЕУ. Со цел поддршка на земјите-кандидати, ЕУ дефинирала стратегија на претпристапување, со што се обезбедува помош и овозможува инвестирање, но пред сѐ, се постигнува и повисок степен на адаптираност на земјите-кандидати кон стандардите на ЕУ.

Стратегијата на ЕУ за претпристапување била следена преку неколку рамки и механизми:

- *Договор за Асоцијација.* Тоа е формален и пред сѐ билатерален договор помеѓу ЕУ и кандидатот, што ги покрива прашањата за трговските врски, политичкиот дијалог, апкроксимација на законодавството и други форми на соработка, вклучувајќи ја индустријата, животната средина, транспортот и царината;
- *Партнерство за пристапување*, кој го подготвува секоја земја со главен акцент на приоритетите за европска интеграција и поддршката на ЕУ;
- *Помош при пред пристапување* – преку PHARE програма, ISPA - поддршка со инвестирање во животната средина и транспорт, SAPARD[27] - поддршка во земјоделството и руралните средини и кофинансирање со EIB и меѓународните финансиски институции;
- *Меѓусебни преговори за пристапување*, за да се детерминираат условите под кои секоја земја-кандидат ќе се приклучи на ЕУ, и условите под кои ќе го адаптира, имплементира и стави на сила acquis communataire.

**Воведувањето на ИПА инструментот**

Она што е од посебно значење за Република Македонија е тоа што во наредниот среднорочен финансиски период на ЕУ, кој започна во 2007 година, трите претходни инструменти (PHARE, ISPA I SAPARD) се интегрирани во еден единствен претпристапен инструмент - ИПА (Инструмент за претпристапна помош) и се наменети за поддршка за земјите-кандидати за членство на ЕУ (Хрватска, Македонија, Турција), како и потенцијалните кандидати за членство во ЕУ (Србија, Црна Гора, Б и Х, Албанија и вклучувајќи го и Косово според Резолуцијата на ОН 1244). Преку регулативата ИПА треба да се насочи претпристапната помош преку засилување на координацијата меѓу различни компоненти, односно хармонизирање на правилата за имплементирање преку создавање на единствена рамка за помош. Оваа единствена рамка ќе ја интегрира структурата PHARE / ISPA/ SAPARD и ќе ја надополни поширокага рамка која ги вклучува другите компоненти на Структурните фондови и Фондови за развој на руралните средини.

Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија стартува со примена на 1.1.2007 година, следејќи ја временската рамка на новата Финансиска перспектива на ЕУ (2007 - 2013 г.). Истата е регулирана со *Регулативата ЕЗ бр.1085/2006* на Советот за воспоставување на инструментот за претпристапна помош (ИПА). ИПА ги заменува тековните програми CARDS (за земјите од Западен Балкан) и ISPA, PHARE и SARARD (за земјите кандидати), чие времетраење е ограничено со постојната Финансиска перспектива т.е. до крајот на 2006 година (Commission Regulation, 2007).

[27] Преку програмата САПАРД, ЕУ алоцира преку 500 милиони евра годишно за земјоделство и рурален развој, врз основа на развојните планови одобрени од страна на ЕУ.

**Концептот и целите на ИПА инструментот**

Новиот ИПА инструмент се воведува со цел полесно управување со помошта од страна на Европската Унија (наместо 4, се воведува 1). Сепак, тоа не значи дека сите земји кориснички ќе имаат ист третман, диференцијацијата е обезбедена со различниот пристап за различна категорија на земји до компонентите на ИПА (потенцијални кандидати и кандидати за членство).

Инструментот за претпристапна помош (ИПА) воспоставува пет компоненти:

1) Помош при транзиција и градење институции за да им се помогне на државите да ги пресретнат критериумите за пристапување и да се подобрат способностите на нивната администрација и судство;
2) Регионална и прекугранична соработка;
3) Регионален развој - подготовка на базата за ЕРДФ програмите на Структурните фондови и за Кохезиониот фонд;
4) Развој на човечките ресурси;
5) Развој на руралните средини - подготовка за програмите за помош на Земјоделството и руралниот развој.

Според концептот на ИПА регулативата, државите кориснички ќе бидат поделени во две категории во зависност од нивниот статус како држави-кандидати или како потенцијални држави-кандидати. Одредена држава може да се помести од првиот во вториот анекс само откако советот ќе и даде статус на држава-кандидат (European Commission, 2009).

Средствата за претпристапната помош (ИПА) се неповратни средства за развојна помош, се наменети за спроведување на реформските политики и развојните проекти кои создаваат услови за приближување на Македонија кон ЕУ.

Во Табела 5 е даден преглед на износот на финансиските средства од ИПА фондовите кои се доделени на државите кои имаат статус на кандидат за Европската Унија.

*Табела 5. Претпристапна помош во милиони ЕУР за периодот 2007-2013*

| Земја | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хрватска | 141 | 146 | 151 | 154 | 157 | 160 | 163 |
| Македонија | 59 | 70 | 82 | 92 | 98 | 105 | 117 |
| Турција | 497 | 539 | 566 | 654 | 782 | 900 | 936 |
| Б и Х | 62 | 75 | 89 | 105 | 107 | 109 | 112 |
| Србија | 190 | 191 | 195 | 198 | 202 | 206 | 215 |
| Црна Гора | 31 | 33 | 33 | 34 | 34 | 35 | 35 |
| Албанија | 61 | 71 | 81 | 93 | 94 | 96 | 98 |
| Косово | 68 | 185 | 106 | 67 | 69 | 70 | 74 |

***Извор*** *Македонски центар за европско образование (2014). Каде се парите од ИПА 2007-2013, ФООМ*

**Придобивките за Република Македонија**

Статусот земја-кандидат на Република Македонија ќе и овозможи користење на сите пет компоненти на новиот инструмент ИПА**.** Со предходниот статус, фондовите за инфраструктура и земјоделие, кои најмногу се очекува да придонесат во економскиот развој, ќе беа сѐ уште недостапни за нас.

Структурата на новиот инструмент ИПА во целост соодветствува со реформските, а особено со потребите на економскиот развој на Република Македонија, како земја-кандидат за членство Статусот на земја кандидат носи и нов, децентрализиран систем за имплементација на ЕУ помошта (кој е во процес на имплементирање), со кој Македонија ќе добие поголема вклученост во сите фази на нејзината реализација, почнувајќи од програмирањето т.е.

дефинирањето на приоритетните потреби и проекти, преку подготовката на проектната документација, изборот на изведувачот на проектот, па сѐ до мониторингот на неговата реализација и подготовката на извештаите (Попова, 2017).

Стаусот земја кандидат и воведувањето на новиот децентрализиран систем на имплементација, ќе и овозможи на Република Македонија:

- Поблиско и посоодветно адресирање на сопствените приоритети и потреби, чија реализација треба да се поддржи со неповратни средства од ЕУ;
- Унапредување на постапките и механизмите за реализација на проектите т.е. на помошта во целина, преку целосна вклученост на компетентен домашен кадар;
- Развој на национални капацитети за идно користење, како земја членка, на структурните и кохезионите фондови на ЕУ.

**Заклучок**

Со оглед на тоа што Република Македонија (ќе) добива поголема финансиска помош од Унијата, со стекнатиот статус на држава - кандидат за членство, како и со оглед на тоа што помошта ќе има различна структура, каде поголемо внимание ќе се посветува на програми и проекти од областите на економијата и социјалната кохезија, прашањето за неопходниот апсорпционен капацитет за ефективно користење на фондовите на Европска Унија треба да добие многу повисоко место на политичката агенда отколку досега.

Видливоста на новите фондови за граѓаните на Република Македонија, согласно искуствата на поранешните кандидати, во голема мерка ќе ја надмине онаа на досегашната CARDS програма, наменета пред сѐ, за институционален развој. Досегашниот систем на имплементација на ЕУ помошта (програмата CARDS) во Република Македонија претпоставуваше целосен ангажман на Европската агенција за реконструкција во сите фази по принципот на Индиректен централизиран систем на управување. Статусот на земја-кандидат и можноста за користење на сите пет компоненти од новиот ИПА за Македонија, подразбира и соодветна промена во системот на имплементација на помошта и условува постоење на развиени национални капацитети и соодветни човечки ресурси за дефинирање и реализација на проектите.

**Литература**


- Македонски центар за европско образование (2014). *Каде се парите од ИПА 2007-2013,* ФООМ;
- Попова, Е. (2017). *Структурните и развојните фондови на Европската Унија*, магкистерски труд, Економски факултет УГД Штип, 2017;
- Commission Regulation (2007). *Implementing Council Regulation (EC) No 1085/2006 establishing an Instrument for pre-accession assistance (IPA),* Commission Regulation (EC);
- European Commission (2009). *IPA (Instrument for Pre-Accession Assistance), A new focus to EU assistance for enlargement, Luxembourg*: Office for Official Publications of the European Communities, 2009:5:10.

УДК 336.76
прегледен труд

# НАУЧНОТО СПОЗНАНИЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА РАЗВИЕНОСТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

**Данче Николовска Вратеовска**[1]
[1]Совет на о. Штип, Комисија за образование

**Апстракт**
Развиеноста на финансиските пазари и институции е од есенцијално значење за растечкиот процес во економијата и општеството и обратно. Овој труд преку методите на дедукција, индукција, компаративна анализа, синтеза и историскиот метод ги дефинира мерките за финасиска развиеност, основните модели за истражување на влијанието на финансиската развиеност врз економскиот раст, како и досегашните резултати од спроведените теоретски и емпириски истражувања.
**Клучни зборови**: финасиски пазари и институции, растечки процес.

# SCIENTIFIC KNOWLEDGE OF FINANCIAL DEVELOPMENT AND ECONOMIC GROWTH

**Dance Nikolovska Vrateovska**[1]
[1]Local Government Shtip, Commission of Education

**Abstract**
The development of the financial markets and institutions is essential for the growing process in economy and society and vice versa. By the methods of deduction, induction, comparative analysis, synthesis and historical method, this paper defines the measures for financial development, basic models for researching the impact of financial development on economic growth, and results of the conducted theoretical and empirical research.
**Key words:** financial markets and institutions, growing process.

## Вовед

Постојат емпириски потврди за тоа дека нивото на финансискиот развој е добар показател на идните стапки на економскиот раст, акумулацијата на капитал и технолошките промени. Уште повеќе, компаративните анализи на студиите на случај, укажуваат дека временските интервали кога финансискиот систем не бил доволно развиен, се рефлектираат и со сериозно инхибирање на економскиот развој.

## Мерки за определување на финансиска развиеност

Вообичаено, мерките  за детерминирње на финансиската развиеност се делат во следниве групи:

- *Индикатори за големината на финансискиот сектор* во кои спаѓаат: *средствата на банките /БДП; ликвидни обврски* (депозитни пари, квази депозити и ограничени депозити*)/БДП*; *вкупни средства на инвестициони фондови /БДП и вкупни средства на осигурителни компании/БДП*;
- *Индикатори за активноста на финансискиот сектор: банкарски кредити/БДП; банкарски депозити/БДП; банкарски кредити/банкарски депозити; побарувања на*

*небанкарски финансиски институции од приватен сектор/БДП; вкупна тргувана вредност на пазарот на акции/БДП;*

- *Индикатори за ефикасноста на финансискот сектор: оперативни трошоци/вкупни средства на банките; нето каматна маржа*: соодноc помеѓу разликата од каматните приходи и расходи и просечна вредност на активата во даден период; *поврат на актива*: нето доход/просечна годишна актива на банките; *поврат на капиталот*: нето доход/ просечен годишен капитал; *индикатор на обртот*: вкупна тргувана вредност на пазарот/просечна пазарна капитализација за дадениот период; *нефункционални кредити*-проблематични, деликвентни кредити;*стапка на адекватност на капиталот*: сопствени средства/ризично пондерирана актива; *волатилност на ценовниот акциски индекс*: 360-дневна стандардна девијација на вредноста на националниот берзански индекс/годишен просек на вредноста на тој индекс;
- *Индикатори за правното и регулациско опкружување релевантно за финансиските односи:* тоа се бројни индикатори кои се однесуваат на следните аспекти: степенот до кој законите во една економија ги штитат правата на кредиторите во случај на ликвидација и реорганизација на компаниите должници; степенот до кој законите кои се однесуваат на колатералот и стечајните постапки ги штитат правата на кредиторите и должниците; правилата и процедурите што се однесуваат на опфатот и достапноста на кредитните информации расположливи преку јавните кредитни регистри или приватните кредитни бироа; степенот до кој законите ги штитат правата на малцинските акционери; степенот на обелоденување на информации, степенот на одговорност на директорите и едноставност за покренување тужба од акционерите; политичката стабилност која се изразува преку оценката за политичкиот ризик во дадена економија и во себе ги вклучува компонентите за владина стабилност, социоекономските услови, инвестицискиот профил, интерните и екстерните конфликти, законот и редот, етничките тензии, верските тензии, корумпираноста, војската и полицијата, демократската одговорност, квалитетот на бирократијата (PRS, 2014).

**Врската помеѓу финансиската развиеност и економскиот раст**

Врската помеѓу финансиката развиеност и економскиот раст е предмет на истражување на многу научни студии, поаѓајќи од чистата теоретска нализа па сè до емпириските панел студии за групи на земји. Некои економисти (Robinson 1952) тврдат дека „онаму каде што претпријатието води финансиите следат“ понатаму, Lukas (1988) тврди дека улогата на банкарскиот сектор во економскиот раст е пренагласена додека пак двете дела на Bagehot (1873) и Hicks (1969) докажуваат дека финансискиот систем одиграл клучна улога во индустријализацијата во Англија, обезбедувајќи акумулација на капитал за т.н. „огромни потфати“. Schumpeter (1912) во своето капитално дело акцентира дека добро развиен банкарски систем влијае стимулативно врз технолошките иниовации, преку изнаоѓање на претприемачите со најдобри шанси за иновативни производи и прозводствени процеси (Levine, 1997).

Теоријата сугерира дека финансиските инструменти, финансиските институции и финансиските пазари се општествено присутни за да ги намалат информационите и трансакционите трошоци во економијата, што од друга страна предизвикува зголемување на стапката на штедење, ги потсилува инвестиционите одлуки, технолошките иновации и овозможува долгорочен раст и развој. Кога на ова ќе се додадат и функциите на диверзифицирање на ризикот, ефикасната алокација на капиталот, мобилизирањето на заштедите, мониторирањето на менџерите и олеснувањето на размената на добра и услуги во

економијата, станува јасно зошто голем број на економисти во светот сметаат дека финансиската развиеност не е резултанта од пасивното следење на економскиот раст, туку е обратно. Ретроспективната анализа покажува дека земјите со поголеми банки и поактивни пазари на капитал, растат побрзо од индустриите и земјите коишто потешко доаѓаат до надворешно финансирање како резултат на послабо развиените финансиски сителми. Исто така не треба да се занемари фактот дека и економската активност, технолошките иновации (телекомуникациите, компјутерите), нефинансиските политики, монетарната и фискалната политика и правниот систем во земјата имаат значајно влијание врз структурата и квалитетот и нивото на развиеност на финансискиот систем. Но сепак, заклучокот е дека економскиот раст бара одлично познавање на  еволуцијата, структурата и на функциите на финансискиот систем како основен предуслов за обезбедување на долгорочност во развојните стратегии во една економија.

Rondo Cameron во 1967 година ја истражува историската поврзаност на банкарскиот развој и процесот на индустријализиација во Англија, Шкотска, Франција, Белгија, Германија итн. Stephen Haber ги компарира индустриите и развиеноста на пазарот на капитал во Бразил, САД и Мексико во периодот од 1830 до 1930 година, McKinnon ја прикажува врската помеѓу финансискиот систем и економскиот развој во Аргентина, Бразил, Чиле, Германија, Кореја, Индонезија и Тајван во периодот по Втората светска војна итн. Освен овие истражувања, постојат и низа други емпириски студии кои независно една од друга, ја потврдуваат статистичката значајност на врската помеѓу иницијалното ниво на финансискиот развој и идните стапки на дологорочен раст, акумулација на капитал и зголемена продуктивност (Levine, 1997).

**Видови на истражувачки модели**

Постојат два вида на модели кои ги истражуваат каналите на влијание на финансискиот систем и нивото на неговиот развој врз економскиот раст. *Првите модели* во рамки на класичната, а подоцна и неокласичната економија, акцентот го ставаат на акумулацијата на капитал преку менување на стапката на заштеда и/или со реалоцирање на заштедите кон различни капитално-производни технологии. Движечка сила на економскиоит раст во моделот на раст на Solow  на краток и среден рок е акумулацијата на физичкиот капитал детреминирана од стапката на штедење. Главните претпоставки на моделот се совршена конкуренција, хомоген производ, хомоген капитал, константни приноси, совршена размена на капиталот и работната сила и опаѓачка маргинална продуктивност на работната сила и капиталот: економиите што започнуваат со пониски нивоа на почетен капитал се очекува  да растат побрзо од побогатите земји и да конвергираат со нивото на доход на водечката земја, (Solow 1956, 1957). *Вторите модели* дефинираат дека функциите кои ги извршува финансискиот систем ја зголемуваат стапката на технолошки иновации. Во овие модели Romer и Lucas го вклучуваат технолошкиот развој како ендогена варијабла на растот, а претпоставката за совршена конкуренција е заменета со имперфектна конкуренција и растечки приноси од обем (Romer,1990; Lucas, 1988).

*Графикон бр.3: Теоретски приказ на финансиите и растот*






*Извор: Levine Ross (1997). „Financial Development and Economic Growth: Views and Agenda“ Journal of economic literature, Vol.XXXV,1997.*

**Теоретските и емпириски истражувања за финансиите и растот**

Goldsmith во 1969 година ја истражува врската момеѓу макроекономските индикатори и развиеноста на финансискиот систем врз примерок од 35 земји во период од 1860 до 1963 година. Тој ја истражува вредноста на средствата на финансиските посредници како % од БНП и заклучува дека постои груб паралелизам помеѓу економскиот и финансискиот развој. Тој смета дека дел од расположливите податоци за неколку земји укажуваат дека периодите на побрз економски раст (иако не без исклучок) се придружени со натпросечна стапка на финансиски развој (Goldsmith, 1969). Исто така King и Levine во 1993 година вршат студија врз 80 земји во интервалот од 1960 до 1989 година при тоа употребувајќи четири мерки за нивото на финансискиот развој: ликвидните средства на финансискиот систем како % од БДП, степенот до кој централната банка наспроти комерцијалните банки алоцира кредит, стапката на кредит пласиран кај приватниот сектор наспроти вкупниот домашен кредит и стапката на кредит пласиран кај фирмите поврзана со БДП. Сублимирано е дека финансискиот систем кој алоцира повеќе кредитна маса до приватните фирми е поефикасен во однос на оној кој кредитира државни тела и институции. Исто така поодвлечена е позитивната статистичка корелација помеѓу стапката на реален БДП per capita и степенот на алокација на кредитите до приватниот сектор. Притоа ја даваат следната регресиона равенка како илустрација за силната поврзаност на четирите индикатори за финансиска развиеност ($F_{(i)}$) и трите растечки индикатори ($G_{(i)}$): стапката на долгорочниот раст на релен БДП per capita, акумулацијата на капиталот и растот на продуктивноста:

$$G_{(j)} = \alpha + \beta F_{(i)} + \gamma X + \varepsilon$$

Студијата утврдила дека зголемувањето на ликвидните средства на финансискиот систем како % од БДП од 0,2% (во земјите со забавен раст) до нивото на земјите со побрз раст (0,6%), ќе предизвика зголемување и на стапката на раст на БДП per capita за речиси 1% годишно. (King and Levine, 1993).

**Наместо заклучок**

Како детреминанти кои ги определуваат нивото на развиеност, функционалноста и ефикасноста на финансискиот пазар во пазарни услови, економската литература ги наведува: почитување на сопственичките права и плурализам во сопственоста, независност на економските субјекти во креирањето на деловната политика во пазарно опкружување, егзистирање на развиен финансиски систем, самостојност на комерцијалните банки, широк спектар на хартии од вредност, пазарно формирање на цената на финансиските средства и хартиите од вредност, релативна стабилност на куповната и интервалутната вредност на

домашната валута, висок степен на суверенитет на монетарните власти, отвореност на домашниот пазар кон меѓународниот и висок степен на концентрација на финансиските средства. Постои растечко тело на емпириски анализи кои покажуваат дека нивото на развој на финансиските пазари зависи од нивото на развој на економијата во целост. Во рамки на среднорочните фактори на влијание се вбројуваат:

- Макроекономската стабилност и нејзиното позитивно влијание врз големината и ликвидноста на финансискиот пазар. Релативно ниската и стабилна инфлација доведува до ниски и стабилни реални каматни стапки како цена на капиталот;
- Постоење на сеопфатна и ефикасна правна рамка што ќе обезбеди заштитата на правата на инвеститорите;
- Развиеност на институционалните инвеститори и на небанкарските финансиски институции;
- Развиената банкарска интермедијација претставува значаен индикатор за повисоко ниво на развиеност на институционалната инфраструктура на финансискиот ситем, во смисла на правна рамка за заштита на правата на кредиторите и адекватни сметководствена и ревизорска рамка.

**Литература**


- Николовска Вратеовска, Д. (2015). *Економската стабилност низ призма на финансискиот систем*, НУУБ Гоце Делчев, Штип
- Raymond W. Goldsmith, R. W. (1969)- *Financial Structure and Development*, Catalogue.nla.gov.au, 1969
- King and Levine (1993)-"Finance and Growth:Shumpeter Might be Right" *Quartely Journal of ecomomics*, 1993
- Levine, R. (1997). *Financial Development and Economic Growth: Views and Agenda, Journal of economic literature, Vol.XXXV,1997*
- Lucas, R. (1988). "On the Machanics of Economic Development" *Journal of monetary economics*, 1988
- Levine, R. (1997). ,,Financial Development and Economic Growth: Views and Agenda,, *Journal of economic literature*, Vol.XXXV,1997
- PRS Group (2014). *International Country Risk Guide*, the PRS group, Inc.
- Romer P. (1990). "Endogenous Technological Change", *Journal of political economy*, 1990
- 9. Solow R. (1956). "A Contribution to the Theory of Economic Growth", *Quartely journal of economics*, 1956
- Solow R. (1957)."Technical Change and the Aggregate Production Function", *Review of economics and statistics*, 1957